УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

СКОПЈЕ

Институт за педагогија – Менаџмент во образованието

**ТЕМА:**

# ОРГАНИЗАЦИЈА, РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р.МАКЕДОНИЈА И Р.ТУРЦИЈА

-Докторска дисертација-

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Институт за педагогија
14757
13.08 2014 год.
СКОПЈЕ

Изработил
М-р Елвин Хасан

Ментор
Проф. д-р Сузана Миовска - Спасева

Јуни 2014

СКОПЈЕ

***На родителите Мадуме и Амди,***

***брат ми Ариф во знак на почит и благодарност***

***за безрезервната подршка и разбирање***



Република Македонија се протега на централниот дел на Балканскиот Полуостров, на површина од 25.713 км2, и се граничи на север со Србија, на северозапад со Косово, на југ со Грција, на исток со Бугарија, а на запад со Албанија. Со ваквата географска местоположба, Република Македонија претставува значајна крстосница и низ историјата на нејзината територија се вкрстувале разни цивилизации, религии и култури. Според податоците од последниот попис во Македонија живеат 2.022.547 жители. Главен град на Македонија е Скопје. Самостојна, суверена и независна Република Македонија е конституирана со Декларацијата на Собранието на СРМ, а определбата е потврдена на референдум за самостојност и независност на 8 септември 1991 година. Политичкиот систем на парламентарна демократија е воспоставен со Уставот на Република Македонија.



Турција е Евроазиска држава чија територија се протега на два континента (97% од територијата е на полуостровот Мала Азија или Анадолија и 3% во Европа или Балкански Полуостров). Турција има површина од 814.578 км2, на три страни е опкружена со мориња тоа на запад е Егејското Море, на север Црното Море и на југ се наоѓа Средоземното Море. Турција на запад се граничи со Бугарија и Грција, на исток со Ерменија, Азербејџан и Иран, на североисток со Грузија и на југоисток со Ирак и Сирија. Анадолија е еден од најстарите населени региони во светот, во кој живееле различни народи со различна култура и цивилизација, Турција претставува мост помеѓу Европа и Азија (западот и истокот). Во Турција денес живеат околу 75.627.384 жители. Главен град на Турција е Анкара. Со завршувањето на Народно ослободителната војна на 29 октомври 1923 година е прогласена новата Република, која се смета за наследник на Османлиската империја. Република Турција според Уставот е парламентарна демократија.

**СОДРЖИНА**

**ВОВЕД**......5

**ПРВ ДЕЛ**......8

**ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ**......9

**1. Образовен систем**......9

**2. Основното образование во структурата на образовниот систем**......10

**3. Цели и принципи на основното образование во Европската Унија**......11

**4. Основното образование во Европа и некои држави во светот**......15

4.1. Организација на основното образование......15

4.2. Видови на образовни институции во основното и задолжителното образование......18

4.3. Опфатеност на популацијата во задолжителното образование......21

4.4. Наставен кадар во основното образование......23

**5. Управување и раководење (менаџмент) со основното образование во Европа**......29

5.1. Директор на основно училиште......32

**6. Реформи во основното образование во Европа**......39

**ВТОР ДЕЛ**......47

**МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**......48

**1. Предмет на истражувањето**......48

**2. Цел и задачи на истражувањето**......50

**3. Истражувачки прашања**......52

**4. Методи, техники и инструменти на истражувањето**......55

**5. Примерок на истражувањето**......58

**6. Организација на истражувањето**......63

**7. Анализа и интерпретација**.....63

**ТРЕТ ДЕЛ**.....64

**КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р.МАКЕДОНИЈА И Р.ТУРЦИЈА**.....65

**I**

**1.ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО Р.МАКЕДОНЈА И Р.ТУРЦИЈА**.....65

**1.1. Историски развој на образованието во Р.Македонија**.....65

1.1.1.Образованието во периодот на Османлиската империја.....65

1.1.2. Развој на основното образование во Македонија во периодот помеѓу двете светски војни и после Втората светска војна.....68

**1.2. Историски развој на образованието во Р.Турција**.....73

1.2.1.Образованието во периодот на Османлиската империја.....74

1.2.2.Развој на основното образование по прогласувањето на Република Турција.....77

**1.3.Компаративна анализа на историскиот развој на образованието во Р.Македонија и Р.Турција**.....83

1.3.1.Образованието во периодот на Османлиската империја.....84

1.3.2.Основното образование помеѓу двете светски војни и после Втората светска војна.....85

**2.ЦЕЛИ И ПРИНЦИПИ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р.МАКЕДОНИЈА И Р.ТУЦИЈА**.....90

2.1. Цели и принципи на основното образование во Р.Македонија.....90

2.2. Цели и принципи на основното образование во Р.Турција.....95

2.3. Компаративна анализа на целите и принципите во основното образование во Р.Македонија и Р.Турција.....103

**3. СИСТЕМОТ И ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р.МАКЕДОНИЈА И Р.ТУЦИЈА**.....110

**3.1. Системот и организацијата на основното воспитание и образование во Р.Македонија**..110

3.1.1. Организација на училишниот живот.....112

3.1.2. Училишна мрежа и видови на основни училишта.....118

3.1.3. Опфатеност на популацијата во основното воспитание и образование.....124

3.1.4. Наставен кадар во основното образование....................127

*3.1.4.1.Наставник-приправник*....................130

*3.1.4.2.Професионален развој на наставниците*....................133

*3.1.4.3.Напредување на наставниците во кариерата*....................134

3.1.5.Реформи во основното образование....................137

**3.2. Системот и организацијата на основното воспитание и образование во Р.Турција**....................144

3.2.1. Организација на училишниот живот....................146

3.2.2. Училишна мрежа и видови на основни училишта....................152

3.2.3. Опфатеност на популацијата во основното воспитание и образование....................161

3.2.4. Наставен кадар во основното образование....................163

*3.2.4.1. Наставник стажер (кандидат)*....................167

*3.2.4.2. Напредување на наставниците во кариерата*....................169

*3.2.4.3. Професионален развој на наставниците*....................171

3.2.5.Реформи во основното образование....................173

**3.3. Компаративна анализа на системот за основното образование во Р.Македонија и Р.Турција**....................180

3.3.1. Организација на училишниот живот....................181

3.3.2. Мрежа и видови на основни училишта....................186

3.3.3. Опфатеност на популацијата во основното образование....................191

3.3.4. Наставен кадар во основното образование....................194

*3.3.4.1. Наставник-приправник (стажер)*....................198

*3.3.4.2. Напредување на наставниците во кариерата*....................201

3.3.5.Реформи во основното образование....................205

**4. РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р.МАКЕОДНИЈА И Р.ТУРЦИЈА**....................210

**4.1. Раководење и управување со основното образование во Р.Македонија**....................210

4.1.1. Органи на управување и раководење....................212

4.1.2. Директор на основно училиште....................214

*4.1.2.1.Компетенции и избор на директор*....................214

*4.1.2.2.Професионален развој на директорот*......219

*4.1.2.3. Работни должности на директорот*......221

4.1.3. Училишен одбор и стручни органи на основното училиште......224

**4.2. Раководење и управување со основното образование во Р.Турција**......228

4.2.1. Органи на раководење и управување......231

4.2.2.Директор на основно училиште......233

*4.2.2.1.Компетенции и избор на директор*......234

*4.2.2.2.Напредување на директорот (раководител) во кариеарата*......240

*4.2.2.3. Работни должности на директорот*......243

4.2.3. Наставнички одбор и одбор-група наставници во управувањето со основното училиште...246

**4.3. Компаративна анализа - раководење и управување со основното образование во Р.Македонија и Р.Турција**......252

4.3.1. Органи на раководење и управување......253

4.3.2.Директор на основно училиште......255

*4.3.2.1. Компетенции избор и именување на директор*......255

*4.3.2.2.Напредување на директорот (раководител) во кариерата*......259

*4.3.2.3. Работни должности на директорот*......260

4.3.3. Одбори на управување со основното училиште......264

**II**

**1. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ ПОДАТОЦИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОРИТЕ НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО Р.МАКЕДОНИЈА И Р.ТУРЦИЈА**......268

**ЧЕТВРТИ ДЕЛ**......303

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**......304

Користена литература......322

**ПРИЛОЗИ**......331

## ВОВЕД

Денес е постигнат значаен напредок во сите сфери на општественото живеење, кој позитивно влијае и го олеснува животот на човекот. За сите овие промени и развој неминовно најголем фактор и двигател е образованието. Образованието е најкраток пат преку кој човекот би можел да ги задоволи своите потреби за знаење. Со цел да обезбеди ред во својот живот човекот формира различни институции, како што се: здравствени, политички, верски, економски, семејство и други. Една од институциите формирана од човекот е и „образовната" институција. Може да кажеме дека образовниот систем е основа на знаења, кои се стекнуваат во денешницата и тој претставува една традиција која ја негуваат сите држави во светот.

Структурата на системот за воспитание и образование вообичаено ја сочинуваат повеќе подсистеми, од нив со сигурност може да кажеме дека подсистемот на основното образование е најзначаен. Бидејќи со основното образование учениците се описменуваат, а без тоа денес неможеме да зборуваме за напредување во животот и за стекнување на знаења. Основното образование е најмасовно и е дел од единствениот воспитно-образовен систем на сите држави во светот и е темел на секакво понатамошно образование на индивидуата. Ниеден повисок степен неможе во целост да ги надомести пропустите и грешките направени во рамките на основното образование. Од овде може да заклучиме колку е големо неговото значење кај нас и во светски рамки.

Со цел образованието да биде во тек со општествените случувања, да одговори на потребите за современо образование се прават крупни промени и реформи пред се во основните училишта, во кои децата се опфатени од помала возраст. Светот се глобализира во сите сегменти на општественото живеење вклучувајќи го и образованието, развојот на технологијата овозможува следење на промените во сите сфери во секое време. Во образованието глобализацијата зема се поголем подем, државите недостатоците и проблемите кои ги имаат во националните образовни системи понекогаш ги решаваат или отстрануваат со искуствата од другите држави или од светски искуства кои понекогаш се и општо прифатени, тоа би можело да се направи преку претходно развиен метод или решенија во друга држава/и за конкретни проблеми. Со споредба на образовните системи или подсистеми, јавноста може подобро да се запознае со образованието во другите држави и да увиди како се развива образованието, во која насока се движи и на кое ниво се наоѓа образованието во нашата држава во однос на другите држави. Доста актуелни денес се реформите во образовните системи, кои постојано се планираат и спроведуваат од страна на

надлежните за образование, нивна основна цел од секогаш била со новините и промените кои ќе ги донесат да одговорат на потребите за образование на современото општество и брзиот развој на технологијата. Покрај тоа се променува пристапот во организацијата, раководењето и управувањето со основните училишта. Организацијата се прилагодува на потребите на децата и во согласност со нивната возраст, раководењето со основните училишта се пренесува на локалната самоуправа, а од директорите како раководители се бараат дополнителни квалификации и компетенции. Во последниве години се по актуелен е менаџментот во образованието како значаен елемент за успешно раководење со основните училишта. Во работата и управувањето со основните училишта се повеќе се вклучува околината, како што се родителите на учениците, локалната самоуправа, се поголема е соработката на училиштата со другите институции со цел реализација на повеќе социјални и културни активности, подобрување на квалитетот во наставата, подобро управување и донесување на одлуки кои ќе бидат прифатливи за сите инволвирани, а на тој начин подобро ќе бидат реализирани. Образованието директно е поврзано со развојот на државата, тоа ја има клучната улога во определувањето на иднината на земјата, во една хармонија ги соединува традиционалните и современите вредности на народот кој живее во државата и претставува процес на кој сите земји му посветуваат посебно внимание. Затоа образованието на секоја држава би требало да биде отворено кон промени кои ќе водат кон осовременување, со цел да може да се постигне развој во сите сфери на општественото живеење. Образовните системи на државите би требало да се стремат кон образование кое ќе го зголемува бројот на високо квалификувани кадри со квалитетни знаења и вештини. Образованието е активност која на младите генерации им овозможува знаења и вештини за да можат во иднина да го заземат своето место во општеството.

Основното образование во Р.Македонија и Р.Турција се темели на поставените принципи и цели, законските и подзаконските акти за основно образование и стратегиите за развој на основното образование. Сметаме дека компаративната анализа на подсистемот за основното образование во Македонија и Турција е од посебно значење, имајќи ги во предвид аспирациите на двете држави за членство во Европската Унија и нивното тежнење за „европско образование", кое се темели на општо прифатените стандарди и стратегии на Европската Унија. Посебноста на оваа истражување се состои во тоа што е првото истражување кое се базира на споредување (компарација) на образованието помеѓу овие две држави. Кога се анализира образованието во една држава сметаме дека би требало да се познава и составот на населението, политичката структура, економијата, јазикот, религијата, употребата на технологијата и друго, ние имаме одредени и доволно знаења од овие области како за Македонија така и за Турција. Од нашите анализи и

истражувања може да се види дека, во основното образование во Р.Македонија и Р.Турција можат да се најдат повеќе допирни точки и сличности, пред се во управувањето и организацијата на основното образование.

Споредувањето на начинот на организација, управување и раководење со основното образование во Р.Македонија и Р.Турција, би можело да допринесе за развој на основното образование во двете држави, како и можност за изнаоѓање заеднички функционален и практичен модел за организација, управување и раководење со институциите за основно образование, кој би се состоел од размена на досегашните позитивни искуства во основното образование помеѓу двете држави. Имајќи ги во предвид позитивните придобивки за основното образование и образованието воопшто, сметаме дека неопходна е поголема соработка како во другите области така и во областа на образованието помеѓу сите држави кои се наоѓаат во нашиот регион. Нашето истражување на основното образованието во Македонија и Турција и компаративната анализа, може да биде добар почеток за понатамошна соработка во оваа област. Компаративните истражувања се доста значајни бидејќи во светот има доста образовни системи кои можеби во некои сегменти се различни, меѓутоа се доста ефективни. Споредбата на образовните системи или нивните подсистеми може да придонесе за пренесување на искуства од една држава во друга, со цел решавање на проблемите во образованието во државата во која е пренесено искуството или методот за решавање на проблемот, покрај тоа пренесувањето на искуствата може да биде за да се пренесе зголеми квалитетот во образованието, подобро управување и раководење со образованието, различен пристап и употреба на методи и техники кои до тогаш не биле користени, да се спореди и следи насоката во која се движи образованието во државите, успешно спроведена реформа/и во едната држава може да биде пример за другата и пренесувањето на законските одредби може да даде допринос за подобрување на квалитетот и зајакнување на правната рамка на основното образование. Некои од позначајните придобивки добиени од нашето истражување се критичките мислења и заклучоци кои ги извлековме за основното образование во двете држави, предлозите и сугестиите од директорите на основните училишта од Македонија и Турција, нашите предлози и сугестии до кои дојдовме со теоретската анализа и посетата на основните училишта кога го спроведовме интервјуто со директорите. Овие предлози и сугестии ги наведовме со единствена цел, подобрување на квалитетот во основното образование и условите за работа во основните училишта во Македонија.

# ПРВ ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1. Образовен систем

Во современото општество на 21 век постојат повеќе системи како што се: општествен систем, политички систем, економски систем, воспитно образовен систем и други. Воспитно-образовниот систем е еден од позначајните системи во современото општество.

Образовниот систем, зазема место помеѓу политичкиот, економскиот, социјалниот и другите системи. Образовниот систем е под постојано влијание на општествените промени, а и самиот влијае на нив, бидејќи образовниот систем има постојани влезови и излези од околината. Тој е под влијание на промените од средината во која се наоѓа, паралелно со тоа и тој влијае на тие промени. Образовниот систем би можел да се подели на подсистем и „над систем“. На пример во подсистемот се училиштата, а во „над системот“ можеме да ја ставиме целокупната централна организациска и управувчка структура на системот (Ilgar, 2000, стр.86).

Денес можат да се сретнат многу дефиниции за системот на образование, секој автор на свој начин се обидува да го дефинира системот на образование, кој е клучен за постоењето и развојат на една држава. Доколку ги погледнеме државите во светот може да се види дека сите имаат системи на образование, кои се интерактивни и променливи во зависност од потребите на општеството и на народите кои живеаат во нив, но и од потребите на технологијата која е во постојан развој. Квалитетот во образованието е клучна точка за развој, затоа сите држави се стремат за што е можно поквалитетно образование кое постојано се обновува со реформи кои отсекогаш биле неопходни. Образованието е основата и за постоењето на едно општество, тоа е оној сегмент и „институција“ на општеството без која денес „неможе“ да се замисли иднината.

Образованието на индивидуата и го дава она што природата и го нема дадено, односно со образованието индивидуата ѓи прифаќа општествените правила, при тоа природните способности ги прилагодува на општествените вредности (Dewey, 1996, стр. 152).

Образовниот систем е основан со цел да ѓи задоволи дел од потребите на општеството. Најважни чинители на образовниот систем се: наставните програми, работната сила (наставници, стручњаци, директори), извори на финансирање и технологија. Сите наброени заедно

ја сочинуваат организацијата и управувачката структура на образовниот систем, на тој начин образованието ја остварува својата најважна функција (Şişman, M., Taşdemir, İ., 2008, стр. 7).

Системот се дефинира како целина која се основа од заедничката работа на елементите кои имаат замислена цел. Пристапот и оформувањето на системот, најпрво се појавува во природните науки, потоа во општествените науки за после тоа се појави во образованието и училиштето. Според наведеното образовниот систем и училиштата кои се најраспространети во рамките на системот можат да се дефинираат како отворени и социјални институции.

Системот на образование и воспитание претставува една сложена целина или множество, сочинето од многубројни, еднородни и разновидни елементи кои прават една структурна функционална целост, со безброј меѓусебни интеракции во своето опкружување (Гоцевски, Т., Гоцевски, С., 2009, стр. 5).

Современиот начин на живот, општествените промени, брзиот развој во технологијата и промените на глобално ниво, неминовно ги потикнуваат промените во образовниот систем, кој е во постојан подем со цел да може да одговори на потребите на сите засегнати страни во него.

Денес ние генерално се залагаме за изградба на нов современ граѓански демократски образовен систем од кој, со прво ќе се очекува да придонесе во побрзото побезболно изодување на транзициониот пат на изградба на ново демократско општество, односно за таков образовен систем во кој нема да се гуши туку ќе се негува слободата, субјективитетот и креативноста на сите учесници во воспитно образовниот процес (Камберски, 1998, стр. 204).

## 2. Основното образование во структурата на образовниот систем

Структурата на системот на воспитание и образование вообичаено ја сочинуваат повеќе подсистеми како што се: установи за предучилишно воспитание, училиштата, школите, академиите, факултетите и другите институционални форми на основното, средното и високото образование, постдипломските и докторските студии, установите за воспитание на возрасните, установите за специјално воспитание и образование и др.

Основното образование во некои држави се користи за разграничување на образовниот систем, на основно, средно и високо образование. На овој начин образовниот систем е поделен на „скалила" кои доаѓаат едно по друго. Секоја индивудуа во системот на образование, образованието воглавно го започнува со подсистемот на основното образование за потоа да премине во следниот подсистем. Значењето на основното образование може да се согледа и од неговата привилегирана позиција и бенефициите кои истото ги користи во однос на останатите степени на образование.

Основното образование е најмасовно и е дел од единствениот воспитно образовен систем, речиси на сите земји во светот. Основното образование има општообразовен карактер и е темел на секакво понатамошно образование на индивидуите. Тоа не само што ја дава основицата за едукација за понатамошно образование, за оспособување и усовршување на поединецот туку образованието денес е еден од клучните фактори за егзистенција на личноста, за нејзино напредување во животот, за социјализацијата на личноста и друго. Основното образование е првиот значаен социјален контекст (вон семејството) каде се стекнува односот кон знаењето,одговорноста и работните навики, и се социјализира во духот на општествените вредности (Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-20015, стр. 99).

Значењето на основното образование најдобро би можело да се свати доколку знеме дека тоа во сите држави во светот е задолжително. Било каде во светот кога ќе се спомне основното образование, најпрво доаѓа помислата за задолжително образование. Основното образование е вистинска шанса и предизвик за сите деца.

Основното образование е основно право на секој човек. Во светот основното образование се сваќа како обврска на државите. Тоа во повеќето се гарантира со Уставот и законите на државите, покрај тоа оваа право е прифатено од државите и со меѓународните договори на Обединетите Нации (Ataünal, 1994, стр.1).

## 3. Цели и принципи на основното образование во Европската Унија

Образовните цели и принципи во суштина се оние кои го одредуваат правецот, насоката во која ќе се движи образованието. Со нив се одредува што би требало да се постигне во

текот на воспитно-образовниот процес. Образовните цели се поставуваат во зависност од повеќе критериуми поврзани со развојот на државата, економијата, општеството, идните генерации и друго. Образовните институции се оние кои би требало со својата работа да се залагаат и да ги постигнат поставените образовни цели.

Основните цели на Европските училишта се вградени во нивното функционирање и се состојат од следново: „Образование за сите (рамо до рамо) деца од разлчни култури, без поделби и предрасуди, да се едуцираат како идни граѓани кои меѓусебно ќе се почитуваат. Децата да се образоваат и развиваат со визија за заедничко живеење на различни култури и да се залагаат за просперитетна и развиена Европа."

- ✓ Учениците да се запознаат својот културен идентитет-кој е темел за нивниот развој како европски граѓани;
- ✓ Да се обезбеди висок квалитет во образованието, од градинка до влез во универзитет;
- ✓ Да се развијат високи стандарди за изучување на мајчин и странски јазици;
- ✓ Да се стекнат математички и научни вештини во текот на целиот период на школување;
- ✓ Развој на европска и глобална перспектива кај учениците, да се свати на значењето на конкуренција и изучување на хуманистичките науки;
- ✓ Да се поттикне креативноста во музичката и другите уметности, како и проучување на заедничкото европско уметничко наследство;
- ✓ Развој на физичките способности на учениците и да се формира сваќање за здраво живеење преку учество на спортски и рекреативни активности;
- ✓ Професионално учениците да се насочат, при нивниот избор на наставни предмети во текот на образванието и избор при донесувањето на одлуките за средно и универзитетско образование, со тоа тие ќе можат да ја изградат својата идна кариера;
- ✓ Да се унапреди толеранцијата, соработката, комуникацијата и грижа за другите во училишната заедница и пошироко;
- ✓ Да се посвети внимание на личниот, социјалниот и академскиот развој на учениците и учениците да се подготват за следната фаза на образованието (The European Schools, стр.9);

Заедничкото сваќање при оформувањето на образовните цели и принципи во Европската Унија, започнува речиси од датумот кога е основана Европската Унија. Соработката на економски план на земјите членки на Европската Унија покасно придонесува за соработка и заедничко сваќање во сите сфери на општественото живеење и образванието (1961 години заедничка политика за стручно образование) во зависност од потребите, за тоа како би требало да се образоваат идните граѓани на Европа. Образовните цели во училиштата на државите членки на Европската Унија се добар пример и показател како би требало да се развива и подобри квалитетот во образованието, не само во Европа туку и пошироко во светски рамки, доколку имаме во предвид дека дел од државите во Европа се во групата на високо развиени држави. Во суштина општо познато е дека во фокусот на современото образование на 21 век во секоја држава во светот целите на образованието се базираат на следново: постојан развој на образованието, изучување на мајчиниот јазик, запознавање на ученикот со историјата, културата и традицијата на своите предци, квалитетна наставата, поголема мобилност на учениците и стекнување на меѓународно признати дипломи, поголема соработка меѓу образовните институции во рамките на државата и со институциите од другите држави, далечинско образование, развој на стручното образование, употреба на технологија и ИКТ во наставата, повеќе пракса или стаж во текот на образованието, примена на нови методи и техники во наставата, нови пристапи во наставата и друго.

Основата на образованието во Европската Унија се состои во развој на заедничко сваќање и толеранција помеѓу граѓаните од различни култури, при тоа секој образовен систем на државите членки да го зачува својот национален карактер. Формирање на заедничко сваќање и мислење за соживот на различни култури, јазици, „различни луѓе" и култури на живеење. Различностите во Европската Унија се неизбежни имајќи ја во предвид структурата на населението (Tuzcu, 2006, стр.55).

Во зависност од горенаведените цели, образованието во училиштата се организира на основа на следните принципи:

- Наставата во основа да се изведува на официјалните јазици кои се користат во Европската Унија. На тој начин е заштитен мајчиниот јазик на ученикот, во секое училиште има неколку јазични секции;
- Да се потикне мултикултурното образование и училиште, во кое посебно внимание ќе се обрати на учењето, разбирањето и употрабата на странски јазици;

- Изучувањето на странски јазик (англиски, француски и германски) да е задолжително од прво одделение;
- Сите ученици задолжително да изучуваат втор странски јазик, со почеток од втората година на средното училиште. Тоа може да биде било кој јазик, кој се изучува во училиштето;
- Учениците можат да се изучуваат една третина странски јазици, од вкупниот број на предмети во средното училиште. Може да се избере било кој јазик, кој се изучува во училиштето;
- Во мешани класови на ученици од различни националности да се изведува настава на мајчин јазик;
- Еднаш неделно во основното училиште да се изведува „европски час", на кој се среќаваат деца кои заедно изведуваат различни културни и уметнички активности;
- Во средните училишта, часовите по ликовно, музичко и физичко образование секогаш да се составени од различни националности;
- Од третиот клас на средното училиште, предметите историја и географија да се изучуваат на првиот странски јазик на ученикот, кој уште е наречен и „работен јазик" (англиски, француски и германски). Предметот економија се изучува во четврта година на средното училиште со работен јазик. Сите предмети од општествените науки се изучуваат во групи од различни националности;
- Со секојдневната интеракција во игралиште, ходници и рекреација учениците подобро ги запознаваат и користат другите јазици, а при тоа да се развива сваќањето дека нивното користење е корисно за нив;

Се почитуваат верувањата и убедувањата. Верското образование или образованието во неконфесионалната етика е составен дел од наставата програма.

Во основа образовните принципи на Европската унија се залагаат за мултикултурално образование, запознавање на луѓето од различните култури и националности, градење на заедничка иднина преку системот образованието. Наставните планови и програми и сите други активности во училиштата се поставени врз овие „темели". Од особено значење е тоа што странските јазици се задолжителни, тоа се оние јазици кои најмногу се користат во Европа и во светски рамки. Во третиот дел на трудот ги имаме наведено целите и принципите во основното образование во Македонија и Турција, за кои сметаме дека и не се многу разликуваат од оние на

Европа, со оглед на тоа што овие две држави се кандидати за членство и се идни потенцијални членки на Европската Унија. Тие би требало уште повеќе да ги приближат целите и принципите на основното образование кон образованието во Европа, а со тоа да го подигнат квалитетот во наставата, а своите граѓани да ги образоваат во духот на Европските вредности, без при тоа да се оддалечат од својот национален и културен идентите, што е еден од принципите на Европската Унија.

## 4. Основното образование во Европа и некои држави во светот

Државите на Европскиот континент се членки на Европска Унија или се стремат кон една заедничка цел, тоа е интеграција во Европската Унија. Европската Унија ги обврзува државите членки и оние кои се кандидати за членство да ги интегрираат своите образовни системи во рамките на донесените одлуки и законски регулативи на Унијата. Целта на овие промени (реформи) кои ги спроведуваат државите се создавање на заеднички вредности и принципи во образовните системи, а реформите се спроведуваат во насока на заедничките политики на државите.

Со оглед на темата на нашиот труд кој се однесува на организацијата, раководењето и управувањето со основното образование во Р.Македонија и Р.Турција, сметаме дека би требало делумно да ја познаваме организацијата и управувањето со основното образование во другите Европски земји, на тој начин подобро ќе можеме да го согледаме напредокот и потребите од промени во основното образование во Македонија и Турција. Во овој дел од трудот ќе зборуваме за организацијата и управувањето со основното образование, како и за реформите во образованието во Европа, бидејќи тие се многу значајни за развојот на образованието.

### 4.1.Организација на основното образование и траење на задолжителното образование

Организација, е социјален систем кој е формиран врз основа на меѓусебните интереси на поединци или групи. Организацијата е отворен систем со кој се задоволуваат

социјалните потреби, персоналот во овој систем заеднички работи за остварување на однапред поставените цели (Ilgar, 2000, стр. 25).

Човекот во текот на својот живот, постојано е припадник на некоја организација (глобална или конкретна) како што се: државата, војската политичките партии, претпријатијата, културните и верските организации и многу други. Поголемиот дел од својот живот и работен век човекот го поминува во образовните организации, тој директно е врзан за организацијата на воспитно-образовниот процес на земјата во која живее. Образовните (организации) институции се повеќе социјални во однос на другите, сите засегнати во нив ученици, наставници, родители, раководители, инспектори и другиот персонал се луѓето или образованието врши услуги за луѓето, заедно со луѓето и од страна на луѓето.

Теоријата за организацијата и за управувањето со образованието и воспитанието се секако како систем на знаења , сознанија постапки, препораки и идеи за зависноста, корелациите и односите, како на учесниците во осварувањето на воспитно-образовниот процес така и на оние кои го обезбедуваат неговото непречено одвивање, па се до обезбедувањето на однапред поставените цели и на очекуваните резултати од воспитно-образовниот процес (Гоцевски, 2007, стр.255).

Воспитно образовниот систем во својата организација опфаќа низа на институции и организации, помеѓу нив се и институциите за основно образование. Како што наведовме и претходно основното образование не само во Европските земји туку и во сите земји во светот е задолжително образование, а задолжителното основно образование во зависност од законските одредби на државите е со различно траење. Траењето на основното (задолжително) образование може да биде 8, 9, 10 години. Во некои држави и средното образование е задолжително кое е во траење од 3 или 4 години, со што задолжителното образование во Европа може да биде во траење од 12 и 13 години.

Табела бр. 1

*Траење на задолжителното образование во Европа, возраст на запишување и завршување на задолжителното образование*

| Држава | Започнува (години) | Завршува (години) | Траење (години) |
|---|---|---|---|
| Белгија | 6 | 15 (18*) | 9 (12*) |
| Бугарија | 7 | 16 | 9 |
| Чешка | 6 | 15 | 9 |
| Данска | 6 | 16 | 10 |
| Германија (12 Lander) | 6 | 15 (18*) | 9 (12*) |
| Германија (5 Lander) | 6 | 16 (19*) | 10 (13*) |
| Естонија | 7 | 16 | 9 |
| Ирска | 6 | 16 | 10 |
| Грција | 5 | 15 | 10 |
| Шпанија | 6 | 16 | 10 |
| Франција | 6 | 16 | 10 |
| Хрватска | 6 | 14 | 8 |
| Италија | 6 | 16 | 10 |
| Кипар | 4 години 8 месеци | 15 | 10 години 4 месеци |
| Латвија | 5 | 16 | 11 |
| Литванија | 7 | 16 | 9 |
| Луксембург | 4 | 16 | 12 |
| Унгарија | 5 | 16 (18) | 11 (13) |
| Малта | 5 | 16 | 11 |
| Холандија | 5 | 18 | 13 |
| Австрија | 6 | 15 | 9 |
| Полска | 5 | 16 (18*) | 11 (13*) |
| Португалија | 6 | 18 | 12 |
| Романија | 6 | 16 | 10 |
| Словенија | 6 | 15 | 9 |
| Словачка | 6 | 16 | 10 |
| Финска | 7 | 16 | 9 |
| Шведска | 7 | 16 | 9 |
| Англија | 5 | 16 | 11 |
| Македонија | 5 години 8 месеци | 18 | 13 |
| Турција | 5 години 6 месеци | 17 години 6 месеци | 12 |

*(*) Задолжително образование со скратено време. /*

*Извор: Compulsory Education in Europe 2012/2013, European Commission.*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Задолжителното образование во Европа започнува најрано во Кипар кога децата се на возраст од 4 години и 8 месеци, во Грција, Латвија, Унгарија, Малта, Холандија, Полска и Англија започнува на 5 годишна возраст;
- Во другите европски држави основното образование е задолжително кога детето е на возраст од 6 или 7 години, во Македонија и Турција децата со задолжителното основно образование започнуваат во учебната година кога ќе наполнат најмалку 5 години и 8 месеци, односно 5 години и 6 месеци и повеќе;
- Како што задолжителното образование во државите започнува на различна возраст, исто така и годините на завршување се разликуваат. На 15 годишна возраст задолжителното образование завршува во неколку држави тоа се: Чешка, Грција, Кипар, Австрија и Словенија. Како што може да се види во најголем дел од државите завршува на 16 годишна возраст, а во некои и на 18 годишна возраст. Во Турција задолжителното образование завршува на возраст од 17 години и 6 месеци;
- Задолжителното образование во Европа има најкратко траење од 8 години во Хрватска и се состои од основно образование. Во сите држави во кои задолжителното образование е во траење од 9 или 10 години се состои само од основно образование (основна школа и пониско средно училиште), додека во оние држави во кои задолжителното образование е во траење од 11, 12 и 13 години, се состои од основно и средно образование, односно овие два подсистеми го сочинуваат задолжителното образование во државите во кои тоа трае 11, 12 и 13 години. Повеќе во врска со оваа може да се види во следната табела;
- Во Унгарија задолжителното образование ученикот може да го стекне и на 16 годишна возраст, односно тоа за некои од учениците може да трае 11 години;

## 4.2. Видови на образовни институции во основното и задолжителното образование

Покрај траењето на задолжителното образование, возраста на која учениците започнуваат и завршуваат со задолжителното образование од значење е да ги наведеме и

институциите, односно училиштата во кои учениците се стекнуваат со задолжителното образование во Европа.

Табела бр. 2

*Структура на задолжителното образование во некои држави во Европа*

| Држава | Години | Вид на училиште и години на траење () |
|---|---|---|
| Данска | 9 | Основно: Folkeskole/Grundskole (9) |
| Германија | 4(6)+5+3* | Основно: Grundschule (4)<br>Фаза на ориентација: Orientierungsstufe (2) различни видови на училишта<br>Нижо средно:Gymnasium, Schularten mit drei bildungsgangen, Realschule, Schularten mit Zwei bildungsgangen, Hauptschule (5-6)<br>Средно училиште: Gymnasiale oberstufe, Fachoberschule, Berufsfachschule, Berufsschule betrieb (3) - со скратено време |
| Естонија | 9 | Основно: Pöhikool (9) |
| Грција | 6+3 | Основно: Dimotiko scholeio (6)<br>Нижо средно: Gymnasio, Esperino gymnasio (3) |
| Шпанија | 6+4 | Основно: Educacion primaria (3 периоди по 2 год. вкупно 6)<br>Нижо средно: Educacion secundaria obligatoria, Ensenanzas elementales de musica y danza (2 периоди по 2 год. вкупно 4) |
| Франција | 5+4+1 | Основно: Ecole elementaire (два периоди 2+3 вкупно 5)<br>Нижо средно: College (три периоди 1+2+1 вкупно 4)<br>Средно училиште: Lycee General et technologique, Lycee professionnel (3-4 години од кои 1 година е задолжителна) |
| Хрватска | 8 | Основно: Osnovna škola-основно и средно нижо образ. (8) |
| Италија | 5+3+2 | Основно: Scuola Primaria (5)<br>Нижо средно: Scuola secondaria di primo grado (3)<br>Средно училиште: Liceo, Istituto tecnico/istituto professionale, Istruzione e formazione professionale (4-5 години од кои 2 години се задолжителни) |
| Литванија | 4+5 | Основно: Pradine mokykla (4)<br>Нижо средно: Progimnazija (4), Pagrindine mokykla, Vidurine mokykla (6), Profesine mokykla (3) |
| Унгарија | 1+8+4 | Предучилишно: Ovoda (3 год. од кои 1 год. е задолжителна)<br>Основно: Altalanos iskola-also tagozat+felso tagozat (8)<br>Нижо средно: Gimnazium (4)<br>Средно училиште: Gimnazium (4), Szakkozepiskola (5), Szakiskola (3) |
| Холандија | 8+(4-5-6) | Основно: Basisonderwijs (8)<br>Средно училиште: VMBO (4), HAVO (5), VWO (6)<br>Комбинација средно стручно и курсеви: MBO vakopleiding, MBO middenkaderopleiding (4), MBO basisberoepsopleiding (3), MBO assistentopleiding (1), Praktijkonderwijs (6) |
| Австрија | 4+4+1 | Основно: Volksschule (4)<br>Нижо средно: Allgemeinbildende höhere schule, Hauptschule, Neue mittelschule (4) |

| | | |
|---|---|---|
| | | Средно училиште: Oberstufenreal gymnasium, Berufsbildende mittlere schule (4), Polytechnische schule Berufsschule und lehre (5), Berufsbildende höhere schule (5) и др. – 1 година е задолжителна. |
| Полска | 2+6+3+2* | Предучилишно: Przedszkole (4 год. од кои 2 год. се задолжителни), Oddzialy przedszkolne (1)<br>Основно: Szkola podstawowa (6)<br>Нижо средно: Gimnazjum (3)<br>Средно училиште: Liceum ogolnokształcace, Liceum profilowane (3), Technikum (4), Zasadnicza szkola zawodowa (3) – 2 год. се задолжителни со скратено време |
| Португалија | 6+3+3 | Основно: Ensino basico (два периоди 4+2 вкупно 6)<br>Нижо средно: Ensino basico (3)<br>Средно училиште: Cursos cientifico-humanisticos, Cursos artisticos especializados/Cursos profissionais, Cursos technologicos (3) |
| Словенија | 9 | Основно: Osnovna škola (два периоди 6+3 вкупно 9) |
| Финска | 9 | Основно: Perusopetus-grundlaggande utbildning (два периоди 6+3 вкупно 9) |
| Шведска | 9 | Основно: Grundskola (два периоди 6+3 вкупно 9) |
| Бугарија | 8+1 | Основно: Natchalno utchilishte - Progimnazialno utchilishte (4+4 вкупно 8)<br>Средно училиште: Gimnazia (4), Profilirana gimnazia (5), Professionalna gimnazia (5) -1 година е задолжителна |
| Македонија | 9+4 | Основно: Основно училиште (три периоди 3+3+3 вкупно 9)<br>Средно: Гимназиско образование, Средно уметничко образование (4), Средно стручно образование (3 и 4), Спортска гимназија (4) |
| Турција | 4+4+4 | Основно: Ilkokul (4)<br>Нижо средно: Ortaokul,Yatılı bölge okulu, Imam hatip (4)<br>Средно училиште: Genel liseler/Anadolu liseleri/Güzel sanatlar ve spor liseleri/Fen liseleri/Meslek liseleri/Teknik liseler/Anadolu meslek liseleri/ Anadolu teknik liseleri (4), Sosyal bilimler liseleri (5) |

**Задолжително образование со скратено време*

*Извор: The structure of the European education systems 2013/14: schematic diagrams, European Commission., EURYPEDIA-European Encyclopedia on National Education Systems, European Commission., Avrupa Birliği Ülkelerinde Eğitim Denetimi, Ankara, 2007.*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Основното образование во некои држави во Европа се состои од единствена образовна институција основно училиште со траење од 8 или 9 години, тоа се: Данска, Естонија, Хрватска, Унгарија, Холандија, Словенија, Финска, Шведска, Бугарија и Македонија. Додека во другите кои не се наведени, основното образование се состои од основно училиште со траење од 4, 5 или 6 години и нижо средно училиште со траење од 3 или 4 години;

- Во Унгарија 1 година, а во Полска 2 години од предучилишното образование се задолжителни;
- Некои од државите во Европската Унија средното образование го немаат вклучено во целост како задолжително образование. Таков е примерот со Франција (првата година), Италија (првите две години), Холандија (првите две години од средно стручно образование), Австрија (првата година), Полска (првите две години), Бугарија (првата година) од средното образование е задолжителна;
- Од наведеното во табелата може да се види дека некои држави имаат широка лепеза на образовни институции, во кои учениците го стекнуваат задолжителното образование, особено тоа се однесуваа на средното училиште и нижите средни училишта. Наведените држави во зависност од потребите на граѓаните и потребите за современо образование, имаат посебни училишта кои ќе одговорат на интересите и талентот кој го поседува ученикот. Па така во некои од нив учениците се насочуваат или стекнуваат почетни знаења за својата идна професија уште во нижото средно училиште. Како што може да се види од наведеното за државите повеќето од нив имаат стручни училишта, училишта за уметности, училишта со религиозен карактер, курсеви со кои учениците стекнуваат занает или почетно се обучуваат за одредена професија, би сакале да дадеме подетален преглед на за сите овие видови на училишта, меѓутоа со оглед на темата на трудот немаме таква можност, повеќе податоци можат да се најдат во цитираниот извор;

### 4.3. Опфатеност на популацијата во задолжителното образование

Од примерите во претходно наведената табела се гледа дека задолжителното образование во некои држави го опфаќа само основното образование, а во други држави го опфаќа и (повисоко) средното образование. Со задолжителното образование децата започнуваат на возраст од 5, 6 или 7 години, а завршуваат на возраст од 15, 16 или 18 години. Од големо значење за сите држави во светот е да постигнат што е можно поголем опфат на населенито во образованието особено во задолжителното и се залагаат да постигнат целосен опфат од 100%.

Табела бр. 3

*Опфат на населенито во образованието на возраст од 6 до 19 години во Европа и некои држави во светот (%)*

| Држава | 2005 година | | 2011 година | |
|---|---|---|---|---|
| | Возраст | | Возраст | |
| | 5-14 | 15-19 | 5-14 | 15-19 |
| Австралија | 99 | 82 | 99 | 84 |
| Австрија | 98 | 80 | 98 | 78 |
| Белгија | 100 | 94 | 99 | 94 |
| Чешка | 100 | 90 | 98 | 90 |
| Данска | 97 | 85 | 99 | 87 |
| Финска | 95 | 87 | 96 | 87 |
| Франција | 100 | 86 | 99 | 84 |
| Германија | 98 | 89 | 99 | 92 |
| Грција | 97 | 97 | 100 | 84 |
| Унгарија | 100 | 87 | 98 | 92 |
| Исланд | 99 | 85 | 99 | 87 |
| Италија | 100 | 80 | 99 | 81 |
| Јапонија | 100 | / | 100 | / |
| Кореја | 94 | 86 | 99 | 86 |
| Мексико | 100 | 48 | 100 | 56 |
| Холандија | 99 | 86 | 100 | 93 |
| Нов зеланд | 100 | 74 | 100 | 81 |
| Полска | 95 | 92 | 95 | 93 |
| Португалија | 100 | 73 | 100 | 87 |
| Шпанија | 100 | 80 | 99 | 86 |
| Шведска | 99 | 87 | 97 | 86 |
| Англија | 100 | 78 | 100 | 78 |
| САД | 98 | 79 | 96 | 80 |
| Бразил | 93 | 79 | 95 | 77 |
| Израел | 96 | 65 | 97 | 64 |
| Руска федер. | 81 | 73 | 92 | 78 |
| Македонија | 91* | 66** | 91* | 71** |
| Турција | 82 | 41 | 95 | 64 |

** нето-стапките се однесуваат на учениците кои се на возраст од 6-14 години или возраст за основно образование пропишана со Законот за основното образование.*

***нето-стапките се однесуваат на учениците кои се на возраст од 15 до 18 години или на возраст за средно образование пропишана со Законот за средното образование.*

*Извор: OECD (2007), Education at a Glance 291 C2, Paris. OECD (2013), Education at a Glance 269 C1, Paris. Државен завод за статистика на Р.Македонија, Основни и средни училишта на почетокот на учебната 2012/2013 година стр.11 и 12.*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Повеќето држави имаат постигнат голем опфат особено на возраста на основното образование (5-14 години), кој во 2011 година за период од 6 години во секоја држава е повеќе од 90%, а во некои држави многу се доближува до целосен (100%) опфат на населнието во образованието на оваа возраст;
- Задоволуваат постигањата во опфатот на населението на возраст на средното образование (15-19 години), кој за разлика од 2005 година во 2011 година се зголемува и во сите држави се постигнува опфат на населението во средното образование повеќе од 60%, а во некои овој опфат достигнува и до 90%. При тоа треба да се има во предвид дека средното образование во некои држави не е задолжително, а се постигнува висок % во опфатот на населението од оваа возраст;
- Би требало да имаме во предвид дека овие бројки во целост неможат да ја дадат „вистинската слика" за опфатот на населенито во образованието на возраст од 5-19 години, бидејќи во некои држави задолжителното образование започнува на 6 или 7 години, во други завршува многу порано пред ученикот да наполни 19 години или средното образование не е опфатено со задолжителното образование. Покрај тоа во некои од наведените држави чии граѓани го стекнуваат образованието во други држави се намалува опфатот на ученици, при тоа во државите во кои доаѓаат ученици од други држави за да стекнат одреден степен на образование се зголемува % на опфат;

### 4.4. Наставен кадар во основното образование

Во повеќето држави во светот од 19 век дејноста на наставниците започнува да се квалификува како професија. Основна причина за тоа е продолжувањето на задолжителното образование и поголемиот опфат на населението во образованието, со што потребата од наставници е зголемена (Türkiye ve Dünyada Öğretmenlik {Retorik ve Pratik}, стр. 5).

Во текот на 20 век наставничката професија се одредува како дејност која бара големи знаења и вештини, затоа се направени повеќе напори и реформи во образованието на наставниците и нивното вработување за да може да се постигне очекуваното, идните наставници да можат да одговорат на потребите на општество, технолошкиот развој, новиот начин на живот, продолжено с траењето на иницијалното образование на наставниците и друго. Денес наставничката професија од идните кандидати и постоечкиот наставен кадар бара многу поголеми професионални знаења и квалификации кај наставниците од кога и да е...

Во Европа општоприфатено е мислењето дека наставниците имаат клучна улога во подготвувањето на учениците за нивната улога како граѓани на ЕУ, тоа можеме да го видиме и во претходно наведените цели и принципи на образованието во ЕУ, а наставниците се оние кои би требало со својата работа да ги постигнат поставените цели и да се придржуваат кон поставените принципи. Општоприфатено е дека образованието на наставниците не завршува со иницијалното образование, туку нивното образование и обука продолжува со нивниот континуиран развој по вработувањето.

ЕУ има поставено заеднички принципи, кои би требало да обезбедат стимул за развивање на политики, коишто ќе ги интензивираат квалитетот и ефикасноста на образованието. Заеднички европски принципи се:

- ✓ Доброквалификувана професија: висококвалитетните образовни системи бараат сите наставници да се дипломци на високообразовни институции, а оние кои работат во областа на иницијалното стручно образование треба да бидат висококвалификувани во нивната професионална област и да имаат соодветна педагошка квалификација. Секој наставник треба да има можност да ги продолжи своите студии до највисоко ниво, за да ги развие своите наставни компетенции и да ги зголеми своите можности за напредување во рамките на професијата;
- ✓ Професија ставена во контекст на доживотно учење: наставниците треба да бидат поддржани да го продолжат нивниот професионален развој во текот на целата нивна кариера;
- ✓ Мобилна професија: мобилноста треба да биде централна компонента на иницијалните и континуирани програми за образование на наставниците. Наставниците треба да се поттикнуваат да учествуваат во европски проекти и да го минуваат времето работејќи или студирајќи во други европски

земји, за професионално повеќе да се усовршат. На оние кои ќе го сторат тоа треба да им се признае статусот во земјата-домаќин, а нивното учество да им се признае и вреднува во нивната земја;

- ✓ Професија базирана на партнерства: институциите коишто обезбедуваат образование за наставници треба да ја организираат нивната работа во соработка и партнерство со училиштата, локалните работни средини, обезбедувачите на обука базирани на работа и други засегнати страни. Високообразовните институции да гарантираат дека нивната настава ги користи придобивките од знаењето од тековната практика. Самото образование на наставниците треба да биде поддржано и да биде предмет на изучување и истражување;

Во последниве години повеќето држави се обидуваат да постават одредени стандарди и квалификации за подобро да се дефинира поимот „добар" наставник. На тој начин се зголемуваат потребните квалификации и квалитети на наставниците потребни при вработувањето, тие квалификации кои ги поседуваат тие ги потврдуваат со документи стекнати од обуките и образованието кое до тогаш го стекнале. Покрај тоа се поставуваат нови стандарди и критериуми за мерење на квалитетот на наставниците, а сите овие активности и промени се очекува да го зголемат квалитетот во образованието.

Во светот и во Европа „клуч" за вработување на наставниците е универзитетската диплома или дипломата стекната од високообразовна институција (наставнички факултет или факултети за образовни науки), со која индивидуата се стекнува со потребните знаења и вештини (општи и стручни), за да може да вработи како наставник во образовна институција. Општо прифатено и доста значајно за напредокот и професионалниот развој на наставникот е неговото доживотно образование. Траењето на иницијалното образование на наставниците во светски рамки може да биде од 2 до 6,5 години, некои држави иницијалното образование на наставниците го имаат подигнато на магистерски студии, затоа и траењето на иницијалното образование на наставниците е подолго, на додипломските студии од 3 или 4 години се додаваат магистерските студии во траење од 1 или 2 години.

Табела бр.4

*Траење на иницијалното образование и после иницијалното образование на наставниците во Европа*

| Држава | Додипломски студии – високо образование | | Додипломски и магистерски студии | | После иницијалното образование | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Реализира настава во | | Реализира настава во | | Реализира настава во | |
| | Основно училиште | Нижо средно | Основно училиште | Нижо средно | Основно училиште | Нижо средно |
| Белгија | 3 години | 3 години | / | / | / | / |
| Бугарија | 4 години | 4 години | / | / | / | / |
| Чешка | / | / | 5 години | 5 години | / | / |
| Данска | 4 години | 4 години | / | / | / | / |
| Германија | / | / | 5 години | 5 години | 2 години | 2 години |
| Естонија | / | / | 5 години | 5 години | 1 година | 1 година |
| Ирска | 3 години | / | / | 4 години | / | 1 година |
| Грција | 4 години | 4 години | / | / | / | / |
| Шпанија | 4 години | / | / | 5 години | / | / |
| Франција | / | / | 5 години | 5 години | / | / |
| Италија | 5 години | 5 години | / | / | / | / |
| Латвија | 4 години | 4 години | / | / | / | / |
| Литванија | 4 години | 4 години | / | / | / | / |
| Луксембург | 4 години | / | / | 5 години | / | 2 години |
| Унгарија | 4 години | / | / | 5,5 години | / | / |
| Малта | 4 години | 4 години | / | / | / | / |
| Холандија | 4 години | 4 години | / | / | / | / |
| Португалија | / | / | 5 години | 5 години | 1 година | 1 година |
| Романија | 3 години | 3 години | / | / | 2 години | 2 години |
| Словенија | / | / | 5 години | 5 години | $^1/_2$ год. | $^1/_2$ год. |
| Финска | / | / | 5 години | 5 години | / | / |
| Шведска | 4 години | / | / | 4,5 години | / | / |
| Хрватска | / | / | 5 години | 5 години | 1 година | 1 година |
| Македонија | 4 години | 4 години | / | / | / | / |
| Турција | 4 години | 4 години | / | / | 1 година | 1 година |

*Од претходните табели можеше да се види дека во некои држави основното образование се состои од единствена институција основно училиште (Македонија, Естонија, Хрватска, Данска и др.) и во нив нема пониско средно училиште, покрај тоа тие се наведени како да имаат одделени институции веројатно причината е поради другите држави во кои основното образование се состои од две образовни институции (основно училиште и нижо средно училиште). Вообичаено во нижото средно училиште наставниците изведуваат настава по принципот на предметна настава, затоа овде наведеното нижо средно училиште во чија графа е наведено и образованието на наставниците кои изведуваат настава во него се однесува на предметните наставници.*

*Извор: Eurydice (2012). Key Data on Teachers and School Leaders in Europe 2013 Edition. European Commision.*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Во многу држави во Европа иницијалното образование на наставниците се состои од високо образование во траење од 3 и 4 години. Образованието на наставниците кои изведуваат настава во основното училиште и во нижото средно училиште во некои држави е во траење од 3 или 4 години, а во некои држави се разликува, па така иницијалното образование на наставник кој изведува настава во основно училиште може да биде високо со траење од 3 или 4 години, додека иницијалното образование на наставниците кои изведуваат настава во нижо средно училиште може да биде во траење од 4.5 години (Шведска) или 5 години (Луксембург, Шпанија) и 5,5 години (Унгарија), во наведените држави образованието на наставниците кои изведуваат настава во нижо средно училиште се состои од додипломски студии и магистерски студии;
- Во Чешка, Германија, Естонија, Франција, Португалија, Словенија, Финска и Хрватска иницијалното образование на наставниците кои изведуваат настава во основно училиште и нижо средно училиште е во траење од 5 години, додипломски и магистерски студии;
- Во Европа иницијалното образование на наставниците е најдолго во Унгарија, во траење од 5,5 години за наставниците кои изведуваат настава во пониските средни училишта, а најкратко во Белгија, Ирска (основно училиште) и Романија во траење од 3 години;
- Во некои држави наставниците имаат продолжено образование во траење од една до две години по стекнувањето на иницијалното образование и вработувањето, во Словенија оваа образование е во траење од половина година (6 месеци);

Во повеќето држави во светот за подобар професионален развој на наставниците се спроведуваат повеќе планови и програми, исто така се спроведени голем број на реформи кои директно се поврзани со образованието и работата на наставниците. Државите во рамките на своите образовни политики го подржуваат професионалниот развој на наставниците, а во други оваа подршка наставниците ја добиваат во рамките на училиштето, од значење е да кажеме дека оваа обука и испити кои се спроведуваат во текот на истата зависи вработувањето на наставниците почетници (стажери или приправници). Во дел од европските држави се спроведува почетен испит на кој од кандидатите се бара да освојат што е можен поголем број на поени, а потоа се рангираат

оние кои имаат најголем број на поени се вработуваат како наставници-стажери и одреден период следат обука на крајот од неа полагаат испит. Некои држави во Европа на наставниците им обезбедуваат можности за напредување во кариерата во зависност од нивниот професионален развој, дообразување, стекнати сертификати, истакнати со својата работа во училиштето и друго. На тој начин допринесуваат за поголема активност на наставниците кои на овој начин се повеќе мотивирани, добиваат дополнителени финансиски стимулации, а со тоа наставата е поквалитетна...

Сите држави во светот го зголемуваат бројот на наставници во образовните институции со цел да ги задоволат потребите од наставен кадар, при тоа во предвид се земаат и потребите во зависност од новите наставни планови и програми. Оваа состојба придонесува до намалување на бројот на ученици по наставник, со што се подобрува квалитетот, ефикасноста и ефективноста во наставата, односно кога е помал бројот на ученици наставниците подобро можат да ги следат учениците, вреднуваат, да се повторуваат веќе стекнатите знаења, наставниците имаат повеќе време во текот на часот да работат индивидуално со секој ученик и друго.

Табела бр. 5

*Број на ученици по наставник во основното образование во Европа и некои држави во светот*

| **Држава** | **2000** | **2005** | **2011** |
|---|---|---|---|
| Австралија | 17 | 16 | 16 |
| Австрија | / | 14 | 12 |
| Белгија | 15 | 13 | 12 |
| Чешка | 20 | 17 | 19 |
| Бразил | 27 | 23 | 22 |
| Словенија | / | 15 | 16 |
| Финска | 17 | 16 | 14 |
| Франција | 20 | 19 | 18 |
| Германија | 20 | 19 | 16 |
| Унгарија | 11 | 11 | 11 |
| Кина | 20 | / | 17 |
| Ирска | 21 | 18 | 16 |
| Индонезија | 27 | / | 20 |
| Италија | 11 | 11 | 12 |
| Јапонија | 21 | 19 | 18 |
| Кореја | 32 | 28 | 20 |
| Мексико | 27 | 28 | 28 |
| Холандија | 17 | 16 | 16 |
| Нов зеланд | 21 | 18 | 16 |
| Полска | 13 | 12 | 11 |
| Португалија | 12 | 11 | 11 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Шведска | 13 | 12 | 11 |
| Англија | 21 | 21 | 20 |
| САД | 16 | 15 | 15 |
| Грција | 11 | 11 | / |
| Македонија | 18 | 16 | 13 |
| Турција | 30 | 26 | 21 |

*Извор: OECD (2002), Education at a Glance 293 D2, Paris. OECD (2007), Education at a Glance 382 D2, Paris. OECD (2013), Education at a Glance 375 D2, Paris*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Најголем број на ученици по наставник во 2000 година има Кореја 32, после неа следува Турција со 30, за разлика од нив во државите во Европа бројот на ученици по наставник е околу 20 и помалку;
- Најмал број на ученици по наставник има Грција, Унгарија, Италија и Португалија 11, интересно е што овие држави и во наредните години имаат иста бројка на ученици по наставник, причина за тоа најверојатно е образованата политика која ја следат и внимаваат на соодносот ученици-наставник;
- Освен Грција, Унгарија, Италија и Португалија, сите други држави го намалуваат соодносот ученици по наставник во следните години (2005 и 2011 година);

**5.Управување и раководење (менаџмент) со основното образование во Европа**

Во Европа и светот управувањети и раководењето со образованието е доста комплицирана и деликатна област, на која во последните години им се обраќа посебно внимание. Највисок управен орган со образованието во државите е Министерството за образование, а раководен орган е министерот за образование, при тоа треба да се напомене дека со образованието во некои држави во Европа можат да управуваат и раководат и други Министерства. На локално ниво во рамките на образовниот систем и Министерството за образование на државите се основаат одбори или дирекции кои се одговорни за управувањето со образованието во одреден регион или општина, со кои раководи претседател или директор. На локално ниво од образованието може да биде одговорна општината, во тој случај раководен орган е градоначалникот или гувернерот при

општината. Кога се зборува за основното образование во Европа во повеќето држави основните училишта имаат директор или раководител, а управен орган се одборите кои се формираат во рамките на училиштето.

Табела бр. 6

*Органи на управување и раководење со образованието на централно и локално ниво во Европа*

| Држава | Централно ниво – Министерство | Локално ниво |
|---|---|---|
| Германија | Министерство за образование и наука<br>Министерство за култура | Сојузни држави (покраини) (Länder) |
| Австрија | Министерство за образование и култура | Регионален (провинциски) и општиски одбор |
| Белгија | Министерство за образование | Заедниците во областа |
| Бугарија | Министерство за образование и наука | Регионални инспекторати<br>Општински администрации |
| Данска | Министерство за деца и образование | Општините |
| Финска | Министерство за образование и култура<br>Национален одбор за образование | Општините |
| Франција | Национално Министерство за образование | Дирекции за образование кои се централно поврзани |
| Холандија | Министерство за образование, наука и култура | Општините и локални авторитети |
| Ирска | Одделот за образование и вештини | Управни одбори во училишта |
| Шпанија | Министерство за образование, култура и спорт | Автономни заедници |
| Шведска | Министерство за образование и наука | Централна агенција за образование<br>Провинциски (локален) совет<br>Општините |
| Италија | Министерство за образование | Регионални административни оддели<br>Дирекција за образование при општината |
| Луксембург | Министерство за образование на деца и млади | Регионални инспекциски служби<br>Советот на општината<br>Општинско училишна комисија |
| Португалија | Министерство за обраозвание и наука | Образовна дирекција |
| Грција | Министерство за национално образование и религиозни работи | Провинциски (локален) совет<br>Директориуми за основно и средно образование |
| Македонија | Министерство за образование и наука | Општините |
| Турција | Национално Министерство за образование | Дирекција за образование при големата градска општина<br>Дирекција образование при општината |

*Извор: EURYPEDIA – European Encyclopedia on National Education Systems.*

*http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/eurypedia_en.php*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Во Германија покрај Министерството за образование и наука, некои од надлежностите во областа на образванието се дадени на Министерството за култура. Во дел од државите со образованието управува Министерството за образование или Националното Министерство за образование, кое е единствено и чија област е само образованието. Тоа се однесува за следниве држави: Белгија, Франција, Италија и Турција;
- Во дел од државите Министерството за образование се додава зборчето, култура, наука, спорт и др. на тој начин на оваа Министерство му се додава уште една или две области. Тоа се однесува за следниве држави: Германија, Австрија, Бугарија, Данска, Финска, Холандија, Шпанија, Шведска, Луксембург и Португалија. Во Грција Министерството за образвание и религиозни работи е одговорно и за работи од областа на религијата. Франција и Луксембург имаат основано посебни Министерства за високо обрзование;
- Германија, Австрија и Белгија се федерални држави во кои управувањето со образованието е во надлежност да федералната влада и федералните покраини наречени Лендер (Länder). Во Белгија надлежностите за образованието се во рацете на заедниците кои зборуваат три јазика (француски, фламански и германски), мал број од надлежностите се во рацете на федералната влада;
- На локално ниво со образованието управуваат сојузните држави (покраини) или заедници, во: Германија, Австрија, Белгија и Шпанија. Општините управуваат со образованието во: Бугарија, Данска, Финска, Холандија, Шведска, Луксембург и Македнија. И со образованието управуваат дирекции на локално ниво во следниве држави: Франција, Италија, Грција, Португалија и Турција;

Франција, Луксембург, Ирска, Шведска, Италија, Бугарија, Грција, Македнија и Турција имаат централизиран образовен систем, особено Франција, Луксембург и Турција имаат

високо централизиран систем. Во последните години во Франција се пренесуваат некои од надлежностите од централно на локално ниво, Ирска го прави тоа за подсистемите на основното и средното образование, Шведска и Италија спроведува реформи во оваа насока, Македонија има систем кој од централно надлежностите ги пренесува на локално ниво или во надлежност на општините, пренесување на надлежностите има во Грција и во Бугарија.

Во Данска, Финска и Шпанија голем дел од надлежностите во управувањето со образованието се дадени на локално ниво, во Холандија и Португалија централната власта и локалните власти заедно управуваат со образованието, односно ингеренциите се поделени.

5.1. Директор на основно училиште

Директорот е раководен орган на училиштето тој е одговорен за законистоста во работата и за материјалното финансиското работење на училиштето. Општо познато е правилото кое вели: „за да се биде добар директор (раководител) најпрво би требало да се биде добар наставник". Што значи дека за успешно раководење со образовна институција директорот би требало да има искуство како наставник или добро да ја познава наставничката професија.

Функцијата директор на училиште, во себе ги обединува двете улоги на водач и менаџер. Тоа практично значи дека индивидуата што ја извршува функцијата директор на училиште, треба да поседува и менаџерски вештини и елементи на водство (Петковски, 1998, стр. 184).

Директорот е клучниот фактор за ефикасна работа на училиштето. Од неговото успешно водење ќе зависи задоволството на сите учесници во воспитно-образовниот процес и рејтингот на училиштето.

Поимот директор треба да се сфати како функција што ја извршува некој поединец, во некоја организација (училиште), односно како звање што го носи некое лице при извршувањето на определена водствена функција на некое од повисоките менаџерски нивоа. Вршејќи ја оваа функција, директорот претставува и менаџер бидејќи секојдневно врши некоја од менаџерските функции, но, сепак, работата на оваа раководно лице се уште зависи од многу инсатнции кои, неминовно, ќе ја ограничуваат неговата самоиницијативност и самостојност во вршење на оваа сложена улога на менаџер (Гоцевски, 2007, стр. 283).

Поимот менаџмент потекнува од зборот manage, со значење; управување, надгледува, се наоѓа, успева, донесува одлуки, да се задоволуваат потреби. Во секојдневниот живот и во литературата се поставува прашањето зошто го користиме терминот менаџмент, а не управување. Како прво терминот менаџмент се одомаќини кај нас, стекна популарност и многу се користи во стручната литература. Овој поим сватен како управување предизвикува строго определени асоцијации и поставува потесна рамка. Терминот менаџмент ја дава потребната ширина. Изедначувањето на терминот менаџмент со поимот управување со поимот управување може многу да го искомплицира поимањето и воспоставувањето на релациите меѓу три битни функции: менаџер, водач и директор.

Менаџментот повеќе треба да се третира како активност или процес, а помалку како поим или настан. Една од бариерите за успешно прифаќање на концептот менаџмент или менаџерско однесување во образовните организации е традиционалниот пристап во поимањето дека менаџментот се однесува само на раководната структура, а не и на персоналот во целина. На тој начин менаџментот како поим асоцира на статус на моќ.

Менаџментот е целосно насочен и се грижи за постигнување на резултатите во образовните институции. Луѓето учат за да станат успешни менаџери преку процесот на управување. Менаџментот се изразува преку однесување. Ако менаџментот подразбира акција, тогаш задолжителен критериум за успешност е големината на опфатот на оние резултати кои се постигнати и оние интенции кои се преточени во согледливи промени. Успешниот менаџер би требало да е во состојба да работи и во услови кои се рангираат во сложени ситуации и проблеми. Управувањето со тензијата помеѓу теоријата и праксата, вредностите и она што е корисно најпрактично во таа ситуација, како и крајната сложеност на социјалните односи се основа за процесот на менаџмент во организацијата. Што претпоставува потреба вештина за анализа, за воспитување приоритети и комуницирање.

Управувањето со една институција третирана како организациски систем, е сложено прашање кое тесно е поврзано со опстојувањето на таа институција. Менаџментот претставува комплекс на функции, кој во еден организациски систем е задолжен за дефинирање на целите и водење кон остварување на тие цели, односно управување. Ќе наведеме поедноставни дефиниции за менаџментот:

- ☺ Менаџментот значи да се потикнуваат другите да го прават она што мислиме дека е правилно.

☺ Менаџментот е остварување на нешто што се сака да се направи преку луѓето.

Менаџментот до денес е дефиниран од повеќе автори секој од нив го дефинирал различно во зависност од школата за менаџмент на која и припаѓал. Сепак би можело да се синтетизира една дефиниција според која: менаџментот е универзален процес на ефективно извршување на работата со помош на други луѓе и ангажирање на ресурсите во остварувањето на однапред дефинираните цели на претпријатието.

Менаџментот претставува процес со којшто се прави обид успешно да се постигнат целите на организацијата. Сите активности во склопот на менаџментот можат да се поделат во неколку менаџерски функции. Можат да се земат пет базични функции:

1) **Планирање.** Постојано барање на можности и нови решенија за работа воспоставување на цели и обезбедување на насоки за секоја акција на менаџерите.
2) **Организирање.** Поставување, поттикнување, прилагодување и извршување на ситем од норми и односи меѓу луѓето. Тоа е процес на поделба на активности меѓу групите и поединците и кординирање на нивните активности за постигнување на целите на организацијата.
3) **Екипирање.** Означува процес на пополнување на работните места со поединци кои ги поседуваат потребните знаења, вештини, ставови и навики за успешно извршување на поставените работни задачи во достигнувањето на планираните организациски цели.
4) **Водење.** Способност за позитивно влијание на поединец на мислењето гледањето и однесувањето на вработените при извршувањето на работата во образовната институција.
5) **Контролирање.** Претставување процес на следење, мерење и коригирање на остварувањето на целите на организацијата, проверување на ефективноста и и ефикасноста на работењето.

Покрај овие базични менаџерски функции постојат и други како на пример: одлучување, наредување, кординирање и мотивирање.

Раководителите на училиштата не се одговорни само од воспитно-образовниот процес со училиштата, тие се одговорни за финасирањето и персоналот, покрај тоа имаат и други

задачи. Од големо значење е изборот и именувањето на раководител. Во сите европски држави, општо се познати очекувањата од кандидатите кои аплицирале за да бидат именувани за директори на училишта (Key Data on Teachers and School Liaders in Europe, 2013, стр. 111).

Табела бр. 7

*Потребни (официјални) професионални квалификации и обука за именување директор на основно училиште во Европа*

| Држава | Искуство во наставни. Професија | +Админи. Искуство | +Образование (обука) за раководител | +Админи. искуство+ образ. за раководи. | Задолжително образование по пред именувањето |
|---|---|---|---|---|---|
| Бугарија | + | | | | Не |
| Чешка | | | + | | 100 часа |
| Данска | + | | | | Не |
| Германија | | | + | | 104 часа |
| Естонија | | | + | | 240 часа |
| Ирска | + | | | | Не |
| Грција | | + | | | Не |
| Шпанија | | | + | | 40 час-14 мес. |
| Франција | | | + | | 1 година |
| Италија | | | + | | 3-4 месеци |
| Литванија | | + | | | Не |
| Унгарија | + | | | | Не |
| Австрија | | | + | | 12 ЕКТС |
| Полска | | | + | | 210 часа |
| Романија | | | | + | 1 недела |
| Словенија | | | + | | 144 часа |
| Словачка | | | + | | 160 часа |
| Финска | | | + | | 15 ЕКТС |
| Англија | | | | + | 6-18 месеци |
| Хрватска | + | | | | Не |
| Исланд | | | | + | 15 ЕКТС |
| Македонија | | | + | | 192 часа |
| Турција | | + | | | Не |

*Во 4 држави (Белгија-фламанска заедница, Латвија, Холандија и Норвешка) основен услов за именување на раководител во основно училиште е да ги има потребните квалификации за наставник. Во Шведска за именување раководител потребно е образование и искуство, не мора да се има искуство како наставник. / Извор:* European Commission/EACEA/Eurydice Report, 2013. *Key Data on Teachers and School Leaders in Europe.2013Edition,стр.112, http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice./documents/key_data_series/151EN.pdf*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Во сите европски држави за именување на директор на основно училиште еден од условите е искуството на кандидатите во наставничката професија, освен во: Белгија (германска и фламанска заедница), Литванија, Холандија, Шведска и Норвешка каде не е потребно. Во Бугарија, Естонија, Франција и Латвија по 3 години искуство наставничката професија. Во повеќето држави потребно е искуство од 3 до 5 години, во Данска, Германија. Австрија, Финска, Велика Британија, Ирска и Лихтенштајн не се одредени годините (Key Data on Teachers and School Liaders in Europe, 2013, стр. 113);
- Во три држави Литванија, Грција и Турција, покрај искуство во наставничката професија раководителите треба да имаат претходно административно (раководно) искуство;
- Во 12 од наведените држави услов за именување на раководител (директор) на основно училиште потребно е кандидатите да имаат стекнато одредено образование за раководител;
- Во Романија, Англија и Исланд за именување на раководителите се бара да имаат административно (раководно) искуство и стекнато образование;
- Најголем број од државите во зависност образовните политики во рамките на условите за именување на директорите бараат од кандидатите да учествуваат на задолжителни обуки, со кои директорот на училиштето ќе се стекне со дополнителни знаења од областа на раководењето и управувањето кои се потребни за да може да биде успешен во својата работа. Секоја држава има различни програми според кои се обучуваат директорите или спроведувањето на обуката е во надлежност на овластени институции/ја од Министерството за образование;

Од наведеното може да се заклучи дека државите во Европа ги зголемуваат потребните услови и квалификации за именување на директори во основните училишта. Раководењето со обраозвните институции претставува доста значајна и комплексна работа, тие се клучен фактор за успешноста, затоа треба да имаат голем број на компетенции и квалификации од областа на воспитно-образовната дејност, работата на наставниците и другиот персонал во образовната институција, организацијата, искуство и друго. Со цел да можат да ги следат промените во образованието, управувањето и раководењето, технологијата, менаџментот со образовните институции и друго, директорите би требало професионално да се усовршуваат затоа во некои држави од Европа како за наставниците така и за директорите на основните училишта

професионалниот развој е задолжителен и претставува професионална обврска. Професионалниот развој на директорот претставува клучен фактор за успех во работата на директорот, развојот и успехот на основното училиште со кое раководи.

Во Европа се забележуваат три различни начини (методи) на именување на директорите на основните училишта: во некои држави се спроведува јавен испит на централно ниво на кој според одредени стандарди и вреднувања кандидатите се избираат и именуваат за директори (секој кандидат е во конкуренција со другите), во други држави се одредуваат празните раководни (директорски) функции, потоа кандидатите аплицираат на јавен оглас кој е во надлежност на локалните власти и училиштето се прави избор на кандидатите за директори кои аплицирале на огласот и избор на кандидати преку листи на кандидати кои се вреднуваат во зависност од нивните квалификации од страна на одговрните и надлежни функционери.

Табела бр. 8

*Именување (вработување) и избор на кандидатите за директори на основните училишта, професионален развој на директорите на основните училишта во Европа*

| | **Именување и избор на кандидати** | | | **Професионален развој** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Држава** | **Јавен испит** | **Јавен оглас** | **Листа на кандидати** | **Професи. обврска** | **Сопствена промоција** | **Сопствен избор** |
| Белгија | | + | | | | + |
| Бугарија | + | | | + | | |
| Чешка | | + | | + | | |
| Данска | | + | | + | | |
| Германија | | | + | | | + |
| Естонија | | + | | | | + |
| Ирска | | + | | + | | |
| Грција | | | + | | | + |
| Шпанија | + | | | + | + | |
| Франција | + | | + | + | | |
| Италија | + | | | + | | |
| Унгарија | | + | | + | | |
| Холандија | | + | | | | + |
| Австрија | | + | | + | | |
| Англија | | + | | + | | |
| Полска | + | | | | | + |
| Португалија | | + | | + | + | |
| Романија | + | | | + | + | |
| Словенија | | + | | | + | + |
| Финска | | + | | | | + |
| Шведска | | + | | | | + |
| Хрватска | | + | | + | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Исланд | | + | | + | | |
| Норвешка | | + | | | | + |
| Македонија | | + | | | | + |
| Турција | + | | | | | + |

*Извор:* European Commission/EACEA/Eurydice Report, 2013. *Key Data on Teachers and School Leaders in Europe.2013Edition,стр.116-128,*
*http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice./documents/key_data_series/151EN.pdf*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Најголем број од директорите на основни училишта во Европа се избираат по пат на јавен оглас, кој е во надлежност на локалните власти. Во Бугарија, Шпанија, Италија, Полска, Романија и Турција избор на кандидатите се врши според постигнатите резултати од јавниот испит. Според третиот начин (метод) кандидатите за директори се избираат во Грција и Германија, а тоа е по пат на листа од кандидати кои аплицирале и според квалификациите кои ги поседуваат. Само во Франција има два начина (методи) на избор на кандидатите преку јавен испит и листа на кандидати. Сметаме дека овој избор на кандидатите за директори и нивното именување (вработување) на оваа функција во голем дел зависи од централизираноста и децентрализираноста на образовниот систем;
- Претходно зборувавме за значењето на професионалниот развој на директорите. Во Европа професионалниот развој во некои држави е задолжителен, во нашата табела за 11 држави е задолжителен, во некои од државите присуството на директорите на овие активности претставува услов за напредување во кариерата. Од табелата се гледа дека во 11 држави професионалниот развој на директорите е по сопствен избор на директорот. Во Шпанија, Португалија и Романија професионалниот развој на директорите покрај тоа што е задолжителен, во исто време е потребен и за сопствена промоција. Како посебен пример се издвојува Словенија каде професионалниот развој на директорите е по сопствен избор и за сопствена промоција;

### 6. Реформи во основното образование во Европа

Образовната политика се состои од принципи, правци и цели на образованието кои ја одразуваат намерата на државата за функционален и одржлив развој. Образовната политика го преставува „патот" кој би требало да се следи за остварување на веќе поставените образовни цели. Со промените во науката и технологијата во државите како и процесот на глобализација, потребите на општествата започнуваат да се менуваат, со тоа постојано се променуваат потребите во животот на луѓето кои се обидуваат да одговорат на промените и да го зголемат своето знаење, при тоа обновувајќи го стекнатото знаење со нови знаења. Брзите промени во науката и технологијата ги поттикнаа земјите во Европската Унија заеднички да развиваат политики во сите области на општественото живеење вклучувајќи го овде и образованието. Образовната политика е доста значајна за државата бидејќи со неа се „обликува" образовниот систем и се утврдуваат потребните промени кои би требало да се направат во иднина. Земјите од ЕУ немаат заедничка образовна политики но сепак тие прават напори и соработуваат за остварување на заедничка образовна политика во иднина со цел да се создадат и развијат заеднички образовен систем, при тоа секоја држава да ги запази и зачува карактеристиките на својот национален образовен систем.

Образовната политика на ЕУ би можела да се дефинира како соработка и хармонија помеѓу земјите членки и почитување на правилата донесени од Европскиот совет и Европската комисија. Овие политики започнувајќи од темелното (основното) образование се до доживотното учење ги опфаќаат сите образовни подрачја на делување, ги опфаќаат сите луѓе и институции кои се засегнати со процесот на образованието.

Основни цели на образовната политика на ЕУ се: да се поттикнува соработката и разбирање помеѓу граѓаните на државите членки, да се зајакнува чуството за припадност кон ЕУ, да се обучат наставниците и учениците во оваа насока, активно учество на сите држави членки во развојот на науката и технилогијата. Земјите членки на ЕУ имаат право да спроведуваат образовни политики во зависност од социо-економската состојба на државата и сеуште немаат оформено образовен модел кој би се применувал во сите земји членки. Државите членки на ЕУ имаат за цел и повеќе да се залагаат за усогласување на националните образовни системи, од колку соединување на истите.

Образовната политика во себе ги носи трагите од минатото, дава одговор на денешните потреби на животот, а во себе ги носи перцепциите за иднината. Овој процес на развој

на образовната политика би требало да има континуитет, да биде сеопфатен и постојано да се развива. Образовната политика на државите кои имаат ваков концепт во својот центар ги имаат децата и младите, а се основаат врз филозофијата, науката и културата на народите (Ünsal, 2005, стр. 2). Оваа дефиниција ќе ја илустрираме со следниот графички приказ.




Графички приказ бр. 1

*Образовна политика*

Секоја нација има своја образовна филозофија (би требало да има). Образовната филозофија би требало да одговори на прашањето: „какви индивидуи ќе обучуваме во воспитно образовниот процес?" Образовната филозофија на народите се основа врз историското минато и акумулираните знаења, развојот на придобивките и она што е корисно (убаво) од тие знаења, како и одстранување на сето онаа што е некорисно и нефункционално, на тој начин ќе се обезбеди сигурен напредок и развој.

Културата, го преставува начинот на живот на народот и е свртена кон минатото. Една од функциите на образованието се општествените промени. Затоа културата не би требало да биде пречка во развојот на образовните политики. Кога се развиваат образовните политиките истите би требало да се направат во согласност со општеството, односно образовните политики би требало да се објаснат и да бидат општоприфатени од општеството.

Науката е основата при одредувањето на образовните политики. Утврдените образовни политики доколку немаат вистинска и научна поддршка за развој, би останале само како нацрт план на хартија и нема да придонесат за развојот на образованието.

Една од најтешките работи на светот, можеби е утврдувањето и спроведувањето на образовните политики. Основните причини за тоа се следниве (Ünsal, 2005, стр. 3):

1. Образовната политика има директно влијание врз животот на индивидуата;
2. Образовната политика има директно влијание врз општествениот живот;
3. Образовните политики своите ефекти ги покажуваат после повеќе години;
4. Спроведувањето на образовните политики бара големи финансиски средства, а повратот од истите е можен после повеќе години;

Основното образование е еден од најважните образовни подсистеми, со кој се стекнуваат знаења, кои се основа за знаењата кои ќе се стекнат во текот на понатамошното образование. Тргнувајќи од наведеното можеме да кажеме дека ЕУ посветува посебно внимание на основното образование. Во континуитет со образовните политики државите од западна Европа и оние од источна Европа спроведуваат образовни реформи, кои се повеќе добиваат во интензитет во 20-тиот и 21-от век.

По средниот век сите држави во своите образовни системи имаат направено коренити промени. Секоја држава се обидува да ги обнови училиштата, со цел тие да одговорат на современите предизвици, односно на развојот и промените во сферата на економијата, политиката и општеството. После Втората светска војна и забрзаните промени предизвикани од неа, повеќето држави ги обновија своите образовни системи. Образовните реформи се спроведени во развиените земји, земјите во развој и во неразвиените земји, затоа може да се каже дека образовните реформи не припаѓаат на одредени држави туку тие имаат глобален карактер.

Секоја држава формира научни комисии, кои прават широки истражувања и вложува големи инвестиции за спроведување на образовните реформи. Денес образованието е клучно за напредокот на државите, без реформи неможе да се зборува за напредок и развој, реформите се клучот за развојот на секоја држава. Слободно може да се каже дека реформите ја одредуваат иднината на земјата.

Тргнувајќи од карактеристиките на направените реформи, тие се поделени во два правци и тоа: реформи надвор од училиштето и реформи во училиштето. Образовните реформи се стари колку и училиштата, реформите во училиштата постоеле од секогаш, бидејќи развојот и промените во културата, како и промените во општеството влијаат на училиштето со тоа промените во училиштето стануваат задолжителни.

Реформи надвор од училиштето воглавно се однесуваат на организацијата во образовните институции, тоа се следниве: општите реформи направени во образованието, траењето на образованието во училиштето, трансферите помеѓу училиштата и реформите кои се

однесуваат на соединувањето и разделувањето на училиштата. Примери од овие реформи би биле, зголемувањето на основното образование од осумгодишно на деветгодишно, општиот приемен испит на Универзитетите и други.

Реформи во училиштето се следниве: промени во распоредот и траењето на часовите во училиштето, промени на нивото и содржините, додавање на нови предмети или отстранување на веќе постоечките, промени на наставните методи и техники при реализација на часовите и вреднувањето на учениците по некој наставен предмет. Додавањето на нови наставни предмети во наставните планови и програми за околината и човековите права, новите учебници кои се користат во наставата може да сметаат како реформи во училиштето.

Според овие дефиниции и доколку погледнеме во минатото може да заклучиме дека низ историјата на образованието во Европа и кај нас се направени многу реформи во училиштетот и надвор од училиштето. Реформите во и надвор од училиштето меѓусебно се поврзани тие имаат точки каде се поврзуваат, бидејќи реформите направени надвор од училиштето имаат влијание врз реформите во училиштето.

Доколку реформите се направат само во училиштето истите нема да бидат успешни. Сите реформи денес најпрво започнуваат со организацијата потоа продолжуват со реформите во училиштето. Потребите на индустријата и општеството, имаат влијание врз реформите поради тоа образовните реформи задолжително почнуваат со реформите надвор од училиштето. Кога се зборува за реформи надвор од училиштето, се мисли на формирање на училиште по демократски модел.

После Втората светска војна реформите во Европската Унија се започнати од заеднички принципи и мотиви кои се задолжителни за сите членки. Во спроведувањето на заедничките принципи се забележани големи разлики помеѓу државите членки на ЕУ. Реформите имаат иста цел до која се доаѓа преку различни форми, поради тоа училишните реформи се спроведуваат по заеднички основни трендови, кои меѓусебно се поврзани:

a) Во сите федерални држави, промените во училиштата да се прават на централно ниво (Англија, Шведска, Австрија, Германија и сите држави од источниот блок);
b) Во сите држави демократијата во училиштата е принцип, тоа е проблем кој треба да се решава во различни форми и секогаш е на преден план. Според тоа вратите на образовните институции да се отворени за сите деца, без

разлика на националната припадност, потеклото на семејството, економската состојба, при тоа се тргнува од способностите и вештините на ученикот;

c) Денес училиштето, во индустриските земји постепено да ги превзема сите образовни функции;
d) Демократизацијата на училиштата, во сите држави да се придонесе за продолжување на основното образование;
e) За да се задоволат културните потреби на индустриското општество, траењето на задолжителното образование би требало да се зголеми;
f) Поради промените во професиите и зголемувањето на специјализацијата, денес во средните училишта да се прифати поширока диференцијација;
g) Во секоја држава, предностите кои се во корист на средното гимназиско образование во однос на средното стручно образование да се острануваат, да се прават напори за развој на стручното и техничкото образование;
h) Ориентацијата при преминот на учениците од основно во средно образование не се прави според еден испит на крајот од основното образование, туку со постојано надгледување и вреднување на учениците;
i) Во секоја држава, да се формираат независни комисии составени од стручен кадар, кој ѓи изработува училишните реформи;

Горе наведените трендови, во сите држави се применуваат во различни форми. Поради тоа истите овие трендови во Европските земји, се среќаваат како заеднички проблеми на училиштето.

Кога зборуваме за реформи во образованието во Европа од особено значење е да се спомнат целите од самитот Европскиот совет на министрите за образование во Лисабон и Болоња. Болоњскиот самит повеќе се однесува на високото образование, сметаме дека во наш интерес е да зборуваме за стратешките цели поставени Европскиот совет на министри за образование на самитот во Лисабон (2000), бидејќи тие се однесуваат на образовните системи на државите во Европа и подсистемот на основното образование. Во суштина на Лисабонскиот самит состои од следново: развој на индивидуата, развој на општеството и развој на економијата. Покрај тоа на овој самит се поставени 3 стратешки цели и 13 конкретни цели, кои до 2010 година требало да се спроведат во образовните системи.

1. Зголемување на квалитетот и активноста во системите за образование во ЕУ

1. Да се подобри обуката и образованието на наставниците;
2. Да се развијат основните вештини за информатичко (знаење) и општество;
3. Да се обезбеди пристап до ИКТ за секого;
4. Да се зголеми бројот на вработени во науката/технологијата;
5. Да се употребуваат човечките и финансиските ресурси на најдобар можен начин;

II Олеснување на пристапот и употреба на услугите од образовните системи:

6. Да се креира отворена средина за учење за секого;
7. Да се зголеми атрактивноста (привлечноста) на учењето;
8. Да се даде еднаква поддршка за активното граѓанство, еднакви можности и социјална кохезија;

III. Отворање на образовните системи кон светот:

9. Да се развијат и унапредат врските помеѓу работата/истражувањето и општеството;
10. Да се развие духот на претприемништвото;
11. Да се подобри учењето на страски јазици;
12. Да се развие мобилноста и размената;
13. Да се зајакне европската соработка;

Овие стратешки цели кои се поставени на самитот во Лисабон се тема на дебата и на самитот во Столкхолм (2001), каде се поставени цели за да можат да се постигнат стратешките цели од Лисабон. На самитот во Барселона (2002) година се потенцира значењето на самитот во Лисбон и периодот до 2010 година, до кога образовните системи на Европа е планирано да бидат најдобро квалификувани во светот (системи кои ќе бидат извор/модел за сите други) (Tuzcu, 2006, стр. 63).

Во земјите членки на Европа со цел зголемување на квалитетот во образованието и овозможување на еднакви образовни можности е започната образованта програми за образование и млади, тоа се: Сократ, Леонардо да Винчи, Еразмус и др.

Програмата Сократ опфаќа повеќе образовни области од формалното и неформалното образование, далечинско образование и изучување на евроспки јазици, соработка помеѓу образовните институции, создавање на „европски знаење", мотивирање на учениците,

стекнување на општо прифатени знаења и вештини, спроведување на заеднички проекти, создавње на мрежа на знаења во Европа, соработка, проекти за развој на училишта, проекти за подршка и друго.

Со програмата Леонардо да Винчи е предвидено зголемување на нивото на стручното образование, што поголема употреба на технологија во образованието и следење на промените во индустријата. Зголемување на новостите и квалитетот во стручното образование, поголеми придобивки за националните образовни системи и подршка на добрите страни на системите. Општи цели на оваа програма се: постојано образование, темелно образование, соработка помеѓу универзитетите и претпријатијата, зголемување на квалификациите во зависност од технолошкиот развок и изучување на јазици. Програмата Еразмус ја опфаќа соработката помеѓи високообраозвните институции. Основна цел и зголемување на квалитетот во високото образование во Европа.

Од досега изнесеното може да се заклучи дека, земјите членки и земјите кандидати за членство во ЕУ прават крупни коренити реформи во образовните системи. Кога зборуваме за задолжителното образование во чија рамка е опфатено основното образование се забележуваат реформи со кои се планира да се постигне следново: зголемување на траењето на основното и задолжителното образование, залагање за 100% или целосен опфат на населенито од возраста на основното образование во училиштата, државите покрај законските акти за основно образование и со Уставот кој е највисок правен акт на една држава го регулираат образованието од тоа може да го сватиме значењето на овој образовен подсистем, се прават промени во законските акти со цел подобро регулирање и спроведување на образовните политики, ефикасно и поквалитетно образованието, воспитно-обраозвниот процес е во насока на определени цели и принципи на ниво на држава, организацијата е во зависност од условите и потребите на учениците, покрај наставата се прават напори учениците да бидат вклучени во што е можно повеќе вонваставни активности, се прават големи напори за зголемување и подобрување на квалитетот, ефикасноста и ефективноста во образовниот систем, образовните системи во Европа можат да бидат централизирани и децентрализирани, во Европа децентрализацијата на образованието е процес кој во некои држави продолжува а во повеќето е веќе спроведен, им се дава автономија на образовните институции, со основното училиште раководи директорот за чији компетенции и квалификации се води посебна сметка, директорите на училиштата во некои држави полагаат испит и следат обука која станува пракса во сите држави во Европа, директорите покрај раководители се бара да бидат и успешни менаџери со образовните институции, компетенциите и квалификациите на наставниците за вработување се се поголеми, во некои држави се бара да имаат стекнато посдипломски

(магистерски) студии, професионалниот развој на наставниците е многу значаен тренд со кој наставниците се стекнуваат со нови знаења и вештини кои потоа ги користат во наставата, државите воведуваат критериуми за напредување во кариерата на наставниците, од особено значење е новиот пристап во наставата, новите техники и методи кои се применуваат, програмите кои се воведуваат со цел мотивирање на учениците при наставата, проектите за соработка помеѓу образовните институции, се бараат нови начини и решенија за што е можно по ефикасно користење на финансиските средства и човековите ресурси со кои располагаат образовните институции и друго.

# ВТОР ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.Предмет на истражувањето

Основното образование е најмасовно и е дел од единствениот воспитно образовен систем на сите земји во светот. Основното образование има општообразовен карактер и е темел за секакво понатамошно образование на индивидуата. Неговото значење е уште поголемо бидејќи речиси во сите земји е задолжително за сите деца, а државата е обврзана да формира образовни институции за основно образование каде ќе бидат опфатени сите граѓани на возраста на основното образование која е определена со законските акти, основното образование во некои држави е во траење од 8, 9 или 10 години. Основното образование е подсистем преку кој децата се припремаат и стекнуваат основни знаења за понатамошното образование.

Училиштето е воспитно-образовна институција каде што по однапред утврден план и програма систематски се организира образованието на луѓето во своите детски и младешки години, во неа систематски се остваруваат задачите на основното воспитание и образование. Основната цел на училиштето е образванието, покрај оваа цел училиштето има и воспитна цел. Наставата и другите облици на воспитно-образовна работа која се организира во основното училиште е бесплатна. Покрај основните училишта основното образование може да се организира и во други соодветни установи како што се: здравствените установи, поправните домови, училиштата за возрасни и друго.

Организацијата на основното образование во државите се разликува. Бидејќи ние ја анализиравме организацијата на основното образование во Македонија и Турција, овде би требало да нагласиме дека во Македонија основното образование се организира во три периоди и тоа: прв период од прво до трето одделение, втор период од четврто до шесто одделение и трет период од седмо до деветто одделение, после тоа учениците продолжуваат со задолжителното средно образование. Додека во Турција основното образование се состои од два периоди, и тоа: прв период од прво до петто одделние (основно училиште) и втор период од шесто до осмо одделение (нижо средно училиште). Со реформата од учебната 2012/2013 година задолжителното образование во Турција се организира во три периоди секој период во траење од четири години, првите два период му припаѓаат на основното образование, а третиот период на средното

образование. Задолжителното образование во Македонија е во траење од 13 години, а во Турција 12 години.

Тргнувајќи од изнесените дефиниции за основното образование, притоа земајќи го во предвиде неговото значење за секој поединец кој е граѓанин на една држава се определивме за темата на трудот. Основното образование е дел од воспитно-образовниот систем на секоја држава, ваквата прифатеност на овој образовен подсистем ја покажува неговата незаменливост и потреба во развојот на индивидуите и општеството.

Доколку го разгледуваме образованието низ историјата и денес може да видиме дека во него постојано се јавуваат проблеми кои бараат практични решенија, а со кои решенија се унапредува и подобрува квалитетот на воспитно-образовната работа во образовните институции воопшто. Решенијата на овие проблеми не секогаш произлегуваат од внатре, односно во рамките на образовниот систем. Од овде доаѓа и потебата за проучување и споредување на сопствениот образовен систем во образовните системи на другите држави, со цел искуствата од друга дражава се пренесет кај нас и истите бидат применети во нашиот образовен систем, а тоа ќе придонесе за подобар развој и квалитет во образованието. Споредувањето на образовните системи помеѓу државите е можно во секој нивни сегмент, од овде може да заклучиме дека со споредување на образовните системи помеѓу државите можат да се изнаоѓаат решенија речиси за секој проблем со кој се соочува образованието. Споредувањето на сличностите и разликите во областа на воспитанието и образование, може да придонесе за размена на позитивни искуства и унапредување на воспитно-образовната работа во државите кои се споредувани.

Онаа што е клучно за нашето истражување е фактот дека основното образование и сите други дејности воопшто неможат да се замислат без добра организација и управување. Управен орган на основното училиште во Македонија е училишниот одбор, а раководен орган е директорот. Во Турција управен орган на основното училиште е наставничкиот совет и одбор-група наставници, додека раководен орган на училиштето е директорот. Организацијата и управувањето со образовните институци се состои од цел систем на знаења, сознанија, постапки, идеи кои би требало да ги поседуваат индивидуите кои ја организираат и управуваат со работата на образовните институции. Надлежностите со управувањето на образовните институции се пренесуваат од централно на локално ниво, со оваа измена на Законот за основното образование во Македонија се направија доста промени во управувањето и раководењето со институциите на основното образование како што се: именување на директори на основните училишта, избор на

членови на училишниот одбор, работните должности на органите на управување и раководење, составот на училишниот одбор и друго.

Директорот на основното училиште ја организира и раководи со воспитно-образовната работа или процес во основното училиште, донесува одлуки во рамките на надлежностите кои ги има, одговорен е за законитоста во работата на училиштето, одговорен е за спроведување на годишната програма за работа, ја контролира работата на вработените, го контролира остварувањето на годишната програма на училиштето и друго.

Предмет на овој труд е основното образование во Р.Македонија и Р.Турција, кое компаративно се проучува од аспект на организациската поставеност и начинот на раководење и управување со основното образование во двете земји.

**2.Цел и задачи на истражувањето**

Во согласност со поставениот предмет, истражувањето е насочено кон постигнување на следниве цели:

- Проучување на организациската поставеност на основното образование во Р.Македонија и Р.Турција;
- Проучување на управувањето и раководењето со основното образование во Р.Македонија и Р.Туција;

Сознанијата кои ќе се добијат би можело да се употребат во насока на преземање на можни мерки и активности за подобрување на постоечката состојба и решавање на проблемите во организацијата, управувањето и раководењето со институциите на основното образование.

Реализацијата на овие истражувачки цели ќе се операционализира преку следниве задачи:

- ✓ да се проучи историскиот развој на основното образование во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучи хиерархиската поставеност и значењето на подсистемот на основното образование во образовните системи на Македонија и Турција;

- ✓ да се проучат целите и принципите на основното образование во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучи законските и уставните одредби врз кој се заснова основното образование во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучи временската организација на активностите во основните училишта во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучат воспитно-образовните периоди и траењето на основното образование во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучи училишната мрежа на основното образование во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучи просторната организација на основното училиште во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучи опфатот на популацијата во основното образование и разликата во опфатот помеѓу полот (машки и женски) во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучат наставните планови и наставните програми по кои се изведува воспитно-образовниот процес во основните училишта во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучат стручните компетенции и квалификации на наставниот кадар кој изведува настава во основните училишта во Макеоднија и Турција;
- ✓ да се проучи професионалниот развој и критериумите за напредување во кариерата на наставниците во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучи образовната политика и стратегијата за основно образование на Македонија и Турција;
- ✓ да се проучат реформите кои се спроведени во основното образование во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучат органите на управување и раководење во образовните системи на Македонија и Турција;
- ✓ да се проучи составот на органите на управување во основните училишта, училишниот одбор во Македонија и наставничкиот совет и одбор-група наставници во Турција;
- ✓ да се проучат работните должности и надлежности на органите на управување со основните училишта во Македонија и Турција;

- ✓ да се проучат потребните компетенции и квалификации кои треба да ги поседуваат директорите на основните училишта, за да бидат именувани на функиицијата директор на основно училиште во Макеодниja и Турција;
- ✓ да се проучат работните, должности, овластувања, надлежности и одговорноста на директорите на основните училишта во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучи професионалниот развој и критериумите за напредување во кариерата на директорите на основните училишта во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучи потребата од именување на успешни директори-менаџери во основните училишта во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучат надлежностите на централната власт (Министерство за образование) во управувањето со институциите за основното образование во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучат надлежностите на локалните власти во управувањето со институциите за основно образование во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучат проблемите на организација, раководење и управување со основното образование во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучи соработката на органите на управување и раководење на централно и локално ниво со основните училишта во Македонија и Турција;
- ✓ да се проучат другите органи на управување и раководење со институциите за основното образование во Македонија и Турција, нивните надлежности, овластувања, соработка и работни должности;
- ✓ да се проучат ставовите, мислењата и предлозите на интервјуираните директори (испитаници) на основните училишта, за да се подобри квалитетот во основното образование во Македонија и Турција;

### 3.Истражувачки прашања

Врз основа на предметот и целта на истражувањето се поставени централни и придружни истражувачки прашања, кои прецизно ги определуваат рамките и содржината на истражуваниот проблем и резултатите кои сакаме да ги добиеме со истражувањето.

☺ **Централни прашања:**

- Како се организира, управува и раководи со основното образование во Македонија и Турција?
- Кои се сличностите и разликите во организацијата и управувањето со институциите за основно образование во Македонија и Турција?
- Како до подобра организација и управување со институциите за основно образование во Македонија и Турција?

**Придружни истражувачки прашања:**

1. Како се регулира организацијата, раководењето и управувањето со основното образование во законските акти и уставот, на Македонија и Турција?
2. Како е поставено основното образование во структурата на образовните системи во Македонија и Турција?
3. Како се развивало основното образование во Македонија и Турција низ историјата?
4. Како се поставени целите и принципите на основнот образование во Македонија и Турција?
5. Како се организира воспитно-образовниот процес во институциите за основно образование во Македонија и Турција?
6. Како е поставена временската рамка во текот на учебната година и во еден наставен ден во основното образование во Македонија и Турција?
7. Како се поделени институциите за основно образование според организацијата на воспитно-образовната работа?
8. Што се тоа воспитно-образовни периоди и како се организира воспитно образовната работа во нив?
9. Кои видови на образовни институции за основно образование ги има во Македонија и Турција?

10. Кои институции можат да основаат основни училишта во Македонија и Турција?
11. Колку % од популацијата на возраст на основното образование во Македонија и Турција е опфатена со основното образование?
12. Каков наставен кадар ја изведува наставата во основните училишта во Македонија и Турција?
13. Кои се квалификациите и компетенциите кои би требало да ги поседува наставниот кадар во основните училишта во Македонија и Турција?
14. Како наставниот кадар напредува во кариеарата во Македонија и Турција?
15. Кои образовни политики и реформи се спроведени во основното образование во Македонија и Турција?
16. Кои реформи спроведени во Македонија или Турција можат да се пренесат од едната во другата држава за да се подигне квалитетот во наставата, управувањето, раководењето и организацијата во основното образование?
17. Кои се органи на управување и раководење во основното училиште во Македонија и Турција?
18. Како се управува со институциите за основно образование во Македонија и Турција?
19. Кои се овластувањата, надлежностите и работните задачи на органите за управување со основните училишта во Македонија и Турција?
20. Како се избираат и именуваат директори на основните училишта во Македонија и Турција?
21. Како е одредена функцијата на директорот и помошник/ци директор/и на основното училиште во Македонија и Турција?
22. Кои се законски регулирани работни должности и ингеренции на директорот на основното училиште во Македонија и Турција?
23. Кои квалификации и компетенции би требало да ги поседува директорот на основното училиште во Македонија и Турција?
24. Како директорот го организира воспитно-образовниот процес во основното училиште во Македонија и Турција?
25. Кои се надлежностите на локалната и централната власт во управувањето и раководењето со институциите за основно образование во Македонија и Турција?

26. Што би требало да се направи за подобро организирање и управување со основното образование во Македонија и Турција?
27. Како да се употребат искуствата и методите за решавање на проблемите во организацијата, управувањето и раководењето со основното образование од Македонија во Турција или обратно?
28. Со споредување да се увиди, како може да се подобри квалитетот во организацијата, управувањето и раководењето во основното образование во Македонија и Турција?

**4.Методи, техники и инструменти на истражувањето**

Предметот и задачите на истражувањето ги дефинираат методите, техниките и инструментите кои ќе се користат. Истражувањето е теориско-компаративно, во него е користен методот на теоретска анализа, аналитичко-дескриптивниот метод кој се користи за анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето и компаративно дескриптивниот метод.

Изборот на методите и техниките на истражувањето произлезе од карактерот на поставените истражувачки прашања, но и од компексноста на испитуваниот проблем. Извршена е анализа со дескриптивниот метод на членовите на законските акти и правилниците кои произлегуваат од нив, а се однесуваат на организацијата, раководењето и управувањето со основното образование во Р.Македонија и Р.Турција, анализирани се документи и литература од облста на основното образование и образовните системи на двете држави. Дескриптивниот метод е применет при анализа на законските документи, уставот, наставните планови и програми, стратегиите за развој на основното образование, програмите за развој на образованието и друго. Во нашата анализа и истражување добивме одговор на сите истражувачки прашања, одговорите на истражувачките прашања се опфатени во заклучните согледувања на трудот.

Компаративно-дескриптивниот метод ни овозможи споредување на системот на основното образование, со што се согледани сличностите и разликите во организацијата, управувањето и раководењето со институциите на основното образование во Македонија и Турција. Третиот дел на трудот е поделен на два дела, од кои делот со број I има четири поглавја во кои се обработува историскиот развој на основното образование во Македониа и Турција, целите и принципите на основното образование, организацијата на основното образование,

раководењето и управувањето со институциите за основното образование во Македонија и Турција. Во рамките на секое од овие поглавја со поднаслови е направена компаративна анализа на историскиот развој, организацијата, целите и принципите, управувањето и раководењето со основното образование во Македонија и Турција, при тоа се извлечени сите разлики и сличности во основното образование. Со цел подобро да бидат објаснети разликите и сличностите, користени се различни видови на статискички податоци, табели, графикони, шеми, слики и друго, со кои воедно се зголемува и прегледноста на податоците.

Резултатите од истражувањето ќе се користат за изнаоѓање решенија за проблемите во основното образование, унапредување на воспитно-образовниот процес, подобрување на квалитетот во основното образование, при што посебно внимание ќе се обрати на организацијата, начинот на управување и раководење со институциите за основното образование во Македонија и Турција.

Во рамките на нашето истражување, како основни техники се користени: анализа на содржината и интервју со соодветни инструменти прашалници. Техниката интервју е користена во истражувањето бидејќи ќе овозможи да се добијат релевантни податоци во зависност од „потребите и интересите" на темата на трудот. Добиените податоци од интервјуто кое е спроведено во основни училишта во Македонија и Турција се интерпретирани во третиот дел од трудот, во кој делот со број II ја опфаќа квалитативната анализа и интерпретација на прашањата од интервјуто.

Анализата на содржината е применета со цел да се добијат релевантни и објективни податоци за: училиштата, целите и принципите на основното образование, организацијата на воспитно-образовниот процес, наставниците, директорите, управување и раководење со институците на основното образование, историскиот развој на основното образование, спроведените реформи, образовната политика и стратегиите со кои се планира подобрување на состојбите во основното образование, поквалитетна настава и друго.

Со техниката анализа на документацијата извршена е содржинска анализа на следниве документи:

A. Устав на Р.Македонија;
B. Законот за основното образование на Р.Македонија;
C. Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015;

D. Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование на Р.Македонија;
E. Правилник за програмата за подготвување и полагање на испит за директор на основно училиште – Р.Македонија;
F. Устав на Р.Турција;
G. Општ закон за национално образование на Р.Турција;
H. Законот за образование и основно образование на Р.Турција;
I. Правилникот за институциите на основното образвание на Р.Турција;
J. Организација на образовниот систем на Р.Турција;
K. Правилникот за именување на раководители во образовните институции и промена на работното место на Р.Турција и др.;

Со техниката интервју добивме значајни податоци, кои ни ја откриваат организацијата, раководењето и управувањето со основните училишта на терен, односно како се спроведува теоретски замисленото во пракса. Интервјуто ќе биде полуструктуирано, односно прашањата и разговорот со директорите на основните училишта однапред ни беа поставени (одредени), сметаме дека на тој начин тие се од поголема корист за истражувањето.

Во интервјуто имаме поставено 10 суштински прашања кои се од значење за нашето истражување и се однесуваат на организацијата, управувањето и раководењето со основните училишта во Р.Македонија и Р.Турција, другите 9 се лични се однесуваат на директорот и се поврзани со состојбата на училиштето бројот на наставници, ученици, возраста и полот на директорот, претходен работен ангажман и траење и друго. Суштинските прашања од интервјуто се однесуваат на следново: организација на воспитно-образовниот процес во училиштето, потешкотии во управувањето и раководењето со основното училиште, реформите кои се спроведени во основното образование и придобивките од нив, подготвеноста на општеството и институциите за спроведување на реформите, проблемите со кои се соочуваат основните училишта поради недостатокот на финансиски средства и други материјали потреби за наставата, промените во наставните планови и програми, начинот на менаџирање со училиштата, професионалното усовршување на директорите, напредувањето во кариерата на директорите, соработката на училиштето со локалните власти, соработката на училиштето со Министерството за образование, работните должности на органите на управување и друго.

Прашањата кои ги поставивме на директорите на основните училишта во Македонија и Турција се идентичи, при поставувањето на прашањата посветивме посебно

внимание на разликите кои постојат во основното образование во двете земји, на тој начин добивме релевантни и реални одговори. Како на пример: управен орган на основното училиште во Македонија е училишниот одбор во Турција има два органи на управување тоа се наставничкиот совет и одбор-група наставници, на локално нив управен орган со основното училиште во Македонија се општините во Турција Дирекциите за образование при општините и други. Интервјуто со директорите на основните училишта во Р.Македонија е реализирано на македонски јазик, а интервјуто со директорите на основните училишта во Турција е реализирано на турски јазик. За таа цел прашањата ги преведовме од македонски на турски јазик.

## 5.Примерок на истражувањето

Со истражувањето се опфатени директори од 18 основни училишта во Р.Македонија и 18 основни училишта и нижи средни училишта во Р.Турција. Сметаме дека со спроведеното интервју оваа популација ни даде релевантни податоци во согласност со потребите на истражувањето и со темата на трудот.

Табела бр. 9

*Интервјуирани директори на основни училишта во Р.Македонија*

| Бр. | Основни училишта | Општина |
|---|---|---|
| 1. | „Љубен Лапе“ | Аеродром/Скопје |
| 2. | „Блаже Конески“ | Аеродром/Скопје |
| 3. | „Ѓорѓија Пулевски“ | Аеродром/Скопје |
| 4. | „Исмаил Кемали“ | Чаир/Скопје |
| 5. | „Петар Здравковски Пенко“ | Чаир/Скопје |
| 6. | „Гоце Делчев“ | Кавадарци |
| 7. | „Димката Ангелов Габерот“ | Кавадарци |
| 8. | „Тошо Велков-Пепето“ | Кавадарци |
| 9. | „Гоце Делчев“ | Неготино |
| 10. | „Никола Вапцаров“ | Струмица |
| 11. | „Тошо Арсов“ | Штип |
| 12. | „Димитар Влахов“ | Штип |
| 13. | „Ванчо Прке“ | Штип |
| 14. | „Браќа Миладиновци“ | Куманово |
| 15. | „Магдалена Антова“ | Куманово |
| 16. | „Наим Фрашери“ | Куманово |
| 17. | „Вук Караџиќ“ | Куманово |
| 18. | „11 Октомври“ | Куманово |

Во Р.Македонија со интервјуто се опфатени директорите на основни училишта од следниве општини: Аеродром и Чаир во градот Скопје, Кавадарци, Неготино, Струмица, Штип и Куманово. Од причина што бројот на основни училишта по општина е мал и директорите на основните училишта во една општина не секогаш имаат слободно време за да одговорат на нашите прашања од интервјуто. При тоа сите основни училишта наведени во претходната табела се наоѓаат во градските средини. Во Р.Турција со интервјуто се опфатени директори на основните училишта од општина Борнова, која е една од општините во рамките на Градот Измир кој се наоѓа во западна Турција, оваа општина има околу 80 основни училишта.

Табела бр. 10

*Интервјуирани директори на основни училишта во Р.Турција*

| Основни и нижи средни училишта | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | Македонски јазик | Турски јазик | Општина/Град |
| **1.** | „Ферит Бахрије Ергил“ | „Ferit Bahriye Ergil'' | Борнова/Измир |
| **2.** | „Окутан“ | „Okutan'' | Борнова/Измир |
| **3.** | „Ведиде Баха Парс“ | „Vedide Baha Pars'' | Борнова/Измир |
| **4.** | „Јилдирим Бејазит“ | „Yıldırım Beyazıt'' | Борнова/Измир |
| **5.** | „Халил Атила Јешилова“ | „Halil Atilla Yeşilova'' | Борнова/Измир |
| **6.** | „Чамдиби Кордон Бирлик“ | „Çamdibi Kordon Birlik'' | Борнова/Измир |
| **7.** | „Генерал Изетин Чалишир“ | „General İzettin Çalışlar'' | Борнова/Измир |
| **8.** | „Јунус Емре“ | „Yunus Emre'' | Борнова/Измир |
| **9.** | „Шехитлер“ | „Şehitler'' | Борнова/Измир |
| **10.** | „Хилал Нецмије Хусну Ататберк“ | „Hilal Necmiye Hüsnü Atatberk'' | Борнова/Измир |
| **11.** | „Карс Халил Атила“ | „Kars Halil Atilla'' | Борнова/Измир |
| **12.** | „Малазгирт“ | „Malazgirt'' | Борнова/Измир |
| **13.** | „Омер Сејфетин“ | „Ömer Seyfettin'' | Борнова/Измир |
| **14.** | „Али Суави“ | „Ali Suavi'' | Борнова/Измир |
| **15.** | „80 Јил Борнова“ | „80 Yıl Bornova'' | Борнова/Измир |
| **16.** | „Бати Анадолу Чименто“ | „Batı Anadolu Çimento'' | Борнова/Измир |
| **17.** | „Исмет Сезгин“ | „İsmet Sezgin'' | Борнова/Измир |
| **18.** | „Јавуз Селим“ | „Yavuz Selim'' | Борнова/Измир |

Во табелата имињата на училиштата се наведени на македонски и турски јазик. Сите наведени училишта во Турција претходно биле училишта за основно образование во кои се изведувала настава од 1 до 8 одделение, од учебната 2012/2013 година дел преминуваат во основно училиште (1-4 одделение), дел во нижо средно училиште (5-8 одделение), за период од две учебни години целосно ќе се адаптираат на планираното со реформата и системот 4+4+4. Во продолжение

ќе наведеме табели во кои ќе се прикажат податоците од првите 5 прашања од интервјуто кои се однесуваат на испитаниците, директорите на основните училишта. Со овие прашања дојдовме до податоци за полот, возраста, степенот на образование, времетраење на претходниот работен ангажман и работниот стаж на испитаниците.

Од почетните 9 прашања во интервјуто 5 се однесуваат лично на директорот, со нив дојдовме до податоци за полот, возраста, степенот на образование, времетраење на претходниот работен ангажман и работниот стаж на (испитаниците) директорите. Одговорите и податоците кои ги добивме од оваа прашање ќе ги анализираме во продолжение, податоците ќе бидат наведени во табели со цел поголема прегледност и анализа со текст кој ќе следи по табелата.

Табела бр. 11

*Пол, возраст и степен на образование на директорите со кои го спроведовме интервјуто*

| Прашање | Пол | | Возраст – години | | | Степен на образование | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Можни одговори | М | Ж | 30-40 год. | 41-50 год. | 51-60 год. | ВШС | ВСС | Научен степен | Друго |
| Македонија | 8 | 10 | 4 | 7 | 7 | 2 | 14 | 2 | / |
| Турција | 16 | 2 | 1 | 7 | 10 | 3 | 11 | 3 | 1 |

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Во Македонија од 18 испитаници директори, имаме 8 директори од машки и 10 директори од женски пол, што значи дека бројот на директорите од женски пол е малку поголем во однос на оние од машки пол. За разлика од тоа од 18 испитаници директори во Турција 2 директори се од женски пол, а 16 се од машки пол со тоа доаѓаме до заклучокот дека на оваа функција доминираат мажите;
- Во Македонија и Турција директорите на основните училишта во поголем дел се на возраст повеќе од 50 години, знаеме дека за да може да се именува директор на основно училиште претходно би требало да имаат работен стаж како наставник од пет години во Македонија или најмалку од две години наставник и една година како помошник на директорот во Турција, имајќи во предвид дека е потребно да помине одреден период за кандидатот

ги исполни овие услови се забележува дека директорите на основните училишта најрано можат да бидат именувани на возраст од околу 30 години. На возраст од 30-40 години од нашите испитаници во Македонија имаме 4, а во Турција 1 директор. Во следната возрасна категорија од 41-50 години имаме по 7 испитаници во двете држави;

- Во врска со степенот на образование на испитаниците, добивме податоци според кои во Македонија 2 испитаници се со вишо образование (ВШС), 2 директори се со научен степен стекнати посдипломски (магистерски) студии и 14 од директорите се со високо образование (ВСС). Од испитаниците во Турција 3 се со вишо образование, 3 директори се со научен степен односно имаат стекнато посдипломски (магистерски) студии, 11 директории имаат високо образование (ВСС) и 1 од директорите одговорил дека има друго образование, бидејќи оваа прашање ни е од затворен тип неможевме точно да добиеме информација за образованието на директорот. Еден од условите за именување на директор на основно училиште е кандидатот да има стекнато високо образование, тој услов е одреден со закон во Македонија и Турција, но имаме именувани директори со вишо образование што значи дека овие лица не го исполнуваат овој услов. Во Турција директорите кои имаат вишо образование може да биле именувани или да преминале од наставен во раководен кадар во период кога за именување на директор било потребно да имаат стекнато вишо образование, меѓутоа во Македонија тоа е кршење на законската одредба;

Директорите во Македонија пред да бидат именувани за директори имаат работен стаж како одделенски наставници, предметни наставници и стручни соработници (педагог и психолог), во Турција паралелно со новите промени од учебната 2012/2013 година и поделбата на институциите за основно образование на основни училишта и нижи средни училишта, се направени промени и во условите за именување на директори на училиштата, па така во основно училиште во кое настава се изведува од 1 до 4 одделение се именува директор кој претходно работел како одделенски наставник, а во нижото средно училиште во кое наставата се изведува од 5 до 8 одделение се именува директор кој претходно работел како предметен наставник. Во Македонија директорите на основните училишта имале претходен работен ангажман со времетраење од најмалку 5 години како наставници, што е законски услов за именување на кандидатите кои аплицирале на јавен оглас за директор, за разлика од тоа нашите испитаници

(директори) во Турција имаат претходен работен ангажман од најмалку 4 години и повеќе, покрај тоа тие имаат претходен работен ангажман од најмалку 1 година како помошник на директорот или како главен помошник на директорот, што е еден од условите за именување за директор на основно училиште во Турција.

Табела бр. 12

*Работен стаж како директор на испитаниците*

| Години | 0-4 | 5-8 | 9-15 | 16-25 | 26-36 |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонија | 10 | 7 | 1 | / | / |
| Турција | 9 | / | 5 | / | 4 |

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Во Македонија според Законот за основното образование директорот на основно училиште може да добие најмногу два мандати по 4 години или може да биде директор на основно училиште во траење од најмногу 8 години. Од нашите испитаници 10 се во првиот мандат и имаат стаж како директор од 0-4 години, а 7 добиле втор мандат и имаат стаж од 5-8 години. еден испитаник ни има наведенот дека има работен стаж како директор од 11 години, што е спротивно со сегашниот Закон за основното образование;
- Во Турција од 9 од 18 испитаници директори добивме одговор дека на оваа функција имаат стаж од 0-4 години, 5 од испитаниците имаат стаж како директор од 9-15 години, а 4 од директорите на основни училишта (различни основни училишта) се на оваа функција во период од 26-35 години. Во Турција доколку кандидат за директор кој ги исполнува општите и посебни условите за директор на основно училишта, при тоа ги има положено потребните испити се именува за директор на основно училиште, се преквалификува од наставен во раководен кадар и неговиот работен ангажман не е ограничен со одреден временски рок или мандат, туку истиот продолжува на функцијата директор се до пензионирање, односно исполнување на законскиот рок за пензионирање, затоа имаме испитаници кои многу долг временски период се на оваа функција;

## 6.Организација на истражувањето

Истражувањето беше организирано во два периоди, во првиот период е обработувана литературата која ја користевме за овој труд, а во вториот период го спроведовме интервјуто со директорите на основните училишта во Р.Турција и Р.Македонија. Интервјуто во Турција беше спроведено во јануари 2014 година, а во Македонија во февруари 2014 година.

## 7.Анализа и интерпретација

Со оглед на целите кои беа поставени со оваа истражување и видот на податоците кои ги добивме, анализата и интерпретацијата на податоците ќе се направи со примена на квантитативна и квалитативна анализа.

Анализирани се повеќе законски  и подзаконски акти кои го регулираат основното образование и образовните системи на Р.Македонија и Р.Турција, наставните планови и програми, концептот на двете држаци за унапредување и развој на основното образование во иднина, разгледани се стратегиите и образовните политики, кои се спроведени и реформите кои се дел од образовната политика и многу други документи значајни за образованието воопшто, врз основа на тоа се извлечени заклучоци за да се изнајдат решенија на проблемите во основното образование.

Покрај тоа добиените податоци од интервјуто се обработени во посебен дел, одговорите на прашањата на нашите испитаници (директори на основни училишта во Македонија и Турција) ги слушавме повеќе пати со цел да можеме да направиме по детална анализа и да ги опфатиме сите суштински значајни одговори кои ги добивме, при тоа одговорите на поголемиот дел директори кои се слични се групирани и на другиот помал дел се групирани и така се интерпретирани, покрај тоа наведовме некои индивидуални ставови и сугестии на испитаниците за кои мислиме дека се корисни да бидат наведени како такви и можат да бидат полезни доколку бидат прифатени и реализирани во основното образование. Сметаме дека со интервјуто го постигнавме очекуваното и добивме интересни податоци кои се значајни за нашето истражување.

За појасен преглед на изнесеното, низ целиот труд употребивме прикази како што се: табели, графикони, слики, шеми и друго.

# ТРЕТ ДЕЛ

# КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р.МАКЕДОНИЈА И Р.ТУРЦИЈА

I

## 1. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО Р.МАКЕДОНИЈА И Р.ТУРЦИЈА

### 1.1.Историски развој на образованието во Р.Македонија

Словените им оддаваат најголемо признание на првите македонски и словенски просветители, Светите браќа Кирил и Методиј, кои истовремено биле филозофи и ги создале првите идеи и дела за словенско описменување. Тие се основоположници на словенската писменост и култура. Светите браќа ја создале првата словенска азбука глаголицата во 862/863 година при што како образец им служело грчото брзописно писмо. Таа имала две варијанти: валчеста и аглеста. Валчестата глаголица е постара. Се состоела од 38 букви од кои 24 биле превземени од грчкото брзописно писмо, а 14 измислил тој според гласовниот систем на словенскиот јазик (Кантарџиев, 2002, стр.18).

Традициите во развојот на школството и образованието кај македонскиот народ потекнуваа уште од времето на Климентовото книжевно училиште и Охридскиот универзитет што ги организира Климент Охридски, а манастирите и црквите биле образовни центри. Основното образование во Македонија, иако има над илјадагодишна традиција (првите училишта се јавуваат во IX век), се до нејзиното ослободување останало недоволно развиено (Камберски, 2000, стр.37).

#### 1.1.1.Образованието во периодот на Османлиската империја

Во XIV век Македонија паѓа под Османлиска власт, како што наведовме претходно Охридкста архиепископија продолжила да постои. Во тој период одиграла голема улога во зачувувањето на христијанството и била духовна поткрепа за македонскиот народ. Манастирите и црквите биле образовни центри, каде се негувала македонската писменост и култура. Што значи

дека во овој период може да се зборува повеќе за верско образование, како и описменување на македонскиот народ со кирилицата.

Во почетокот на 19 век Османлиската империја формира нови институции кои ќе се занимаваат со образованието, се отвораат училишта со цел да се модернизира образовниот систем и за подобрување на квалитетот во образованието. Додека се отворале новите училишта верските училишта продолжуваат да функционираат, тие биле во рамките на црквите и се нарекувани епархии. Наставата во училиштата во Македонија, за време на Османлиската империја се изведува на: турски, српски, грчки, ромски и на други наставни јазици.

Македонскиот народ во Отоманската империја, посебно во 19-от век успеал да извојува извесни слободи во самостојното решавање на проблемите од областа на религијата, просветата, а со тоа и на школството. За оваа цел биле создадени црковно-училишни општини кои самостојно ја развиле просветата преку отворање на разни училишта. Така да во Македонија во 19-от век, работеле голем број основни и средни училишта со оформен наставен кадар – учителски и професорски (Андовска и др., 1985, стр. 9).

Некои позначајни промени во основното образование започнуваат од 1824 година. Основното образование е задолжително за сите деца на возраст за читање со објавување на ферман од султанот Махмут II (владе од 1808-1839 година). Оние кои немало да постапат во согласност со овој ферман биле казнувани, сепак задолжителното образование во овој период не ги дава очекуваните резултати. Во почетокот на периодот наречен Танзимат (Tanzimat) бројот на сбјан училиштата е зголемен, во секое село и град е предвидено да има најмалку по едно сбјан училиште. Во овој период се направени промени во сите подсистеми на тогашниот систем вклучително и во основното образование, образовните институции на Османлиската империја биле реформирани, се одредуваат траењето, целите и принципите на основното образование, а паралелно со тоа се формираат и образовни институции слични на оние во западните земји. Во населените места каде христијаните и муслиманите живееле заедно се отворале посебни сбјан училишта, христијаните ја изучувале османлиската историја и својата религија на мајчин јазик. Родителите на учениците кои нема да посетуваат училиште со посебна регулатива и документ наречен Марифи Умумије Низамнамеси (Marif-i Umumiye Nizamnamesi) од 1869 година биле казнувани (Akyüz, 2004, стр. 140-150).

Средните училишта во траење од две години во Османлиската империја се наречени рушидије и се продолжение на сбјан училиштата со тоа во 1874 година задолжителното образование е во траење од 6 години, а училиштата кои биле над средните училишта се наречени

идадије. Од наведеното може да се види дека христијаните и муслиманите на територијата на денешна Македонија и пошироко имаат посебни училишта на мајчина јазик.

Според еден податок во учебната 1892-1893 година на територијата на Македонија во Битолскиот вилает имало 176 сбјан училишта и 275 иптидадије (iptidadiye), тоа се основни училишта од нов тип, со промените постепено го заземаат местото на сбјан училиштата. Во Косовскиот - Скопскиот вилает имало 59 сбјан училишта и 386 иптадије училишта. Македонските просветители и учители во 19 век воглавно своето средно образование го стекнале во Солунската машка гимназија „Св. Кирил и Методиј" која е доста значајна за тој период, а високото образование го стекнале во универзитетски центри тоа се: Софија, Истанбул, Белград и Москва. Тие работат како учители (просветители) во основните и средните училишта (школи), а некои се именувани за директори, во повеќето градови низ Македонија.

Во 70-те години на XIX век неколку генерации на способни модерни учители, излегле од педагошките училишта на Ј.Ковачев во Штип и Прилеп. Тоа биле првите од ваков вид училишта во Македонија. во нив учениците добивале теориска и практична педагошка подготовка за професионална учителска работа. Во Штип и Прилеп тој организирал и специјална педагошки-методски курсеви за учителите што сакале да го усвојат новиот, гласовниот аналитичко-синтетички метод. Подготвувајќи во педагошките училишта модерни учители-новатори, способни да ги применуваат во училиштата новите наставни принципи и методи, Ковачев дал голем придонес за развиток на методиката и организацијата на основното образование во Македонија (Кантарџиев, 2002, стр. 239).

Во периодот на Мешрутијетот се забележува голем интерес за училиштата дарулмуалим (Darülmuallim) кои се основани за образование на наставниот кадар. Во 1905-1906 година вакви училишта се основаат во: Битола, Скопје и Штип. Иако идејата за основање е повеќе годишна тие се основани неколку години пред повлекувањето на Османлиската империја од овие простори, меѓу нив посебно се истакнува училиштето во Скопје кое за тој период е модерно училиште во него има две паралелки. Во овие училишта кои се основаат на територијата на денешна Македонија се образовале идните наставници, муслимани и христијани од овие простори. Образованието во нив е во траење од 3 години, во нив се образовал наставен кадар за иптадије (основни) училишта и рушидије (средни) училишта.

**1.1.2.Развој на основното образование во Македонија во периодот помеѓу двете светски војни и после Втората светска војна**

Со повлекувањето на Османлиската империја од Македонија по Балканските војни, Макеоднија била распарчена и поделена од трите соседни држави: Бугарија, Грција и Србија. Вардарскиот дел на Македонија влегува во рамките на тогашното Кралство на СХС, Пиринскиот дел влегува во рамките на Бугарија, а Егејскиот дел во рамките на Грција.

После 1912 година и продолжувањето на војната училиштата во Вардарска Македонија (денешна Макеоднија) кои и така во тој период работеле со прекини и се затворени. Сите ученици се приморани да следат настава на српски јазик тоа се училишта кои ги отвора Кралството на СХС. По Балканските војни биле затворани и македонските црковни општини од страна на владите на Србија, Грција и Бугарија, во сите делови на Македонија односно децата започнале да следат настава на српски, грчки и бугарски јазик. Во Вардарска Макеоднија каде образованието било на српски наставен јазик задолжителното образование било четиригодишно и не било посетувано од повеќето ученици, а за спроведување на осумгодишно основно образование кое покасно со закон се регулира како задолжително речиси не постоеле услови (Камберски, 1994, стр. 16).

Во текот на борбите во 1944 година се создадени услови за избор на делегати и одржување на Првото заседание на АСНОМ, кое е одржано на 2 август 1944 година на кое се донесени повеќе одлуки прогласување и изградба на федерална Македонија како рамноправен член на демократска федеративна Југославија, меѓу другите одлуки од посебно значење е Одлуката за прогласување на македонскиот јазик за службен јазик. Во својата организациона структура Президиумот на АСНОМ, покрај другите имал и поверенство за просвета, кои се организирани и од обласните, околиските и општинските народноослободителни одбори. Во овој период многу мал дел од популацијата е опфатена во системот на основното воспитание и образование. За ваквата состојба зборува и фактот дека, по ослободувањето на Македонија 75% од населението над десетгодишна возраст било неписмено.

Присуството на малцинствата во НОБ и залагањата за заедничка држава, со цел постигнување на рамноправност на народите и народностите се јавува потреба од отворање на училишта на јазиците на малцинствата и тоа на албански, турски и српско-хрватски јазик. Президиумот на АСНОМ преземал мерки по отворањето на училишта на македонски јазик да се

отворат и училишта на албански, турски и српско-хрватски јазик. Со овие промени започнува преродбата во образованието во Македонија.

Како резултат на ваквата политика на рамноправност во воспитанието и образованието можело да се забележи поголема застапеност на народностите во основните училишта. Оваа состојба се должи пред се на наставата на мајчин јазик, бидејќи учениците подобро го познаваат мајчиниот од другите наставни јазици. Со што се олеснува работата на ученикот, а наставата е ефикасна, квалитетна, привлечна и носи поголеми знаења (Хасан, 2011, стр.11).

Во учебната 1944/1945 година вкупно 934 училишни згради за основни училишта 450 згради биле некогашни црковни или приватни станбени згради провизорно адаптирани за училишта. Во истата учебна година се изведувало настава во 828 основни училишта на македонски наставен јазик со 75.602 ученици, во 60 училишта на албански наставен јазик со 3.975 ученици, во 37 училишта на турски наставен јазик со 3.334 ученици и во 2 училишта на српско-хрватски јазик со 186 ученици. Во учебната 1945/1946 година првата година по ослободувањето бројот на малцински училишта значително се зголемува, па така во оваа учебна година имало 142 училишта со 15.494 ученици и 264 наставници со настава на албански јазик, 55 училишта со 6.702 ученика со 125 наставници на турски наставен јазик и 7 училишта со 1.166 и 19 наставници на српски јазик.

Наставата во овој период се одвива под многу отежнати услови, пред се поради лошители услови во училишните згради. Во оваа учебна година се организирани кратки курсеви во траење од 15 дена до еден месец за идните наставници, курсевите се организирани во градовите: Скопје, Битола, Прилеп, Куманово, Тетово, Штип и Струмица. Паралелно со превземените мерки за обезбедување на кадар е отворена и првата учителска школа во Скопје во февруари 1945 година, втората е отворена во 1945/1946 година во Битола, а една година подоцна во Штип. Во 1946/1947 година се отворени паралелки на албански и турски наставен јазик при учителската школа. Во Тетово учителската школа на албански и турски јазик прераснала во во самостојна школа во 1950/1951 година, подоцна таа е пренесена во Скопје. Школувањето траело 4 години, а содржината на образованието ја сочинувале општообразовни, педагошки, психолошки и уметнички предмети.

Специјалното воспитание и образование се развивало како посебен вид воспитание и образование на децата со пречки во развојот, кои од разбирливи причини не биле во можност да ја следат наставата во редовните основни училишта. Воспитанието и образованието на овие деца

започнува во првата институција од овој вид основана во педесетите години како Завод за дефектни деца која се наоѓала во Скопје, а подоцна е дислоцирана во Битола. Од 1955/1956 година овој завод се концентрира на децата со оштетен слух и говор. Во 1954 година се основа посебно училиште за слепи деца. Специјални паралелки за овие деца се отворани при редовните основни училишта, а од учебната 1966/1967 година се основаат специјални основни училишта за лесно ретардирани деца. Во периодот од 1966-1985 година се отворени 6 специјални основни училишта (Камберски, 2000, стр. 41, 42).

Со првиот Устав на Македонија, донесен на 31.12.1946 година, основното воспитание и образование е прогласено за задолжително и бесплатно, а училиштето е одделено од црквата (Службен весник на НРМ, бр. 1/47, чл. 37).

Покрај опфатот на соодветната популација според возраста во основното образование, друг важен проблем преставува и неписменоста на лицата над оваа возраст, затоа се превземаат мерки за нивен опфат во образованието со цел описменување и намалување на процентот на неписмени кој во 1948 година за лицата над 10 години бил над 48,8 %.

Прв законски документ за основното воспитание и образование во Македонија е донесен во 1948 година. Според овој закон, основното воспитание и образвание трае седум години и тоа е задолжително за сите деца од 7-15 години, а се реализира во: посебни државни седумгодишни училишта (седмолетки); во четиригодишни основни училишта и во првите три класа на гимназијата (Службен весник на НРМ, бр. 38/48). Според овој закон задолжителното седумгодишно образование е бесплатно, а се остварува:

1. Во посебни државни седумгодишни училишта – седмолетки;
2. Во четиригодишни основни училишта и во првите три класа на гимназиите;

Набргу по донесувањето на Законот за седумгодишно школување се поведува иницијатива за негово продолжување на осум години. Првите 8 годишни училишта започнуваат да се отвораат од учебната 1950/51 година. Задолжителното осумгодишно школување за сите деца од 7 до 15 години, е воведено од 1958 година, со донесувањето на Општиот закон за школство (Општ закон школству, Сл. Лист ФНРЈ, Београд, 1958).

Во овој период се утврдуваат и се донесуваат наставни планови и програми, уредби и правилници, со кои се регулираат одделни прашања од организацијата и од работата на основните училишта, исто така се направени и првите реформи во воспитанието и образованието. Во партизанските училишта немало наставни програми меѓутоа сепак постоеле наставни предмети

и содржини за настава. Првиот времен план за настава е донесен 1944 година, а после тоа е донесен и привремениот наставен план и програма за народните основни училишта. Заедно со овој план се донесува и план за малцинските училишта. Наставниот план е донесен од Президиумот на АСНОМ за основните и средните училишта со кој се одредува и траењето на школувањето.

Посебен белег на развојот на воспитанието и образованието, без кој не може да се согледа и оцени целината, сложеноста и достоинството на слободниот развој, претставува сеопштата насоченост на општеството, со мобилизирањето на сите сили и средства, што побрзо и подолседно да се формира и разграни воспитно-образовната дејност, да се создадат потребните услови за ширење и издигање на образовното ниво на населението, за задоволување на образовните потреби на личноста, трудот и општеството во целина.

Првата училишна реформа е направена во 1957 година која во советот за школство на НРМ донесе нови наставни планови и програми за основните осумгодишни училишта. Со него се воведени нови наставни подрачја, а таканаречените вештини добиваат посодветен третман (Андовска, 1985, стр. 88).

Со Општиот закон за школство донесен од 1958 година се утврдени позначајните основни карактеристики на основното училиште. Тоа се:

- Основното училиште трае осум години и е задолжително за целата генерација на возраст од 7 до 15 години. Тоа претставува задолжителен милениум за школско образование и воспитание за секој млад граѓанин;
- На него се надградува системот на разновидните општи и стручни училишта (средно образование), како и системот на установите и формите на образование на возрасните;
- Има општообразовен карактер и треба да овозможи солидно современо општо образование како основа за секое натамошно школување;
- Основното осумгодишно училиште нема селективен карактер. Завшрените ученици имаат еднакви, односно исти права;
- Основното училиште непосредно се поврзува со општествената средина во која дејствува и др;

После оваа реформа во наставните планови се направени измени и корекции во 1966 година со кои се зголемува бројот на часови за некои наставни предмети, се внесени посебни наставни предмети со цел поврзување на училиштето со општествената средина.

Во учебната 1958/1959 година година при гимназиите во Охрид и Куманово се отвораат учителски паралелки, кои подоцна прераснуваат во учителски школи. Во овој период се формираат учителски школи и при други гимназии низ Македонија, некои се укинувани а учениците се упатувани при редовните учителски школи. Траењето на учителските школи е четири години, поради недостатокот од кадар образованието во нив понекогаш е во траење од три години. При тоа е донесена уредба од страна на Извршниот совет на НРМ траењето на образованието на идните наставници да биде пет години. Се отвораат школи за предметни наставници, така во 1948 година се отвора виша школа за наставници по музичка уметност и други уметности во Скопје, а во истата година е отворена и Педагошката школа во Скопје. Од 1982 година подготовката на предметните наставници за потребите на основното образование и воспитание е пренесена на наставничките факултети, така што нивното образование е продолжено на 4 години. На педагошките академии останала подготовката на одделенски наставници, и натаму со две годишно траење. Од учебната 1995/1996 година образованието и на овие наставници е продолжено на четири години, а педагошките академии се трансформираат во факултети. Со тоа подготовката на сите наставни кадри за основното образование и воспитание е подигната на 4 годишно факултетско образование.

Со отворањето на специјалните институции за воспитание и образование се појавила потреба од оспособување на соодветен стручен кадар кои ќе работи во нив. Во 1993 година се отвораат Дефектолошки студии при Филозофскиот факултет во Скопје, пред тоа овој вид кадар се школувал во високошколските установи во Белград и Загреб.

По измените и корекциите на наставниот план и програма во 1970 година се направени и други измени на наставните планови, во 1979 и 1980 година со јазични подобрувања и ништо битно не било изменето во програмската структура.

Со донесувањето на Законот за основното образование во 1995 година се создадени услови за промена на наставните планови и програми. Во 1996 година се донесува нов наставен план и програма, кој бил различен од оној донесен во 1980 година, во однос на програмирањето на воспитно образовната работа.

Последниот наставен план и програма за основното воспитание и образование е донесен во 2007 година, кој се користи и денес. Наставниот план и програма е донесен со промените во основното образование кое од осумгодишно преминува во деветгодишно, а со тоа се направени промени со зголемување на наставните предмети по одделенија и неделниот фонд на часови кај некој од предметите. Со овој наставен план се зголемува и бројот на изборните

предмети. Програмата е изработена по стандардите за деветгодишно основно образование, а за првото одделение од деветгодишното образвание програмата се темели на стандардите за подготвителна година.

## 1.2. Историски развој на образованието во Р.Турција

Турскиот народ од секогаш му придава големо значење на образованието. Денес, образовната историја на Турците се смета како посебна научна дисциплина, која е дел од целата историјата на турскиот народ. Образовната историја на турскиот народ започнува уште со првата племенска заедница на Турците. Турците имаат формирано повеќе држави во секоја од нив може да се зборува за некакво образование, меѓутоа некои од нив имаат одржано „линија на независнот", односно суверенитетот е префрлен од едната во другата новоформирана држава. Поважни држави кој се важен дел од турската историја се: државата на Хуните (1000 г.П.Н.Е.), државата на Гоктурките, државата на Ујгурите, државата на Караханлите, државата на Селчуците, Османлиската империја и Р.Турција.

Стручното образование кај Турците се однесува на изработка на предмети со кој се преработувале производите добиени од животните (млеко, месо, кожа, волна...), при стекнувањето на вештините за изработка на овие предмети ученикот бил чирак, а занаетот го учел од мајстор. Хуните беа многу напредни во прозиводство на килими, облека, крзно оружје и друго. Преработката на железо е доста значајна за Турците, затоа посебно внимание се посветува на учењето на овој занает. Државата на Гоктуркците е формирана во 552 година.

Турците уште од многу одамна имаат развиено (напредно) писмо и јазик. Прво пишуваниот текст со азбуката на Гоктуркците ни дава до знаење за начинот на кој Турците ја пренесувале културата. Гоктуркците имале азбука со 38 букви и развиен јазик, ако се погледне во делата останати од тој период може да се заклучи дека тие имале развиено формално образование, бидејќи без образование неможе истите да бидат напишани. Еден од најзначајните стари пишувани документ во историјата на Турците се Орхун натписите (Orhun Kitabeleri), во кој се вели дека незнаењето е причина за пропаѓањето на државата, со развојот на чуството за независност ќе се дојде до слободата (Türk, 1999, стр. 192).

### 1.2.1. Образованието во периодот на Османлиската Империја

Турците Селчуци и другите турски бегови (кнежевства) во Анадолија (1071-1308 година) формираат училишта или институции за основно образование наречени кутап (küttap). Пред овие училишта од страна на Турците Селчуци се отворени првите верски училишта медреси (medrese). Првото верско училиште медресе во периодот на Турците Селчуци е основана во 1040 година во градот Нишабур од страна на Тугрул бег.

Во периодот на Турците Селчуци се формирани стручни училишта (Ahilik) кој во периодот на османлите се развиваат и на тој начин се формира најразвиениот систем за стручно образование, кој има влијание врз денешното стручно образование. Овој систем кој во светот е прифатен и преземен од османлите, се однесува на следново мајсоторот секаде во светот е прифатен како претпоставен кај кого се обучува чиракот, за потоа и тој да стане мајстор. Чиракот после обуката излегуваше на испит, пред пазарната комисија, еснафот и мајсторот, овој испит се документирал, истото оваа се однесувало и на калфите (Türk, 1999, стр. 196).

Училиштата наречени кутап (küttap), во тој период се сметаат за училишта на ниво на основното образование. Покрај оваа име овие училишта кој биле во рамките на фондациите (вакаф) имале и други имиња, тоа се: даруталим (darüttalim), мектеп (mektep), мектепхане (mektephane), муалимхане (muallimhane) и дарулилм (darülilm). Населението овие училишта ги нарекуваше махале мектеби (mahalle mektebi) или сбјан (sıbyan). Овие училишта ѓи имало насекаде во сите градови и речиси во секое село. Овие училишта ѓи основале државниците и богати луѓе преку фондацитe (вакаф). Покрај тоа во градовите и селата месното население градело училишта, платите на наставниците ги плаќале родителите на учениците (Akyüz, 2004, стр. 78).

Во периодот на Османлиската империја евидентни образовни институции се следниве училишта: сбјан (primary schools), медреси (The medrasas), ендерун (The palace school). Сите овие ќе ги објасниме со текстот кој следува, сбјан училиштата имаат и други имиња како што наведовме погоре.

Во периодот на владење на Фатих Султан Мехмет (1451-1481) се изградени голем број на училишта и медреси, на тој начин во голем дел потребите од образование се задоволени во рамките на Османлиската империја, во овој период се зголемува филозофската мисла и науката навлегуваат подлабоко во образованието. Тој е прв кој изработува посебна програма за образованието на наставниците и овие наставници кој своето образование ќе го стекнеле во

Истанбул изведувале настава во сбјан училиштата, за жал неговиот „пат" и замисла за образованието по неговата смрт биле напуштени (Akyüz, 2004, стр.83). Владетелите (султани) во Осмалиската империја ги земале под заштита и имаале голема почит спрема образованите луѓе (научници).

Училиштата наречени сбјан ги опфаќаат машките и женските деца на возраст од 4-5 години па се до 9-10 години. Во овие училишта децата го учеле следново: Куран (светата книга на исламот), да пишуваат, аритметика и се здобивале со верски знаења. Некои позначајни промени во основното образование започнуваат од 1824 година. Основното образование е задолжително за сите деца на возраст за читање со објавување на ферман од султанот Махмут II (владе од 1808-1839 година). Оние кои немало да постапат во согласност со овој ферман биле казнувани, сепак задолжителното образование во овој период не ги дава очекуваните резултати. Во населените места каде имало христијани и муслиманите живеле заедно се отворале посебни сбјан училишта. Во периодот наречен Танзимат во 19 век се зголемува бројот на турски приватни основни училишта основани од граѓани на Османлиската империја. Основањето на првото странско приватно верско училиште е во 1535 година од страна на Франција подоцна биле основани странски училишта од страна на Англија и Америка, покрај странските приватни основни училишта се основаат приватни верски училишта за малцинствата грци, ерменци и евреи.

Во 1874 година образованието во сбјан училиштата траело 4 години, отворени се 2 годишни училишта наречени рушидије (средно училиште) кои се продолжение на сбјан училиштата, на тој начин за прв пат во турскиот образовен систем се донесува одлука за задолжително 6 годишно основно образование (Türkiye'de İlköğretim: Dünü, Bügünü, Yarını, стр. 5-7).

Задолжителното основно образование со закон било одредено во ист временски период со западните Европски земји. Меѓутоа неговата примена и проширување во практиката за разлика во Европските земји во Османлиската империја не излегло надвор од законската регулатива (останало само на хартија). Оваа состојба продолжила се до објавувањето на Републиката (29 октомври 1923 година).

Во училиштата наречени ендерун (елитни училишта) се образовал кадар кој ќе работи во државните институции (службеници), војниците и наставен кадар за основните училишта. Слични училишта на овие се и оние во кои се образувале престолонаследниците на султанот наречени шехзаде, тие биле основни училишта и имале слична програма со сбјан училиштата. Овие училишта се наоѓале во сарајот на султанот во Истанбул и биле наречени

шехзадегах мектеп (Şchzadegah Mektebi). Освен ендерун и шехзадегах училиштата другите училишта биле финансирани и одржувани од населението и фондациите. Училиштата за музика биле наречени мешкхане (Meşkhane) тие се наоѓале во сарајот, во нив учеле момчиња кој биле надарени за музика.

Првата одредба (општо образовен статут) со која се уредува турскиот образовен систем е донесена во 1869 година, оваа одредба образовниот систем го уредува како целина и е слична на денешниот основен Закон за национално образование. Според оваaa одредба (општо образовен статут) основното образование трае 5 години и е задолжително, за сите женски деца од 6 – 10 години, а за машките од 7 – 11 години.

После 1869 година покрај тардиционалните сбјан училишта (основни училишта) се формираат нови училишта наречени иптидадије (iptidadiye) и усули џедиде (usul-ı cedid) во кои воспитно образовната работа се одвива според нови методи. Во целта империја имало вкупно 3057 сбјан училишта и 18.893 иптадије училишта.

Во последните години од постоењето на Османлиската империја, султанот донесува и прифаќа Устав (Kanun-i Esasi) во 1876 година со кој се објавува и започнува периодото наречен Мешрутијет (Meşrutiyet), во кој на ново формираниот парламент му се дава ограничен легитимитет. Со еден член од Уставот се регулира основното образование кое е задолжително за секоја индивидуа и истото е ставено под државна управа (Türk Eğitim Tarihi, стр. 204-205).

На 23 јули 1908 година по втор пат се објавува Мешрутијетот (Meşrutiyet). Во овие два периоди за прв пат основното образование во државните училишта е бесплатно, во наставниот план и програма се додаваат нови предмети и наставни содржини, се направени чекори за промени во образованието на наставниот кадар, се разгледува образованието на населението кое живее во руралните средини, организација на наставниците според занимањето и се оди на промени во структурата на Министерството за образование. Во периодот на Мешрутијетот се трага по нови образовни методи и подобрување на образованието во сите негови сегменти. Во 1913 година со донесениот привремен закон траењето на задолжителното образование се зголемува на 6 години.

Во периодот на Мешрутијетот се забележува голем интерес за училиштата дарулмуалим (Darülmuallim) кој се основани за образование на наставниот кадар. Во овие училишта се запишувале ученици по завршување на средната школа, образованието било во траење од 4 години. Првото училиште од овој вид се основа во 1848 година кога со нив заедно функцинирале училиштата наречени иптадије и алије, во 1908 година овие училишта се одделени.

Во училиштата дарумуалим уште од нивното основање (1869 година) се прават напори овде да се образоваат жени, основна цел на училиштата е задоволување на потребите од наставен кадар за основните училишта. Овие училишта во најголем број се основани во Истанбул, а од 1875 – 1890 година вакви училишта се основаат во: Босна, Крит и Коња (Коња) потоа и во Сивас, Бурса, Амасја, Кастамону, Ерусалим, Трабзон, Едрене, Солун, Косово, Битола, Ајдин, Халеп, Елазиг, Ерзурум, Мосул, Ван и Болу. Училиштата функцинират со посебна наставна програма, во нив се поставуваат услови за идните наставници тоа се:

1. Високи морални вредности и добар однос;
2. Наставниците нема да се занимаваат со друга професија или служба освен наставничката;
3. Приврзаност кон професијата и наставниот/те предмет/и по кој ќе реализира настава;

Пред да бидат вработени наставниците требало да поседуваат пракса од 6 месеци во училиштата во Истанбул кај наставници кои изведувале настава овде. Оние наставници кои ќе изведуваат настава по два предмети требало да предметите да имаат сличности. Во овој период некој од учениците по одредени предмети следат настава во Универзитетот. Образованието во овие училишта заедно со основното образование вкупно траело 16 години (Ethem-Başaran, 1996, стр.110).

### 1.2.2. Развој на основното образование по прогласувањето на Република Турција

Покрај големите успеси на Османлиската држава за време на Првата светска војна и големите победи на Чанаккале и другите фронтови, со потпишувањето на примирјето на пристаништето Мондрос (Mondros Mütarekesi) кое се наоѓа на островот Линокс на 30 октомври 1918 година, Османлиската држава од војната се смета за поразена после тоа започнува окупацијата на главниот град Истанбул и поголемиот дел од териториите на државата. Сојузничките држави, Англија, Франција, Италија, САД и Грција прават големи напори да заземат и окупираат што поголем дел од распарчената Османлиска држава. Турскиот народ кој од секогаш живеел слободно, во водство на Мустафа Кемал Ататурк (Mustafa Kemal Atatürk) ја започнува Ослободителната војна (Kurtuluş Savaşı) со која повторно успева да ја зачува својата слобода (Akyüz, 2004, стр. 289).

Основни карактеристики на образованието во периодот на Ослободителната војна се:

1. Ослободителната војна длабоко го погодува образованието и покрај тоа образованието има голем придонес за време на војната.
2. Во време кога војната е најинтензивна во Анкара се одржува образовен конгрес, овој конгрес е од големо значење за историјата на образованието. Овде од особено значење е говорот на Мустафа Кемал Ататурк, тој во својот говор го нагласува следново: образование за еден „нов тип на човек", кој ќе се стекне со национално образование, за кого најзначајно ќе биде ослободувањето.
3. Направени се активности во рамките на образованието, со цел информирање на населението за Националноослбододителната борба.

Во периодот на ослободителната војна (1919-1922) во Големото Народно Собрание на Турција (Türkiye Büyük Millet Meclisi - TBMM) во Анкара е формирана првата влада која основа Министерство за образование (Marifi Vekaleti), при тоа доаѓа до судир со Министерството за образование (Maarif Nezareti) формирано од Османлиската власт во Истанбул. Министерството за образование основано од владата во Анкара на 15 јули 1921 година организира конгрес. На конгресот основачот на Р.Турција Мустафа Кемал Ататурк излегува со ставот за основање на Национално Министерство за образование (Milli Marifi) на Р. Турција, а на наставниците им се обраќа како на водачи на „ослободувањето на народот во иднина:" „Наставници! Новите генерации ќе бидат ваше дело. Вредноста на делото ќе биде еднаква на вашата умешност и пожртвуваност" (Akyüz, 2004, стр.293). До основањето на Републиката образовниот систем не ги задоволувал интересите и потребите за образвание на населението. Образованиот систем се „средил" со законот кој е донесен со основањето на Републиката наречен „Закон за единство во образованието" (Tevhid-i Tedrisat).

Наставниците имаат голем придонес за време на ослободителната борба. После окупацијата на Измир во 1919 година, на протестните митинзи, националното освестување на населението и при формирањето на Големото национално собрание на Турција наставниците се активно вклучени. Би требало да се напомене дека наставниците присуствуваат на конгресите организирани во периодот на ослободителната војна, тоа се конгресот одржан во Ерзурум (23 јули-7 август 1919) и конгресот во Сивас (4-11 септември). На почетокот при отворањето на Големото национално собраните на Турција од вкупно 337 пратеници, 30 се наставници.

Окупаторите спроведуваат политика за заплашување на населениот со цел истото да не ја подржи Националноослободителна борба, нивниот притисок врз училиштата и наставниците е голем и оди до таму да се мешаат во наставните програми, а Франција и Грција ги затввораат училиштата.

Во 1921 година Ататурк организира Мариф конгрес (Maarif Kongresi), каде се направен промени во образовните програми за основното образование, а наставните програми и наставните содржини за средно образование се обработени, покрај тоа посебно внимание се посветува на начинот на кој ќе се образова идниот наставен кадар. Овој конгрес го покажува значењето кое се придава кон образованието од страна на кадарот кој ја основа Републиката уште за времето на ослободителната војна. На конресот присуствуваат околу 250 наставници, во говорот кој го одржал Ататурк бара формирање на Национално министерство за образование (Milli Marifi) и го објавува формирањето на Министерството за образование, во својот говор особено значење посветува на онаа што би требало да изучуваат учениците, зборува за духот за слобода и значењето на ослободителната борба.

Со крајот и победата во ослободителната војна, на 29 октомври 1923 година Ататурк ја прогласува Републиката. После 1923 година во државата се забележани многу општествени промени како никогаш порано, во областа на политиката, економијата, правото и културата. Со прогласувањето на Републиката во 1924 година е донесен Устав, во членот 87 од Уставот се гарантира еднаквоста во основното образование, кое е бесплатно и задолжително за сите граѓани на Р.Турција. Во 1926 година се донесува одлука за бесплатно образование во сите образовни подсистеми.

Периодите на развој на основното образование по започнувањето на ослободителната борба и прогласувањето на Републиката можеме да ги проследиме на следниов начин:

1. Период на уредување на основното образование од 1924 до 1942 година;
2. Период на уредување на основното образование и формирање на селските институти од 1942 до 1950 година;
3. Период на уредување на основното образование од 1950 до 1960 година;
4. Уредување со Законот за образование и основно образование во 1961 година;
5. Уредување со Основниот закон за образование и основно образование во 1973 година;

Со законот број 430 (Tevhid-i Tedrisat) донесен на 3 март 1924 година е поставена општата структура на образованието и начинот на организација и управување со образованието. На 13 март 1924 година е донесен Закон за наставници, со него се дефинира наставничката професија која е основата на образованието, секој кој ќе раководи со образовните институции најпрво би требало да биде искусен наставник. Со овој закон наставничката професија се одредува на три степени тоа се: наставници во основното образование, наставници во средното образование и наставници во високото образование (Ethem-Başaran, 1996, стр.110) Во учебната 1924-1925 година училиштата дарулмуалим основани во периодот на Османлиската империја се претворени во учителски школи, а во 1935 година се преимнувани во училишта за наставници, во нив се образовани наставници за основните училишта (одделенски наставници). Се прават големи напори за задоволување на потребите од наставен кадар во селата, тоа не е можно се до формирањето на Селските институти (Köy Enstitüleri). Реформите и револуцијата на Ататурк имаат големо влијание во образованието на наставниот кадар и програмите во учителските школи. За средните школи кој биле во рамките на основното образование, во кои обраованието било во траење од 3 години, наставниот кадар се образовал во посебни образовни институции. Во 1926 година се основа Училишта за наставници кои ќе изведуваат настава во средните школи наречени Гази и Институт за воспитание. Во овие институции се отвораат групи по сите наставни предмети во средните школи, се отвораат посебни групи за образованието на наставници по англиски, германски и француски јазик, овие институции за краток временски период се прошириле во повеќе градови низ земјата. Образванието во овие институти во учебната 1967-1968 година е во траење од 3 години, а 1979 година 4 години. Од 1982 година Гази високата учителска школа преминува во Универзитет. Наставниот кадар кои се стекнувал со оваа образование изведувал настава и во средните училишта.

Од особено значење би било да наведеме дека со законска одредба донесена на 1 ноември 1928 година се прифаќа латиницата за севкупна употреба (и во училиштата), наместо арапски букви и азбука. Според уредбата (регулатива) за основно образование од 1929 година се определуваат целите на основното образование. Меѓу кои ќе ги наведеме следниве:

1. Основна цел на образованието е воспитание и образование, кое ќе се залага за современа и достоинствена индивидуа;
2. На ученикот да му се пренесат знаења за национална економија и развојот на земјата. За остварување на оваа цел да се изучуваат посебни наставни предмети со наставни содржини;

3. Да се развие свеста за национална припадност кон турскиот народ и љубов кон татковината. Во рамките на сето оваа да се изучува турската револуција и благодетите од неа и друго;

Задолжителното основно образование од учебната 1932-1933 година е во траење од 6 години и се организира во два образовни периоди по три години. Со нова програма, според која во вториот период учениците изучувале одреден занает. Со Законот за селски институти број 3803 донесен во 1940 година се формира една специфична образовна институција (модел за обука на наставници) со која се обучувал наставниот кадар. Овие институти имале за цел на населението кое во најголем број живеело во селски и рурални средини да му даде основно (темелно) образование, покрај тоа населението да се здобие со основни вештини и знаења со што ќе се придонесе за подигање на нивото на благосостојба како на државата така и на народот. Во 1940 година бројот на овие институции е 14 за да понатаму се зголеми на 21 институт.

Од значење е да кажеме дека образовните институции од овој вид биле доста корисни за населението во селата. Покрај образованието децата се стекнувале со нови знаења за обработка и производство на земјоделски прозиводи. Наставниците ги донесувале нови знења кој биле корисни и продуктивни при обработката на земјата, тие активно учествувале во изградбата на нови училишта и обработливи површини кој биле во рамките на училиштето (Ataünal,1994, стр. 22).

Селските институти органзирале тестирања за учениците кои ќе го завршат основното образование, образованието во нив траело 5 години по завршувањето на основното образование. Основањето на селските институти е процес кој започнува од 1927 година, пред овие образовни институции со цел задоволување на потребите од наставен кадар контуинирано во селата се основаат други институции за образование на наставниците или тоа е развоен период за на крајот се дојде до Селските институти. Тие институции започнуваат со: Селските учителски школи, Курсеви за воспитувачи, Селски учителски училишта и Селски институти. Со законот донесен 1954 година училиштата од ваков тип биле соединети со основните училишта, образованието на наставниците продолжило во иста институција без разлика дали тие ќе работат во село или град (Hakan araştırma grubu v.b., 2011, стр.10).

Селските институти биле со следнава структура:

1. Училиште со воспитувач, траење на воспитно-образовниот процес 3 години;

2. Училиште со одделенски наставник, траење на воспитно-образовниот процес 5 години;
3. Училиште со наставник и воспитувач, траење на воспитно-образовниот процес 5 години;
4. Селско и регионално училиште со интернат, траење на воспитно-образовниот процес 9 години;
5. Селски и регионални занаетчиски курсеви, за возрасни и ученици со стекнато основно образование;

Осумгодишното задолжително основно образование започнува од 1950 година. Во основното образование се одредени два периоди, прв период од 1 до 5 одделение и втор период од 6 до 8 одделение. Вториот период бил нарекуван уште и средно школо.

Наставниот кадар за основното образование се до учебната 1970-1971 година бил со средно образование во траење од 3 години, а од оваа учебна година средните учителски школи се со траење од 4 години. Од 1972 година се воведува нова стратегија и реформи во образованието на наставниците, каде на прден план се стават педагошките знаења на наставниците и високото образование како услов за подобро извршување на наставничката професија, се поставуваат целите кој би требало да се постигнат во образованието на наставниците, се обновуваат наставните планови и друго. Во учебната 1975-1976 година се формираат Образовни институти или виша школа за образование на наставниците во траење од 2 години, а од учебната 1989-1990 година тие се земаат во рамките на универзитетите и се во траење од 4 години. Од 1992 година овие институти се преименувани во Факултети за образовни науки. Во овие факултети групите за одделенска настава се 24, а во 1997 година бројот на овие групи е зголемен на 54.

После промените во Законот за основното образование во 1997 година Националното Министерство за образование на Р.Турција превзема значајни чекори за уредување на овој образовен подсистем. При тоа буџетот на земјата се одделеуваат голем фонд на средства за основното образование, со кои се спроведуваат голем број на проекти, се прават реконструкции на училишните згради и зголемување на бројот на кадарот во училиштата, превоз за учениците, зголемување на капацитетите на интернатите, финансиска подршка за учениците и опремување на училиштата со наставни средства.

Со развојот на основното образование и во зависност од неговото траење, се направени промени во наставните програи за основно образование. Првата програма по прогласувањето на Републиката е програмата за основно образование од 1924 година. Во Турција

од 1963 година се направени повеќе периодични планови за развој. Последниот осмиот период за развој започнува од 2001 до 2005 година, во тек е деветиот период за развој кој го опфаќа периодот од 2007 до 2013 година. Паралелно со плановите за развој на повеќето сектори се направени периоди на развој и на образованието како посебна целина.

Реформите спроведени во 1997 година се клучни за основното образование, бидејќи и покрај тоа што основното образование е задолжително во траење од 8 години, со него не опфатена целата популација на оваа возраст и задолжителното образование не ги дава очекуваните резултати особено во селата и руралните подрачја. Па така во 1945 година опфатот на населението во основното образование не е повеќе од 50%, во 1985 година опфатот на населението е околу 80%, после 1997 година до денес е направен значаен напредок и речиси 100% од децата се опфатени со основното образование. Од 1997 година се направени промени и во Факултетите за образовни науки или промени во образованието на наставниците. Се основаат нови групи во секоја од нив има посебни наставни програми (Hakan araştırma grubu v.b., 2011, стр. 23):

### 1.3. Компаративна анализа на историскиот развој на образованието во Р.Македонија и Р.Турција

За да можеме подобро да го објасниме образованието во Р.Македонија и Р.Турција, неминовно беше во нашиот труд да го опфатиме неговиот историски развој, започнувајќи од првите пишувани документи, првата азбука, карактеристиките на образованието во далечното минато на овие два народи . Образованието во двете држави има сличности, покрај нив има и разлики кои произлегуваат од начинот на живот, традицијата и верувањата. При тоа од значење е да кажеме дека овие два народи имаат и долга традиција на заедничко живеење во иста држава, тоа е Османлиската империја, во тој период имаат и заеднички образовен систем, а наставата се изведува на мајчин јазик (македонски и турски). По распадот и повлекувањето на Османлиската империја од Балканскиот полуостров, во Македонија образовни институции се основаат од страна на Кралството СХС во кои наставата се изведува на српски јазик, а по Втората светска војна 1945 година македонскиот народ формира свој национален систем на школство и образование, при тоа од големо значење се одлуките на АСНОМ. За разлика од тоа Р.Турција како наследник на Османлиската империја има веќе оформен образовен систем, но националниот образовен систем

во Турција се формира после Народноослободителната војна и формирањето на новата Република во 1923 година.

Светите браќа ја создале првата словенска азбука глаголицата во 862/863 година при што како образец им служело грчото брзописно писмо. Таа имала две варијанти: валчеста и аглеста. Валчестата глаголица е постара. Се состоела од 38 букви од кои 24 биле превземени од грчкото брзописно писмо, а 14 измислил Кирил според гласовниот систем на словенскиот јазик. Потоа, **кирилицата** која била полесна за пишување, почнала да ја истиснува глаголицата. Традициите во развојот на школството и образованието кај македонскиот народ потекнуваа уште од времето на Климентовото училиште и Охридскиот универзитет, а манастирите и црквите во овој период биле образовни центри. Тоа биле првите училишта на словенската писменост и црковна просвета во Македонија. Старите Турци во VII век и претходно имале развиено писмо и јазик, азбуката се состоела од 38 букви **гоктурк-орхун азбука**, ако се погледне во делата од тој период може да се види дека тие имале развиено формално образование бидејќи без него овие дела неможат да бидат напишани. Најзначајни дела од овој период се Орхун натписите од 732 и 735 година, тие се пишувани мисли на владетелите за државата и народот, а во еден дел е пишувано и за образованието како еден од најзначаните сегменти на општеството, со истото писмо има и други натписи од претходниот период, пишувани од обичните граѓани.

### 1.3.1. Образованието во периодот на Османлиската империја

Во овој период може да кажеме дека образованието има религиозен карактер, Македонците се православни христијани, а Турците во најголем дел веруваат во исламот и се муслимани. Турците Селчуци во овој период основаат верски училишта наречени медреси (medrese) кои понекогаш се основале заедно со џамиите, а во Македонија црквите и манастирите биле религиозни центри каде се негувала македонската писменост и култура. Охридската архиепископија со потпаѓањето на Македонија под Османлиска власт во XIV век продолжила да постои. Во тој период одиграла голема улога во зачувувањето на христијанството и била духовна поткрепа за македонскиот народ. За разлика од тоа Турците Селчуци и другите турски бегови во Анадолија (1071-1308 година) формираат голем број на институции за основно образование нречени кутап (küttap), во овој период се основаат и првите стручни училишта (Ahilik), кои во периодот на османлите се развиваат, во Османлиската империја покрај овие имало повеќе видови

на училишта како на пример: ендерун училиштата кои се сметале за елитни училишта, маулимхане, мектепхане, махале мектеби или сбјан и други. Македонскиот народ во Османлиската империја, посебно во 19-от век успеал да извојува извесни слободи во самостојното решавање на проблемите од областа на религијата, просветата, а со тоа и на школството. За оваа цел биле создадени црковно-училишни општини кои самостојно ја развиле просветата преку отворање на разни училишта.

Во 1824 година султанот Махмут II со објавениот ферман го регулира основното образование според кој тоа е **задолжително за сите деца** на возраст за читање, оние кои нема да постапат во согласност со овој ферман биле казнувани, сепак задолжителното образование не ги дава очекуваните резултати. Во населените места каде **христијаните и муслиманите** живееле заедно се отворале посебни сбјан училишта. Од наеведеното може да се заклучи дека образованието во Османлиската империја било достапно за секого без разлика на верската и националната припадност.

### 1.3.2. Основното образование во периодот помеѓу двете светски војни и после Втората светска војна

После Балканските војни 1912 и 1913 година Вардарска Македонија потпаѓа под српска власт во рамките на Кралството на СХС, наставата во Македонија се изведува на српски наставен јазик во четиргодишни основни училишта кои голем дел од населението не ги посетувало, во 1929 година е донесен закон со кој е воведено задолжително осумгодишно основно образование, но немало услови за негово спроведување ваквите состојби во Македонија продолжуваат се до Втората светска војна. Слична е состојбата и во Турција, Османлиската империја и покрај големите успеси на повеќе фронтови по потпишување на примирјето се смета за поразена од Првата светска војна, во 1918 година сојузничките држави прават големи напори за да окупираат што е можно повеќе од распарчената Османлиска држава. Ново настанатата состојба го погодува образованието, наставата се извеудва на турски наставен јазик но во многу тешки услови. Грција и Франција наметнуваат свои политики на териториите кои ги заземаат и ги затвораат училиштата. Може да кажеме дека овој период образванието е многу погодено во двете држави, бидејќи окупаторот не дозволува развој на основното образвание.

Од значење за овој период се конгресите кои ги организира основачот на Турција Ататурк, во кои посебно внимание се посветува на образованието и во кои тој бара формирање на Националното министертво за образование. Министерството за образование на новата Република се формира со првата Влада при Големото Народно Собрание на Турција. Со прогласувањето на Република Турција на 29 октомври 1923 година, започнува нов период во турската образовна историја и се формира **национален образовен систем**. Во 1924 година е донесен Устав, во членот 87 од Уставот се гарантира еднаквоста во основното образование, кое е *бесплатно и задолжително* за сите граѓани на Р.Турција. Покрај тоа се основаат учителски школи со цел задоволување на потребите од наставен кадар, се прават напори за целосен опфат на децата во обраозванието, од 1932 година основното обраозвание е задолжително во траење од 6 години, се изработуваат наставни планови и програми, се основаат Селски институти и друго. За разлика од тоа во Македонија **национален образовен систем** се формира после Втората светска војна, од значење за овој период се одлуките на АСНОМ од 1944 година, кога македонскиот јазик е прогласен за службен јазик, се основаат основни и средни училишта со настава на македонски јазик но и на јазикот на припадниците на заедниците, односно настава на албански, турски и српско-хрватски јазик, со што се постигнува еднаквост и рамноправност во образованието. Прв законски документ за основно образование во Македонија е донесен во 1948 година според кој основното образование е задолжително во траење од седум години, а од учебната 1950/1951 година се основаат **осумгодишни основни училишта**. Во Турција **осумгодишни основни училишта** се основаат од 1950 година, кои биле поделени на основни училишта од 1 до 5 одделение и нижи средни училишта од 6-8 одделение. Од значење е да кажеме дека Селските институти кои се укинати околу 1950 година се специфична институција, за која голем дел од стручните лица и научниците денес во Турција сметаат дека се доста добар пример за образование особено за учениците од руралните средини кои со овие училишта во тој период стекнувале многу вештини, занаети и знаења кои им користеле во понатамошниот живот.

Учителските школи во Македонија и Турција се основаат со цел задоволување на потребите од наставен кадар во овој период, во почетокот тоа биле курсеви за наставници, потоа образованието во нив било во траење од 3 години во следните години било продолжено на 4 години. Во Македонија учителските школи од учебната 1961/1962 година се преорентирани во **Педагошки академии** со две годишно траење, во наредните години групите во кои се образовале предметните наставници прераснуваат во посебни факултети. Траењето на образованието во Педагошките академии од две години на четири години е продолжено во учебната 1995/1996 година, кога академиите се трансформираат во Педагошки факултети. Во Турција од учебната

1975/1976 година се основаат **Образовните институти** кои се наоѓале во рамките на универзитетите, во овие институти покрај одделенски се образовале и предметните наставници. Образовните институти од 1992 година се преименувани во Факултети за образовни науки, во кои покрај постоечките се основаат нови групи за предметни наставници од 1997 година, во овие факултети до денес се обраозваат предметни и одделенски наставници.

Во продолжение ќе наведеме неколку графички прикази во кои се „избрани најзначајните" податоците за развој во основното образование кои ги поседуваме, со тоа ќе го прикажеме движењето на бројот на училишта, наставници и ученици во основното образование во Македонија и Турција.




*Извор: Статистички годишник на Југославија, Одделение за дисеминација, Статистички територијален регистар, информирање и маркетинг (1946-1987). Државен завод за статистика на Р.Турција (посебни публикации)- İstatistik göstergeler 1923-2009, Национални образовни статистики формално образование 2012/2013 – Milli eğitim istatistikleri Örgün eğitim 2012/2013. Овие извори се користени во следните два графички прикази.*

Графички приказ бр. 2

*Основни училишта во периодот од учебната 1928/1929 година во Р.Македонија, односно од учебната 1923/1924 година во Р.Турција до учебната 2010/2011 година*

Анализата на изнесените податоци покажува дека, Бројот на основни училишта во Македонија е најголем во учебната 1950/1951 година околу 1600, а во Турција најголем број на основни училишта има во учебната 1990/1991 година околу 50.000. После учебната 1950/1951 година во Македонија, односно од учебната 1990/1991 година во Турција бројот на основни училишта се намалува. Причина за намалувањето во следните години може да биде групирањето на учениците во поголеми основни училишта и затворањето на училиштата во руралните средини.







Графички приказ бр. 3

*Наставници во основното образование во периодот од учебната 1928/1929 година во Р.Македонија, односно од учебната 1923/1924 година во Р.Турција до учебната 2010/2011 година*

Анализата на изнесените податоци покажува дека, Бројот на наставници во основното образование во Македонија и Турција во секоја следна учебна година се зголемува. Причина за зголемување на наставниот кадар произлегуваат од зголемениот фонд на часови со новите наставни планови и програми за основно образование и намалување на соодносот ученици по наставник, со што се планира намалување на бројот на ученици во паралелките и зголемување на квалитетот во наставата. Во Македонија оваа зголемување на бројот на наставници особено во последниве години може кажеме дека е „непотребно", со оглед на тоа што опаѓа бројот на ученици.







Графички приказ бр. 4

*Ученици во основното образование во периодот од учебната 1928/1929 година во Р.Македонија, односно од учебната 1923/1924 година во Р.Турција до учебната 2010/2011 година*

Анализата на изнесените податоци покажува дека, во Македонија од учебната 1928/1929 година бројот на ученици во основното образование постојано се зголемува, се до учебната 1985/1986 година кога во основното образование има околу 270.000 ученици, во следните учебни години бројот на ученици со опаѓањето на наталитетот во државата бројот на ученици постепено се намалува. За разлика од Македонија во Турција бројот на ученици во основното образование од учебната 1923/1924 година до денес постојано се зголемува, во учебната 2010/2011 година со основното образование се опфатени околу 11.000.000 ученици;

## 2. ЦЕЛИ И ПРИНЦИПИ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р.МАКЕДОНИЈА И Р.ТУРЦИЈА

### 2.1. Цели и принципи на основното образование во Р.Македонија

Цел на образовната политика на секоја земја е да обезбеди можности за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и за сите возрасни групи и да ги осигура дека истите поседуваат знаења, вештини и ставови кои се во согласност со барањата на општеството и пазарот на трудот. Поради тоа основното образование мора да биде достапно за секого што живее во Р.Македонија, без оглед на неговата возраст, пол, религиозна определба, етничка припадност, здравствена состојба и социјлана и финансиска положба. Исто така образованието и обуката мора да ги поседуваат сите услови за ефикасност и ефективност за да бидат во состојба на сите да им пружат доволно општо и стручно образование.

Образованието мора да го карактеризира динамички и флексибилно поставена структура која ќе овозможи непречена мобилност на учениците, студентите и наставните кадри, да функционира по јасно утврдени механизми кои ќе овожат неговата адаптибилност и подготвеност да се излезе во пресрет на променливите потреби на поединците и општеството во целост. Образованието ќе мора да ги надмине проблемите и да ги елиминира факторите кои предизвекуваат образовна апстиненција и осипување на корисниците на образовни услуги.

Создавањето на еднакви можности за образование во Р.Македонија, во идниот период ќе биде условено со балансирање на разликите кои постојат меѓу урбаните и руралните средини, како и меѓу развиените и неразвиените општини.

За таа цел, во идниот период ќе се преземаат мерки за подобрување на условите за учење и инфраструктурата во руралните средини, зголемување на опфатот на децата од помалку развиените на сите нивоа на образование, градење на бенефиции при процесот на вработување за наставниот кадар кој би работел во овие средини, зајакнување на системот за професионално усовршување на постојниот наставен кадар и надминување на проблемите со физичката достапност на образовните установи по пат на воведување на служба за транспорт на учениците.

Министерството за образование и наука ќе изгради системски решенија за остварување на еднакви можности и достапност на образованието за децата со посебни потреби.

За таа цел, потребно е усогласување на напорите за инклузија на децата со потешкотии во развојот. Тоа подразбира кординација на програмските зафати и усогласување на програмската компонента, создавање на услови (инфраструктурни и кадровски) во воспитно-образовните установи и дополнителна обука на постојниот наставен кадар за работа со оваа категорија на деца (Гоцевски, Т,. Гоцевски, С., 2009, стр. 9).

Во оваа насока на наведеното произлегуваат целите на основното воспитание и образование, тоа се (Закон за основното образование, 2008, член 3):

a) Стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование;
b) Хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности;
c) Развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо;
d) Развивање на писменоста и способностите на учениците за развивање, информирање, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо, и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик;
e) Развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки;
f) Воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права;
g) Развивање свест кај учениците за припадност на Република Македонија и негување на сопствениот национален и културен идентитет;
h) Воспитување за општи културни и цивилизациски вредности кои произлегуваат од светските традиции;
i) Усвојување на општи и применливи знаења кои овозможуваат самостојно креативно дејствување во општествената и природната околина и развивање способности за расудување и за изразување во уметноста и културните традиции;
j) Развивање на способности за истражување, експериментирање и решавање на проблеми;

k) Вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби;

l) Развивање на надареноста на учениците во различни области;

m) Унапедување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина;

Во реализацијата на мисијата, целите и задачите, основното образование како прв степен на образование се базира на почитувањето на следниве основни принципи (Устав на Р.М., член 44,45 и 48., Закон за основното образование 2008., Национална програма за развој на образованието 2005-2015, стр.103., Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, 2007, стр.67-73., Камберски, 2000, стр.47)

a. Основното образование трае 9 години ;
b. Основното образование е задолжително и бесплатно;
c. Дејноста на основното училиште е од јавен интерес;
d. Возрасните кои од било какви причини не се стекнале со основно образование, ја надминале границата за основно образование, имаат можност да се стекнат со овој степен на образование или да го доофромат своето образование;
e. Основното образование се организира на македонски јазик и на јазиците на припадниците на заедниците во Македонија;
f. Со уставот не се дозволува отворање на приватно основно училиште;
g. Основното образование има општобразовен карактер;
h. Основното образование нема селективен карактер сите ученици имаат еднакви права во поглед на продолжувањето на образованието;
i. Основното училиште со својата дејност има можност и обврска непосредно да се поврзува со локалната средина и др.
j. Принцип на демократичност: основното образование е задолжително за секого без оглед на нивниот род, социјалното и културното потекло, вероисповед, националната припадноси и различните физички и психички способности;
k. Принцип на недискриминација: заштита на детето од сите форми на дискриминација во текот на неговиот престој во училиштето;

l. Принцип на почитување на индивидуалните разлики меѓу учениците: сите ученици се прифаќаат онакви какви што се, се развиваат во насока на свите предиспозиции, интелектуални, физички и надареност;

m. Принцип на целосен развој на личноста на ученикот: на сите ученици треба да им се гарантира редовно континуирано школување во основното училиште и сите подеднакво да се стекнуваат со знаења, вештини и искуства од сите сегменти на општественото живеење;

n. Принцип на најдобар интерес на детето: да се обрати посебно внимание на интересите на секој ученик;

o. Принцип на активно учество на учениците во животот на училиштето: обезбедување на атмосфера и услови што ќе ги стимулира учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразува тоа мислење, градење механизми и процедури кои ќе им овозможат на учениците да вршат соодветно влијание врз одлуките и случувањата во училиштето;

p. Принцип на квалитет во образованието и меѓународна спроведливост на знаењата: подобрувањето на одржувањето на квалитетот во образованието подразбира: да се изготват квалитетни наставни програми, да се постават развојните целисо развојно-процесното планирање, да се гарантира квалитетна и ефикасна настава, да се воспостави квалитетен систем на следење и оценување кој ќе ги почитува развојните можности на учениците и постапно ќе преминува од описно кон бројчано оценување, да се воспостават критериуми за напредување на учениците во школувањето, како и стандарди за ефикасен наставник и ефикасно основно училиште, учениците да се поттикнуваат преку истражување да дојдат до знаењето;

q. Принцип на подготвување на учениците за доживотно учење: збогатување на наставните содржини, нови методи и техники, поттикнување на критичкото мислење кај учениците;

r. Принцип на разбирање на другите и мултикултурност: развивање на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазикот и традициите. Развивање на свест кај учениците за своето културно потекло и поттикнување на интерес за запознавање на културното наследство на другите заедници;

s. Принцип на вклучување на учениците со посебни образовни потреби во основното образование: децата со посебни образовни потреби се

вклучуваат во редовните паралелки на основното училиште, доколку нивните индивидуални постигања не се на потребното ниво тие се упатуваат во посебно училиште. На овие ученици им се пружи можност да напредуваат во образованието согласно со нивните можности;

t. Принцип на физичка безбедност и здравје: физичка безбедност на ученикот додека се наоѓа во училиштето и зачувување на здравјето на учениците;

u. Принцип на автономност, компетентност и одговорност: училиштето и сите учесници во воспитно-образовниот процес се самостојни и автономни без влијанија од надвор;

v. Принцип на партнерство помеѓу училиштето, родителите и локалната средина: соработката со родителите и локалната средина е општо прифатен принцип и еден од позначајните имајќи во предвид колку сето тоа може да придонесе во подобрувањето на воспитно-образовниот процес и квалитетот во наставата. Усогласување на наученото и неговата практична примена во животот е од значење и од корист за сите во училиштето;

w. Квалитет: задолжителниот карактер на основното образование ја наложува потребата од востановени механизми за континуирано градење стандарди и имплементирање на конзистентна методологија на аналитичко-развојно следење на клучните индикатори на успешност и квалитет на основното образование;

x. Опфат: основното образование ќе функционира со максимална опфатеност на генерацијата, а со цел да се создадат основни предуслови за натамошно образование и(ли) подготовка на младите за стекнување основна култура на работното ангажирање и работни навики за вклучување во процесите на трудот;

Од наведеното се гледа дека основното образование има доста голем број принципи, кои произлегуваат уште од почетокот од кога населението поинтензивно започнува да се вклучува во процесот на основното образование и да се описменува. Со време на овие принципи се додаваат нови, а денес позначајни се оние кои прозилегуваат од стратешките документи на програмите за развој на образованието како што е последната, Национална програма за развој на образованието во Р.Макеоднија 2005-2015 година и Концепцијата за деветгодишно основно образование. Покрај наведнеите принципи секако дека има некои кои се пропуштени

меѓутоа во глобала ги имаме наведено поважните темелни принципи без кои се „неможе" или без кои неможеме да зборуваме за квалитет и развој во основното образование.

### 2.2. Цели и принципи на основното образование во Р.Турција

Општата рамка на образовниот систем во Турција е поставена со Општиот закон за национално образование под број 1739 донесен во 1973 година. Според овој закон е направена поделбата во образованието на формално и неформално образование (за кое ќе зборуваме во поглавјето за системот и организацијата на основното образование). Основното образование е дел од формалното образование. Образованието во Турција се остварува во насока на принципите и револуцијата на Ататурк, државата се залага за современо образование и наука. Во овој закон има одредби за општите цели и принципи на образовниот систем и одредби кој се однесуваат на целите и задачите на основното образование, кои ќе ги наведеме подолу.

**I *Општи цели:***

Цели на турскиот образовен систем, за сите припадници на турскиот народ (Milli Eğitim Temel Kanunu No: 1739, 1973, член 2).

1. Образование, за граѓани кој ќе го почитуваат правото, ќе ги извршуваат сите свои должности и обврски кон државата Р.Турција, граѓани кој ќе бидат приврзани кон реформите и принципите на Ататурк и Уставот на Републиката, ќе ги почитуваат националните и духовните придобивки, граѓани кои ќе ја познаваат и чуваат културата на својот народ, граѓани кои ќе ја сакаат својата татковина и ќе ја унапредуваат, ќе бидат приврзани кон човековите права и лаицизмот на секуларната и правна држава Р.Турција;
2. Образовани, креативни и продуктивни индивидуи, кој ќе ѓи почитуваат човековите права, ќе бидат одговрни кон општеството, ќе имаат правилен физички и психички равој, слободни и напредни личности со висок морал, широк поглед кон светот, напредни луѓе со цврст карактер;
3. Образованието би требало да овозможи развој на личноста во правец на нејзините интереси и амбици, развој на способностите кој ѓи поседува, да обезбеди доволно знаење и вештини, работни навики, подготовка за животот во

иднина и стекнување на професија, со што ќе се обезбеди среќата на индивидуата и истата ќе придонесе за општеството;

**II Посебни цели:**

Турскиот образовен систем, се организира на начин кој ќе овозможи да се реализираат наведените општи цели на образовниот систем и посебните цели кои се поставени за секој степен на образование и за различните образовни институции, посебните цели се одредуваат во зависност од поставените општи образовни цели и принципите наведени подолу (Milli Eğitim Temel Kanunu No: 1739, 1973, член 3).

Овој закон ги резимира и „основните принципи на националното образование" (Основни принципи на турскиот образовен систем) се следниве (Milli Eğitim Temel Kanunu No: 1739, 1973, член 4–17, T.C.Anayasası, член 42):

1. Општо и рамноправно: Образовните институции се отворени за секого без разлика на националната припадност, јазикот, расата, полот и религијата. Во образованието нема привилегии за никоја индивидуа, семејство, клан или класа.
2. Потребите на индивидуата и општеството: Образованието се обликува во зависност од потребите и способностите на граѓаните;
3. Насочување: Поединците, во текот на образованието се едуцираат, во зависност од интересите, потребите и способностите се насочуваат во различни програми и училишта. Образовниот систем се организира во зависност од потребите и насочувањето на индивидуите;
4. Право на образование: Основното (темелно) образование е право на секој турски граѓанин. Услугите за понатамошно образование, граѓаните ги користат во зависност од своите интереси, потреби и способности;
5. Еднакви шанси и можности: Во образованието се овозможуваат еднакви шанси и можности за сите машки и женски деца. За успешните ученици кој немаат доволно финансиски средства за да го продолжат образованието, со цел да им се овозможи образование до највисок степен, се овозможуваат потребните услови со давање на стипендија, бесплатен престој во интернат, кредит и друго. Се преземаат посебни мерки за образование на децата кој имаат потреба да бидат заштитени.

6. Континуитет: Од суштинско значење е општото и стручното образование да трајат доживотно;
7. Реформите, принципите и патриотизмот на Ататурк: За секој вид и степен на образование се подготвуваат и применуваат, наставни програми во кој се земаат во предвид принципите, реформите и патриотизмот на Ататурк. Со тоа се посветува внимание за зачувување на културата и јазикот, збогатување на „научниот јазик" и стремеж кон современо образование;
8. Демократско образование: За силно и стабилно, слободно и демократско општество и негова иднина, граѓаните би требало да имаат свест и доволно познавања за демократијата, затоа учениците би требало да се стеканат со знаења за демократијата, да бидат одговорни и свесни за духовните вредности, да имаат познавања за управувањето на државата, да го почитуват Уставот и правото, покрај тоа не е дозволено никакво мешање на дневно политичките настани во образованието и друго;
9. Лаицизам (секуларизам): Во турскиот образовен систем лаицизмот е од суштинско значење. Културата на религијата и моралот, во основните, средните училишта, гимазиите и на нив сродните училишта се изучуваат како задолжителни предмети.
10. Наука: Наставните програми во секој степен на образование, во зависност од потребите на државата и животната средина постојано се усовршуваат, со наставни методи, наставни средства, научниот и технолошкиот развој;
11. Планирање: Стабилен развој на националното образование, за да можат да се постигнат поставените цели за развој на културата и општеството, при тоа би требало да се земат во предвид образованието-работната сила-вработувањето, индустријализацијата и модернизацијата на земјоделието, а тоа е можно доколку се планира стручното и техникчкото образование со кое може да се обезбеди технолошки развој;
12. Комбинирано образование: Од суштинско значење е во училиштата е комбинираното образование (машки и женски ученици). Во зависност од видот на образованието, условите и потешкотиите кои би можеле да се јават некои училишта можат да бидат само за женските или машките ученици;
13. Образовни кампуси и соработка на училиштето и семејството (Измена и дополнување од 26.06.2009): Повеќе образвони институции за формално и/ или неформално образование кој се наоѓаат во непосредна близина може да се

основа образовен кампус, за задоволување на потребите на кампусот може да се формира заедничка управа. Управата на кампусот може да основа или да дозволи друг да работи и основа заеднички спортски терен, кантина, салони и други слични објекти во рамките на кампусот. Сите средства кој ќе се заработат на овој начин се користат за заедничките потреби на целиот кампус. Основањето на кампусите, формирањето на управата, трошењето на средставата и контролата како и другите наведени работи во оваа алинеја се уредени со правилник подготвен од Министерството за финанси и Националното Министерство за образование.

Соработката на семејството со училиштето е предвидена, за да се придонесе во остварувањето на целите на образовните институции. Со оваа цел во училиштата се формираат училишно-семејни заедници. Училишно-семејните заедници, придонесуваат за поголема ефикасност и ефективност на воспитно образовните услуги, задоволување на потребите на училиштето и учениците кој немаат доволно средства за образование, прифаќање на донации и поклони, организирање на социјални и културни манифестации со цел собирање на средства, може да основа и работи или да се даде друг да работи со отворен простор, кантина, салони и други слични објекти во рамки на училиштето. Никој родител на ученик под никој услов неможе да биде присилен да донира средства. Работата и формирањето на училишно-семејните заедници, изборот и формирањето на органите на овие заедници, собраните средства од социјалните и културните манифестации, прифаќањето на донациите, трошењето и контролата на средставата кој ќе се заработат од отворениот простор, кантина, салонот и другите објекти кој ќе се основаат и работат или ќе се дадат друг да работи со нив се уредени според правилник подготвен од Министерството за финансии и Националното Министерство за образование.

Во рамките на процедурите и принципите одредени од Националното Министерство за образование, во случаи кога тоа е неопходно локалните дирекции за образование се надлежни да спроведат тендер во име на образовните кампуси и училишно-семејните заедници, со кој ќе се дозволи да работат или ќе се даде на друг да работи со комерцијалните објекти.

Средствата кој ги заработуваат образовните кампуси и училишно-семејните заедници, посебно од буџетот на институциите стојат на посебни сметки во банка на име на образвниот кампус и училишно-семејните заедници.

14. Образование насекаде: Националното образование поставените цели ги остварува насекаде и во секоја прилика, дома, во животната средина, на работното место, а не само во државните и приватните образовни институции. Образовните активности на официјалните, приватните и доброволните организации, е под надзор на Националното министерство за образование;

Целите и задачи на основното образование, се во согласност со целите и принципите на националното образование (Milli Eğitim Temel Kanunu No: 1739, 1973, член 23).

Како што може да се види од наведениот член целите и задачите на основното образование се поврзани со целите на образовниот систем во целина и истите произлегуваат и се во согласност на општо поставените образовни цели. Цели на основното образование се следниве:

1. Секое дете на турскиот народ да се стекне со потребните основни знаења, вештини, навики и однесување за да биде добар (лојален) граѓанин; да се развива врз основа на сваќањето за национален морал;
2. Секое дете на турскиот народ да се припрема за погорните степени на образование и да се развива во насока на талентот и способностите кој ги поседува.
3. На часовите од второто полугодие во последната учебна година од основното образование, учениците да се запознаваат со средните училишта во кој можат да продолжат со образованието, покрај тоа ученикот се запознава со образовните програми и професиите со кои може да се занимава по завршувањето на образованието, се прават низа активности од советодавните сервиси кои им даваат знаења на учениците за животниот стандарт кој може да се постигне со одбраната професија.

Подетално целите на основното образование се образоложени во Правилникот за институциите на основното образование (MEB İlköğretim Kurumları Yönetmenliği) па така во членот 5 од правилникот се наведени целите на основното образование, а во членот 6 се наведени принципите на основното образование. Овде уште еднаш се потврдува одредбата дека целите и принципите на основното образование се во насока на целите и принципите на националниот образовен систем. Цели на основното образование се следниве:

а) Подготовка на учениците за живот и за повисоко образование во зависност од нивните способности и интереси;

b) Усвојување на принципите и реформите (револуцијата) на Ататурк од страна на учениците, користење на своите права во согласност со Уставот на Р.Турција и демократските принципи, човековите права, правата на детето, и во согласност со меѓународните договори, покрај тоа почитување на правата на другите, извршување на обврските и стекнување на свест за индивидуа која ќе прифаќа обврски;

c) Учениците да ги почитуваат, усвојат и унапредат знаењата за националните и универзалните културни вредности;

d) Учениците да се развиваат како индивидуи кои ќе бидат корисни за себе, за семејството и да прават корисни работи за околината, да воспоставуваат добри односи со луѓето, да соработуваат со другите, „добри со себе, семејството и околината", толерантни, искрени, доблесни, добри и среќни граѓани;

e) Да им се помогне на децата во развојот со културни, социјални, образовни, научни спортски и уметнички активности;

f) Учениците да се стекнат со навики со кои ќе можат да ги препознаваат индивидуалните и општествените проблеми, како и да бараат можни решенија за овие проблеми;

g) Учениците да се стекнат со потребните знаења и вештини, со кој ќе можат да го чуваат своето здравје, здравјето на семејството и општество, да се стекнат со навики своите одлуки за здравата исхрана и животниот стил да ги донесуваат според научно валидни сознанија;

h) Ученикот да се развие како сестрано развиена личност со соединување на вештините и психичката работа;

i) Учениците да се развиваат како индивидуи кои ќе поседуваат самодоверба, ќе размислуваат системски, да бидат претприемачи, ефективно да ја користат технологијата, да можат да ја планираат својата работа, да имаат чувство за естетика и да бидат креативни;

j) Да се разоткријат областите на интерес и способностите на ученикот, учениците да се запознаат со професиите (занимањата) и да се упатат до училиштата и институциите во зависност од професијата која ќе ја изберат;

k) Со методите и техниките кои ќе се користат на часовите како и со социјалните, културните и образовните активности да се помогне учениците да се развиваат и да се „остварат" или да се реализираат;

l) Учениците да се развиваат како одговорни индивидуи кон семејството и општеството, продуктивни, ефикасни и индивидуи кои ќе придонесат за економскиот и социјалниот развој на државата;
m) Развивање на свеста кај учениците за запознавање на природата, љубов и заштита на природата, кои се влијанијата на човекот врз природата и последиците од тие влијанија врз човекот, свест за заштита на природата во секогаш и секаде, свест - „човекот пријател на природата";
n) Наместо учење напамет , ученикот да ги научи методите и техниките со кои ќе дојде до знаење и да знае да го користи знаењето;
o) Учениците да се насочат научно да размислуваат, да истражуваат и да развиваат работни вештини;
p) Да се помогне ученикот, да стекне интелектуални вештини во средини за учење каде тие ќе бидат подржани со љубов и комуникативни вештини, да ја демонстрира и употребуваат својата креативност;
q) Учениците ефикасно да ги користат личните и општествените средства, ресурси и време, да читаат со задоволство и да се стекнат со навики за учење, тоа се целите на институциите за основно образование;

Во основното образование се земаат во предвид следниве принципи (MEB İlköğretim Kurumları Yönetmenliği, 2003, член 6., T.C.Anayasası, член 42):

a. Основното образование е право и е задолжително за сите турски граѓани на оваа возраст;
b. Во институциите за основно образование се изведува комбинирана настава (машки и женски ученици);
c. На часовите во основното образование и на воннаставните активности турскиот јазик се користи правилно и ефикасно;
d. При основањето и работата на инстутициите за основно образование, подготовката на наставните програми и нивната имплементација се земаат во предвид принципите и реформите на Ататурк. Покрај универзалните вредности посебно значење се придава на изучувањето и развојот на националната култура;
e. Институциите за основно образование се отворени за секого без разлика на: јазикот, национална припадност, полот, филозофските и религиозните

убедувања. Во образованието никој поединец, клан и класа нема посебни привилегии;

f. Образовните активности се организираат во зависност од: принципите на образованието, нивото на учениците, својствата на средината, наставната програма и остварување на целите за основното образование;

g. Во институциите за основно образование се овозможуваат еднакви услови за секого. За учениците кои немаат доволно финансиски средства, со цел да го продолжат образованието се обезбедува бесплатно сместување и стипендија. За децата со посебни потреби и оние кои имаат потреба од заштита се превземаат посебни мерки;

h. При изведувањето на наставата се земаат во предвид интересите на учениците, барања и способности на учениците со потребите на општеството;

i. Со цел подигање на демократската свест ученикот, наставникот, раководителот (директорот), персоналот и родителите соработуваат и створаат поволни услови во средина која се базира на толеранција, љубов и почитување тие: соработуваат во институцијата, избираат, учествуваат и ги искажуваат своите мислења при тоа се применуваат демократските правила;

j. Наставните програми, образовната технологија, наставните методи и техники кои се применуваат во институциите за основно образование го следат научниот и технолошкиот развој, потребите на училиштето, околината и државата постојано се обновуваат и подобруваат;

k. Институциите за основно образование се отворени, а безбедноста секогаш е на прв план. Образовните активности и управувањето со институциите од страна на одборот и комисиите е отворено за јавноста, и се овозможува да се набљудува и контролира од страна на учениците, наставниците, родителите и околината;

l. Средствата се користат ефикасно и ефективно, за да се овозможи поквалитетна настава и институцијата да биде по конкурентна;

m. Се овозможува соработка помеѓу училиштето, семејството и средината;

n. Во основното образование учениците, се прифаќаат такви какви што се и на тој начин се вреднуваат;

o. Наставникот, по потреба остава простор за секојдневните случувања кој ги интегрира во наставата;

p. Се превземаат потребните чекори со цел учениците да се стекнат со основните знаења, вештини и вредности, однесување, одредување на нивните интереси и способности, вреднување на успехот на учениците земајќи ја во предвид целата програма, да се запознаат со подрачјата и занимањата (професиите) и да се упатат;

q. Од суштинско значење е индивидуите кои имаат потреба од посебно образование, своето образованието да го продолжат заедно со своите врсници со цел подобра социјализација. Овие ученици образованието можат да го продолжат и во посебните паралелки кои се отвораат во рамките на редовните основни училишта. Во врска со инклузивното образование кое се применува во училиштата за овие деца, се применуваат одредбите од законот.

## 2.3. Компаративна анализа на целите и принципите во основното образование во Р.Македонија и Р.Турција

Целите и принципите се доста значајни и се клучен фактор за развој на образованието, може да кажеме дека тие ја одредуваат насоката во која ќе се движи воспитно-образовниот процес во училиштата. Општо познато е дека „човекот кој нема цел неможе да постигне поголем успех во животот", целите и принципите се доста значајни за системите во кои се вклучени поголем број на луѓе, особено ако се однесуваат на образованието и неговиот најважен подсистем основното образование. Основното образование особено од формирањето на националните образовни системи до денес во Македонија и Турција има поставено цели. Кои би требало да се постигнат преку стекнување на првични знаења и описменување на децата, односно знаења кои ќе им служат во текот на целиот нивни живот. Целите во основното образование во Македонија се наведени во Законот за основното образование, а во Турција во Општиот закон за национално образование и Правилникот за институциите на основното образование. Од овде може да заклучиме дека целите се од големо значење за основното образование во двете држави, бидејќи се дел од законските одредби, уставот, стратешки документи, развојни програми и произлегуваат од општите цели на образовните системи.

Табела бр. 13

*Цели на основното образование во Р.Македонија и Р.Турција*

| **Цели на основното образование** | |
|---|---|
| **Македонија** | **Турција** |
| Закон за основното образование | Општ закон за национално образование<br>Правилник за институциите на основното образование |
| Стекнување општи и применливи знаења,<br>хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој,<br>самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност,<br>толеранција, соработка, почитување на различноста, човекови слободи и права,<br><br>свест за припадност кон Р.М. и негување на национален и културен идентитет,<br>цивилизациски вредности,<br>општи и применливи знаења за самостојно креативно дејствување,<br>одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина,<br><br>способности за истражување, | Подготовка на учениците за живот,<br>развој со културни, социјални, образовни, научни спортски и уметнички активности,<br>користење на своите права со Уставот и демократските принципи, човековите права, правата на детето, и во согласност со меѓународните договори, покрај тоа почитување на правата на другите, извршување на обврските и свест за индивидуа, националните и универзалните културни вредности,<br><br>планираат својата работа, естетика и креативни, да користат технологија,<br>чуваат своето здравје, здравјето на семејството и општество, здравата исхрана,<br>сестрано развиена личност, запознавање на природата и заштита на природата,<br>научно да размислуваат, истражуваат работни вештини, |
| *развивање на писменоста и изразување на македонски јазик и на јазик и писмо на припадниците на заедниците,*<br>*грижа за учениците со посебни потреби,*<br>*надареност во различни области.* | *принципи и реформи на Ататурк,*<br>*поседуваат самодоверба, претприемачи,*<br>*интерес и способностите на ученикот,*<br>*запознаат со професиите и да се насочат,*<br>*со методите, техниките и активности учениците да се реализираат,*<br>*продуктивни, ефикасни и индивидуи кои ќе придонесат за развој,*<br>*научи методите и техниките со кои ќе дојде до знаење и користи,*<br>*интелектуални и комуникативни вештини,*<br>*ефикасно да ги користат ресурсите и времето,*<br>*навики за учење,*<br>*корисни за себе, за семејството и да прават корисни работи за околината, добри односи со луѓето и соработка, толерантни,*<br>*да бараат можни решенија за индивидуални и општествени проблеми.* |

*Сличните цели се подвлечени, а различните се со закосен фонд-итализирани.*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

a) Целите на основното образование во Македонија и Турција во **поголем дел се слични**, а во помал дел се разликуваат. Според наведеното основното образование во двете држави се стреми кон стекнување на знаења на учениците за понатамошниот живот или подготовка на учениците за понатамошниот живот. Целите се во функција на развојот на учениците во сите сфери на општественото живеење, стекнување на потребните знаења и пред се описменување на учениците кои добро ќе го познаваат мајчиниот јазик и ќе се изразуваат правилно според писмото кое се користи. Во сличностите припаѓа развојот на чуството за национален и културен идентите, користење на правата на детето и сите универзални права, чување на здравјето, учениците да се стекнуваат со знаења преку истражување тоа во суштина е новиот пристап во основното образование, кој се применува во наставата и е дел од наставните содржини;

b) Во Македонија се гарантира образование на мајчин јазик за припадниците на заедниците, додека во Турција освен турскиот други наставни јазици во наставата се користат во приватните основни училишта. Цел на основното образование е грижата за учениците со *посебни потреби*, оваа цел не е поставена во Турција но сепак има голем број на видови на специјални основни училишта за учениците со посебни потреби;

c) Во Турција цел на основното образование се *принципите и реформите на Ататурк,* основачот на модерна Турција, за кои се посветува посебно внимание, дури во погорните одделенија на основното образование има *посебен наставен предмет;*

d) Разликите во целите на основното образование во Турција во однос на Македонија се однесуваат на *стекнување на самодоверба, развој на вештините и способностите на учениците, учениците да бидат корисни индивидуи за себе и општеството, да бидат претприемачи и да бараат решенија за проблемите.* Овие цели кои ги има поставено основното образование се позитивни и би требало да се донесат и за основното образование во Македонија. Една од целите која посебно би сакале да ја издвоиме и ќе биде корисна за учениците во основното образование во Македонија е *насочувањето на учениците за средно образование* и нивната

идна професија или струка. Во зависност од нивните способности, знаења, вештини и таленти. Учениците во основното образование во Турција се запознават со професиите и струките, за оваа цел во последното одделение на основното образование од стручни лица се одржуваат предвања и наставни часови;

Како целите така и принципите се од значење за функционирањето на институциите за основно образование. Принципите на основното образование во Македонија и Турција произлегуваат од повеќе законски, уставни и стратешките документи, програми за развој, кои биле донесувани во подолг временски период со основањето на националните образовни системи и претходно, дел од нив се меѓународно прифатени или се универзални.

Табела бр. 14

*Принципи на основното образование во Р.Макеодија и Р.Турција*

| Принципи на основното образование | |
|---|---|
| **Македонија** | **Турција** |
| Стратешки документи и програми за развој на образованието, Устав на Р.М. и др. | Правилник за институциите на основното образование, Устав на Р. Т. и др. |
| Деветгодишно основно образование, задолжително и бесплатно, јавен интерес, еднакви права за сите, македонски наставен јазик и јазиците на заедниците, | Осумгодишно основно образование, право и задолжително,нема посебни привилегии за никого, еднаквост за секого, турскиот јазик се користи правилно, |
| целосен развој на личноста на ученикот: знаења, вештини и искуства, најдобар интерес на детето, | настава според интересите на учениците, барања и способности, учениците да се стекнат со основните знаења, вештини и вредности, однесување, |
| демократичност: еднакво за секого, недискриминација: заштита на детето и почитување на индивидуалните разлики, | подигање на демократската свест соработка помеѓу сите засегнати со образованието, учениците се прифаќаат такви какви што се, |
| ученици со посебни образовни потреби во редовните основни училишта, се упатуваат во посебно училиште и можности за напредување, | социјализација на учениците со посебни потреби во редовните основни училишта со врсниците, (инклузивното образование) и |
| партнерство помеѓу училиштето, родителите и локалната средина, примена во животот на наученото, | преземаат посебни мерки, соработка училиште, семејство и средината, |
| опфат: основното образование функционира со максимална опфатеност на генерациите, физичка безбедност и здравје, активно учество на учениците во животот на училиштето, | без разлика на индивидуалните разлики образование за секого, безбедноста секогаш е на прв план, активности според: принципите на |

| | |
|---|---|
| квалитет во образованието и меѓународна спроведливост на знаењата: наставни програми, развојните цели, ефикасна настава, следење и оценување, напредување, стандарди за ефикасен наставник и ефикасно основно училиште, преку истражување до знаење, | образованието, нивото, средината, наставната програма и целите,<br>наставата го следи научниот и технолошкиот развој и потребите,<br>средствата се користат ефикасно и ефективно, |
| *дооформивање на основното образование на возрасните,*<br>*општообразовен карактер,*<br>*подготвување на учениците за доживотно учење,*<br>*разбирање на другите и мултикултурност: заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето, свест за културно потекло и културата на другите,*<br>*автономност, компетентност и одговорност,*<br>*квалитет: континуирано градење стандарди и имплементирање.* | *принципите и реформите на Ататурк во наставните програми и наставата,*<br>*изучување и развој на националната култура,*<br>*обезбедува бесплатно сместување и стипендија за сиромашни ученици,*<br>*активностите и управувањето е отворено за јавноста и контрола од инволвираните,*<br>*секојдневните случувања се интегрираат во наставата,*<br>*се запознаат со занимањата и да се упатат,*<br>*комбинирана настава (машки и женски).* |

*Сличните принципи се подвлечени, а различните се со закосен фонд-итализирани.*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

a. Принципите за основно образование во Македонија и Турција во **најголем дел се слични**, покрај тоа што различно се дефинирани тие одредуваат сличен принцип;

b. Со принципите основното образозвание во Македонија и Турција се одредува како задолжително и бесплатно. При тоа се гарантира пристап за секого до образовните институции, без да се прави било каква поделба и како принцип е земено начелото за недискриминација. Во наставата и целокупната работа на основните училишта се земаат во предвид интересите и развојот на учениците. Демократијата е системска и политичка определба на двете држави, затоа децата уште од „најмали нозе“, односно во основното образование ги изучуваат и применуваат сите демократски правила и принципи, на тој начин учениците учат да ги почитуваат меѓусебните разлики. Во двете држави се основаат посебни (специјални) основни училишта за учениците со посебни образовни потреби, но овие ученици имаат можност да посетуваат и настава во редовните основни училишта. Од значење е инклузивното образование,

кога со учениците од редовните училишта и учениците со посебни образовни потреби се реализираат заеднички наставни часови, бидејќи децата имаат можност подбро да се запознаат, прифатат, а со тоа повеќе ќе се почитуваат. Во последниве години во основните училишта посебно внимание се посветува на соработката на училиштето и локалната средина, на тој начин се зголемува успехот на учениците и вработените во училиштето и се зголемува придонесот на средината за подобрување на условите во училиштата. Во сите активностите на основните училишта во последниве години се повеќе учениците се активно вклучени, бидејќи се воведе пристап според кој на ученикот се гледа како на најважен субјект во основното училиште или „училиштата постојат за учениците". Во двете држави се обрнува посебно внимание на основното образование со цел подобрување на квалитетот во наставата, примена на технологија во наставата, квалитетни наставни програми, ефикасна настава, различен начин на оценување и друго. Од значење е рационалното користење на средствата во основните училишта, со цел ефикасна настава и училиште;

c. Во двете земји има принципи кои се разликуваат, во Македонија за разлика од Турција принцип е *доо формувањето на основното образование на возрасните, основното образование има општообразовен карактер и ги подготвува учениците за доживотно учење, како вредност во последниве години е вметната мултикултурноста во училиштата* која е дел од наставата и другите активности во училиштата, а се реализираат и проекти поврзани со мултикултуралноста. ***Автономност, компетентност и одговорноста*** се значајни принципи на основното образование, доколку се залагаме за квалитет во основното образование. За автономноста во основното образование сметаме дека во иднина би требало да се преземат посебни мерки, со кои училиштата ќе бидат „заштитени" од надворешни и политички влијанија. Во Турција овие принципи не се одредени со закон, меѓутоа делумно се применуваат, како на пример образованието на возрасните за кое има голем број на државни основни училишта, доживотното учење кое е вредност прифатена во светски рамки. Мултикултуралноста не е принцип, наместо тоа во Турција е прифатен концептот на еднакви граѓани;

d. Принцип на основното образование во Турција, се *реформите и принципите на Ататурк* кои воедно како што наведовме претходно се и цел на основното образование. Принципи во основното образование во Турција во разлика од Македонија се: *изучување и развој на националната култура, бесплатно сместување во интернат и стипендија за учениците од сиромашни семејства, активностите во училиштата и управувањето со училиштата е отворено за јавноста и контрола од родителите, учениците, наставниците и околината, секојдневните случувања се интегрираат и се дел од наставата, учениците се запознаваат со занимањата и се насочуваат за нивното образование во иднина, комбинирана настава машки и женски ученици.* Сметаме дека во Македонија доколку во принципите за основно образование се додаде принцип, со кој ќе се предвиди **помош на децата од социјално загрозени и сиромашни семејства**, би можело делумно да се спречи инклузијата на учениците од основните училишта. Покрај тоа во Македонија управувањето со основното образование би требало да биде **отворено за јавноста и сите инволвирани**, на тој начин ќе се постигнат подобри резултати и транспарентност, бидејќи одлуките во некои училишта се донесуваат и спроведуваат во рамките на училишните одбори и не се достапни за јавноста. Од корист за основното образование во Македонија е воведување на принцип со кој ќе се одреди учениците во основното образование да се **запознаат со професиите и занимањата**, на тој начин пред да го заврши основното образование ученикот ќе може да донесува „правилни" одлуки за иднината и за понатамошното образование, во зависност од способностите, вештините, знаењата и талентот кој го поседува;

## 3. СИСТЕМОТ И ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р.МАКЕДОНИЈА И Р.ТУРЦИЈА

### 3.1. Системот и организацијата на основното воспитание и образование во Р.Македонија

Во современото општество на 21 век постојат повеќе системи како што се: општествен систем, политички систем, економски систем, воспитно образовен систем и други. Воспитно образовниот систем е еден од позначајните системи во современото општество.

Системот на воспитание и образование претставува една сложена целина или множество, сочинето од многубројни, еднородни и разновидни елементи кои прават една структурна и функционална целост, со безброј меѓусебни интеракции во своето опкружување (Гоцевски, Т., Гоцевски, С., 2009, стр. 5)

На сложеноста на воспитно-образовниот систем укажува и неговата сложена структура која ја сочинуваат повеќе потсистеми како што се: установите за предучилишно образование, училиштата школите, академиите, факултетите и другите институционални форми на основното, средното и високото образование, како и постдипломските и докторските студии; вон училишните форми на воспитание и образование; установите за специјално воспитание и образование; установите за унапредување и за научно проучување на воспитно-образовната дејност, установите за образование на возрасните и др.

По осамостојувањето Република Македонија го наследи сојузниот систем на образование со сите негови обележја како во однос на неговата структура, така и во однос на поединечните компоненти: процесно-изведбени аспекти, образовани профили, наставнички кадар и севкупна филозофско-идеолошка основа и мисија на системот во целина. Во периодот именуван како транзиција образованието беше и се уште е предмет на сеопфатни анализи и преиспитувања преку кои се бараат бројни излези и решенија за усогласување на општествените барања и можностите на образованието како систем (International Research Project Enhancing Profesiional Development of Education Practitioners and Teaching/Learning practices in SEE countries National Report: Република Македонија, 2006, стр. 2).




Шематски приказ бр. 1

*Образовен систем на Р.Македонија*

Првиот степен на македонскиот образовен систем е предучилишното воспитание и образование (јасли, градинки и забавишта) кое не е задолжително децата го посетуваат во периодот пред поаѓање на основно училиште. Основното образование (редовно и специјално) е задолжително во траење од 9 години (со три воспитно образовни периоди), учениците се запишуваат на 6 годишна возраст, а завршуваат на 15 годишна возраст. Средното образование (гимназии, стручни, специјални и уметнички училишта) е задолжително во траење од 4 години, високото образование (факултети и институти, академии) е во траење од 4 години, виши школи во

траење од две години, дел од високото образование се постдипломските (магистерски и специјализација) студии и докторските студии. Со потпишувањето на Болоњската декларација во 2003 година во високото образование започнува Болоњскиот процес, при тоа се воведуваат ЕКТС (Европски кредит трансфер систем) кредити за стекнато високо образование во зависност од степенот, траењето на образовната програма и студиите, што може да се види и од шематскиот приказ.

Основното образование е најмасовно и е дел од единствениот воспитно образовен систем на Р.Македонија и воглавно се остварува во основните училишта. Тоа има општообразовен карактер и е задолжително за сите деца без оглед на пол, возраст, раса, религиозна и етничка припадност, место на живеење, материјална положба и друго. Како што имаме наведено и претходно основното образование е еден од подсистемите на образовниот систем, пред овој подсистем доаѓа предучилишното воспитание и образование, а после основното образование следат подсистемите на средното и високото образование. Во хиерархијата на образовниот систем во Македонија основното образование го зазема централното место и е темел за образовните подсистеми кои следат.

Основното училиште не е селективна институција. Тоа има обврска на сите деца да им понуди оптимални услови за стекнување на основното воспитание и образование, во согласност со сопствените можности и способности. Исто така тоа настојува со планска систематска воспитно-образовна работа, младите да ги насочи во подоцнежното школување... кон она што најмногу одговара на желбите и способностите на поединецот, со што и најповеќе се придонесува за материјалниот културниот процут на општествената заедница (Камберски, 1994, стр. 140).

### 3.1.1.Организација на училишниот живот

Основното образование се уредува со Законот за основното образование. Со измените и дополнувањата на Законото за основно образование од 20.09.2004 година, времетраењето на процесот на основното воспитание и образование изнесува 9 години (со три воспитно-образовни периоди) и со него се опфатени деца на возраст од 6 до 15 години. Оваа одредба се потврдува со последниот Закон за основно образование од 19.08.2008 година.

Наставиот план и програми во основното училиште се изработуваат според трите воспитно-образовни периоди и тоа (член 37):

1. Од прво до трето одделение
2. Од четврто до шесто одделение
3. Од седмо до деветто одделени

Поврзаноста меѓу трите воспитно-образовни периоди и напредувањето на учениците од првиот период кога просечната возраст на учениците е од шест, седум и осум години; во вториот период со просечна возраст од девет, десет и единаесет години; и третиот преиод со просечна возраст на дванаесет, тринаесет и четиринаесет години, се совпаѓа со конгнитивниот и социоемоционалниот развој на децата (Концепција за деветгодишно основното воспитание и образование, 2007, стр77).

Со нив, главно, се нагласуваат најсуптилните елементи во наставата и учењето, учениците активно да бараат информации и да ја проверуваат нивната веродостојност, да го поврзуваат научното со сопственото искуство, да ги споредлат своите сознанија со другите, да изнајдат нови решенија за замислени проблеми, да ги испитуваат причинско-последичните односи на испитуваните појави, да преземаат одговорност за сопственото учење, да соработуваат со другите ученици во училиштето, да се подготвуваат за живот, во социјалната средина и да станат приврзаници на концептот за доживотно учење.

Карактеристично за првиот период е тоа што во првите три години наставата и другите облици на воспитно-образовна работа со учениците се систематизирани и претставуваат една основна целина. Всушност во прво одделение развојот на предоперативното ниво на мислење кај децата поминува кон степенот на конкретни операции. Но, овие промени, сепак, не настануваат кај сите деца истовремено ниту подеднакво, туку продолжуваат и во второ и во трето одделение на основното училиште. Искуството и знаењето на децата во периодот од 6 до 9 годинишна возраст има темелно значење за нивното натамошно напредување во основното училиште.

Во вториот период кога ученикот на деветгодишна возраст кога е во четврто одделение во новото училиште се налага потреба да продолжи процесот на континуирано усвојување на ново искуство и знаење и развивање на нивните способности за мислење што е помалку зависно од конкретното искуство. Мисловните опрации кај учениците можат да се одвиваат и реверзибилно во спротивна насока со т.н. „инетернационализирање" на операциите, а тоа покажува дека детето не мора и понатаму да ги решава проблемите само со методот на обиди и

грешки, туку да напредува со развивање на способностите за конзервација. Овие сознанија покажуваат дека е нужно уште на овој стадиум учениците да се поттикнуваат интуитивно и конкретно да усвојуваат и разбираат основни идеи во областа на математиката и природата. Тоа налага да се поставаат развојни цели што ќе претставуваат и очекувани резултати во четврто, петто и шесто одделение на основното училиште.

Просечната возраст на учениците во периодот од 7 до 9 одделение, односно од 11 до 14 години, налага да се поставуваат развојни цели и да се изираат содржини и методи со кои ќе се потикнува развојот на способностите за апстрактно-логичко мислење. Учениците на оваа возраст се во состојба да изведуваат заклучоци врз основа на дедуктивно мислење, да даваат објаснувања, интерпретации и да развиваат хипотези. Нивното мислење е флексибилно. Тие користат методи на одредување каузални односи, како и хипотетички и дедуктивни искази.

Наведените сознанија за развој на учениците се прифатени од приврзаници на интерактивната настава и методите на активно учење, а со тоа се подразбира дека целокупната наставна програма и методите во наставата и учењето да се засноваат на развојот на способностите и структурата на мислењето кај учениците за да се овозможи поттикнување и развивање на нивните интелектуални способности.

Особено теориските сознанија покажуваат дека секој што го организира образовниот процес и што учествува во него треба да води грижа за возраста и индивидуалните карактеристики во развојот на учениците. Продолжувањето на траењето на основното образование од осумгодишно на деветгодишно и поделбата на три воспитно-образовни периоди е позитивно прифатена од наставниот кадар и директорите на основните училишта.

Во прво одделение на основното образование се запишуваат сите деца кои во тековната година наполниле 6 години или до крајот на календарската година (31 декември) ќе наполнат 6 години. Тоа значи дека до крајот на тековната година ученикот ќе има полни 6 години, а на почетокот на учебната година во месец септември е на возраст од 5 години и 8 месеци или 68 месеци. Учениците се запишуваат во месец мај за следната учебна година. Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон. Основачот го утврдува реонот на основните училишта, од кој се запишуваат учениците. Запишувањето на детето по барање на родителот, здравствената установа може да го одложи за една година ако се утврди дека детето не е подготвено да оди на училиште. На ученикот кој наполнил 16 години му престанува обрвската за редовно основно образование со истекот на учебната година. Задолжителното образование е во

траење од 13 години, покрај 9 годишното основно образование кое се состои од три воспитно образовни периоди задолжително е и 4 годишното средно образование.




Графички приказ бр. 5

*Задолжително 13 годишно образование, 9+4*

Основното образование во Македонија воглавно се регулира со Законот за основно образование, правилници, уредби, програми и друго. Секое дете има право на основно образование. Се забранува дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожата, национална, социјлна, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварувањето на правата од основното воспитание и образование, утврдени со закон (Закон за основното образование, 2008, член 2). Истото кое претходно го наведовме за македонскиот воспитно образовен систем се однесува и за основното образование, тоа се залага за целосен опфат на децата на соодветната возраст.

Основното училиште собира, обработува, чува, испраќа и користи податоци содражани во збирките на податоци согласно со прописите за заштита на личните податоци, за потребите на интегрираната база на податоци која ја води Министерството. Збирките податоци се водат за следниве цели: унапредување на процесите и процедурите потребни за управувањето со човечки ресурси, финансиите и инфраструктурата во основните училишта, обезбедување на навремени, конзистентни, целосни и точни податоци што претставуваат подршка на процесот на донесување одлуки, спроведување на образовната политика и планирањето на реформите во основното образование, обезбедување на податоци неопходни за функционирање на други

подсистеми (електронски дневник и екстерно проверување на постигањата на учениците) во основното образование и ефикасно управување со распределбата на средствата за децентрализираниот образовен систем, планирањето на изградба и реконструкција на училишната инфраструктура и унапредувањето на професионалниот развој на вработените во основните училишта. Во соновното училиште се водат следниве збирки на податоци (Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, 2012, член 15):

1) Збирка на податоци за учениците запишани во основното училиште;
2) Збирка на податоци за родители, односно старатели на учениците запишани во основното училиште:
3) Збирка на податоци за вработените во основното училиште;

Учебната година во основното училиште, по правило, започнува на 1 септември, а завршува на 31 август наредната година. Наставата во учебната година се остварува во 180 наставни дена. За се постигне овој број на работни денови годишната програма на училиштето е распределена на три тримесеција со два пократки одмори за учениците. Првото тримесечије трае од 1 септември до 30 ноември; второт од 1 декември до 15 март(вклучувајќи го и првиот пократок одмор за учениците); и трето тромесечије од 16 март до 10 јуни (вклучувајќи и втор краток одмор за учениците). Од 11 јуни до 1 септември учениците имаат летен одмор. Наставата во основното училиште не се изведува за време на државни празници и други празници утврдени со закон. По исклучок, наставата може да се организира и во неработен ден за да се остварат наставните денови. Ученикот има право на бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште.

Наставниот час трае 40 минути. Наставниот час за учениците со посебни образовни потреби може да трае и пократко, истото се однесува и за наставниот час на учениците во основните музички училишта. Наставата во учебната година се организира во две полугодија. Учебната година се утврдува со календар за организација и работа на основното училиште. Наставата во основното училиште се изведува по одделенија, паралелки и наставни групи со ученици од исто одделение. Одделение е воспитно-образовна целина во која се обработуваа наставните програми според наставниот план за една учебна година. Учениците од исто одделение се распоредени по паралелки. Бројот на ученици во паралелката е од 24 до 34, паралелките можат да бидат и со помалку од 24 ученици. Во основното училиште може да се формира и комбинирана паралелка, по правило, од ученици од прво до трето одделение, со ученици од четврто до петто одделение или со ученици од шетсо до деветто одделение, по добиена согласност од основачот.

Министерот ја утврдува Концепцијата за основно воспитание и образование врз основа на која се донесуваат наставниот план и наставните програми за основно образование. Во основното училиште воспитно-образовната програма се организира и остварува според наставен план и програми кои, на предлог на Бирото, ги утврдува министерот. Наставниот план за основното училиште содржи задолжителни и изборни предмети, дополнителна и додатна настава, како и часови за одделенската заедница. Со наставниот план се определува годишниот и неделниот број на часови за наставата одделно по задолжителните и изборните предмети, нивниот редослед по одделенија, бројот на неделните часови за дополнителна настава, часовите за додатна настава и часот за одделенската заедница. Со наставните програми се определуваат наставните цели, содржините, основните поими, активносите и методите во наставата, оценувањето во постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и норматиовот за наставен кадар. Наставниот план и програми за основно образование на учениците со посебни образовни потреби во посебните училиште и посебните паралелки во основните училишта ги утврдува министерот, на предлог на Бирото. Наставниот план и програми за основно музичко и балетско образование ги утврдува министерот, на предлог на Бирото (Закон за основното образование, 2008, член 25).

Со наставниот план и наставните програми на основното училиште одредени се задолжителни предмети, нивниот распоред по одделенија и неделниот и годишниот фонд на часовите за учениците, истото се однесува и на изборните предмети. Со наставата во основното училиште се остваруваат основните воспитни и образовни цели. Наставата се планира и изведува според програми за задолжителни и изборни предмети, по одделенија, според наставниот план за основното училиште. Со донесениот план за деветгодишно основно образование покрај мајчиниот јазик, македонски, албански, турски и српски кои се наставни јазици во Македонија, задолжителни се странските јазици каде англискиот јазик учениците започнуваат да го изучуваат уште од прво одделение, од уметностите задолжителни се предметите за ликовно и музичко образование, општествените науки започнуваат со предметот општество од 4 одделение, историја започнува да се изучува од погорните одделенија односно од 6 одделение, техичкото образование започнува да се изчува од петто одделени, од природните науки предметите математика од прво одделение географија од 7 одделение, биологија од 7 одделение а физика и хемија во 8 и 9 одделение, физичко образование кој е предмет значаен за правилниот физички развиток на учениците започнува да се изучува од 1 одделение. Во зависност од своите интереси како што наведовме и претходно секој ученик на основното училиште може да изучува изборни предмети. Тие се наменети за усвојување и надградување на знаењата во одредени подрачја, збогатување и

систематизирање на искуството, за поврзување на теоретските знаења со практичните активности, како и за откривање на интересите на учениците за професиите и занимањата. Со изборните предмети учениците можат да ја изучуваат јазикот и културата на помалите етнички заедници, албанскиот јазик, како задолжителни се и предмети од областа на религијата и етиката. Со планот се одредува неделниот фонд и годишниот фонд на часови за часот на одделенската заедница, за дополнителната и додатната настава.

Во основното училиште може да се остварува и верско образование како изборен предмет. Дополнителната настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето. Додатната настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделние наставни предмети (Закон за основното образование, 2008, член 26).

Наставата во прво одделение ја изведува наставник по одделенска настава педагог или наставник за предучилишно воспитание. Наставата од второ до петто одделение ја иведува одделенски наствaник или педагог, за наставата од прво до петто одделение по англиски јазик се вклучува предметен наставник по англиски јазик. Предметни наставници изведуваат настава во по предметите: природни науки (се изучува во петто одделение) и техничко образование (се изучува во четвртто и петто одделение). Предметен наставник изведува настава по македонски јазик во четвртто и петто одделение во паралалеките и училиштата во кои наставата се изведува на наставен јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, односно тоа се паралелки во кои наставата се изведува на мајчиниот (албански, турски и српски) јазик на припадниците на заедниците. Наствата од шесто до деветто одделение по сите наставни предмети ја изведуваат предметни наставници.

### 3.1.2.Училишна мрежа и видови на училишта

Основното образование е дел од воспитно образовниот систем чија дејност се остварува во основните училишта. Во Република Македонија, во сите општини, постојат основни училишта, што овозможува речиси целосен опфат на популацијата со задолжителното основно образование. Основните училишта се разликуваат меѓу себе, како по правниот статус, така и по својата големина. Постојат централни основни училишта, со правен статус и подрачни училишта, кои се основаат во населените места со помал број жители, немаат статус на правно лице и се во состав на некое централно училиште (Камберски, 2000, стр.49).

Училиштето е воспитно образовна институција каде што по однапред утврден план и програма систематски се организира образованието на луѓето во своите детски и младешки години, и се здобива знаењето. Основната цел на училиштето е образованието, покрај оваа цел училиштето има и воспитна цел. Со поаѓањето на училиште, детето се вклучува во јавниот живот. Првото образование стекнато во институциите има фундаментално значење така да неговите последици се најдолготрајни. Со поаѓањето во училиште, детето за прв пат започнува да прави разлика помеѓу работата и слободното време. Тоа мора да ги прифати правилата кои владеат во училиштето.

Основното училиште може да биде општинско или државно. Општинското основно училиште се основа од општината. Државното основно училиште се основа од Владата на Република Македонија. Советот на општината донесува одлука за основање на основно училиште, по претходно прибавено позитивно мислење од Владата. Државните основни училишта кои ги основа Владата, се основаат само за остварување на наставен план и програми за основно образование на одредени ученици за кои државата има посебен интерес (училишта за ученици со посебни потреби). Основното училиште може да се основа, ако: има доволен број на ученици за формирање на најмалку по две паралелки од прво до деветто одделение, е обезбеден соодветен наставен кадар, се обезбеди соодветни училишни простории, опрема и наставни средства согласно со утврден норматив и стандарди и се обезбедени потребни финансиски средства (Закон за основното образование, 2008, член 16 и 17).

Основното училиште во својот состав може да има едно или повеќе подрачни училишта. Подрачното училиште се организира во населено место со мал број на ученици, за што одлучува основачот, по претходно позитивно мислење од Министерството за образование и наука.

Во Македонија се основани и неколку приватни основни училишта со акредитирани програми од министерството, едно од тие училишта е приватното основно училиште „Јахја Кемал“ во Скопје, до денес законски основањето на приватни основни училишта не е регулирано, сметаме дека од тие причини и нема развиена мрежа на приватни основни училишта.

Основното образование се организира во неколку видови установи, и тоа: основни училишта, здравствени установи, воспитно-поправни домови, казнено поправни установи и др. Во редовните училишта се изведува настава на: македонски јазик, албански јазик, турски јазик и српски јазик. Правото на настава на мајчин јазик за припадниците на заедниците во Македонија се гарантира со Уставот на земјата член 48 кој го наведовме претходно. Со Законото за основното образование член 9 се наведува следново: воспитно- образовната работа во основното училиште се

остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо. За учениците припадници на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница. При тоа учениците задолжително го изучуваат македонскиот јазик и кирилското писмо. Според наставниот јазик во Македонија има еднојазични училишта и мешани основни училишта каде наставата се изведува на два или три наставни јазици, кои се прикажани во следниве графички прикази.




| Мешани основни училишта | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Училишта со настава на македонски, албански и турски јазик | Училишта со настава на македонски и албански јазик | Училишта со настава на македонски и турски јазик | Училишта со настава на албански и турски јазик | Училишта со настава на македонски и српски јазик |

Графички приказ бр. 6

*Училишта според наставниот јазик*

За учениците со посебни образовни потреби се обезбедуваат соодветни услови за стекнување на основно воспитание и образование во редовните и посебните основни училишта и

имаат право и на индивидуална помош за стекнување на основното образование и воспитание (Закон за основното образование, 2008, член 6).

Посебни (специјални) основни училишта се основаат за децата со посебни образовни потреби, односно за деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој. Во зависност од попреченоста овие училишта можат да бидат:

1. Училишта за деца попречени во менталниот развој;
2. Училишта за воспитно запуштени деца;
3. Училишта за деца со оштетен слух;
4. Училишта за деца со оштетен вид;
5. Училишта за телесно инвалидни деца;
6. Училишта за деца со оштетен слух и говор;




Графички приказ бр. 7

*Видови посебни (специјални) основни училишта*

Основното образование на возрасните се организира во установи за основно образование и во основни училишта за возрасни. Вакви институционални форми се организираат

во рамките на дејноста на работничките универзитети. Работничките универзитети се правни лица основани од единиците на локалната самоуправа (Камберски, 2000, стр.53).

За стекнување основно образование од областа на уметностите (музчката, балетската и други уметности) може да се организира основно училиште при постојните училишта или во други соодветни институции. Законот за основното образование овозможува на ученици кои покажуваат посебен интерес и афинитет за музичко и балетско образование, освен редовното основно училиште, да посетуваат и основно музичко, односно балетско училиште.

Други установи за основното образование се: ученичките домови и детските домови. За ученици од населени места (подрачја) каде нема основни училишта, со цел да се овозможи нивно опфаќање во процесите на основното образование. Овие училишта се наоѓаат во селските средини, нивната работа се одвива по посебна програма што ја изработува Бирото, а ја одобрува Министерот за образование. Ученички домови за основно образование се основаат и за ученици со посебни потреби.




Графички приказ бр. 8

*Видови на училишта за основно образование во Р.Македонија*

Табела бр. 15

*Бројки во основното образование (нето) во зависност од видот на основното училиште и образовните институции за основното образование во учебната 2011/2012 година*

| Видови основни училишта | Училишта | Ученици | Наставници | Паралелки |
|---|---|---|---|---|
| Редовни основни училишта | 986 | 198.856 | 17.129 | 10.713 |
| Специјални основни училишта* | 44 | 981 | 247 | 181 |
| Училишта за деца попречени во менталниот развој* | 39 | 823 | 179 | 144 |
| Училишта за воспитно запуштени деца* | 1 | 21 | 11 | 5 |
| Училишта за деца со оштетен слух* | 1 | 72 | 30 | 15 |
| Училишта за деца со оштетен вид* | 1 | 36 | 17 | 9 |
| Училишта за телесно инвалидни деца* | 1 | 11 | 8 | 6 |
| Училишта за деца со оштетен слух и говор* | 1 | 18 | 2 | 2 |
| Основни училишта за возрасни | 11 | 390 | 68 | 31 |
| Основни уметнички училишта | 16 | 4977 | 270 | |
| **Основни училишта според наставниот јазик:** | **Училишта** | **Ученици** | **Наставници** | **Паралелки** |
| Основни училишта со настава на македонски јазик** | 730 | 127.336 | 11.181 | 6.846 |
| Специјални основни училишта** | 39 | 911 | 251 | 165 |
| Основно училишта за возрасни** | 8 | 306 | 61 | 25 |
| Основни училишта со настава на албански јазик*** | 287 | 64.213 | 5.365 | 3.456 |
| Специјлани основни училишта*** | 6 | 81 | 11 | 10 |
| Основни училишта за возрасни*** | 3 | 96 | 10 | 8 |
| Основни училишта со настава на турски јазик | 63 | 5.790 | 593 | 344 |
| Основни училишта со настава на српски јазик | 7 | 520 | 94 | 39 |

*Извор: Државен завод за статистика на Р.Македонија (посебни публикации), Статистички преглед од 2012 година.*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Во табелата се наведени сите видови на основни училишта во Македонија и податоци за бројот на училишта, ученици, наставници и паралелки. Во Македонија има 986 редовни основни училишта со 198.856 ученици, 17.129 наставници и 10.713 паралелки
- Специјални основни училишта во Македонија има 44, со 981 ученик, 247 наставници и 181 паралелка. Специјалните основни училишта се поделени според попреченоста на учениците, од нив 39 се за деца со попреченост во менталниот развој, од другите видови има по едно училише за деца со оштетен слух и говор, воспитно запуштени деца, деца со оштетен вид и телесно инвалидни деца;
- Основни училишта за возрасни во кои лицата кои се на возраст поголема за основно образование стекнуваат основно образование или го дооформуваат основното образование има 11 со 390 ученици, 68 наставници и 31 паралелка. Како што кажавме и претходно дел од основното образование се уметничките основни училишта за музикча уметност и балет, од овој вид основни училишта има 16 со 4.977 ученици и 270 наставници;
- Во основното образование во Македонија се изведува настава на мајчин јазик, на четири наставни јазици. На македонски и албански наставен јазик покрај редовните има основано специјални основни училишта и основни училишта за возрасни, додека на турски и српски наставен јазик има само редовни основни училишта;

### 3.1.3.Опфатеност на популацијата во основното воспитани и образование

Значаен показател за тоа како е организирано и колку е развиено основното образование во нашата земја е процентот на опфатеност на децата во образовните институции. Тоа би требало да биде една од основните грижи на државата, во историскиот преглед имаме наведено дека за време на Кралството на СХС на територијата на Македонија има голем број на неписмени, а во периодот по Втората светска војна половината од населението е неписмено, до денес може да кажеме дека Македонија покажува задоволителни резултати и има континуиран раст во опфатот на популацијата во основното образование. Сметаме дека од значење е да го прикажеме нето опфатот од 12 години (2001-2013) во основното образование.

Табела бр. 16

*Опфат на популацијата во основното образование – нето (2001-2013 година)*

| Учебна година | Вкупно % | Машки (%) | Женски (%) | Разлика во опфатот (М% - Ж%) |
|---|---|---|---|---|
| 2001-2002 | 94,88 | 94,89 | 94,88 | 0,01 |
| 2002-2003 | 92,77 | 92,93 | 92,61 | 0,32 |
| 2003-2004 | 92,53 | 92,69 | 92,37 | 0,32 |
| 2004-2005 | 92.97 | 92,98 | 92,94 | 0,04 |
| 2005-2006 | 90,53 | 90,38 | 90,68 | 0,30 |
| 2006-2007 | 91,26 | 91,52 | 90,99 | 0,53 |
| 2007-2008 | 90,74 | 90,65 | 90,82 | 0,17 |
| 2008-2009 | 90,96 | 91,07 | 90,84 | 0,23 |
| 2009-2010 | 91,41 | 91,38 | 91,44 | 0,06 (повеќе женски) |
| 2010-2011 | 91,11 | 91,48 | 91,23 | 0,25 |
| 2011-2012 | 90,73 | 90,60 | 90,85 | 0,25 (повеќе женски) |
| 2012-2013 | 90,72 | 90,67 | 90,77 | 0,10 (повеќе женски) |

*Податоците за учениците од учебната 2005/2006 година се однесуваат на запишани ученици во подготвителна група –нулта одделение и од I до IX одделение според промените во Законот за основното образование од 2004 година. Почнувајќи од учебната 2007/2008 година податоците за учениците се однесуваат на запишани ученици од I до IX одделение според промените во Законот за основното образование од 2007 година. Процентите за учениците од машки пол и разликата во опфатот помеѓу двата пола го пресметавме врз основа податоците од наведениот извор, на следниов начин: на вкупниот број на ученици и бројот на женски ученици на возраст на основното образование, вкупниот број на ученици опфатени со основното образование и бројот на ученици од женски пол опфатени со основното образование, добиените бројки се поделени (помалиот број е поделен со поголемиот) разликата е помножена со 100.*

*Извор: Државен завод за статистика на Р.Македонија Статистички преглед од 2013.*




Графички приказ бр. 9

*Опфат на популацијата во основното образование – нето (2001-2013 година)*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Во периодот од десет години од учебната 2001/2002 година до учебната 2012/2013 година опфатот на учениците континуирано се намалува, оваа намалување се однесува и на двата пола, вкупното намалување за 12 години е околу 4%;
- Разликата во опфатот врз основа на полот може да се каже дека е незначителна, во учебната 2006/2007 година не достигнува ниту 1%, тоа е најголемата разлика во наведените учебни години;
- Опаѓањето на опфатот во основното образование во 21 век е крајно неприфатливо, бидејќи покрај задолжителното основно денес во Македонија задолжително е и средното образование. Според нашите сознанија опѓањето на опфатот во основното образование е од економски причини, во последниве години бројот на иселени семејства од Македонија пред се во земјите членки на Европската Унија е значително зголемен, со тоа учениците своето основно образование го продолжуваат во државата во која мигрирале. Една од причините за намалување на опфатот може да биде не извршувањето на должностите на надлежните, кои не ги превземаат

потребните законски мерки против родителите на учениците кои го напуштиле основното образование;

Македонија би требало да ги превземе потребните мерки за подобрување на состојбата, наместо пад опфатот на учениците во основното образовани би требало континуирано да се зголемува, на тој начин ќе се постигне целосен (100%) опфат. Целосниот опфат на популацијата на возраст на основното образование го планира во учебната 2014-2015 година.

### 3.1.4. Наставен кадар во основното образование

Воспитно-образовната работа во основното училиште ја остваруваат наставници, стручни соработници (педагог, психолог, социолог, социјален работник, дефектолог, библиотекар) и воспитувач. Наставниците, стручните соработници и воспитувачите во основното училиште имаат соодветно високо образование. Видот на стручната подготовка на лицата кои остваруваат воспитно-образовна работа во основното училиште се уредува со норматив за наставен кадар на основното училиште, што го утврдува министерот. Лице кое се стекнало со високо образование на ненаставна група на наставнички студии, односно на студии кои немаат наставна насока, може да се вработи во основно училиште, освен во одделенска настава, само доколку се стекне со педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи. Педагошко-психолошка и методска подготовка се стекнува преку следење на настава и полагање на испити (Закон за основното образование, 2008, член 77).

Во генерализираниот поим „воспитно-образовна дејност„ вклучени се многубројните активности од различна природа што наставникот ги реализира во една единствена цел – повеќеаспектен развој на личноста на ученикот. Определувањето на компетенциите не значи ограничување само на знаењата и умеењата на наставникот и новно аплицирање во воспитно-образовната дејност. Содржината на компетенциите вклучува и односи, постапки, начини на однесување и дејствување, развојни и евалуативни процеси (Никодиновска-Банчотовска, 2004, стр. 81).

Глобалната таксономија на компетенциите на наставникот се состои од :

- Педагошки компетенции на наставникот;
- Стручни компетенции на наставникот;

За наставник, стручен соработник и воспитувач може да се вработи лице коешто покрај општите услови ги исполнува и следниве посебни услови:

- ✓ да е државјанин на Р.Македонија;
- ✓ да има соодветно образвание;
- ✓ да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо;
- ✓ да има положено стручен испит за наставник, стручен соработник, односно за воспитувач;

Наставниците кои ќе се вработат во училиштата и паралелките во кои наставата се изведува на јазик и писмо различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, освен наставниците за предметот македонски јазик, треба да го познаваат јазикот и писмото на кој се изведува наставата. Директорот на основното училиште формира комисија составена од три члена од редот на воспитно-образовниот кадар кој врши проверка на познавањето на јазикот на наставниците кои ќе изведуваат настава во паралелките со настава на јазик различен од македонскиот и неговото кирилско писмо. На јавниот оглас за засновање на работен однос за наставник, стручен соработник, односно воспитувач може да се пријави и лице без положен стручен испит и да заснова работен однос на определено работно време до крајот на учебната година, но без стручен испит неможе да се основа работен однос на неопределено време.

Една од најважните карактеристики на секоја, па и на наставничката професија, е нејзината заснованост врз определени тероретски и практични знаења и умеења. Професијата подразбира стручна оспособеност за определено подрачје на работа (Поповски, 1998, стр. 40).

Наставникот е лице кое е кфалификувано за изведување на наставата во училиштата и има стручна спрема за да ги образува и воспитува децата, младите и возрасните во сите подсистеми на образованието. Наставниците се стручни лица за извршување на целите и задачите на воспитанието и образованието во училиштето. Основни задачи на наставникот се: да овозможи на учениците усвојување на одредени знаења, формирање практични способности и навики кои претставуваат реална претпоставка, и се темел за развојот на спознајните можности и способности, обликување на научниот поглед на светот кај ученикот, овозможување поврзување знаења со практични дејности, пренесување на знаења од различни подрачја на науката, културата и уметноста, како и поврзување на техниката и технологијата и други. Кога се во прашање

наставниците потребно е да истакнеме дека ниедно занимање нема толку важно како наставничкото.

Нема квалитетно образование без квалитетен наставен кадар. Нивото на квалитет на воспитно-образовната практика во најголема мера е зависно од степенот на стручната оспособеност на воспитно-образовните кадри, од нивната мотивираност за работа, од желбата за развој и усовршување. Ниту еден образовен систем не може да биде подобар од неговите реализатори и креатори (Попоски, 1998, стр. 43).

Еден од условите за вработување на наставниците е соодветното образование, воглавно се мисли на високото стручно образование на наставникот со кое тој ги стекнува потребните стручни и педагошки компетенции за да може да се вработи како наставник во основното училиште.

Под иницијално образование се подразбира систем на знаења, способности умеења (вештини) со кои идните наставници се здобиваат во текот на своето школување (студии), кои овозможуваат професионално вршење на наставничката дејност. Тоа се основни (почетни) знаења, способности и умеења, без кои не може да се замисли наставничката професија и на кои таа натаму се надградува преку системот на континуираното образование (стручното усовршување) (Камберски, 2000, стр. 115).

Воспитувачите кои изведуваат настава во прво одделение на основното образование своето иницијално образование го стекнуваат на групите за предучилишно воспитание и образование при педагошките факултети, истото се однесува и на одделенските наставници кои изведуваат настава од прво до петто одделение тие образованието го стекнуваат во групите за одделенска настава на педагошките факултети и на Институтот за педагогија. Студиите на педагошките факултети и Институтот за педагогија се во траење од четири години или осум семестри со завршувањето на факултетот студентите идни наставници стекнуваат 240 ЕКТС кредити. Државни педагошки факултети во Македонија се: педагошкиот факултет во „Св. Климент Охридски" во Скопје, педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола и педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип кој денес е преименуван во Факултет за образовни науки. Институтот за Педагогија се наоѓа во рамките на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Предметни наставници кои изведуваат настава од 6 до 9 одделение на основното образование се подготвуваат на седум факултети при Универзитети во Македонија, тоа се:

Филозофскиот факултет, Филолошки факултет, Природно-математичкиот, Факултетот за физичка култура, Факултетот за ликовни уметности и Факултетот за музикчки уметности. Образовните профили на наставниците во основното воспитание и образование на споменатите факултети се еднопредметни, освен две насоки на Природно-математичкиот факултет (математика-физика, хемија-биологија). Покрај тоа лицата кои ќе стекнат високо стручно образование во некоја област, со стекнување на педагошка формација можат да бидат вработени како наставници во основното образование.

Наставникот и воспитувачот се избираат по пат на јавен оглас. Работен однос може да се заснова и без јавен оглас, на определено време, најмногу до три месеца. Наставниците и воспитувачите ги избира директорот на училиштето по претходно мислење на училишниот одбор.

3.1.4.1. Наставник-приправник

Наставник и воспитувач кој за прв пат се вработува во основно училиште е наставник-приправник и воспитувач-приправник. Приправничкиот стаж трае една година. За време на приправничкиот стаж, наставникот приправник се оспособува за самостојна воспитно-образовна работа, односно стручна работа преку совладување на програмата за стручен испит. Приправникот за време на приправничкиот стаж соработува со наставниците, стручните соработници, односно воспитувачите и се подготвува за стручен испит. За време на приправничкиот стаж приправникот го следи ментор. Менторот на приправникот го определува директорот на училиштето од редот на наставниците, односно воспитувачи кои вршат работа за која се оспособува приправникот и имаат звање наставник ментор или наставник - советник. Менторот на приправникот му подготвува програма која вклучува методска, дидактичка и друга подготовка потребна за оспособување на наставникот и за полагање на испит. Менторот изработува извештај за работата на приправникот. Исто лице не може да биде ментор во исто време на повеќе од двајца приправници. Приправникот по истекот на приправничкиот стаж полага стручен испит пред комисија формирана од министерот. На приправникот по истекот на приправничкиот стаж, а пред полагањето на стручен испит му се врши процена на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност. За спроведување на процената на карактеристиките Министерството ангажира лиценцирани стручни лица од независна акредитирана професионална институција. Ангажираното

стручно лице ја проценува подобноста на приправникот за работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност и доставува мислење до Педагошката служба. На припарвникот кој добил позитивна процена на карактеристиките Педагошката служба му издава потврда. Програмата за полагање на стручниот испит на приправникот и начинот на спроведување на испитот ги пропишува министерот (Закон за изменување и дополнување на Законото за основното образование, 2013, член. 5, променет член 85).

Приправниците во основните и средните училишта, кои го завшиле приправничкиот стаж и ги исполнуваат условите за полагање на стручен испит, треба да достават Пријава за полагање на стручниот испит, со која припавникот ја поднесува и следната документација (Известување за достава на документација за полагање на стручен испит во пролетен испитен рок во 2013 година):

1. Уверение за завршен приправнички стаж во училиште во траење од една година во кое ќе биде наведен рокот во кој се одвивал приправничкиот стаж, заверено со архивски број на училиштето во кое се одвивал приправничкиот стаж;
2. Мислење од менторот за работата на приправникот во текот на приправничкиот стаж, заверено со архивски број на училиштето во кое се одвивал приправничкиот стаж;
3. Мислење од највисокиот стручен орган на училиштето во кое е вработен приправникот за неговата воспитно-образовна работа;
4. Извештај од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за остварен работен стаж на приправникот од една календарска година;
5. Домашна писмена работа (во два примерока). Избраната тема за изработка на домашната писмена работа приправникот треба да ја истражи и разработи од аспект на нејзината практична применливост во непосредната наставна работа во потесното стручно подрачје на приправникот. За приправниците во основните и јавните средни училишта кои наставата ја изведуваат на јазиците на заедниците, еден примерок од домашната писмена работа да достават на јазикот на соодветната заедница и еден примерок на македонски јазик;
6. Копие од Диплома или Уверение за завршено соодветно образование;

7. Уверение за здобиена педагошка-психолошка и методска подготовка ( за приправници кои ги исполниле условите согласно нормативот за наставен кадар од наставата програма);
8. Примерок од уплатница за уплатените средства за полагање на стручен испит;

Лицата кои не ги исполнуваат условите за наставници, немаат навршено една година приправнички стаж или не реализирале наставна програма, согласно нормативот за наставен кадар не треба да се доставува документација за полагање на стручен испит. Пријавата заедно со комплетната документација се доставува до Министерството за образование и наука. Со наведените документација за пријавување за испит, вооедно се наведени и потребните услови кои треба да ги исполнува приправникот за да може да полага стручен испит.

Стручниот испит на припавниците според Програмата за полагање на стручен испит на учителот, наставникот, стручниот соработник и воспитувачот во основното училиште се состои од три дела тоа се: подготовка на домашна писмена работа (семинарска работа), устен дел (прашања од областа на законско-нормативната регулатива и организацијата на дејноста на основното образование) и практичен дел (реализација на еден наставен час во основно училиште).




Графички приказ бр. 10

*Стручен испит на наставник приправник*

Современиот начин на живот, реформите во образованието, новите образовни технологии, како и промената на наставните програми, налага наставниците постојано да се надоградуваат и да ги следат промените во образованието.

Еден од условите за успешно извршување на сложените улоги на наставничката професија е стручната оспособеност на наставникот која се стекнува во текот на базичното образование, а се надоградува во текот на целиот работен век. Имено професионалната квалификуваност на наставникот не може и не смее да заврши со стекнувањето на дипломата (Попоски, 1998, стр. 77).

3.1.4.2.Професионален развој на наставниците

Континуираното усовршување на наставниците има клучно значење за промените, за унапредувањето и ефектуирањето на воспитно-образовниот процес. Тоа е наметната потреба на наставничката дејност без која нема успешен наставник. Познато е мислењето дека човек може да работи на образованието на друг само доколку работи на сопственото образование. Наставниците имаат професионална обврска да учествуваат во формите на стручното и педагошко усовршување и постојано да ги прошируваат видиците на своето образование, стручно и педагошко (Камберски, 2000, стр. 117).

Директорот и наставникот во основното училиште во текот на својата работа се должни професионално да се усовршуваат. Министерот во соработка со Бирото и Државниот испитен центар донесува годишна програма за професионално усовршување и напредување на наставниците и стручните соработници. За професионалното усовршување на наставниците се води професионално досие. Професионалното усовршување се остварува преку акредитирани програми за обука, кои ги реализираат јавни приватни установи, здруженија на граѓани и трговски друштва чии програми се акредитирани, акредитацијата ја врши Бирото за развој на обраозванието.

Потребата од задоволување на стандардите за компатабилност, современост и ефикасност на образовната практика го актуелизира прашањето за научно осмислен и глобален приод во сферата на професионалниот развој и напредувањето во кариерата на наставниците...

Подигањето на квалитетот на работата, особено квалитетот на наставниот процес и неговото следење императивно ги поставува новите насоки во кои треба да се движи креирањето на образовната политика во нашата земја. Во таа смисла, сите педагошки кадри, а особено наставничките, се наоѓаат во центарот на современите настојувања за подобрување на квалитетот и подигање на ефикасноста на педагошката работа. Притоа барањата кои произлегуваат од местото и улогата на наставникот на преден план ја истакнуваат неговата квалификуваност, т.е. оспособеност за почитување, познавање и аплицирање на современите сознанија од сферата на воспитно-образовната теорија и практика. Со огле на фактот дека формалното сертификатно образование тешко може да ја следи динамиката на новите потреби и промени, како и со оглед на брзото застарување на сознанијата (стекнати за време на формалното школување) очигледна е потребата од нова архитектура на системот за професионално усовршување на наставниците.

Во таа смисла, се очекува квалитетот и успешноста во работата на наставниците се помалку да претставува одраз на нивната сертификатна квалификација се повеќе да биде продукт на нивната вистинска оспособеност , т.е. квалификуваност и подготвеност за перманентна образовна мобилност (International Research Project Enhancing Profesiional Development of Education Practitioners and Teaching/Learning practices in SEE countries National Report: Република Македонија, 2006, стр. 22).

### 3.1.4.3.Напредување на наставниците во кариерата

Наставниците во основното училиште се усовршуваат, оспособуваат и напредуваат во звања. Наставникот-приправник може да напредува во звањата наставник, наставник–ментор и наставник–советник. Напредувањето на наставниците во звањето наставник-ментор го врши училишна комисија формирана од директорот на училиштето. Која е составена од еден одделенски наставник и наставник по предметна настава, педагог, односно психолог во училиштето, еден родител, директорот на училиштето, член на училишниот одбор кој претставник од основачот и советник од Бирото. Одделенските и предметните наставници ги избира наставничкиот совет во училиштето, родителот го избира советот на родители на училиштето, а членот од училишниот одбор го избира училишниот одбор. При напредувањето на наставниците во соодветното звање на овој член, училишната комисија задолжително ги зема во предвид резултатите од екстерното проверување содржани во извештајот за работата на наставниците, како и од евалуацијата на

професионалното досие на наставникот. Наставникот кој е незадоволен од напредувањето во звање има право на приговор до училишниот одбор 8 дена од денот на објавување на списокот на наставници кои напредувале во знање. Напредувањето на наставниците во звање наставник-советник го врши комисија формирана од министерот. При напредувањето на наставниците формираната комисија од министерот задолжително ги зема во предвид резултатите од екстерното проверување содржани во извештајот за работата на наставниците, како и евалуацијата на професионалното досие на наставникот. Основното училиште доколку има до 50 вработени наставници и стручни соработници, по завршувањето на секоја учебна година може да врши напредување на двајца наставници во звањето наставник – ментор и да предложи двајца вработени од редот на наставниците да напредуваат во звање наставник – советник. Основното училиште доколку има повеќе од 51 вработени наставници и стручни соработници, по завршувањето на учебната година може да врши напредување на тројца наставници во звањето наставник – ментор и да предложи тројца наставници да напредуваат во звање наставник – советник. Наставникот кој е незадоволен од извршениот избор односно дадениот предлог за напредување во звање наставник – советник може да поднесе приговор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка по работен однос во втор степен во рок од осум дена. Платата на наставникот е според стекнатото звање. Начинот на стручно усовршување, оспособување и напредување на наставниците во звања ги пропишува министерот по предлог на Бирото, Државниот испитен7 центар и Државниот просветен инспекторат.




Графички приказ бр. 11

*Напредување на наставниците во кариерата*

Сметеме дека би било од интерес доколку дадеме податоци за бројот на наставници и просечно број на ученици по наставник од учебната 2001/2002 до 2010/2012 година или период од 12 години.

Табела бр. 17

*Број на наставници и соодnос ученици по наставник*

| Учебна година | Наставници | Број на ученици по наставник |
|---|---|---|
| 2001/2002 | 13.356 | 18 |
| 2002/2003 | 13.590 | 17 |
| 2003/2004 | 13.733 | 17 |
| 2004/2005 | 13.972 | 16 |
| 2005/2006 | 14.817 | 16 |
| 2006/2007 | 15.098 | 15 |
| 2007/2008 | 15.330 | 14 |
| 2008/2009 | 15.930 | 14 |
| 2009/2010 | 16.144 | 13 |
| 2010/2011 | 16.703 | 13 |
| 2011/2012 | 17.129 | 12 |
| 2012/2013 | 17.193 | 12 |

*Извор: Државен завод за статистика на Р.Македонија (посебни публикации)*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Бројот на наставници започнувајќи од учебната 2001/2002 до учебнаа 2012/2013 година значително се зголемува, зголемувањето на бројот на наставници е од значење за подобрување на ефективноаста и квалитетот во наствата;
- Бројот на ученици по наставник е намален од 18 во учебната во 2001/2002 на 12 во учебната 2012/2013. Познато е дека колку е помал бројот на ученици толку наставата е поквалитетна, наставниците имаат можност да им посветат поголемо внимание на сите ученици во паралелката индивидуално;
- Помеѓу причините за зголемување на бројот на наставници во основното образование може да се посочи зголемувањето на бројот на наставни предмети со деветгодишното основно образование, фондот на часови по наставен предмет и додавањето на уште едно одделение во

одделенска настава со преминот од осумгодишно во деветгодишно основно образование. Причините за намалување на учениците се повеќе од економска природа, пред се иселувањето на семејствата од Македонија и намалувањето на наталитетот го намали бројот на ученици во основното образование. Зголемувањето на бројот на наставници во основното образование е од причина што денес во Македонија на основните училишта се гледа како место за вработување и егзистенција, што е крајно неприфатливо од причини што не секоја индивидуа може да ја извршува наставничката професија која е пред се сложена работа, бара големи знаења, вештини и континуирано професионално усовршување;

### 3.1.5. Реформи во основното образование

Република Македонија претставува општество во кое образованието и обуката, културата и науката треба да претставуваат клучен фактор за добросостојбата на нејзините граѓани и јакнењето на економијата. Оттаму, реформите во образованието треба да овозможат поголема компатибилност на националните стандарди со стандардите на Европската унија и пошироко, развој на демократијата и унапредување на граѓанското општество и развој на современото и интегрирано пазарно стопанство на земјата (Соколов, уред. и други, 2008 стр. 5).

Во најголем дел реформите во образованието во Македонија се темелат на: Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, Законские подзаконските акти од сферите на образованието, Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, МНО/БРО, 2007 Концепција за задолжително средно образование, националните целно-ориентирани стратешки документи за: економски развој, намалување на сиромаштијата и друго.

Основната цел на образовната политика на Р.Македонија, зацртана во целите и мисијата на Националната Програма за развој на образованието 2005-2015 (види Национална програма за развој на образованието 2005-2015)

Зголемувањето на траењето на задолжителното образование треба да помогне во воспоставување на динамична врска на образованието со пазарот на трудот и општествените промени. Создавањето на услови за континуирано стекнување на квалификации на младите треба да имплицира подобри стартни позиции при преодот од учење на работа, задржување или промена на работното место и активно учество во процесите на демократско одлучување.

Во Р.Македонија осумгодишното основно образование од учебната 2007/2008 година се трансформира во деветгодишно. Со тоа што се воведуваат нови наставни програми за подготвителна година (нулта група) за понатаму оваа група која на почетокот е подготвителна преминс во прво одделение на деветгодишното основно образование. Задолжителното образование се продолжува на 13 години со тоа што во него е опфатено и средното четири годишно образование со промените направени во Законото за средното образование, започнува да се применува од учебната 2008/2009 година. Со цел обезбедување на целосен опфат во задолжителното образование со последните промени во законите се предвидуваат поголеми глоби за родителите кои нема да ги школуваат своите деца, се спроведени проекти кој се медиумски покриени со реклами се испечатени флаери со цел да се обезбеди што поголем и поцелосен опфат на населението во задолжителното основно и средно образование, како и новините кои доаѓаат со 9 годишното основно образование и задолжителното средно образование. Основното образование е деветгодишно и се состои од три образовни периоди по три години, при тоа од прво до петто одделение учениците следат настава по принципот на одделенска настава, а од шесто до деветто одделение предметна настава.

Во образовниот систем постојат многу проекти што се работат најчесто со одобрение на Министерството за образование, но со средства од меѓународни донатори. Дел од нив имаат позитивни ефекти, но и ограничен домен (Извештај на Република Македонија за напредокот во остварувањето на милениумските развојни цели, 2009, стр. 38). Ние овде ќе наведеме неколку од проектите кои се реализирани пред се во основното образование во Македонија во последните години, со кои се воведува нов начин на планирање, организирање и реализирање на воспитно-образовниот процес. Сите овие проекти се воведуваат со цел обезбедување подобар квалитет во наставниот процес, поголем опфат на учениците во задолжителното основно образование, подобро иницијално образование и професионално усовршување на наставниците, поголема употреба на ИКТ во наставата, подобрување на условите за работа во училиштата.

Меѓу другите позначајни проекти се:

Владата на Република Македонија заради зголемување на ефикасноста на образовниот процес го реализираше проектот Компјутер за секое дете. Станува збор за најголемата инвестиција во образованието во изминатите 17 години. Со овој проект се обезбедени 17.811 персонални компјутери, 98.710 ЛЦД-монитори, 98.710 тастатури и глувчиња и 80.892 тин-клиенти за основните и средните училишта во Македонија. Целта на овој проект е зголемување на степенот на користење на компјутери и интернет со што ќе се подобрат информатичко-технолошките вештини на учениците, како и на нивните професори. Овој проект ќе им овозможи на учениците да ја совладаат наставната материја во средина и начин кој одговара на стандардите на современото информатичко општество. Целта е олеснување на можноста за побрз пристап до образовните дигитални содржини и информациите што се наоѓаат на глобалната интернет мрежа. Предвидено е проектот постојано да се надоградува. Како надополнување на овој проект, односно поефикасно спроведување на компјутеризацијата на училиштата, е овозможено и спроведување на Интернет-поврзување во сите училишта во Македонија и обезбедување на Интернет-конекција до сите средни и основни училишта. На овој начин до младите генерации се доближуваат информатичките технологии и се зголемува употребата на компјутерите во образованието (http://vlada.mk/proekti/kompjuter-za-sekoe-dete). Компјутерите во основните училишта се општо и позитивно прифатени се сметаат за голем благодет од вработените во училиштата, учениците, родителите и општеството. Меѓутоа за воведување на овој проект претходно не се обезбедени потребните услови бидејќи некои од училиштата до денес ја немаат потребната електрична инсталација, немаат дополнителни простории или училници, не е изнајден начин за заштита на компјутерите од несовесните ученици и во училиштата нема вработено стручно лице кое ќе ги одржува компјутерите, персоналните компјутери неможат да бидат преместени од училишните клупи за други активности на учениците. Компјутерите се многу значајни за современата настава, истражувачките проекти во наставата бидејќи преку интернетот сите потребни информации секогаш се достапни.

Проект Учиме со помош на компјутери (2011-2015), со кој ќе се создаваат мултимедијални образовни содржини за електронско учење за определени предмети во основното и средното образование. Ќе се организираат натпревари и ќе се мотивираат наставниците и учениците да креираат електронски содржини за помасовно користење на информатичката технологија во наставата и учењето. Со проектот се планирани да бидат обезбедени 4.000 интерактивни табли за основните и 400 за средните училишта за изведувањето на наставата. Овие 4.000 интерактивни табли не се доволни за сите основни училишта во Македонија, за секое одделение би требало да им по една интерактивна табла.

Информиран родител (е-Дневник) е проект којшто има за цел да ја подобри комуникацијата помеѓу наставниците и родителите, со кој се планира да овозможи брз и едноставен увид на информациите од дневникот од страна на родителите и наставниците во училиштето. Родителите со овој проект ќе можат да го следат образованието на своите деца на Интернет. Ним ќе им бидат достапни оценките, поведението и отсуствата на децата, наставните содржини кои се обработени на часовите и дуги информации за нивното секојдневие во училиштата. Проектот Информиран родител е задолжителен за сите основни и средни училишта во Македонија. родителите во определен временски интервал ќе добиваат порака на својот мобилен телефон на тековните проемни во е-Дневникот, така што континуирано ќе можат да ја следат секоја промена поврзана со образованието на нивното дете. Со проектот ќе се воспостави интеракција меѓу родителите и училиштата и ќе се овозможи поголемо ниво на сознанија за она што се случува во училиштето. Е-Дневникот од учебната 2013/2014 година добро функцинира претходно имаше одредени проблеми околу пополнувањето на податоците од наставниците. Наставниците се обврзани да го пополнуваат навремено и се контролирани од страна на просветните инспектори, во случај ненавремено пополнување од страна на наставниците истите добиваат опомени или соодветна казна утврдена со законот. Во е-Дневникот се заведуваат наставните часови, успехот на учениците, отсуствата на учениците и сите други активности кои се реализираат во воспитно-образовниот процес. Родителите преку интернет можат да ги следат учениците и добиваат СМС пораки секоја следна недела во врска со претходната недела за успехот, поведението и отсуствата. Е-Дневникот е позитивина новина во обраозванието но е дополнително административно оптоварување за наставниците, бидејќи се обврзани да го пополнуваат и Дневникот за работата на паралелката (пишуван текст). Би требало Дневникот да за работа на паралелката да се исфрли од употреба.

Со проектот Градиме и реконструираме училишта се одделени поголеми средства со цел реновирање и санација на училишта при тоа во училиштата е направено следново: во 49 училишта – санација на кровови, во 53 училишта – санација на санитарни јасли, во 30 училишта – санација на греење, во 41 училиште – замена на прозорци, во 19 училишта санација на подови. Вредноста на проектот е 15 милиони евра, покрај тоа планирано е изградба на нови училишта во вредност од 10 милиони евра. Средствата се обезбедени од буџетот на Макеоднија, носител на проектот е Министерството за образование.

Проект Изградба на 145 спортски сали, до крајот на 2014 година е предвидено да се реализираат сите 145 спортски сали во основното и средното образование. Со проектот Изградба и опремување на 145 спортски сали од 115 во основните училишта, а 30 спортски сали во средните

училишта, придобивка во смисла на обезбедени услови за спорт ќе имаат вкупно 110.000 ученици во основни и средни училишта. Средствата се обезбедени од буџетски извори и меѓународни финансиски институции. Во дел од основните училишта се изградени спортски сали и се во функција на учениците и наставниците, меѓутоа во Македонија сеуште има основни училишта кои немаат спортска сала, би требало во иднина да се изградат уште.

Проект за образование на Ромите е поддржан од УСАИД, а имплементатот е Фондацијата отворено општество Македонија. Цели на проектот се вклучување и задржување на учениците Роми во образовниот систем и подобрување на нивните достигнувања и резултати со позитивни интервенции во образовниот систем од градинка до универзитет. Во рамки на проектот направени се повеќе активности за учениците Роми започнувајќи од предучилишното образование и воспитание до универзитет. Меѓу кои адаптација и подготовка на учениците за вклучување во редовната настава во училиштата, стипендија за учениците и студентите. Проектот ги постави темелите за подготовка на Ромите како работна сила, како и помогна во опфатот и завршување на учениците на образованието. Проектот работеше на градење на одржливоста на интервенциите преку обезбедување на обуки за наставниците за нови наставни методи во кои ученикот е во центарот на наставата и излегување на пресрет на детски потреби: денес наставниците ги почитуваат културните разлики и можат да се справат со предрасудите, локалниот наставен план е подготвен според културните разлики и родителите знаат дека образованието е единствениот излез од сиромаштијата. Треба да кажеме дека овој не единствен проект од овој вид, со цел поголем опфат и задржување на учениците Роми во образовниот процес во последниве години во Макеоднија се спроведени повеќе проекти. Овој проект и сите проекти кои се реализираат со цел опфат и задржување на учениците Роми во образованието имаат постигнато позитивни резултати, при тоа во основните училишта се формирани ромски паралелки во кои настава следат и ученици кои ја надминале возраста за основното образование. Сепак за решавање на овој проблем би требало да се превземат и други мерки за целосно решавање на овој проблем, пред се решавање на економските проблеми на припадниците на ромската заедница, со тоа родителите на учениците Роми ќе можат повеќе да инвестираат во образованието на нивните деца. Освен тоа би требало да се спроведат и обуки за родителите Роми, со цел подигање на свеста за значењето на образованието пред се на основното образование.

Проект креативна настава и учење, програмата имаше за цел да го подбри квалитетот на образовните услуги што им се нудат на учениците во основното, средното и универзитетското образование, преку обезбедување опсежна обука за наставниците и развојни програми, вклучувајќи и методи за интерактивна настава, употреба на ИКТ во наставните

програми и интеркултурна и социјална правда. Курсевите за обука за интерактивна настава добија акредитација од државата. Редизајнирањето на наставната програма со вклучување на принципите за компетентноста и краен резултат во нса, опремување со компјутерски лаборатории и модели на училишци, зголемената употреба на инретактивна настава и употребата на ИКТ во наставната програма им помогна на Факултетите за обука на наставниците да постигнат подобри резултати и да понудат студии за иницијална подготовка на идните наставници, со подобар квалитет. Креативната настава е успешно воведена во наставата во основните училишта и се спроведува во зависност од опременоста со наставни средства и материјали.

Проект Деца на улица/ улични деца има продолжени активности како што е Социјална инклузија на деца и млади од економски неразвиени региони во Македонија. Во период од три години колку што траел проектот се реализирани активности за промовирање на значењето на образованието, поттикнување и развој на родителски вештини, како и подобрување на емотивната клима во сиромашните семејства и за информирање на јавноста (владините организации, донаторите) за проблемите со кои се соочуваат децата и сиромашните семејства со цел:

- ⇨ Создавање услови за соодветен психо-социјален развој на децата и младите од економски неразвиените подрачја;
- ⇨ Зајакнување на капацитетите на локалните НВО и заедници за решавање комплексни проблеми;
- ⇨ Создавање мрежа на соработка меѓу НВО, чија улога и интерес се фокусирани на развој и обезбедување помош на децата и младите во руралните и неразвиени заедници;
- ⇨ Подигање на јвната свест за важноста на обраозванието;

Во врска со овој проект може де кажеме дека е позитивен и потребен да се спроведува и во иднина, но во Македонија за жал во последните години опфатот на децата во основното образование се намалува во секоја следна учебна година.

Проектот на УСАИД, е реализиран во периодот од Октомври 2006 до Декември 2011 година. Имплементатори на проектот се: Академија за образовен развој во соработка со Универзитетот во Индијана, Македонскиот центар за граѓанско образование, Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор" и други локални НВО. Во рамките на проектот Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор" ги дизајнираше и реализираше обуките за: Создавање на стимулативна средина за учење, Вклучување на родителите

и локалната заедница во наставниот процес и Зајакнување на капацитетите на училишните одбори, компонентата Реновирање, наменети за наставниците од основните училишта. Во соработка со регионалните единици на Бирото за развој на образованието, ФОКИМ ја подготви и реализираше обуката за Унапредување на наставата по математика и наука од 1 до 3 одделение. Во соработка со интернационални тренери, Фондацијата има орагнизирано Обуки за ментори и тренери.

Во 2006 година Министерството за образование и наука и канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија се договорија да го воведат пристапот на Училиште по мерка на детето во образовниот систем на државата. Со ова Македонија се придружи на државите во светот и ја поведе иницијативата во Источна Европа за воведување на холистички пристап, ориентиран кон детето во реформата на образованието во неколку училишта и во целиот образовен систем. Пристапот на УМД за реформа на образованието се заснова на заложбата за обезбедување на високо квалитетно образование за сите деца. Квалитетот се дефинира во однос на пет димензии на образованието: 1) инклузивност, 2) ефективност, 3) здравје, безбедност и продуктивна училишна средина, 4) родова еднаквост и 5) учество и активна партиципација на сите чинители во животот и работата на училиштето и средината. Со оглед на социо-историски контекст Македонија воведе и шеста димензија: 6) почитување на правата на децата и мултикултурализам. Идејата за училиште „по мерка на детето" произлезе од напорите кои беа вложени во текот на 1990-те за поврзување на концептот за квалитетно образование со Конвенцијата за правата на децата. Пристапот УМД има влијание на програмите за основно образование во повеќе држави низ светот. Примената на моделот УМД во Македонија е од големо значење бидејќи тој нуди сеопфатна дефиниција на квалитетно образование базирано на правата на децата. Според УМД училишната заедница е одговоран за идентификување на децата кои не се вклучени во образовниот процес и сите деца кои се вулнерабилни. Признава дека училишната заедница ги прифаќа и момчињата и девојчињата такви кави што се и ги води на безбедни и заштитено место за учење и развој и се злага за еднаква средина за учење за сите деца и полова рамноправност. УМД исто така се залага семејствата и заедницата да бидат вклучени во животот на училиштето, и училиштето треба да биде вклучено во животот на заедницата. Пристапот УМД е особено важен за Македонија бидејќи таа ја ратификуваше Конвенцијата за правата на децата и е обврзана да обезбеди образование за сите. Државата ја усвои Националната програма за развој на образованието која дава рамка за УМД и се обидува да го подобри квалитетот на образованието за сите деца. По однос на овој проект може да ја дадеме следнава забелешка, обуката (семинарите) кои беа реализирани за УМД се спроведоа набрзина, односно на наставниците им се предадени многу информации и се направени повеќе работилници за кратко време од неколку дена, обуката во текот на еден ден траеше приближно 12

часа, обука спроведена на овој начин неминовно створа одбивност кај наставниците кои би требало да ја имплементираат во наставата. Замислата на проектот може да се оцени како добра но за спроведување на овој проект и негово „заживување" во основното образование, би требало значително да се подобрат условите за работа во училиштата. Сепак со проектот се постигнати некои од целите, денес семејствата и заедницата се повеќе вклучени во работата и наставата во основните училишта.

**3.2. Системот и организацијата на основното воспитание и образование во Р.Турција**

Денес образованиeто во Турција исто како правдата, здравството и безбедноста, е една од осоновните функции на државата, затоа се финансира од државата, и се остварува под нејзин надзор и ревизија. Правото на образование е гарантирано со Уставот на државата, а со оформувањето на подсистемите и другите институции кои се занимаваат со дејноста образование е обликуван образованиот систем на Турција.

Системот за образование на Р.Турција се состои од два основни дела, тоа се: формално и неформално образование. Формалното образование ги опфаќа образовните институции за: предучилишно, основно, средно и високо образование. Неформалното образование ги опфаќа сите други образовни активности покрај формалното образование и надвор од него.




Шематски приказ бр. 2

*Образовен систем на Р.Турција*

Првиот степен на турскиот образовен систем е предучилишното образование кое децата го посетуваат по барање од страна на родителите и не е задолжително, овој образовен подсистем ги опфаќа децата од 37 до 66 месеци. Основното образование е задолжително во траење од 8 години, ги опфаќа сите деца на возраст од 6 до 13 години. Средното образование трае 4 години со ново спроведената реформа (4+4+4) од 2012 година е задолжително, ѓи опфаќа учениците од 14 до 17 години. Со спроведената реформа за која ке зборуваме повеќе подолу, високото образование теоретски започнува на 18 годишна возраст а завршува на 21 годишна

возраст, при тоа високото образование најмалку може да биде четири семестри или две години. Фази на високото образование се следниве:

- Виша школа: 2 години (стручни виши школи),
- Факултет: 4 години (факултети и виши школи/ медицинскиот факултет е во траење од 6 години, факултетите за стоматологи и ветерина се по 5 години, групите за наставници во средното образование на факултетите за образовни науки се во траење од 5 години),
- Посдипломски (магистерски) студии: 2 години (во институти)
- Докторат: 3-4 години (во институти)

Со започнување на Болоњскиот процес во високото образование во Турција се направени значајни промени пред се во студиските програми и начинот на оценување на студентите. Како што е во сите Европски држави кои ја имаат потпишано Болоњската декларација така и во високото обраозование во Турција се воведени ЕКТС кредити во зависност од стекнатиот степен на образование, траењето на програмата и други критериуми. Кредитите кои ги стекнуваат студентите во текот на високото образование се изнесени во шематскиот приказ.

Денешниот образовен систем на Р.Турција е формиран врз основа на културното наследство од Османлиската империја и далечното историско минато на турскиот народ. Како во другите држави така и во Р.Турција, системот на образование и сите степени на образование се уредени според законски регулативи, правилници и други документи кои се донесени со оваа цел. Воглавно во светот степените на образование се еден по друг или со завршување на понискиот степен на образование ученикот преминува кон повисокиот.

### 3.2.1. Организација на училишниот живот

Основното образование е единствената институција која е достапна во секое населено место, училиштата се оние кои ја пренесуваат културата, современиот начин на живот во нив се развива свеста за припадност и приврзаност на граѓаните кон државата. Преку основното образование државата ја исполнува својата обврска кон граѓаните. Основното образование претставува основа за понатамошно образование и е темел на целокупното образование. Накратко

можеме да кажеме дека основното образование го припрема поединецот за понатамошниот живот.

Основното образование е темелен образовен подсистем кој им служи на сите граѓани од машки и женски пол во зависност од нивниот физички, психички и морален развој, како и во зависност од нивното воспитание. Основното образование се остварува во институциите за основно образование, за децата машки и женски кои се на возраст за основно образование е задолжително и бесплатно во државните училишта. Задолжителното основно образование ги опфаќа децата на возраст од 6-13 години. Возраста за основно образование за детето започнува со наполнувањето на 5 години до крајот на септември, а трае со наполнување на 13 години и завршува на крајот од учебната година кога детето влегува во 14'тата година. Машките и женските деца со турско државјанство се задолжени да го посетуваат основното образование во јавните или приватни основни училишта (МЕВ İlköğretim ve Eğitim Kanunu No: 222, 1961, член 1-4).

Запишувањето на учениците во основното образование започнува првиот работен ден на месец јуни. Како што наведовме погоре учениците започнуваат со основното образование доколку до крајот на септември наполнат 5 години, меѓутоа во пракса учениците во прво одделение на основното образование се запишуваат доколку до крајот септември наполнат 66 месеци. По барање на родителот ученикот со основното образование може да започне доколку е на возраст од 60 до 66 месеци. Децата кој ќе наполнат 66, 67 или 68 месеци по барање на родителот, оние пак кој ќе наполнат 69, 70 и 71 месец со документ од здравстева установа можат да се пренасочат кон предучилишно образование или почетокот во прво одделение од основното образование да го одложат за една година.

Учениците се запишуваат во најблиското основно училиште и нижо средно училиште на чие подрачје живеат, преку системот е-училиште. Пред да се запишат се формира Комисија за сместување на учениците од пет директори избрани според карактеристиките на училиштата со претседател тоа најчесто е заменик директорот на Дирекцијата за национално образование. По потреба на состаноците може да бидат повикани директори на училишта, претседател на месната заедница, градоначалник и лица овластени од јавни институции. Комисијата одлучува во зависност од капацитетот на училиштата и ги утврдува потребите за превоз на учениците од домот до училиштето. Одговорноста за запишувањето и продолжувањето на децата во задолжителното образование во Турција најпрво ја имаат родителите, продолжувањето на образованието и следењето на ученикот припаѓа и на управата на училиштето, инспекторатот, Дирекција за образование (локална) и др. Родителите кои не ги запушуваат децата

на училиште или доколку ученикот не го продолжи и заврши задолжителното образование се казнувани со парични казни одредени со закон.

Учениците се групираат во паралелки од 1 до 8 одделение во зависност од возраста, бројот на ученици во една паралелка не може да биде повеќе од 40, во приватните училишта не повеќе од 30. Можат да се формираат и комбинирани паралелки во училиштата каде бројот на ученици е мал.

Во приватните основни училишта учениците плаќаат школарина која се одредува според условите за настава во институцијата, развојот на ученикот и услугите кои ќе му се пружат и другите трошкови на институцијата, децата на загинатите припадници на безбедносните структури имаат поголеми права да се школуваат бесплатно, учениците можат да се школуваат бесплатно одреден период или се до завршување на образованието во институцијата. Покрај тоа учениците можат да добијат попуст во школарината од 25%, 50% и 75%. Учениците добиваат стипендија од училиштето во зависност од постигнатиот успех, без при тоа да бидат обврзани за враќање. Беспалтното образование или стипендиите и начинот на стипендирање, условите кои треба да се исполнат, периодот на стипендирање и друго се одредуваат во соработка со Дирекцијата за образование.

Со последните промени од 2012 година направени во системот за основното образование, наспроти досегашната регулатива со која основното образование го сочинувале пет годишно основно училиште и нижо средно училиште во траење од три години но во една образовна институција, основното образование се состои од четири годишни основни училишта и четири годишни нижи средни училишта кои се одделени. Со поранешниот систем за основно образование, задолжителното образование во Турција било осумгодишно или 5+3. Со направените промени се преминува кон систем 4+4+4, од кој 4+4 му припаѓа на основното образование, а последните 4 години му припаѓаат на средното образование, со тоа задолжителното образование од 8 се зголемува на 12 години.




Графички приказ бр. 12

*Задолжително 12 годишно образование, систем 4+4+4*

Задолжителното образование воглавно се реализира во три училишта одделени едно од друго, кои се посебни и независни институции. После оваа реформа е направена промена и во наставните планови и програми за учебната 2012/2013 година. Наставните планови и програми се подготвуваат од страна на Одборот за настава, воспитание и образование при Националното министерство за образование, а ги одобрува Министерот за образование. Овој одбор при изработка на наставните планови и програми ги има во предвид универзалните вредности и стандарди, еднаквоста, ефективноста и ефикасноста на образовниот систем, научноста, општествените вредности, врз основа на наведеното ги развива образовните планови и програми, донесува одлуки за развој на програмите, истражува, одлучува за начинот на примена во праксата. Сите одлуки треба да бидат потврдени од министерот. Во Турција наставните планови за институциите во основното образование се разликуваат меѓусебно во зависност од видот на образовната институција (основното училиште). Наставниот план и програми за државните основни училишта е стандардизиран и единствен во сите училишта, посебни планови се изработуваат за нижите средни училишта (imam hatip) со религиозен карактер од 5 до 8 одделение за разлика од стандардните планови во овие планови има три задолжителни предмети од областа на религијата и моралот. Приватните основни училишта ги користат стандардните планови и програми кои се користат во државните основни училишта, при тоа е дозволено да изработуваат посебни планови и програми под услов истите да бидат одобрени од страна на Националното министерство за

образование. Во приватните малцински училишта наставниот план и програма се разликува по тоа што се изучува јазикот на малцинството како посебен предмет. Различни наставни планови и програми можат да имаат и меѓународните основни училишта под услов да бидат одобрени од страна на Националното министерство за обраозвание. Посебни образовни планови и програми се изработуваат за основните училишта за децата со посебни образовни потреби, основните училишта за уметностите.

Наставните планови ги сочинуваат задолжителни и изборни предмети, неделниот број на часови, нивниот редослед по одделенија, се одредени слободните ученички активности и друго.

Како што наведовме претходно осумгодишното задолжително основно образование се состои од четири годишни основни училишта и четири годишни нижи средни училишта кои се основаат како посебни образовни институции, меѓутоа во зависност од потребите тие можат да се основаат и заедно. Покрај тоа со исклучок понекогаш основните училишта, нижите средни училишта и средните училишта можат и заедно да се основаат (Güven, 2012, стр. 565).

Во четири годишните нижи средни училишта на учениците им се дава можност за избор на различни програми. Во овие училишта учениците се припремаат за средното образование, стекнуваат вештини, напредуваат во развојот и можат да избираат од повеќето изборни предмети. Во спроведената реформа новина е верското образование, кое во нижите средни училишта се изучува преку изборните предмети Курани керим (светата книга на исламот) и Животот на пророкот Мухамед.

По завршувањето на основно училиште ученикот по барање од родителот може да продолжи во верско училиште (imam hatip), нижо средно училиште со религиозен карактер дел од основното образвание која исто како претходно наведеното нижо средно училиште трае 4 години (5-8 одделение), со тоа ученикот го завршува основното обраозвание од 8 години, а потоа продолжува со средното образование кое исто така е задолжително.

Запишувањето на учениците, одморите, почетокот и крајот на летниот распуст се одредуваат во зависност од работниот календар. Почетокот на учебната година, полугодишниот распуст и прекинот на наставата го одредува Националното министерство за образование. Односно може да кажеме дека учебната година обично започнува во средината на септември, а учебната година завршува во средината на јуни. Основните училишта годишно не би требало да имаат помалку од 180 работни денови, полугодишниот распуст трае две недели тој може да биде

во месец јануари или февруари. Неработни се државните верски и национални празници, доколку учениците на националните празници учествуваат на претставите тогаш тој ден се брои како работен. Еден наставен час трае 40 минути, во зависност од возраста на ученикот можат да се реализираат и блок часови, одморите се во траење од најмалку 10 минути, големиот одмор или одморот за исхрана на учениците е 20 минути. Учениците во текот на еден ден за исхрана и одмор имаат од 40 до 60 минути кој се користат после секој час. Во училиштата со пансиони одморот за учениците е два часа дневно. Неделното оптоварување за учениците од 1 до 4 одделение е 30 наставни часа, а за учениците од 5 до 8 одделение е 35 наставни часа. Наставата се изведува во две смени, првата смена започнува со настава во 7:30 часот завршува во 12:35 часот, а втората смена започнува со настава во 12:35 завршува во 17:40 часот. Претпладне настава посетуваат учениците од 5 до 8 одделение, а попладне од 1 до 4 одделение, смените во текот на учебната година не се променуваат. Учениците во училиштето се обврзани да носат униформи. Учениците имаат обезбеден превоз (сервис) до основното училиште финансиран од државата, од населеното место каде што живеат до најблиското централното или регионално основно училиште. Државата обезбедува превоз за сите ученици во основното образование за кои е утврдено дека е неопходен, освен за учениците кои следат настава во приватните основни училишта.

Персоналот во институциите за основно образование (основно училиште и средно школо), во зависност од тоа дали во нив има нулта група (одделение пред ученикот да започне со редовното основно образование) и одделение за лица со посебни потреби е следниов (MEB İlköğretim ve Eğitim Kanunu No: 222, 1961, член 14):

a) Директор и заменик на директорот;
b) Наставници: одделенски наставник, предметен наставник, воспитувач, наставник за паралеките за лица со посебни потреби, мобилни наставници и стручни обучувачи (мајстори обучувачи);
c) Стручњаци за советување (водење) и психолошки консултанти (вработени кои соработуваат со сервисите за насочување и советување во рамки на една општина – овие сервиси имаат центри за истржување и советување во рамки на некои образовни институции);
d) Технички, здравствен, административен и персонал за помошни услуги, за потребите на образовните активности може да се вклучи друг персонал;

На крајот од секоја учебна година учениците добиваат свидетелство за успехот во текот на учебната година, а на крајот од 12 годишното задолжително образование диплома.

Ученикот кој ќе заврши 4 години основно училиште со е-училиште системот автоматски се префрлува во нижото средно училиште кое го завршува после 4 години, после тоа во зависност од постигнатиот успех повторно преку системот е-училиште се запишува во соодветното средно училиште (гимназиско, стручно и техничко) во траење од 4 години. Секој ученик се внесува во системот е-училиште во кој се води досие за неговиот развој во текот на образованието, за навремено внесување на податоците одговорна е управата на училиштето и одговорните наставници, оваа досие неможе да содржи информации кои не се педагошки. Со оваа досие се следи редовноста на ученикот, успехот кој го покажува на тестирањето и поените од него, учеството во проекти и други активности, ученикот од системот е –училиште неможе да биде избришан доколку замине во странство и преку овој систем се следи се до завршувањето на задолжителното образование.

Наставата од прво до четврто одделение во основното училиште ја изведуваат одделенски наставници, за наставата од второ до четврто одделение се вклучува предметен наставник по англиски јазик, за предметот религија и етика во четврто одделение се ангажира предметен наставник. Во нижите средни училишта (5-8 одделение) наставата по сите предмети ја изведуваат предметни наставници.

### 3.2.2. Училишна мрежа и видови на основни училишта

Училиштето е воспитно образовна институција каде што по однапред утврден план и програма систематски се организира образованието на луѓето во своите детски и младешки години, и се здобива знаење.

Институции за основно образование се следниве:

А) Задолжителни

1. Основни училишта (дневни, со пансион, со интернат и мобилни училишта);
2. Курсеви и паралелки за дообразување (се основаат за деца кој поради различни причини не моежеле основното образование да го завршат во соодветната возраст);
3. Посебни основни училишта и паралелки кој се основаат за децата со пречки во развојот;

Б) Институции кои се основаат по барање од граѓаните:

1. Институции за предучилишно образование;
2. Курсеви и паралелки за дообразување;

Основното образование: се состои од задолжително основно училиште во траење од 4 години и задолжителна средна школа во траење од 4 години, основното училиште е образовна институција. Во населените места каде бројот на жители е мал, има поголеми климатски промени, проблеми со транспортот на учениците или транспортот е неисплатлив, во такви случаеви учениците од повеќе села се групираат во централно основно регионално училиште со пансион (место за сместување) во едно од селата, во оние региони пак каде неможе да се групираат учениците се формираат регионални основни училишта со интернат. Училиштата со пансиони можат да се основаат по потреба и во градовите, во нив можат да се запишат ученици од сиромашни семејства кои немаат доволно средства за образование на детето. Училиштата од овој вид за прв пат започнуваат да се основаат во 1939 година, нивната основна цел е да обезбедат услови за децата од руралните средини за да можат да го остварат правото на образование. Најголем проблем за руралните населени места претставува малиот број на ученици, па за да се избегне комбинирана настава и за да се обезбеди квалитетна настава и еднакви можности во образованието децата од овие средини учат во училишта со интернати или пансиони. Покрај наведеното за овие ученици во некои населени места се обезбедува превоз до училиштето. Овие училишта вкулучувајќи го и превозот до нив се финансирани од државата, тие се основаат во едно село или град, а во нив следат настава ученици од сите села во тоа подрачје. Со ново направените промени во основното образование и системот 4+4+4, во училиштата со интернат ќе престојуваат само учениците од 5, 6, 7 и 8 одделени или учениците кои посетуваат средна школа. Помалите ученици од 1, 2, 3 и 4 одделение поради возраста нема да престојуваат во училиштето по реализацијата на часовите, за нив ќе се обезбеди превоз од домот до училиштето, или учениците од повеќе населени места ќе бидат групирани во едно централно училиште.

Друг вид на училишта се основните мобилни училишта, во нив се вработуваат наставници кои се мобилни исто како училиштето. Во овие училишта можат да се отворат курсеви и паралелки за дообразување, за возрасните кои немаат стекнато основно образование. Населението кое живее на село може привремено да мигрира за работа и производство по потреба или кога тоа е неопходно во јајла (висорамнина) и на места каде има лозје, во такви случаеви селското училиште, заедно со населението од селото би требало да биде подготвено да мигрира и биде подготвено да продолжи со секојдневните работни задачи во местото каде ќе се пресели.

Курсевите и паралелки за дообразување се основаат за деца кои се на возраст за задолжителното основно образование, меѓутоа од различни причини заедно со своите врсници неможеле да го завршат основното образование, на овој начин по скратена постапка го завршуваат основното образование, на овој начин овие деца се стекнуваат со повеќе знаења кои ќе можат да ги користат во наредниот период кога ќе се вработат.

За децата кои се на возраст на задолжителното основно образование но од психо-физичка, духовна и социјална попреченост неможат да го следат образованието се организира настава за лица со посебни потреби. Во зависност од хендикепот кој го имаат овие лица се основаат училишта со цел овие деца и млади да се опфатат во образовниот систем. Овие училишта ги опфаќаат учениците кои имаат една од следните пет категории на хендикеп: ученици со оштетен вид, оштетен слух, ортопедски хендикеп, пречки во психо-физичкиот развој и деца со боледување од подолг временски период. Ќе наведеме некои од овие училишта:

1. Основно училиште за лица со оштетен вид;
2. Основно училиште за лица со оштетен слух;
3. Гимназија за лица со оштетен слух со повеќе наставни програми;
4. Основно училиште за лица со ортопедски хендикеп;
5. Средно стручно училиште за лица со ортопедски хендикеп;
6. Основно училиште во рамки на болница;
7. Училиште за настава (образование) и пракса ( за учениците со пречки во психо-физичкиот развој, за оние кој можат да научат);
8. Центар за образование и работа (за возрасни со психо-физички пречки);
9. Центар за наука и уметност (за ученици кои имаат некој посебен талент);
10. Издавачка куќа и вечерно училиште за уметности, за учениците со оштетен вид;
11. Одделенија за учениците со посебни потреби;




Графички приказ бр. 13

*Видови основни училишта за лица со посебни потреби*

Покрај основните училишта имаме наведено и средни училишта, од причина што во Турција сите училишта за лицата со посебни потреби се прифатени како една целина. Образование за лицата со посебни потреби започнува со предучилишното образование, а завршува со средното образование. Покрај државни овие училишта можат да бидат и приватни.

Во предучилишно институции по барање од граѓаните се образоваат деца чија возраст не влегува во задолжителното образвание. По барање од граѓаните се отвораат паралелки и курсеви за дообразување на граѓаните чија возраст е поголема од возраста за основно образование, оваа настава се реализира со цел граѓаните да се стекнат со повеќе знаења кои во иднина ќе допринесат за подобро работно место и поголема продуктивност. Овие институции се основаат од физички и правни лица, општини, локалните власти и државата. Училиштата од овој вид работат по принципот на далечинско образование и уште се наречени отворени основни училишта. Тие се во надлежност на Општата дирекција на Министерството за образование, во провинциските региони овие училишта се организираат во Бироата за ученици. Персоналот на

овие институции се состои од директор, заменик директор, наставници и друго (Türk, 1999, стр. 131).

Како што имаме наведено претходно со членот 42 од Уставот на Р.Турција се овозможува приватно основно и средно образование, кое се регулира со Законот за приватни образовни институции под број 5580 донесен во 2007 година. Со овој закон и правилниците кои произлегуваат од него се регулира отворањето и работата на приватните основни училишта.

За да може да се основа приватно основно училиште задолжително мора да се добие дозвола, затоа основачот покренува постапка до Дирекција за образование (локална). Откако ќе се направат потребните анализи и ќе се добие дозвола за основање од гувернерот (неговата институција), постапката продолжува во Националното Министерство за образование. Доколку Дирекцијата за образование не издаде дозвола за основање на приватно училиште, претставникот на основачот на училиштето има право на жалба до Националното Министерството за образование. За да се издаде дозволата зградата на училиштето треба да биде погодна и да ги исполнува стандардите поставени од Министерството, покрај тоа институцијата да има доволно наставни средства потребни за остварување на целите и потребите, одредување на персоналот на институцијата и исполнување на потребните критериуми за вработување од страна на раководството, наставниците и другиот персонал, правилниците и програмата на училиштето треба да бидат одобрени од Министерството. Именувањето на училиштето се врши според Правилникот за приватни образовни институции. Наставата и управувањето во приватните училишта е во согласност со принципите и целите на образовниот систем. Наставните програми и распоредот на часови во приватните образовни институции во основа е слична со државните образовни институции. Различни наставни програми и распоред на часовите може да се применуваат со одобрение на Министерството. Приватните образовни институции се контролирани од страна на Министерството, при тоа се контролира и правилникот на институцијата. Едно лице може да биде основач на повеќе приватни образовни институции, основачот доколку ги исполнува условите може да биде директор на институцијата. Работата на институциите неможе да биде базирана само за заработка, тие без да излезат од целите на турскиот образовен систем треба да го подобрат квалитетот во наставата, да создадат можности за развој и услови преку инвестирање да допринесат учениците да имаат подобра услуга.

Во сите образовни подсистеми можат да се видат приватни училишта кои се основани од физички и правни лица државјани или странци. Овие училишта по видот и работата се слични со државните училишта, меѓутоа образованието овде го финансираат учениците

односно се наплатува школарина чија висина се одредува според Законот за приватни образовни институции и Правилникот за приватни образовни институции (Türk Eğitim Sisteminin Örğutlenmesi 2011, стр. 112).

Приватните основни училишта во рамките на образовниот систем се групирани во четири посебни групи, тоа се:

1) Приватни турски училишта: градинки (предучилишни установи), основни и средни училишта основани од физички и правни субјекти граѓани на Р.Турција во кои се применуваат програми како во другите официјални училишта основани од државата. Приватни основни училишта можат да се основаат и за децата со посебни потреби;
2) Приватни малцински училишта: тоа се училишта кои се основани во периодот на Османлиската империја од страна на малцинствата, Грци, Ерменци и Евреи, статусот на овие училишта се гарантира со договорот од Лозан. Во овие училишта следат настава ученици од наведените малцинства кои се граѓани на Турција во следниве образовни степени: предучилишно, основно и средно образование;
3) Приватни странски училишта: тоа се училишта основани во периодот на Османлиската империја од Франција, Германија, Италија, Австрија и Америка, овие училишта функционираат до денес нивната работа се гарантира со договорот од Лозан. Денес овие училишта може да ги посетуваат сите граѓани;
4) Приватни меѓународни училишта: во овие училишта се образуваат само ученици од странство. Програмите се припремаат од од страна на управата на овие училишта, а се одобрува од Националното Министерство за образование на Р.Турција, под услов програмите да не се во спротивност (косат) со интересите и безбедноста на државата. При подготовката на програмите се внимава на статусот на учениците. Овие училишта ги основаат странци или странци во партнерство со граѓани на Р.Турција;
5) Покрај училиштата има и приватни одделенија нивната задача е периодично да организираат настава и тестови за учениците од основното и средното образование во рамките на наставниот план и програма на Националното Министерство за образование. Истите ги припремаат учениците за приемните испити за средните училишта;




Графички приказ бр. 14

*Видови приватни основни училишта*

Во приватните основни училишта каде наставата не се реализира на турски наставен јазик, турскиот јазик и литература се изучуваат како задолжителени предмет. Покрај предметите турски јазик и литература, во овие училишта може и по некои други предмети наставата да се реализира на турски јазик.

Основни училишта за уметностите можат да се основаат како посебни образовни институции со цел да напредуваат децата кои се талентирани во одредена област од уметностите. Овие образовни институции за основно и средно образование може да се основаат и при државни конзерваториуми (институции за високо образование при универзитетите).




Графички приказ бр. 15

*Видови на училишта за основно образование во Р.Турција*

Табела бр. 18

*Бројки во основното образование во зависност од видот на основното училиште и образовните институции за основното образование во учебната 2010/2011 година*

| **Основно Образование** | **Училишта** | **Ученици** | **Наставници** | **Паралелки** |
|---|---|---|---|---|
| | 32.797 | 10.981.100 | 503.328 | 339.653 |
| **Видови на основни училишта:** | | | | |
| **Јавни образовни институции** | 31.588 | 10.289.370 | 468.679 | 317.658 |
| **Јавни основни училишта** | 31.049 | 10.041.807 | 455.689 | 308.286 |
| **Регионални основни училишта со интернати** | 492 | 199.011 | 9.851 | 8.677 |
| **Основни училишта за лица со посебни потреби** | 303 | 19.177 | 5.225 | 3.493 |
| **Отворени основни училишта (училишта за возрасни)** | 1 | 404.879 | / | / |
| **Приватни институции за основно образование** | 898 | 267.294 | 29.424 | 18.460 |
| **Приватни турски основни училишта** | 738 | 261.090 | 27.208 | 16.643 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Приватни основни училишта за лица со посебни потреби** | 118 | 3.431 | 1.64`7 | 1.522 |
| **Приватни малцински основни училишта** | 34 | 2.314 | 415 | 231 |
| **Приватни меѓународни основни училишта** | 7 | 417 | 145 | 57 |
| **Приватни странски основни училишта** | 1 | 42 | 9 | 7 |

*Извор: Milli Eğitim İstatistikleri: Örgün Eğitim 2010-2011-Статистика за националното образование: Формално образование 2010-2011*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Во табелата се наведени сите видови на основни училишта во Турција и податоци за бројот на училишта, ученици, наставници и паралелки. Во Турција има 32.797 редовни основни училишта со 10.981.100 ученици, 503.328 наставници и 339.653 паралелки, најголем дел од основните училишта се јавни образовни институции;
- Регионални основни училишта со интернати во кои учениците следат настава и престојуваат во Турција има 492, со 199.011 ученици, 9.851 наставник и 8.677 паралелки;
- Специјални основни училишта во Турција има 303, со 19.177 ученици, 5.225 наставници и 3.493 паралелки. Во основните училишта за возрасни или отворените основни училишта во Турција има 404.879 ученици;
- Во Турција се основаат и приватни основни училишта, вкупниот број на приватни образовни институции изнесува 898 со 267.294 ученици, 29.424 наставници и 18.460 паралелки. Од нив најголем е бројот на приватните турски основни училишта 738, потоа на приватните основни училишта за лицата со посебни потреби 118 училишта, приватни малцински основни училишта има 34, 7 од приватните училишта се странски и 1 училиште е меѓународно;

### 3.2.3.Опфатеност на популацијата во основното воспитание и образование

Со прогласувањето на Републиката се направени коренити промени во образованието со цел намалување на неписменоста, бидејќи во тој период процентот на неписмени е многу голем особено во руралните средини. Еден од тие чекори и најважен е задолжителното основно образование гарантирано со Уставот од 1924 година, после тоа населението се мобилизира и процентот на неписмени или опфатот на населението во образованието секоја година се зголемува. Сметаме дека од значење е да го прикажеме нето опфатот од 12 години (2001-2013) во основното образование.

Табела бр. 19

*Опфат на популацијата во основното образование – нето (2001-2013 година)*

| Учебна година | Вкупно % | Машки (%) | Женски (%) | Разлика во опфатот (М% - Ж%) |
|---|---|---|---|---|
| 2001-2002 | 92,4 | 96,2 | 88,45 | 7,75 |
| 2002-2003 | 90.98 | 94,49 | 87,34 | 7,15 |
| 2003-2004 | 90.21 | 93,41 | 86,89 | 6,52 |
| 2004-2005 | 89,66 | 92,58 | 86,63 | 5,95 |
| 2005-2006 | 89,77 | 92,29 | 87,16 | 5,13 |
| 2006-2007 | 90,13 | 92,25 | 87,93 | 4,32 |
| 2007-2008 | 97,37 | 98,53 | 96,14 | 2,39 |
| 2008-2009 | 96,49 | 96,99 | 95,97 | 1,02 |
| 2009-2010 | 98,17 | 98,47 | 97,84 | 0,63 |
| 2010-2011 | 99,36 | 99,51 | 99,21 | 0,30 |
| 2011-2012 | 98,67 | 98,77 | 98,56 | 0,21 |
| 2012-2013 | 98,86 | 98,81 | 98,92 | 0,11 (повеќе женски) |

*Извор: Статистика за национално образование, Национални образовни статистики формално образование 2012/2013 – Milli eğitim istatistikleri Örgün eğitim 2012/2013.*




Графички приказ бр. 16

*Опфат на популацијата во основното образование – нето (2001-2013 година)*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Во периодот од десет години од учебната 2001/2002 година до учебната 2012/2013 година опфатот на учениците континуирано се зголемува, без разлика на полот;
- Кај машките ученици опфатот во основното образование е зголемен за повеќе од 3%, а кај женските ученици околу 11% што е од големо значење за еднаквоста и рамноправноста на учениците пред институциите за основно образование без разлика на полот, кое право се гарантира со Уставот на земјата, законите и правилниците за основното образование;
- Разликата во опфатот на учениците од машки и женски пол во основното образование учебната 2001/2002 година кога опфатот на машките ученици е поголем за 7,75% во однос на женските, се изедначува дури опфатот на женските ученици во учебната 2012/2013 година за 0,11% е повеќе во однос на машките ученици;

♦ Во учебната 2012-2013 година опфатот на учениците во основното образование во Турција е 99,86%, со што се приближува до целосен (100%) опфат во основното образованието;

Р. Турција целосниот опфат на популацијата на возраст на основното образование го планира во учебната 2013-2014 година.

### 3.2.5. Наставен кадар во основното образование

Наставничката дејност е дефинирана како посебна професија, која ги презема образовните и воспитните функции на државата и управувањето со образованието. Наставниците се обврзани своите работни перформанси да ги прилагодат во согласност со целите на турскиот образовен систем и основните принципи. Подготовката за наставничката професија се одвива низ три фази: општа култура, образование во областа и педагошка обука. Сите кандидати идни наставници се обврзани да имаат стекнато високо образование, на тој начин ќе ги задоволат потребните квалификации за наставник.

Иницијалното образованието на наставниците за предучилишно, основно и средно образование во Р.Турција е во рамките на Универзитетите. Воглавно наставниците за образовните подсистеми се образоваат во Факултетите за образовни науки. Во Турција денес има 97 Факултети за образовни науки. Образованието за наставниците во предучилишно и основно образование (одделенска и предметна настава) се реализира според наставни програми во траење од 4 години (факултет), иницијалното образование на наставниците за средно образование е во трење од 5 години (постдипломски студии). За предметите физичко образование, ликовно, музичко, компјутер (информатика) кои ги има во основното и средното образование образованието на наставниците е 4 години. Покрај тоа дипломираните од Факултетот за природни науки и литература, кои ќе се стекнат со потребната педагошка формација за наставници можат да се вработат како наставници. Факултетите за образовни науки кои се државни или во сопственост на фондациите имаат иста структура и наставни програми. Структурата и програмите за настава на овие факултети директно се поврзани за Комитетот за високо образование (Yükseköğretim Kurulu), при тоа акредитацијата за овие програми се добива од оваа институција. Во основа Министерството за образование и Факултетите за образовни науки соработуваат во врска со образованието на наставниците (Türk Eğitim Sisteminin Örğutlenmesi - 2011, стр.210).

Факултетите за образовни науки во својот состав имаат повеќе групи за иницијално образование на наставниците. Ние ќе ги наведеме оние кои ги има во повеќето Факултети, бидејќи може да се случи групи и програми кои ги има во еден Факултет за образовни науки да ги нема во друг Факултет за образовни науки или програмите во рамките на групите да бидат различно распоредени. Сепак секој од факултетите ги има следниве групи: група за основно образование (предучилишно воспитание и образование, одделенска настава, природни науки, математика, општествени науки), група за турски јазик, група за странски јазици (англиски, француски, германски и други), група за уметности (музичка уметност, ликовна-работна уметност), група за посебно образование (образование за посебни потреби, образование за надарени), група за компјутери и образовна технологија, група за физичко образование и спорт, група за верска-култура и морал и други. Покрај наведените на овие факултети има групи за секаков друг кадар вклучен во основното образование, како што се групата за контрола, управување, планирање и раководење со образование, групата за наставна програма и настава, групи за стручњаци за советување (водење) и психолошки консултант и други. Со стекнување на високото образование на Факултетот за образовни науки идните наставници добиваат 240 ЕКТС кредити. Наставниците во Турција имаат статус на државни службеници, ги имаат сите права, надлежности и забрани кои се поставени за државните службеници. Имаат гарантирани работни места, покрај тоа со новите измени направени од Министерството за образование некои наставници имаат привремен статус и се вработени со договор. Гарантираното вработување за наставниците е одредено со два статуси со постојано работно место и персонал со доживотно вработување.

Според Законот за државни службеници бр. 657 член 48 наставниците би требало да ги исполнуваат општите услови за вработување тоа се: да се државјанин на Р.Турција, да се на возраст од 18 години, да имаат стекнато најмалку високо образование (факултет), психо физички способен, да не се осудувани една година или повеќе и друго. Покрај наведеното во законот, вработуваањето и работното место на наставниците е одредено со посебни услови во Правилникот за распоред (вработување) и промена на работното место на наставниците (MEB Öğretmenlerinin Atama ve Yer Değiştirme Yönetmenliği, 2013).

Изборот на наставници се врши од страна на Националното министерство за обраозвание, квалификациите кои се бараат од наставниците се одредени од Министерството. Со цел планирање на потребите од кадар во образованието се формира Одбор за планирање и вреднување на образовниот персонал. Овој одбор има за задача да го следи изборот, вработувањето, да ги рангира кандидатите во листи според освоените поени, да ја констатира стручната област на наставниците, начините на кои ќе се врши промена на работното место на

наставниците, ги одредува институциите каде ќе се вработи наставниот кадар, одржува рамнотежа во врабтувањето и рапоредот на наставниците на ниво на држава и друго. Сите одлуки на овој орган се земаат со мнозинско гласање, а влегуваат во сила доколку се оценат за поволни и од страна на Министерот за обраозвание. Сличен на овој одбор се формира на локално ниво, тој ги врши истите работи во општината каде се наоѓа, и допринесува за подобро следење на состојбите при вработување на образовниот кадар во општината.

Покрај наведените услови за вработување наставниците би требало да ги исполнуваат условите од Правилникот за распоред (вработување) и промена на работното место на наставниците (исто, член11). Тоа се следниве:

1. Образовната програма на високо образовната институција каде кандидатот за наставник го стекнал образованието треба да биде соодветна на работното место (областа), тоа го одредува Одборот за образование и воспитание;
2. Кандидатот за наставник успешно да има завршено една од образовните програми на Националното министерството за обраозвание во соработка со Одборот за високо обраозвание, за средно образование- да има стекнато високо образование во областа во која ќе реализира настава и постдипломски студии без магистерски труд, педагошка обука, сертификат за одделенски наставник во основно обраозвание и сертификат за англиски јазик за кандидатите за наставници по англиски јазик;
3. За наставниците кои високото образование и педагошката обука ја стекнале во странство, треба да извршат нострификација во високо образовните институции, според програмите во нив и при Одборот за високо образование;
4. Наставниците да немаат здравствени проблеми, кои ќе им сметаат при извршувањето на наставничките задачи во променливи климатски услови, во сите региони во Турција;
5. Наставниците би требало да добијат минимум и повеќе од поените кои ги одредува Министерството за образование од Испитот за избор на државни службеници (персонал);
6. Од оние кои претходно биле разрешени од работното место наставник кандидат (приправник), за повторно аплицирање треба да поминат 3 години од последната апликација;

7. Да немаат кривично дело и казна со која можат да бидат разрешени од работното место (професијата наставник), за оние кои имаат кривично досие одлуката дали да бидат вработени ја донесува Комисија за контрола на кривично досие;
8. За оние кои прв пат ќе аплицираат за наставници, на првиот ден од апликацијата не треба да имаат ни еден ден повеќе од 40 години. Од оние кои претходно биле вработени договорно и од оние кои биле успешни во претходното вработување на денот на апликацијат можат да имаат повеќе од 40 години;

Вработувањето и распоредот на наставниците на работните места се врши врз основа на потребите од кадар утврдени од Министерството за образвание, резултатите од Испитот за избор на државни службеници (KPSS) каде треба да се стекнат најмалку 60 поени од вкупно 100, изборот на општина и училиште од страна на кандидатите, изборот се врши отворено пред кандидатите од страна на Министерството за образование (центално ниво) по електронски пат. Во основа местото каде ќе биде вработен се одредува според Испитот за избор на јавни службеници и освоените поени од испитот (Şişman, M., Taşdemir, İ., 2008, стр. 209).

Вработените наставници (одделенски и предметни), стручни обучувачи и мајстори обучувачи во приватните институции за основно образование треба да ги поседуваат истите квалификации како оние во државните образовни институции. Тие се одговорни за подобрување на квалитетот во наставата, ги извршуваат сите работни задачи според законските регулативи и правилници, како и задачите кои ќе им ги даде директорот на институцијата. (MEB Özel Öğretim Kurumları Yönetmenliği, член 33, 36) .

Стручните обучувачи се вработуваат договорно најмногу 12 месеци во текот на годината. Тие покрај општите услови за наставник би требало да имаат работено во стручната областа најмалку 5 години и треба да имаат високо образование. Тие имаат обврски во текот на целата недела работното време за нив е 8 часа дневно, од 8 часот до 23 часот може да бидат ангажирани во текот на целиот ден. Стручните обучувачи работните задачи ги добиваат од директорот на образовната институција. Тие покрај обуките на наставниците како што се симпозиуми, курсеви, семинари, може да организират обука за учениците, за време на часовите понекогаш се ангажирани како демонстратори каде управуваат со наставните средства (Правилник за стручните обучувачи и мајстори обучувачи кои се вработени договорно и изведуваат дополнителни часови во образовните институции на Националното Министерство за обраозвание -

Milli Eğitim Bakanlığı Kurumlarında Sözleşmeli veya Ek Ders Görevi ile Görevlendirilecek Uzman ve Usta Öğreticiler Hakkında Yönetmelik).

3.2.4.1.Наставник стажер (кандидат)

По изборот кандидатот за наставник се вработува во образовна институција и се стекнува со статус наставник стажер, со статус „стажер" се стекнуваат сите државни службеници, стекнувањето на статусот наставник се регулира со Правилникот за обука на кандидати за службеници на Националното министерството за образование. Овој период е во траење од една до две години и не може да биде подолг од две години. Во текот на овој период кандидатите поминуваат низ неколку етапи на обука тоа се: основна (темелна) обука, подготвителна обука, применета (пракса, стаж) обука на крајот од обуката следуваат испити.




Графички приказ бр. 17

*Обука на кандидатите за наставници*

Оние кои ќе бидат успешни на сите обуки стануваат наставници, односно се укинува статусот наставник стажер (кандидат). Етапите на обука следат една по друга за нив се

одредени принципи и образовни програми според кои се реализираат. Основната (темелна) обука и подготвителната обука се реализираат во Центри за образование одредени од страна на Одборот за управување со центрите за образование, а применетата обука или стажот во основа се реализира во училиштето каде е вработен наставникот стажер. Одборот за управување има и други задачи тоа се обезбедување на потребните материјали за обука, подготовка на образовните програми, одредување на испитните прашања според темата за која се однесуваат, одредување на квалификациите на персоналот кој ќе следи обука, соработка со други институции, следење и контрола на обуката и друго. За спореведување на испитот се формира комисија која го спроведува испитот во зависност од одлуките на Одборот за управување со центрите за образование, ги објавува резултатите од испитот и ги разгледува жалбите кои се однесуваат на резултатите од испитот. Основната (темелна) обука има за цел кандидатите да се стекнат со основни знаења за државни службеници. На обуката се обработуваат општи теми за системот и државното уредување како што се: Устав на Р.Турција, законски акти (Закон за државни службеници и други), човекови права и одговорности, органи на Републиката, принципите на Ататурк и друго. Основната (темелна) обука е во траење од 50 часа, заедно со испитот кој се спроведува на крајот од обуката не е во траење помалку од 10 дена и не е повеќе од два месеци. Подготвителната обука има за цел кандидатите да се прилагодат на работното место за кое конкурирале и да се стекнат со знаења и вештини потребни за ефикасно извршување на работните задачи, запознавање на институцијата/институциите, законски акти од областа на образованието и друго. Подготвителната обука е во траење од 110 часа, заедно со испитот кој се спроведува на крајот од обуката не е помалку од еден месец и не е повеќе од три месеци. Применетата (стаж) обука има за цел во текот на обуката покрај теоријата кандидатот да се стекне и со практична работа во зависност од кадарот и задачите кои треба да ги исполнуваат на работното место и да ги применат стекнатите вештини и знаења преку практична работа, на тој начин се стекнуваат со стаж. Оваа обука започнува со завршувањето на претходните обуки, трае 220 часа не помалку од два месеци и повеќе од пет месеци. Во текот на оваа обука кандидатот би требало да има ментор, наставник кој ќе ги поседува потребните квалификации од иста стручна област, кој има долго искуство во професијата, успешен на работното место, во текот на обуката задолжително се обезбедени потребните наставни средства и други материјали кои се употребуваат по предметот, по кој кандидатот за наставник ќе изведува настава. Кандидатите задолжително учествуваат на сите активности во училиштето каде се ангажирани, курсеви, семинари, конференции, помагаат на дежурните наставници, влегуваат на час заедно со менторот, меѓутоа не изведуваат настава. Во текот на применетата обука или стажот кандидатот се запознава со сите потребни работни задачи на својата професија. На крајот од оваа обука кандидатот може да добие најмногу 100 поени,

поените се освојуваат на следниов начин, општи квалификации 10 поени, дисциплина 15 поени, работа 15 поени, соработка 5 поени, доверба 5 поени и професионално знаење 50 поени. Стажер наставникот или кандидатот за наставник се смета за успешен доколку од вкупно освоените поени на обуката, има освоено аритметичка средина од 60 или повеќе поени. Кандидатите кои нема да бидат успешни на една од обуките, истата обука може уште еднаш да се повтори. Претпоставените кои го одобруваат преминувањето од стажер-наставник во наставник, се должни овој наставник да го задржат вработен во својата институција најмалку 6 месеци.

Работното место на наставиците се одредува секоја година во месец август, во основа сите наставници работат во различни региони (обично надвор од местото на живеење). Работното место наставниците можат да го променат по 3 години и да побараат да работат како наставници во училиште во друг регион или општина. Од значење е да се напомене дека 10% од квотата на наставниците по физичко образование е одделена за националните спортисти, покрај тоа се одредува квота за лицата со посебни потреби.

### 3.2.4.2.Напредување на наставниците во кариерата

Наставниците можат да напредуваат во својата кариера има три степени на напредување тоа се: кандидат за наставник, наставник-стручњак, главен наставник. Оние кои успешно ќе го завршат периодот наставник стажер (кандидат) се вработуваат како наставници. За напредување во кариерата наставниците би требало да имаат одреден број на години со стаж, па така за напредување во звањето наставник-стручњак наставникот би требало да има 10 години стаж, а за главен наставник како наставник стручњак би требало да има стаж од 5 години. Наставниците се вреднуваат според образованието и дали напредуваат во него (постдипломски и докторски студии), учество на активности (научни, културни, уметност и спортски активности) и успех во работата, како основа се земаат поените и Испитот за напредување во кариерата. Вреднувањето се состои од 100 поени. Поените се добиваат според следново 10 поени за стаж, 20 поени за образование (постдипломски или докторски студии), 10 поени за активности, 10 поени за успех во работата и 50 поени од испит. Наставниците се рангираат според освоените поени на испит, за да можат да бидат вреднувани би требало да освојат најмалку 60% од поените на испитот. Испитот се спроведува еднаш годишно од страна на Центарот за мерење, избор и поставување (ÖSYM). Наставниците кои во својата стручна област или во областа на

образованието се стекнале со постдипломски степен на образование кои сакаат да напредуваат во кариерата наставник-стручњак не полагаат испит, а оние кои сакаат да напредуваат во кариерата како главен наставник при тоа се имаат стекнато со докторски степен на образование не полгаат испит за да напредуваат во кариерата. Во овој случај овие наставници се вреднуваат во зависност од стажот, активностите на кои учествувале и успех во работата. Наставниците кои се ослободени од испит за да напредуваат во кариерата како наставник-стручњак би требало да имаат 7 години стаж како наставник, истото се однесува и за оние кои ќе напредуваат во главен наставник, односно да имаат 7 години стаж како наставници (Öğretmenlik Kariyer Basamaklarında Yükselme Yönetmenliği No.25905, 2005, член 9).




Графички приказ бр. 18

*Напредување на наставниците во кариерата*

Комисијата за вреднување на испитот кој го полагаат кандидатите за напредување во кариерата се состои од следниве членови:

- Директорот или заменик на директорот на Генералната дирекција за човекови ресурси - претседател на комисијата;
- Генерална дирекција за човекови ресурси: двајца шефови на одделенија, еден директор на подрачно одделение и еден стручњак;
- Генерална дирекција за новости и наставна технологија: еден шеф на одделение, еден директор на подрачно одделение и еден стручњак;
- Генерална дирекција за доживотно учење: еден директор на подрачно одделение;

Комисијата се состои од вкупно 8 членови, покрај нив има уште 8 членови од истите институции кои се замена, во случај да неможе да дојде членот кој е избран на негово место доаѓа неговиот заменик. По потреба може да се повикаат членови од дирекции за основно, средно, стручно и техничко образование. Слична на оваа комисија се формира на локално ниво, каде се одредува кои кандидати ќе полагаат Испит за напредување во кариерата, се одредува според ранг листа на кандидати според претходно направено вреднување кое се испраќа на Генералната дирекцијата за човекови ресурси при Националното министерство за образование, оваа комисија ја утврдува подобноста на кандидатот за напредување во кариерата. Комисијата за вреднување на наставниците формирана на локално ниво се состои од 6 членови тоа се: еден заменик на директорот на Локалното одделение на Националното министерство за образование или директор на подрчно одделение, директор од Дирекцијата за доживотно учење, еден инспектор за основно образование и тројца директори од институциите за образование односно училишта, се определува нивна замена од 6 заменици членови.

На крај се изработува ранг листа на освоени поени од испитот на кој кандидатите би требало да имаат најмалку 60 за да се сметаат за успешни (положени). Ранг листата се однесува за сите кандидати на ниво на држава, напредуваат во звањата само најуспешните кои добиле најмногу поени на листата во зависност од квотата одредена од Националното министерството за образование, Министерството може квотата да ја зголеми.

### 3.2.4.3.Професионален развој на наставниците

Професионалниот развој (обуки, семинари, курсеви и др.) на наставниците во државните основни училишта е надлежност на Генералната дирекција за образование и професионален развој на наставниците (сектор на Министерството за образование). На локално ниво се основаат Центри за образование и Институти за професионално образование, кои се обврзани да ги вршат потребните активности за обука на наставниците и другиот персонал во образовните институции, овие Центри за образование и Институти за професионално образование се во надлежност на Генералната дирекција за образование и професионален развој на наставниците. Генералната дирекција за образование и професионален развој на наставниците и Генералната дирекција за човекови ресурси, изработуваат годишен план и програма за професионалниот развој на наставниците, кој се одобрува од министерот.

Приватните образовни институции ги превземаат сите потребни мерки за професионален развој на наставниците. Покрај тоа тие можат да обезбедат услуги за професионален развој на персоналот од Министерството за образование. Пред да се организираат образовни активности (обуки) за персоналот училиштето го известува гувернерот (MEB Özel Öğretim Kurumları Yönetmenliği, член 33, 36) .

Сметеме дека би било од интерес доколку дадеме податоци за бројот на наставници и просечно број на ученици по наставник од учебната 2001/2002 до 2012/2013 година или период од 12 години.

Табела бр. 20

*Број на наставници и сооднос ученици по наставник*

| Учебна година | Број на наставници | Број на ученици по наставник |
|---|---|---|
| **2001/2002** | 372.687 | 28 |
| **2002/2003** | 373.303 | 28 |
| **2003/2004** | 384.170 | 27 |
| **2004/2005** | 401.288 | 26 |
| **2005/2006** | 389.859 | 27 |
| **2006/2007** | 402.829 | 26 |
| **2007/2008** | 445.452 | 24 |
| **2008/2009** | 453.318 | 23 |
| **2009/2010** | 485.677 | 22 |
| **2010/2011** | 503.328 | 21 |
| **2011/2012** | 515.852 | 20 |
| **2012/2013** | 551.802 | 20 |

*Извор: Образовни статистики – Државен завод за статистика на Р.Турција, Национални образовни статистики формално образование 2012/2013 – Milli eğitim istatistikleri Örgün eğitim 2012/2013.*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Бројот на наставници започнувакќи од учебната 2001/2002 до учебнаа 2011/2012 година значително се зголемува, зголемувањето на бројот на наставници е од значење за подобрување на ефективноста и квалитетот во наствата;
- Бројот на ученици по наставник постојано се намалува како последица на зголемувањето на бројот на наставници, имајќи во предвид дека бројот на

ученици во Турција во основното образование е во постојан пораст, од 28 ученици по наставник во 2001/2002 учебна година до учебната 2012/2013 година се намлил на 20 ученици по наставник;

### 3.2.6. Реформи во основното образование

Државата спроведува реформи во образовниот систем за да може да ги надмине образовните проблеми со кои се соочува образовниот систем со развојот и современиот начина на живот. Затоа во рамките на Министервото за образование се додавани нови сектори и органи кои ќе одговорат на потребите. Во последните години во Турција се забележуваат динамични промени во сите сфери на образовниот сектор. Во врска со оваа, во образовниот систем и образовните институции се прават промени, со кои воедно се мери успехот (перформансите) на овие институции (Türk Eğitim Sisteminin Örgütlenmesi 2011, стр. 240).

Кога се зборува за реформи во образовниот систем на Турција може да кажеме дека во периодот по прогласувањето на Републиката се направени посериозни реформи со цел развој на образованието и квалитетно образование кое ќе може да одговори на потребите на современиот начин на живот. Од позначајните реформи во поново време може да се каже дека клучна улога во развојот подобрувањето на квалитетот, зголемување на опфатот во образованието имаат реформите спроведени во 1997 година. Како што имаме наведено и претходно оваа реформа го опфаќа и образованието на наставниците, на Факултетите за образовни науки се основаат посебни групи со нови програми. За спроведување на сите реформи е донесен закон со бр. 4306, со овој закон се прават промени во основното образование, работата на Министерството, промени во средното образование и друго. Дел од реформите од 1997 година се реализирани преку проектот „Современо образование 2000".

Меѓу другото основни принципи на реформата од 1997 година се (Türk, 1999, стр. 113):

- ⇨ Укинување на образованието во две смени во некои поголеми центри;
- ⇨ Постепено намалување на бројот на ученици во одделенијата на 30 до 2000 година;

- Обезбедување на превоз за учениците кои живееат во помали населени места со погодни климатски услови, погодни за транспорт, и кој се безбедни, покрај превозот да се обезбеди и попладневен оброк за овие деца;
- Во малите населени места каде има проблем со безбедноста при патување и неповолно климатски услови, да се обезбеди бесплатно образование за учениците во основните училишта со интернати и основните училишта со пансиони;
- Покрај обезбедениот превоз да се зголемува бројот на основни училишта со пансиони и интернати и постепено намалување или целосно укинување на комбинираните паралелки;
- Да се надокнадат потребите од материјали и прибор потребни при школувањето на учениците кои немаат доволно финансиски средства;
- Подршка на формалното образование со далечинско образование;
- Основање на лаборатории во основните училишта, покрај подршката на наставниот процес во овие лаборатори сите ученици да научат да работата со компјутер;
- Учениците во подсистемот на основното образование да научат најмалку еден странски јазик;
- Училиштата да се снабдат со наставни средства во зависност од потребите на основното образование;
- Научен пристап во образовниот процес, ученикот да учи и да се развива во личност која покрај наученото ќе истражува и ќе ја проверува вистинитоста на наученото;
- Покрај психолошки развој на ученикот да му се овозможи физички равој, да се изгради и обезбеди потребната инфраструктура со цел да не се запостави физичкиот развој на учениците;
- За сите оние кои се на поголема возраст за основно образование или предвремено го напуштиле основното образование, задолжително да се обезбеди „отворено образование" со цел да го завршат осум годишното основно образование;

Покрај наведеното со реформата се планира обликување на образовниот систем во зависност од интересите и способностите на учениците, на тој начин се поставени подготвителни паралелки во зависност од целите поставени во наставните програми на средните училишта. На

крајот од основното образование во второто полугодие кога ученикот завршува основно образование се предвидуваат часови со кој учениците се упатуваат кон средното образование, им се помага при изборот на средното училиште и се запознава со наставните програми во него, на тој начин ученикот ја избира и се воведува во својата идна професија, овие активности ги реализират Сервисите за советување и следење. Се предвидува учениците кои го завршиле основното образование и имаат 14 години да можат да работат како „кандидати за калфи" во некој претпријатија и организации, со цел подготовка за средното стручно образование или влез во занаетот кој ќе го изучуваат во иднина, стекнување на искуства и нови знаења (Gürkan, T., Gökçe, E., 1999, стр. 34). Со цел примена на реформата и законските измени во пракса се превземени мерки, зголемување на бројот на училишта и паралелки при училиштата, зголемување на бројот на наставници, целосен опфат на децата во основното образование и се одделени големи финансиски средства од буџетот на државата.

Во последните години во образованието во Турција е направена реформата 4+4+4 со која задолжителното образование е продолжено за 4 години, со што основното образование заедно со средното е во траење од 12 години, или уште наречена Фатих проект. Со оваа реформа основното образование за децата наместо во 7-та година започнува со наполнети 66 месеци. Со новата реформа се планира постепено да се променуваат наставните програми започнувајќи од прво одделение па нагоре од учебната 2012-2013 година, промени во учебниците се предвидени во текот на следните години. Во рамки на проектот се очекувани повеќе промени како што се: наместо настава со учебници и тетратки подобрување и подигање на стандардите за настава во 620 илјади училници, промена на наставните програми со што во наставата ќе се употребува повеќе ИКТ. За секое одделени ќе се додели по еден компјутер, интерактивна табла, LCD, интернет, со проектот ќе се направат проемини во 5 чекори во рамки на планираното ќе се заврши за 3 години. Со овој проект ќе се промени животот и работата на учениците и наставниците кој ќе бидат обучувани од страна на стручњаци за информатичка технологија (BT-Bilişim teknolojileri uzmanı). Проектот се води во кординација на Министерството за образование и Министерството за транспорт кои имаат за цел технологијта да стане дел од животот на наставниците и адаптација на наставниците кон овој вид на работа. Со проектот во период од 3 години ќе се затворат училниците со компјутери, наместо тоа учениците ќе учат од системот е-држава кој ќе го изработи Министерството. Во рамки на проектот одново ќе се изработат програми и прирачници за наставниците. Фатих проектот започнува од предучилишното образование до средното образование, наведенето ќе се примени во сите подсистеми. Со тоа учениците ќе следат настава и ќе полагаат испити по посебни програми. Безбедниот интернет се дел од програмата, во рамки на

наставните програми ќе има интерактивни содржини како и употребата на видео, слики, презентации и друго (http://fatihprojesi.meb.gov.tr/tr/index.php).

Во последните години се спроведуваат десетици проекти во образовниот систем на Турција, некој од нив се поддржани и се во рамките на Министерството за образование, а други се меѓународно поддржани. Турција е една од државите кој ја основаат Европската организација за економска соработка и развој, во соработка со овие држави се спроведуваат доста проекти и напори за подобрување на состојбите во образованието, Турција спровдува реформи со цел адаптација на образовниот систем со образовните политики на Европската унија. Образовните политики се збир од промени во законите, поставување на нови принципи и правила во образовниот систем и во управувањето со училиштата. Образовните политики можат да се спроведуваат на ниво на држава, регион и училиште. Тие воглавно можат да се однесуваат на состојбата на образовните институции, големина на училиштата и одделенијата, изборот на училиште на индивидуите, приватно образование, образованието на наставниците, примањата на наставниците, наставните програми, наставни методи, основни вредности кои би требало да ги научи ученикот, потребни услови кои би требало да се исполнат за да се заврши тој степен на образование (Şişman, M., Taşdemir, İ., 2008, стр. 156).

Во најголем дел реформите во образованието во Македонија се темелат на: Деветиот план за развој-образование: предучилишно, основно и средно (2007-2013), Среднорочна програма за образовни политики, Стратешките планови на Националното Министерство за образование и Дирекцијата за развој на стратегија, Законските и подзаконските акти од сферите на образованието и други стратешки документи.

Бидејќи бројот на проекти реализирани во образовниот систем на Турција е голем, ние ќе наведеме само дел од реализираните проекти во претходните години или започнати проекти чија реализација е во тек. Проектите можат да бидат поддржани од Министерството за образование во соработка со ЕУ, меѓународни организации како што се UNESCO и UNİCEF. Проектите кои ќе ги наведеме ќе бидат избрани од редот на проекти кои се од поголемо значење за основното образование, тоа се (Yıldırım, 2007, стр. 75): „100% Подршка за образованието“, Кампања „Ајде девојчиња на училиште“, „Програма за темелно образование“, „Училишен проект пријател на детето“, „Проект образование за сите“, Проект за „современо земјоделство“ и е-училиште во основните училишта со интернати и пансиони.

Турција има голем број на младо население и потреби од подолгорочно образование како што е секаде во светот, затоа би требало да се изградат повеќе училишта и

училници кои ќе бидат опремени со наставни средтсва и материјали, на тој начин се планира да се постигнат стандардите на ЕУ. Тоа е основната цел на Проектот 100% подршка на образованието, со овој проект даночното олеснување за лицата и организациите кои ќе дадат допринос во образованието од 5% е зголемено на 100%. Лицата кој доброволно ќе сакаат да инвестираат во образованието тоа можат да го направат во готово и во натура, па така покрај изградба на училиште, може целосно да опремат лабораторија со компјутери, да поклонат компјутери во училиштето или пак со парични средтсва во готово да инвестираат во училиштето. Со цел организација на овие активности е формиран единица за кординација на проектот во рамки на Министерството за образование. Во секоја општина има по еден заменик директор на Директориумот за образование кој го води проектот, со овие лица претходно е остварена средба во Институтот за професионално образование во Аксарај каде е одредена визијата, целите, стратегијата/те. Цел на проектот е изградба на 500 нови училишта или приближно 8500 училници (http://istanbul.meb.gov.tr/yatirim/bagis/destek_nedir.html).

Како што може да се види од табела бр. разликата во опфатот на женските ученици во учебната 2000-2001 година во основното образование е помала за 7% и повеќе. Оваа разлика е значителна и голема, затоа е започната кампањата Ајде девојчиња на училиште, при тоа се анализирани економските и оптештвените фактори, како и други неповолности кои го попречуваат образованието на женските деца. Се направени сите потребни чекори за успех на оваа кампања, семинари и состаноци за образовниот кадар, реклами на популарни личности на ТВ, плакати, соработка со невалдините организации, голема е подршката на верските лица и друго, сите овие организации се вклучени во кампањата. Оваа кампања е подржана од Министерството за образование и UNİCEF, започнувајќи од 2003 година постепено се проширува во повеќето општини низ Турција. Се формира Централен извшрен одбор под претседателство на заменикот на државниот секретар при Министерството за образование другите членови се од следниве институции, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика заменици на државните секретари при овие Министерства, Дирекција за верски прашања, Агенција за заштита на децата и социјални услуги, Дирекција за проблемите и статусот на жените и директор на Генералната дирекција за основното образование. Овој одбор е одговоран за планирање, реализација и следење на кампањата на повисоко ниво, вакви одбори се формирани на локално ниво, во општините и одбори во селата. На локално ниво се избрани ментори кои ја водат кампањата, тие се одговорни и за кординацијата помеѓу институциите кои би требало да соработуваат во текот на оваа кампања. Можеме да кажеме дека кампањата дава резултати бидејќи

разлика во опфатот на учениците во основното образование машки и женски од учебната 2012-2013 година речиси не постои.

Програмата за темелно образование во најголема мера е финансирана од владата, од поклони на доброволци и грантови. Оваа програма директно го подржува темелното образование и во него се направени најразлични инвестиции, заедно со тековните расходи вкупно се потрошени околу 300 милиони долари. Со оваа програма е зголемен бројот на ученици во основното образование како никогаш претходно, со што е направен уште еден чекор за поголем опфат на населението во основното образование. Во првата фаза на Програмата за темелно образование и Проектот за темелно образование се направени следниве активности:

- Се изградени нови училишта и се реновирани некои училишни згради: од 1997-2001 година се пуштени во употреба 103.983 училници, со проектот е подржана реновација на 300 училишта во руралните средини, реновирани се 13 училишта со интернати и пансиони, во подрачја каде приходите се мали и во големите градови се реновирани 44 училишта и се додадени нови училници на училиштата;
- Подршка за учениците од сиромашни семејства: бесплатни учебници за 796.000 ученици од 36 помали општини, бесплатна исхрана во училиштето за 635.000 ученици, за 80.000 ученици во училиштата со интернати и за 100.000 учениците од регионите погодени од земјотрес, бесплатен превоз за учениците и друго.
- Вработување на наставници и обука: се вработени дополнителни 50.000 наставници, обука за наставниците во основното образование, управителите на училиштата, инспекторите и персоналот во локалните Дирекции за образование;
- Информациско комуникациска технологија (ИКТ). Програмата за темелно образование во оваа фаза започнува настава со компјутери од четврто одделение на основното образование. Оваа програма покрај усовршување на компјутерската писменост на учениците и наставниците овозможува интеграциа на ИКТ во темите кои се обработуваат во основното образование (http://ocw.metu.edu.tr/pluginfile.php/3298/course/section/1180/BT%20Entegrasyonu.pdf).

Училишен проект пријател на детето е започнат во 2004 година во соработка на Министерството за образование со UNICEF. Основна цел на проектот е зголемување на квалитетот во основните училишта, при тоа подобрувањето на квалитетот да се рефлектира на учениците, вработените во образованието и околината. За да може да се стане пријател на детето, би требало околината и сите вработени во училиштето да станат пријатели на детето. За подобра иднина на децата средината каде учат децата би требало да ги исполнува сите потребни услови, детето би требало да се земе како целина затоа во проектот се вклучени вработените во училиштата, околината, управата, родителите, наставниците, невладините организации, сите би требало да работата за среќа, безбедност и подобра иднина на детето. Во училиште пријател на детето, учењето е забава. Училиштето е средина во која на децата никогаш нема да им биде досадно, оваа училиште е вториот дом на детето, детето се чуствува како дел од училиштето. Во рамки на проектот се подготвени различни материјали, се организирани активности, работилници за наставниците и директорите на училиштата во врска со: правата на децата, образование и воспитание, напуштени деца, ризично однесување кај децата, покрај тоа организиран е симпозиум со тема мерки кој можат да се превземат против насилството врз детето во училиштето и околината и друго.

Проектот образование за сите започнува со Светската конференција за образование во организација на UNESCO во Дакар, од одлуките на оваа конференција прозилегуваат шест цели кои се прифатени од страна на земјите членки. Со проектот се предвидува: зголемување на опфатот (%) во предучилишното и основното образование, зголемување на % на писмени, подигање на разликата помеѓу половите во образованието, зголемување на квалитетот во образованието и младите да се стекнат со повеќе вештини во образовниот процес (Bakır-Arabacı, 2008, стр. 56).

Проект за „современо земјоделство" во основните училишта со интернати и пансиони, е пример за децата и семејствата кои живеат во рурални средини за да можат самите да започнат свој бизнис, со проектот преку образование учениците ќе научат повеќе за современието начин на обработување на земјата. Проектот е прифатен од Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите нации. За да се одредат активностите и работите во проектот се организирани состаноци на директорите на локалните Дирекции за образование, директорите на училиштата и директорите на Дирекциите за земјоделство, при тоа се одредени и кординаторите на проектот во училиштата.

Други проекти кои се реализирани во основното образование, а ги немаме наведено претходно се: Образование за демократија и училишни одбори, Проект за ИКТ, Почитување на животната средина, Спречување на злоупотреба на детскиот труд, Подршка на училиштата со интернати, Подршка на земјоделското производство во селата, Планински проект во училиштата, Вреднување на перформансите при работа, Збратимени училишта, Образование за хигиена, Заштита од природни непогоди, Образовен проект зелена кутија, Подготовка за понатамошниот живот и идна професија во основните училишта, Градиме (додаваме) училиште, Еко училиште и други.

### 3.3. Компаративна анализа на системот за основното образование во Р.Македонија и Р.Турција

Образовните системи на Македонија и Турција се состојат од два основни дела, тоа се: формалното и неформалното образование. Формалното образование во рамките на образовните системи на двете држави се состои од четири подсистеми, кои ќе ги прикажеме и споредиме со следната табела. При тоа со оглед на темата на трудот за нас е важно местото на основното образование во структурата на образовниот систем на Македонија и Турција.

Табела бр. 21

*Образовен систем и образовни подсистеми во Р.Македонија и Р.Турција*

| | **Р.Македонија** | **Р.Турција** |
|---|---|---|
| **Образовен систем** | Формално и неформално образование | Формално и неформално образование |
| **Подсистеми на формалното образование** | Предучилишно воспитание и образование<br>Основно образование<br>Средно образование<br>Високо образование | Предучилишно воспитание и образование<br>Основно образование<br>Средно образование<br>Високо образование |

Од наведеното може да се види дека во Македонија и Турција основното образование започнува веднаш по предучилишното воспитание и образование, а по него следува средното образование. Образовните системи на двете држави **немаат разлика** во поставеноста на подсистемите, односно имаат иста структура.

### 3.3.1. Организација на училишниот живот

За образованието да ги постигне своите цели и принципи мора да биде добро организирано, организацијата на основното образование во Македонија и Турција воглавно се регулира со Законите за основно образование, а во Турција и со Правилникот за институциите на основното образование кој произлегува од законот.

Табела бр. 22

*Организација на училишниот живот во Р.Македонија и Р.Турција*

| | Македонија | Турција |
|---|---|---|
| **Регулативи за основно образование** | Закон за основното образование од 2008 година | Закон за образование и основно образование од 1961 година<br>Правилник за институциите на основното образование |
| **Возраст за задолжително основно образование / Почеток на школувањето** | 6-15 години<br>Се запишуваат учениците кои во септември ќе наполнат најмалку 68 месеци | 5-13 години – завршува на 14 години<br>Ученикот започнува со основно образование кога ќе наполни 60-66 месеци |
| **Траење на задолжителното образование** | 13 години –<br>9 годишно основно и 4 годишно средно образование | 12 години -<br>8 годишно основно и 4 годишно средно образование |
| **Достапност на основното образование** | Бесплатно во државните и општинските основни училишта | Бесплатно во државните основни училишта<br>Во приватните училишта се наплаќа школарина |
| **Учебна година - работни денови, почеток и крај, организација на годишната работа и програма** | 180 работни денови<br>Почеток на 1 септември<br>Завршува на 10 јуни<br><br>Две полугодија<br>Полугодишен распуст од 1 јануари | 180 работни денови<br>Почеток средината на септември, завршува средината на јуни<br>Две полугодија<br>Полугодишен распуст во јануари или февруари |
| **Смени во воспитно-образовниот процес** | Две смени се променуваат секоја недела | Учениците од 5-8 одделение следат настава претпладне<br>Учениците од 1-4 одделение следат настава попладне |
| **Времетраење на наставен час** | 40 минути | 40 минути |
| **Одмори во текот на работниот ден** | 5 минути – мал одмор<br>20 минути - голем одмор за исхрана | Најмалку 10 минути<br>20 минути одмор за исхрана |

| | | |
|---|---|---|
| **Превоз на ученикот до основното училиштето** | Бесплатен превоз ако училиштето е оддалечено повеќе од два километри од местото на живење | Бесплатен превоз по одлука на Комисијата за сместување на учениците, освен приватните училишта |
| **Број на ученици во паралелката** | Од 24 -34 ученици | Најмногу 40 ученици<br>Во приватните училишта не повеќе од 30 ученици |
| **Донесување на наставен план и програми** | На предлог на Бирото за развој на образование ги утврдува министерот | На предлог на Одборот за настава, воспитание и образование ги одбрува министерот |
| **Комбинирана настава** | Да | Да |

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Со направените реформи во Македонија задолжителното основно образование од осумгодишно премина во **деветгодишно**, на кое потоа се додаде и 4 годишно задолжително средно образование или вкупно *13 години*. Во Турција задолжителното основно образование од осумгодишно основно премина на *12 годишно* во кое е вклучено 4 годишното средно обраозвание или реформа наречена Фатих 4+4+4. Основното образование сепак остана **осумгодишно**, претходно наставата ја изведувале одделенски наставници од 1 до 5 одделение, а од 6 до 8 одделение наставата ја изведувале предметни наставници, со промените наставата од 1 до 4 одделение ја изведуваат одделенски наставници, а од 5 до 8 одделение предметни наставници;
- Со промените во Македонија е направен значаен чекор и се следи светскиот тренд на продолжување на трењето на основното образование, кое во некои од развиените држави трае повеќе и од девет години. Турција би требало во најкраток можен рок да ги превземе потребните мерки и да го продолжи траењето на основното образование;
- Учениците се запишуваат во најблиското училиште до домот, а основното училиште е обврзано во двете држави да ги опфати учениците од својот реон. Учениците во Македонија со образование започнуваат најрано на возраст од **68 месеци** и се опфатени сите ученици родени во одредена година, а во Турција ученикот со основното образование започнува порано на возраст од **60 до 66 месеци**. Во Турција ученикот доколку поради здравствени причини не е способен да го започне основното образование се

пренасочува во предучилишно образование и во Македонија учениците имаат можност да започнат покасно со образованието од здравствени причини;

- Основното образование е **бесплатно во државните училишта**, освен во приватните основни училишта во Турција во кои се наплаќа школарина;
- Учебната година во двете држави има 180 работни денови а почетокот и крајот на учебната година како и полугодишните распусти се на различна дата;
- Со закон во Македонија се одредува дека превозот за учениците е **бесплатен** од домот до училиштето, во Турција за **бесплатен** превоз одлучува Комисијата за сместување на учениците која е одговорна и за запишувањето на учениците во основното училиште, за приватните училишта државата нема обврска да обезбеди бесплатен превоз;
- Во делот кој се однесува на бројот на ученици во паралелките во Македонија бројката од ***24-34 ученици*** е помала во однос на одредбата во Турција каде се дозволува во една паралелка да има и до ***40 ученици*** во државните училишта. Овие бројки кои се одредени се многу големи за да може да се изведува квалитетна настава во паралелките особено во Турција, за еден наставник се многу и 24 ученици ако се земе предвид возраста на учениците во првите одделенија на основното образование;
- Органите на Министерствата за образование на Македонија и Турција предлагаат наставни програми, а истите се одобрувани од Министрите за образование. Македонија има единствена наставна програма по која се реализира наставата во основното образование освен наставниот план и **програма за посебните (специјални) училишта**, во Турција приватните основни училишта имаат можност за посебна наставна програма со одобрение на министерот, различен е наставниот план и дел од наставната програма за нижите средни училишта со религиозен карактер (imam-hatip) од 5 до 8 одделение, за **основните училишта за лицата со посебни потреби** и за основните училишта со интернати и пансиони. Турција прави напори да ја сведе комбинираната настава на минимум, имајќи во предвид дека со неа се губи на квалитет во воспитно-образовниот процес;




Графички приказ бр. 19

*Задолжително образование во Р.Македонија и Р.Турција*

Од графичкиот приказ може да се види дека Макеоднија има **единствена образовна институција** за основно образование, 9 годишно основно училиште и воглавно целиот овој период ученикот го поминува во иста училишна зграда каде се стекнува со основно образование. Во Турција со промените од учебната 2012/2013 година основното образование започнува да се организира во ***две одделени и посебни образовни институции***, првата институција е наречена основно училиште во кое ученикот следи настава од 1 до 4 одделение, а втората институција е нижо средно училиште во кое ученикот следи настава од 5 до 8 одделение. Со завршувањето на образованието во наведените две образовни институции ученикот се стекнува со основно образование. Овие училишта може да се основаат и заедно доколку тоа е неопходно. Задолжителното средно образование во Македонија и Турција е во траење од 4 години.

Како што наведовме и претходно основното образование во Македонија е деветгодишно, а во Турција е осумгодишно. Како тоа се организира и како се изведува наставата може да се види од табелата што следи.

Табела бр. 23

*Траење на основното образование и поделба според воспитно образовни периоди во Р.Македонија и Р.Турција*

| | **Македонија** | **Турција** |
|---|---|---|
| **Траење на основното образование** | Деветгодишно основно образование | Осумгодишно основно образование |
| **Воспитно образовни периоди** | Прв период од 1 до 3 одделение<br>Втор период од 4 до 6 одделение<br>Трет период од 7 до 9 одделение | Основно училиште од 1 до 4 одделение<br>Нижо средно училиште од 5 до 8 одделение<br>Нижо средно училиште со религиозен карактер (İmam hatip) од 5 до 8 одделение |

Воспитно-образовните периоди во основното образование во Македонија се воведуваат со деветгодишното основно образование, тоа се **три периоди** според кои е изработен планот и програмите за основно образование и според кои е направен новиот систем на оценување на учениците, кои во првиот период се оценуваат описно, во вториот на тромесечијата се оценуваат описно, а на крајот од првото полугодие и учебната година се оценуваат бројчано, за во третиот период целосно да се оценуваат бројчано. Така постепено оценувањето од описно преминува во бројчано, уште од прво одделение во наставата на учениците покрај одделенскиот се вклучува и предметен наставник, на тој начин ученикот подобро се припрема за предметната настава која започнува во шесто одделение. Во одредување на воспитно-образовните периоди посебно внимание се обраќа на конгнитивниот и социоемоционалниот развој на децата, како и на поврзаноста помеѓу периодите. Во Турција неможе да зборуваме за воспитно-образовни периоди, со новите промени во основното образование тоа се остварува во **две образовни институции**, основно училиште во кое наставата ја изведуваат одделенски наставници и нижо средно училиште во кое наставата ја изведуваат предметни наставници. Со промените во наставниот план од 2008 година и во Турција од првото одделение на основното образование се вклучени предметни наставници. Нижото средно училиште со религиозен карактер (imam hatip) има посебен наставен план и дел од наставната програма е различна во однос на редовното нижо средно училиште, овие институции се основаат посебно и независни една од друга. Институциите преку системот е-училиште го следат успехот и развојот на учениците, на тој начин се спречува инклузија на учениците од задолжителното 12 годишно образование.




Графички приказ бр. 20

*Воспитно-образовни периоди во основното образование во Р.Макеодниja и Р.Турција*

### 3.3.2. Мрежа и видови на основни училишта

Основното образование во Македонија и Турција во зависност од потребите се организира во повеќе видови на основни училишта кои можат да бидат во сопственост на државата, локалната самоуправа, физички и правни лица.

Табела бр. 24

*Училишна мрежа*

| | Македонија | Турција |
|---|---|---|
| **Училишна мрежа** | Општински ОУ: 986<br><br>Специјални (државни) ОУ: 44<br><br>ОУ за возрасни: 11 | Државни ОУ: 31.588<br>Приватни ОУ: 898<br>Специјални (посебни) ОУ (државни и приватни): 303<br>Отворени ОУ (за возрасни) (општински, државни, физички и правни лица или приватни) |

Во Македонија со преминот кон **децентрализација** редовните основни училишта преминуваат во надлежностите на локалната самоуправа или преминуваат во надлежност на општините, освен специјалните училишта кои се државни и се основаат од Министерството за образование, во Турција системот е **централизиран** затоа редовните и специјалните (посебни) училишта се во надлежност на државата или Националното министерство за образование, а приватните училишта се во сопственост на домашни или странски физички и правни лица.

| **Основни училишта во** | |
|---|---|
| **Македонија** | **Турција** |
| Редовни основни училишта | Редовни основни училишта |
| Основни училишта за возрасни | Отворени основни училишта |
| Посебни (специјални) основни училишта | Училишта за лицата со посебни потреби |
| Ученички домови | Основни училишта со пансиони и интернати |
| Основни музички и балетски училишта | Основни училишта за уметности |
| | Приватни основни училишта |
| | Мобилни основни училишта |

Графички приказ бр. 21

*Основни училишта во Р.Македонија и Р.Турција*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Основното образование во Македонија и Турција во најголем дел се остварува во **редовните основни училишта**, законите кои се однесуваат на

основното образование целите и принципите за основно образование на **двете држави предвидуваат образование за лицата со посебни потреби** затоа во двете држави се основаат училишта за лицата со посебни потреби, исто така се предвидува стекнување на основно образование за лицата кои ја надминале возраста за основно обраозвание затоа се основани ***училишта за возрасни*** кои во Турција се нарекуваат **отворени основни училишта**;

- Во некои населени места во Турција каде бројот на жители е мал, има поголеми климатски промени, проблеми со транспортот на учениците или транспортот е неисплатлив, во такви случаеви учениците од повеќе села се групираат во централно основно регионално училиште со пансион (место за сместување) во едно од селата, во оние региони пак каде неможе да се групираат учениците се формираат регионални **основни училишта со интернат** за учениците од 5 до 8 одделение, оваа практика има за цел да се избегне комбинираната настава, бидејќи со неа се намалува квалитетот во наставата, во Македонија **ученичките домови** кои се слични на овие училишта со пансиони и интернати ги има се помалку, постепено образованието во вакви училишта се укинува;
- Во Макеоднија се основаат ***основни музички и балетски*** училишта со цел во нив да напредуваат учениците кои имаат талент во овие уметности, во Турција ***основните училишта за уметностите*** нудат поширока лепеза од повеќе гранки од областа на уметностите, со што на учениците за разлика од Македонија им се овозможува да избираат и од другите гранки на уметностите за кои имат талент;
- Во Турција се основаат приватни основни училишта од сите видови на основни училишта кои ги наведовме (пр. основни училишта за лицата со посебни потреби), во кои има квалитетна настава и условите за работа се подобри, сметаме дека тоа е значајно општо за основното образование, бидејќи се создава натпревар за подобра настава помеѓу државните и приватните училишта. Приватните основни училишта можат да бидат двигател за квалитетна настава во основното образование. Мобилните основни училишта се исто така интересен вид на образовна институција, која поради работни задачи на месното население мигрира заедно со населението од едно на друго место, на тој начин учениците не губат од настава туку продолжуваат со наставата таму каде мигрирале. Освен

наведеното овие училишта допринесуваат и за подигање на нивото на образование кај населението кое живее во руралните средини, бидејќи во мобилните училишта може да се организираат курсеви и отвораат паралелки за возрасни;

| Посебни (специјални) основни училишта во Македонија | Турција |
|---|---|
| Училишта за деца попречени во менталниот развој | Основно училиште во рамки на болница |
| **Училишта за деца со оштетен слух** | **Основно училиште за деца со оштетен слух** |
| **Училишта за деца со оштетен вид** | **Основно училиште за лица со оштетен вид** |
| **Училишта за телесно инвалидни деца** | **Основно училиште за лица со ортопедски хендикеп** |
| Училишта за деца со оштетен слух и говор | Училиште за настава (образование) и пракса за ученици со пречки во психо-физичкиот развој |
| Училишта за воспитно запуштени деца | Одделенија за учениците со посебни потреби |
| | Центар за образование и работа (за возрасни со психо-физички пречки) |
| | Центар за наука и уметност (за ученици кои имаат некој посебен талент) |
| | Издавачка куќа и вечерно училиште за уметности, за ученици со оштетен вид |

Графички приказ бр. 22

*Основни (специјални) училишта за лица со посебни образовни потреби во Р.Македонија и Р.Турција*

За учениците со посебни образовни потреби се обезбедуваат соодветни услови за стекнување на основно воспитание и образование во редовните основни училишта во двете држави. Доколку психичката и физичката состојба на учениците не е на ниво за да следат настава

во редовните основни училишта, во Македонија и Турција има основано посебни (специјални) основни училишта за учениците со посебни потреби, со оглед на тоа дека Турција има поголем број на ученици во основното образование има поголема лепеза (понуда) на основни училишта за учениците со посебни потреби во зависност од хендикепот на ученикот, кои се наведени во графичкиот приказ.

Табела бр. 25

*Основни училишта воР.Македонија и Р.Турција во зависност од наставниот јазик*

| | Македонија | Турција |
|---|---|---|
| **Наставен јазик** | Македонски јазик: 730<br>Албански јазик: 287<br>Турски јазик: 63<br>Српски јазик: 7 | Турски јазик: приближно 32.755 |
| | | Приватни малцински училишта: грчки, ерменски и хебрејски јазик: 34 |
| | Приватни основни училишта на странски јазици | Приватни странски училишта: англиски, француски, германски и италијански јазик: 7 |
| **Вкупно** | 1.087 + приватни училишта | 32.796 |
| **Ученици** | 195.311 | 11.160.896 |

*Извор: Државен завод за статистика на Р.Македонија (посебни публикации), Статистички преглед од 2012 година. Milli Eğitim İstatistikleri: Örgün Eğitim 2010-2011-Статистика за националното образование: Формално образование 2010-2011.*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Наставни јазици во основното образование во Македонија се: **македонски, албански, турски и српски јазик**, покрај овие наставни јазици во неколку приватни основни училишта се користи ***англискиот наставен јазик и други јазици***. За разлика од тоа наставен јазик во основното образование во Турција е **турскиот јазик** тоа е одредено и со Уставот на земјата, но со посебните договори се дозволува основање на приватни основни училишта во кои наставата се изведува на други наставни јазици, така во приватните малцинските основни училишта настава може да се изведува на ***ерменски, грчки и хебрејски јазик***, во приватните странски училишта настава се изведува на ***англиски, француски, германски и италијански наставен***

*јазик*, а во меѓународните основни училишта настава се изведува на турски јазик со можност да се реализира настава и на други наставни јазици, овие училишта се основаат во согласност со меѓународните договори;

- Приватните малцински и странски училишта во Турција се основани во периодот на Османлиската империја и нивното постоење се гарантира со договорот од Лозан;
- Македонија има долгогодишна традиција во наставата на македонски јазик и на јазиците на припадниците на заедниците, односно настава на албански, турски и српски јазик. Во редовните основни училишта може да се изведува настава на повеќе наставни јазици, така наречени <u>мешани основни училишта</u>;
- Бројот на основни училишта во Турција со настава на турски јазик е приближно 32.755, во рамките на оваа бројка се и приватните основни училишта за лица со посебни потреби (118) и приватните турски основни училишта. Овие училишта не ги наведовме во табелата бидејќи во нив наставата се изведува на турски јазик, нашата цел со оваа табела е да се прикажат наставните јазици во државното и приватното основно образование во Македонија и Турција;

### 3.3.3. Опфатеност на популацијата во основното образование

Од големо значење за равојот на образованието е опфатот на популацијата во институциите за основно образование. Тоа е значаен показател за тоа колку е развиено и во која насока се движи образованието во државата. Развиените држави прават големи напори за да се постигне целосен (100%) опфат на населението во основното образование, од направените анализи и нашите истражувања може да видиме дека во Македонија и Турција се превземаат чекори со цел да се постигне 100% опфат на населението во основното образование. Во Македонија целосен опфат на населението во основните училишта на возраст на основното образование е предвидено до учебната 2014/2015 година, а во Турција се превидува за учебната 2013/2014 година.




Графички приказ бр. 23

*Опфат на популацијата во основното образование во Р.Македонија и Р.Турција – вкупно нето (2001-2013 година)*

Од графичкиот приказ се гледа дека Македнија во учебната 2001/2002 година има опфат на населението во основното образование околу 95%, но во наредните учебни години тој постојано опаѓа и во учебната 2012/2013 година се намалува на приближно ***91%,*** за разлика од тоа во Турција опфатот во учебната 2001/2002 година е 92% во наредните години постојано се зголемува и во учебната 2012/2013 година достигнува ***99%.*** Турција има можност во наредните учебни години доколку продожи со овој позитивен тренд на опфат на населението во основното образование да постигне **100%** опфат на населението во основното образование, а Македонија би требало да направи промени во организацијата и управувањето со основното образвание, за да може да се спречи осипувањето на учениците од основното образование и да оствари 100% опфат во основното образование.




Графички приказ бр. 24

*Опфат на популацијата во основното образование во Р.Македонија и Р.Турција – машки (2001-2013 година)*




Графички приказ бр. 25

*Опфат на популацијата во основното образование во Р.Македонија и Р.Турција – женски (2001-2013 година)*

Турција подолги години има проблем со опфатот на женската популација во основното образование, со спроведените кампањи и акции во последните години е постигнат

значаен напредок, бидејќи речиси е затворена разликата од околу 7% во опфатот на женската и машката популацијата, со што е постигнат опфат од 99% и кај женските ученици. Македонија го нема овој проблем од секогаш **% на машки и женски ученици** е приближен и нема поголеми разлики во опфатот, дури во последните години има поголем опфат на женските деца во основното образование.

### 3.3.5. Наставен кадар во основното образование

Образованието (иницијално) на наставниците како што видовме во историскиот развој на обраозванието во Македонија и Турција започнува со курсеви за наставници, учителски школи, покасно се отвораат високообразовни институции за образование на наставниците. Тоа покажува дека траењето на образованието на наставниците постојано се зголемува. Во развиените држави од идните наставници се бара да имаат стекнато постдипломски студии (магистерски студии), во Македонија и Турција кандидатот за наставник во основно училиште треба да има стекнато високо образование на наставничките факултети или на Факултетите за образовни науки во Турција.

Табела бр. 26

*Иницијално образование на наставниците во Р.Македонија и Р.Турција*

| | Македонија | Турција |
|---|---|---|
| **Ниво на образование на наставник во ОУ** | Високо образование - наставнички факултети: 7 | Високо образование - Факултети за образовни науки: 97 |
| **Времетраење на иницијалното образование** | 4 години | 4 години |
| **ЕКТС** | 240 | 240 |
| **Иницијално образование на наставниците во институциите за високо образование** | Педагошки факултет: 3 (предучилишно воспитание и одделенска настава)<br>Филозофски факултет<br><br>Филолошки факултет<br><br>Факултет за физичка култура<br>Факултет за ликовни умет.<br>Факултет за музичка умет. | Група за основно образование (предучилишно воспитание и образование, одделенска настава, математика, природни, општествени науки)<br>Група за турски јазик<br>Група за странски јазици<br>Група за физичко обраозвание и спорт<br>Група за уметности |

| | | |
|---|---|---|
| | Природно-математички фак. | Група за компјутери и образовна технологија<br>Група за верска-култура и морал<br>Група за посебно образование |
| **Високо образование на ненаставна насока** | Високо образование + педагошко-психолошка и методска подготовка | Факултет за природни науки и литература + педагошка формација |
| **Реализатори на воспитно-образовниот процес во основните училишта** | Воспитувачи (1 одделение), одделенски и предметни наставници | Одделенски и предметни наставници<br>Стручни обучувачи и мајстори обучувачи |

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Високото образование на наставниците во Македонија и Турција е во траење од 4 години;
- Во Македонија има **7 посебни наставнички факултети** во кои се образоваат идните наставници, на педагошките факултети и на Институт за педагогија се образоваат одделенски наставници кои изведуваат настава од 1 до 5 одделение во основното obраозвание и воспитувачи на групите за предучишно образование, кои во деветгодишното основно образование можат да изведуваат настава само во прво одделение. Другите 6 факултети наведени во табелата се за предметни наставници. Во сите факултети има повеќе групи за предметни наставници, а лицата со стекнато образование на овие факултети можат да изведуваат настава по еден предмет освен на Природно-математичкиот факултет во групите биологија–хемија и математика-физика, односно оние кои ќе стекнат високо obраозвание на овие групи можат да изведуваат настава по два наставни предмети. Иницијалното образование наставниците во Турција го стекнуваат на **Факултетите за образовни науки**, во кои ги има сите групи за образование на наставниците кои ќе изведуваат настава по наставните предмети во основните училишта. Групата за основно образование ги опфаќа повеќето предмети во основното образование и одделенските наставници кои изведуваат настава од 1 до 4 одделение, другите групи наведени во табелата се за предметните наставници кои изведуваат настава од 5 до 8 одделение;
- Лицата кои имаат стекнато високо стручно образование со стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка можат да бидат вработени

како наставници во основните училишта во Македонија, во Турција оваа право е ограничено односно со стекнување на педагошка формација како наставници во основно училиште можат да бидат вработени оние кои се стекнале со високо образование на Факултетот за природни науки и литература;

- Наставата од *1 до 5 одделение* во основното обраозвание во Македонија односно од *1 до 4 одделение* во Турција ја изведуваат *одделенски наставници*, а **предметните наставници** во Македонија изведуваат настава од **6 до 9 одделение односно од 5 до 8 одделение** во Турција. Во наставата во Турција покрај овој кадар се вклучуваат и стручни и мајстори обучувачи. Стручните обучувачи работните задачи ги добиваат од директорот на образовната институција. Тие покрај обуките на наставниците, организираат и други активности како што се симпозиуми, курсеви, семинари, може да организират обука за учениците, за време на часовите понекогаш се ангажирани како демонстратори, управуваат со наставните средства и др;
- Дел од државите членки на Европската Унија го продолжиле траењето на иницијалното образование на наставниците на 5 години или додипломски студии и магистерски студии, сметаме дека Македонија и Турција би требало да постапат по примерот на Европа, при тоа прво образованието на предметните наставници да се продолжи од 4 на 5 години, а потоа да се продолжи образованието и на одделенските наставници и воспитувачите;

Табела бр.27

*Вработување на наставниците во основното образование во Р.Македонија и Р.Турција*

| | Македонија | Турција |
|---|---|---|
| **Општи услови за вработување на наставниот кадар** | Закон за работни односи: | Закон за државни службеници:<br>Државјанин на Р.Турција |
| | мин. 18 години,<br>психо-физички здрав со потврда од лекар,<br>да не е осудуван и др. | најмалку високо образование<br>мин.18 години,<br>психо-физички способен<br>да не се осудувани една година или повеќе и др. |
| **Посебни услови при вработување на наставен кадар** | Закон за основното образование:<br>Државјанин на Р.Македонија, | Правилник за распоред (вработување) и промена на работното место на настав: |

| | |
|---|---|
| да има соодветно образование (високо) да го познава македонскиот јазик и неговото писмо, да положи стручен испит за наставник, воспитувач. | содветна програма на високо образов. институ. сертификат за одделенски и наставник по англиски јазик. од Испитот за избор на државни службеници мин.60 поени. |
| освен за наставниците кои ќе се вработат во училиштата и паралелките со друг наставен јазик различен од македонскиот - не важи и за наставниците по предметот македонски јазик | Да немаат здравствени проблеми за работа да немаат кривично дело - разрешени за оние кои прв пат аплицираат мак. 40 години, освен за оние кои претходно биле успешни во работата |

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Условите за вработување на наставниците во Македонија се одредени со Законот за работни односи и Законот за основното образование, во Турција се одредени со Законот за државни службеници и Правилникот за распоред (вработување) и промена на работното место на наставниците кој произлегува од Законот за образование и основно образование;
- Во Македонија лице за да биде вработено како наставник треба да има стекнато високо образование, да е психо-физички здрав, државјанин на Р.Македонија да биде полнолетен, да има положено стручен испит, сите овие услови се бараат и во Турција, освен условот за наставниците кои изведуваат настава на јазикот на припадниците на заедниците чие познавања на наставниот јазик се одредува со тестирање во основното училиште, од причини што во државните основни училишта во Турција наставен јазик е само турскиот јазик;
- Во Турција од кандидатите за наставници се бараат и следниве услови: да не се постари од 40 години освен оние кои претходно биле вработени наставеници и биле успешни во работата. Посебен услов е вработените наставници да можат да работат на различни климатски услови во сите региони на државата, овој услов се бара бидејќи при првото вработување наставниците се распоредуваат на работно место од страна на Министерството во зависност од потребите за наставен кадар, без да се бара мислење од кандидатот. Тие имаат право да го променат работното место и

да бидат распоредени во друго основно училиште во друг регион, град или село од кога на првичното работно место ќе наполнат 3 години работен стаж. Покрај наведнеите услови клучен фактор за вработување на државните службеници вклучувајќи ги овде и наставниците е да го положат ***Испитот за избор на државни службеници*** и да се стекнат со најмалку 60 поени. При тоа изборот се врши по електронски пат јавно, а се вработуваат оние кои на ранг листата имаат најголем број на поени и ги имаат потребните квалификации;

- Од наведеното се гледа дека вработувањето на наставниците се врши на **централно ниво**. За разлика од Македонија каде изборот на наставници се врши од кандидатите кои ќе се јават на ***јавниот оглас за вработување*** на училиштето, тоа значи дека вработувањето се врши на **локално ниво**, во Турција овој избор е посложен имено кандидатот треба да полага Испит за избор на државни службеници за потоа да биде вработен;
- Вработувањето на наставниците во приватните основни училишта во Турција нема поголема разлика во однос на вработувањето во државните основни училишта, освен тоа што наместо Испит за државни службеници наставниците се интервјуирани од страна на одговорните во приватното основно училиште;

#### *3.3.4.1. Наставник-приправник (стажер)*

Приправничкиот стаж и стручниот испит за наставници во основното образование во Македонија се применува повеќе години, последната промена во постапката и програмата за полагање стручен испит е направена во 2013 година со цел усовршување на процедурата на приправничкиот стаж и испит. Сметаме дека приправничкиот стаж е воведен со цел подобра подготовка, оспособување и „адаптација" на наставниците за работа кои за прв пат се вработени во основно училиште, покрај тоа од страна на стручно лице се оценува подобноста на кандидатот за работа и кандидатот соработува со наставниот кадар, менторот и Педагошката служба во училиштето.

Табела бр. 28

*Наставник приправник и траење на приправнички стаж во Р.Македонија и Р.Турција*

| | Македнија | Турција |
|---|---|---|
| **Наставник кој за прв пат се вработува во ОУ** | Наставник-приправник | Наставник стажер или кандидат за наставник |
| **Траење на припавничкиот стаж** | 1 година потоа следува испит | 1 до 2 години заедно со испитите |

Со вработувањето на наставниците во Македнија тие се наставници припавници, а во Турција се наставници стажери или кандидати за наставници. Статусот наставник припавник со траење до **1 година** престанува со положување на стручниот испит за наставници, во Турција статусот наставник стажер е во траење од **1 до 2 години** во кој период кандидатот следи обука и полага испити.

Табела бр. 29

*Обука и испит за наставниците приправници во Р.Македнија и кандидатите наставници (стажери) во Р.Турција*

| Македонија | Турција |
|---|---|
| **Стручен испит за приправници** | **Обука и испити на кандидати за наставници** |
| Домашна работа (семинарска работа):<br>Содржини од областа на методиката на наставната работа<br>Содржини од областа на педагогијата и дидактиката<br>Содржини од областа на психологијата | Основна (темелна) обука-50 часа и испит:<br>Устав на Р.Турција, законски акти, човекови права и одговорности органи на Републиката, принципите на Ататурк |
| Устен испит:<br>Области: Законски акти и организација на основното образование | Подготвителна обука-110 часа и испит:<br>Знаења и вештини за ефикасно вршење на работните задачи, запознавање со институцијата, законски акти од областа на образованието |
| Практична работа:<br><br>Реализација на еден наставен час | Применета обука (стаж или пракса)-220 часа од 2 до 5 месеци:<br>Практична работа во основно училиште |

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- На наставникот-приправник во Македонија му се одредува ментор кој ја следи неговата работа во период од една година. Со новите промени во

2013 година менторот на приправникот му подготвува програма која вклучува методска, дидактичка и друга подготовка потребна за оспособување на наставникот и за полагање на испит. Менторот изработува извештај за работата на приправникот. Приправникот по истекот на приправничкиот стаж полага стручен испит пред комисија формирана од министерот. На приправникот по истекот на приправничкиот стаж, а пред полагањето на стручен испит му се врши процена на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност (тест на личноста воведен со почетокот на учебната 2013/2014 година). Стручниот испит на припавникот се состои од изработка на **домашна работа** семинарска од областите: педагогија, методика дидактика и психологија, делот за **устен испит** е од областа на организацијата и законските акти кои се однесуваат на основното обраозвание и **реализација на наставен час** пред комисијата, како што наведовме погоре. Полагањето на стручен испит е услов за кандидатот да може да работи како наставник и да добие трајно вработување на неопределено време (по 2 години стаж добива решение на неопределено време);

- За разлика од Македонија, во Турција со стекнувањето со статусот кандидат за наставник (стажер) лицето идниот наставник е должен да помине низ обуки и испити. Во текот на овој период кандидатот следи три обуки по кои последователно полага три испити, односно по секоја обука испит. Кандидатот за наставник се додека не го положи едниот испит неможе да премине на другиот испит, а секој испит може да се полага најмногу два пати, ако е неуспешен се разрешува од работното место. **Основната (темелна) обука** и подготвителната обука се реализираат во Центри за образование одредени од страна на Одборот за управување со центрите за образование, а применетата обука или стажот во основа се реализира во училиштето каде е вработен наставникот стажер. Основната обука има за цел кандидатот да се стекне со општи знаења за државното организирање и управување, човековите права законските акти и друго. **Подготвителната обука** има за цел кандидатите да се прилагодат на работното место за кое конкурирале и да се стекнат со знаења и вештини потребни за ефикасно извршување на работните задачи, запознавање на институцијата/институциите, законски акти од областа на образованието и

друго. **Применетата (стаж) обука** има за цел во текот на обуката покрај теоретски знаења кандидатот да се стекне и со практична работа во зависност од кадарот и задачите кои треба да ги исполнуваат на работното место и да ги применат стекнатите вештини и знаења преку практична работа во период од пет месеци, на тој начин се стекнуваат со стаж, во текот на оваа обука на кандидатот за наставник му се одредува ментор наставник со кого заедно изведуваат практична настава. На крајот од испитите кандидатот би требало да освои најмалку 60 поени аритметичка средина од сите испити и обуки, позитивно мислење од раководителот, со тоа ќе се стекне со статус наставник;

Општо прифатено од стручни лица но и од наставниот кадар е фактот дека стручниот испит за приправници во Македонија е сведен на формалност и неговиот допринос е под очекувањата, бидејќи речиси секој наставник-приправник го положил уште на првиот пат. Нашата забелешка се однесува на делот на практичната работа, имено од секој кандидат кој полага се бара да реализира еден наставен час, сметаме дека тоа е недоволно. Со новите измени и дополнувања од 2013 година во Законот за основното образование се предвидува Министерството да ангажира акредитирана институција за процена на кандидатите, која проценка би требало да се направи пред полагање на испит. Сметаме дека, практичната работа при полагање на стручен испит би требало да содржи по обемна програма (пр. Реализација на повеќе наставни часови со различни методи и техники). Покрај тоа програмата за стручен испит би требало да се прошири во делот на усниот испит и да се додаде претходна обука. Психолошкиот тест кој е воведен или се реализира од учебната 2013/2014 година е потребен, околу неговата реализација неможеме да коментираме бидејќи е новина во основното образование. Во јавните гласила имаше предлог и мислења дека би требало и претходно вработените наставници да го полагаат не само ново вработените, на тој начин ќе може да се оценат и нивните карактеристики за подобност со работа со деца и адолесценти во воспитно образовната дејност, сметаме дека овој предлог се прифатлив.

### *3.3.4.2.Напредување на наставниците во кариерата*

Со цел да се мотивираат наставниците и да бидат наградени за својата работа, особено оние кои најдобро ги извршуваат своите работни задачи со законите и законските акти во

Македонија и Турција е предвидено да напредуваат во кариерата во звања, а со сето тоа да се подобри квалитетот во наставата.




Графички приказ бр. 26

*Напредување на наставниците во кариерата во* **Р.Македонија** *и* ***Р.Турција***

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Наставникот-приправник во Македонија може да напредува во звањата **наставник, наставник–ментор и наставник–советник**. Напредувањето на наставниците во звањето наставник-ментор го врши училишна комисија формирана од директорот на училиштето, а напредувањето на наставниците во звањето наставник-советник го врши комисија формирана од министерот. Во Турција кандидатите за наставници (стажер) можат да напредуваат во својата кариера во три звања тоа се: **наставник, наставник-стручњак и главен наставник**. На локално и централно ниво при Националното министерство за образование се формира Комисија за вреднување на наставници, комисијата на локално ниво врши вреднување и ја одредува подобноста на наставниците кои ќе напредуваат во звање од училиштата од својот регион, потоа изработува ранг листа и ја испраќа до Генералната дирекцијата за човекови ресурси при Националното министерство за образование. Од наведеното се гледа дека наставниците во

двете држави можат да напредуваат во најмногу три звања. Одлука за тоа дали наставникот ќе напредува во звањата донесуваат комисиите;

- При напредувањето на наставниците во звање во Македонија, училишната комисија и комисијата формирана од министерот задолжително ги зема во предвид резултатите од екстерното проверување содржани во извештајот за работата на наставниците, како и од евалуацијата на професионалното досие на наставникот, а начинот на оспособување и напредување на наставниците во звањата го пропишува министерот. За напредување во кариерата наставниците во Турција би требало да имаат одреден број на години стаж, па така за напредување во звањето наставник-стручњак наставникот би требало да има 10 години стаж, а за главен наставник како наставник-стручњак би требало да има стаж од 5 години. Наставниците се вреднуваат според образованието и дали напредуваат во него (магистерски и докторски студии), учество на активности (научни, културни, уметност и спортски активности) и успех во работата, како основа се земаат поените и Испитот за напредување во кариерата, од вкупно 100 поени треба да освојат најмалку 60 за да сметаат за успешни. Испитот се спроведува еднаш годишно од страна на Центарот за мерење, избор и поставување (ÖSYM). Во Македонија како услови за напредување во кариерата на наставниците се земаат предвид резултатите од екстерното проверување, односно нивниот начин на оценување на учениците и професионалното досие, во Турција покрај професионалното напредување и успех во работата како услов се зема и степенот на образование на наставникот, од големо значење е дали кандидатот кој сака да напредува во кариерата стекнал магистерски или докторски студии бидејќи со тоа може да биде ослободен и од Испитот за напредување во кариерата и да биде вреднуван според другите критериуми, стаж, успех во работата и учество на активности;
- Основното училиште во Македонија доколку има до 50 вработени наставници и стручни соработници, по завршувањето на секоја учебна година може да врши унапредување на двајца наставници во звањето наставник – ментор и да предложи двајца вработени од редот на наставниците да напредуваат во звање наставник – советник, доколку има повеќе од 51 вработени наставници и стручни соработници, по завршувањето на учебната година може да врши напредување на тројца

наставници во звањето наставник – ментор и да предложи тројца наставници да напредуваат во звање наставник – советник. Во Турција на крајот од целата процедура се изработува ранг листа на освоени поени на кандидатите за напредување во звања. Ранг листата се однесува за сите кандидати на ниво на држава, напредуваат во звањата само најуспешните кои добиле најмногу поени на ранг листата во зависност од квотата одредена од Националното министерството за образование, Министерството може квотата да ја зголеми. Од наведеното се гледа дека во Турција кандидатите кои напредуваат во звањата имаат меѓусебен натпревар во рамки на регионот бидејќи локалната Комисија за вреднување на наставниците ја вреднува и одредува подобноста за напредување на кандидатите во звањата, истото се случува со Испитот за напредување во звање кој се реализира на државно ниво и на него учествуваат сите кандидати кои сакаат да напредуваат во звање. Во Македонија напредувањето на наставниците во првиот степен на звање наставник-ментор е во рамките на училиштето каде се вработени, а во наставик-советник разликата е во тоа што се формира посебна комисија од министерот;

Покрај тоа што оваа новина во основното образование е потребна и позитивно оценета во Македонија до денес не е спроведена, односно наставниците немаат напредувано во звања. Целото наше излагање во оваа поглавје се состои од законски одредби кои се донесени но не се спроведени. Во Турција состојбата е малку поинаква, односно на наставниците им е овозможено да напредуваат до звањето наставник стручњак, а за напредување во последното звање главен наставник не им е дадена можност.




Графички приказ бр. 27

*Број на ученици на еден наставник во Р.Македонија и Р.Турција*

Бројот на ученици по наставник секоја година се намалува, започнувајќи од учебната 2001/2002 година до учебната 2012/2013 година. Во Македонија овој број во учебната 2012/2013 година е многу намален и изнесува околу 12 ученици по наставник, а во Турција е 20 ученици по наставник.

### 3.3.6. Реформи во основното образование

Со цел подобрување на условите во наставата, зголемување на квалитетот во наставата, следење на светскиот тренд на развој на образованието и современа настава, употреба на современа технологија во наставата и решавање на проблемите во образованието сите држави во светот спроведуваат реформи во образовните системи, вклучително и во основното образование како најзначаен подсистем.

Табела бр. 30

*Документи за развој на основното образование во Р.Македонија и Р.Турција*

| **Документи врз кои се темелат реформите во образованието** | |
|---|---|
| **Македонија** | **Турција** |
| Националната програма за развој на образованието во Република Македонија (2005-2015) | Деветиот план за развој-образование: предучилишно, основно и средно (2007-2013) |
| Законские подзаконските акти од сферите на образованието | Законските и подзаконските акти од сферите на образованието |
| Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование | Среднорочна програма за образовни политики |
| Националните целно-ориентирани стратешки документи за: економски развој, намалување на сиромаштијата | Стратешките планови на Националното министерство за образование и Дирекцијата за развој на стратегија |
| | Други национални и стратешки документи |

За успешно да се спроведат реформите тие најпрво би требало да се планираат, да се развива стратегија која ќе се следи, на тој начин би можело да се добијат добри резултати. Како што може да видиме од наведеното Македонија и Турција имаат изработено **голем број на документи врз чија основа се темелат реформите**. Тоа се планови, програми за развој и стртешки документи. Еден од најважните документи секако се законските и подзаконските акти, кои се обврзувачки за образовните институции во спроведувањето на реформите. Планирањата и програмите за развој на образованието државата (Министерството за образование) ги изработува во рамките на образовните политики, во зависност од состојбите во образованието, приоритетите, технологијата која е се повеќе дел од образовниот процес и тоа што би требало да се направи во иднина за да се постигнат Европските стандарди, бидејќи овие две држави се кандидати за членство во ЕУ. Една од позначајните реформи во Турција е реформата од 1997 година со која е постигнат поголем опфат во основното образование, училиштата се опремени со современи наставни средства и технологија, се зголемува бројот на основните училишта со интернати, обезбеден е бесплатен превоз за учениците до училиштето, во училиштата се направени лаборатории, образование за возрасните кои немаат стекнато основно образование, подготовка на учениците за средно образование и часови за нивната идна професија и друго. Основната цел на образовната политика на Р.Македонија, зацртана во Националната програма за развој на образованието 2005-2015, е да обезседи можност за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и за сите возрасни групи и да осигура дека истите поседуваат компетенции кои се во согласност со барањата на општеството и пазарот на трудот. За да се подигне општото образовно

ниво на населението државата превзема мерки со кои ќе се зголемат квалитетот на општообразовните, стручни/работни и социјални компетенции на населението пред се на младите. Овој документ е посветен на развивањето и унапредувањето на знаењата и зајакнувањето на културата на живеење на граѓаните на Р.Македонија. Таа настојува да даде полн придонес за остварување на одржлив развој и подобрување на општеството и негово афирмирање како рамноправен и респектабилен член во европското и светското окружување. Националната програма за развој на обраозванието помага да се развие ефективен образовен систем кој располага со механизми за подготовка на младите и возрасните за сите предизвици и промени со кои ќе се судрат во утрешнината која доаѓа.

Една од позначајните реформи во Македонија е продолжување на траењето на задолжителното основното образование од осумгодишно на деветгодишно кое заедно со задолжителното средно образование е во **траење од вкупно 13 години**. Во Турција исто така е продолжено задолжителното образование кое се состои од задолжително основно и средно образование, во **траење од вкупно 12 години**. Во зависност од стратегиите, плановите и програмите во образованието се спроведуваат најразлични проекти, кои се многу значаен дел на реформите во образование.

Табела бр. 31

*Проекти во основното образование во Р.Македонија и Р.Турција*

| Реализирани проекти во основното образование | |
|---|---|
| **Македонија** | **Турција** |
| Проект на УСАИД | „100% Подршка за образованието“ |
| Компјутер за секое дете | Фатих проект 4+4+4 |
| Градиме и реконструираме училишта | Градиме (додаваме) училиште |
| Изградба на 145 спортски сали | Современо образование 2000 |
| Информиран родител (е-Дневник) | Е – училиште |
| Проект за образование на Ромите | „Проект образование за сите“ |
| Проект кретивна настава и учење | Проект за „современо земјоделство“ во основните училишта со интернати и пансиони. |
| Социјална инклузија на деца и млади | Кампања „Ајде девојчиња на училиште“ |
| Училиште по мерка на детето | „Програма за темелно образование“ |
| Учиме со помош на компјутери | „Училишен проект пријател на детето“ |

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Како што може да се види од наведеното проектите во образованието во Македонија и Турција, имаат за цел изградба и реновирање на основните училишта, **воведување на технологија и компјутери во наставата**, во Македонија се воведува нов пристап наречен Училиште по мерка на детето, се обрнува посебно внимание на образованието на Ромите и на другите социјално ризични групи со цел опфат во основното образование и спречување на инклузијата. Наместо дневниците кои се користат се воведува **електронски дневник** со тоа и во оваа сфера навлегува технологијат, наместо рачно да пишуваат наставниците преку интернет во системот ги внесуваат потребните податоци за учениците, во Турција слична на оваа е реформата со системот **е-училиште** која е сеопфатна, во овој систем се води сметка за целиот развој на детето започнувајќи со неговиот почеток во основното образование па се до завршување на задолжителното 12 годишно образование;
- Турција даночно ги олеснува или ги ослободува од данок сите оние кои ќе инвестираат во образованието, овој проект дава голем придонес при изградба и реновирање на основни училишта, со кампањата „ајде девојчина на училиште" се придонесе за затворање на разликата во опфатот помеѓу машките и женските ученици. Македонија со изградбата на спортски сали при основните училишта планира да придонесе во здравиот физички развој на учениците, од наведеното може да заклучиме дека скоро сите чекори кои се прават ја имаат истата цел, а тоа е целосен опфат на децата во основното образование, квалитетна настава и пракса во училиштата, употреба на ИКТ, реновирање на училишните згради и изградба на нови училишта со подобри услови за настава и друго;

Нашите ставови и мислења во врска со проектите спореведени во основното образование во Македонија ги имаме наведено во делот кога ги образложивме реформите во Македонија. Според нас од проектите реализирани во Турција во Македонија може да се пренесе следново: ослободување од данок кон државата на лицата кои дале доброволен допринос во образованието (пр. реновирале или изградиле училиште), слично на кампањата „ајде девојчиња на училиште" да се подигне јавната свест за значењето на образованието и да се намали инклузијата на учениците од основното образование особено за оние кои немаат можност да го финансираат образованието да се обезбедат финансиски средства и да се помогнат учениците од социјално

загрозени семејства, во Турција голем број на деловни луѓе и бизнисмени ја подржале оваа кампања која се смета за успешна тоа може да се види и од статистичките податоци за опфат на учениците во основното образование според полот, во Македонија опфатот (%) на ученици по пол е приближна но има намалување на опфатот на ученици во основното образование, Проектот пријател на детето реализиран во Турција е прифатлив и може да има позитивни ефекти и да се постигнат добри резултати ако се спроведе во основното образование во Македонија со овој проект се направени напори за да се промени пристапот на сите инволвирани со образованието кон учениците и децата, а со тоа да се подобри квалитетот во наставата, сметаме дека во училиштата во Македонија се потребни поголем број на еколошки проекти и проекти со прошетки во природа, во смисол учениците одредени денови да реализираат настава во природа и да бидат во „директен контакт со природата".

# 4. РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО Р.МАКЕДОНИЈА И Р.ТУРЦИЈА

## 4.1.Раководење и управување со основното образование во Р.Македонија

Денес образованието е пред голема пресвртница, поради големите промени во технологијата и општеството. Овие промени нема/неможат да изостанат надвор од образовните институции туку тие допираат до основната функција на училиштето, а училиштето е потребно да се адаптира на ново настанатата состојба и промените, затоа се бараат нови начини на управување и раководење, значењето на управувањето и раководењето со основните училишта постојано се зголемува.

Република Македонија го започна својот пат кон децентрализација и локална демократија. Централната власт пренесува, на локално ниво, надлежности и установи, процес со кој ќе се зголемуваат овластувањата на локалната самоуправа за самостојно управување. Во овој чекор особено значајно е пренесувањето на надлежностите за основање, управување и раководење на училиштата, од централната власт на општините и на градот Скопје (Гоцевски, 2007, стр. 271).

Образованието е сфера која е значајна за целото општество. Затоа е многу битно прашањето за демократско управување и раководење со училиштата, со транспарентноста и прегледноста на сите процедури и донесувањето одлуки да биде составен дел на менаџирањето.

Тоа доведе до измени и дополнувања на Законот за основното образование и Законот за средното образование, во делот на составот и на надлежностите на училишниот одбор кое дефинира една одговоран, конструктивна и професионална процедура на изборот, односно именување на училишните директори и менаџери и вклучување на сите заинтересирарни субјекти во управувањето на училиштата.

Децентрализација создава можности училиштата што подобро да се приспособат кон потребите на локалната средина, што ќе се обезбеди со вклучување на сите заинтересирани структури во органот на управување на училиштето.

Имено, додека досегашниот состав на училишниот одбор беше од членови од редот на вработените, родители на учениците и претставниците на централната власт, сегашниот состав

на училишниот одбор се проширува и со претставници од локалната власт и од деловната заедница.




Графички приказ бр. 28

*Органи на управување и раководење со основното образование*

Институциите за образование започнувајќи од Министерството за образование се поставени во паралела со раководителите. Секторот за основно и средно образование е во рамките на Министертвото за образование со него раководи раководител. Со децентрализацијата се зголемени ингеренциите на градоначалниците во областа на образованието, затоа и градоначалникот се смета за раководен орган. училишниот одбор и директорот се директно вклучени во управувањето и раководитењето со основните училишта. Ние подолу ќе зборуваме за оние органи кои директно управуваат со основното училиште тоа се директор на основно училиште и училиштен одбор.

Децентрализацијата во образованието би можело да се прифати како позитивна реформа и таа е воведена по примерот на повеќето земјите членки од Европската Унија, во кои образовниот систем е децентрализиран. Процесот на децентрализација придонесува за побрзо решавање на проблемите на локално ниво, со кои се соочуваат основните училишта, но фазите на децентрализација во Македонија многу се одолговлекуваат и затоа сеуште во основните училишта во целост неможат да се видат сите придобивките од децентрализацијата. Сеуште не е направена

фискална децентрализација, затоа вработувањата во основното образование се вршат со дозвола на Министерството за образование и наука. Со децентрализацијата се појави дополнителен проблем кога централната и локалната власт се од различни политички структури, тие општини кои се од друга политичка опција на некој начин се запоставени од страна на централната власт или не се одговара на потребите на овие општини за разлика од другите кои се од иста политичка структура со централната власт. Овие проблеми се јавуваат пред се во финансирањето на основните училишта, финансиските средства не се еднакво распоредени и искористени од страна на основните училишта на ниво на држава.

### 4.1.1.Органи на управување и раководење

Во сферата на информатичкото општество, управувањето и раководењето со сите функции во претпријатијата и во другите институции, во кои спаѓаат и воспитно-образовните, стануваат се позначајни бидејќи се во фокусот на се повеќе научни дисциплини.

Денес од посебно значење е управувањето и раководењето со основните училишта, ако се имаат предвид целите и принципите на основното образование, како што се демократијата, еднаквоста, целосен опфат на населението и друго. Би требало да се обрати посебно внимание на оние кои управуваат и раководат со училиштата, ако се има предвид залагањата на Македонија за членство во Европската Унија и развој на демократијата. Затоа е потребно да се направат големи промени во областа на образованието пред се во управувањето и раководењето, како и основањето на образовните институции. Покрај тоа постепено со децентрализацијата се зголемуваат ингеренциите но и одговорноста на локалната самоуправа во основното образование.

Раководен орган на основното училиште е директорот. Поимот директор треба да се сфати како функција што ја извршува некој поединец, во некоја организација (училиште), односно како звање што го носи некое лице при извршувањето на определена водствена функција на некое од повисоките менаџерски нивоа. Вршејќи ја оваа функција директорот претставува и менаџер бидејќи секојдневно врши некоја од менаџерските функции, но сепак, работата на оваа раководно лице се уште зависи од многу инстанци кои, неминовно, ќе ја ограничуваат неговата самоиницијативност и самостојност на вршењето на оваа сложена улога на менаџер (Гоцевски, 2007, стр. 283).

Надлежностите и функциите на директорите на училиштето се уредени или произлегуваат од одредбите на законската регулатива од областа на образованието (закони, правилници, критериуми и др.), на работните односи, на финансиското работење, на правната и правосудната регулатива и друго.

Како би требало да изгледа профилот на раководителот на училиштето се одредува и со Националната програма за развој на образованието во Р.Македонија. Имено директорот на воспитно образовната институција треба да ги насочи напорите на вработените кон успешно остварување на однапред поставените цели. Заради тоа, потребен е директор кој:

- ⇔ Ќе ги унапреди условите за најефикасно реализирање на воспитно-образовната услуга која ќе биде пласирана и прифатена на пазарот;
- ⇔ Ќе изгради стратегија за развој на воспитно-образовната институција имајќи го предвид влијанието на околината;
- ⇔ Ќе моделира организациска структура која ќе обезбеди интегрален пристап во управувањето со сите процеси во воспитно-образовната институција;
- ⇔ Ќе ги искористи рационално внатрешните кадровски потенцијали и образовните техничко-технолошки и финансиски ресурси;
- ⇔ Ќе се создаде и развие организациска култура која ќе ги поттикнува вработените за потполно учество во остварувањето на целите;
- ⇔ Ќе ги задоволи барањата на државните органи кои ја контролираат работата на воспитно-образовната институција (ресорното Министерство, Бирото за развој на образованието, Просветната инспекција);
- ⇔ Ќе ја вклучи воспитно-образовната институција во информативниот- ите систем-и и од соодветните области;
- ⇔ Ќе делува како авторитет кој компететивно и одговорно ќе ја води воспитно-образовната институција (Национална програма за развој на образованието во Р.Македонија:2005-2015, стр. 357);

Сето оваа, од директорот на воспитно-образовната институција ќе бара солидна и стручна подготовка, одговорност при извршувањето на задачите, комптентност при донесувањето на одлуките и одлучност при нивното спроведување. Орган на управување со основното училиште е училишниот одбор.

Управувањето со промените е важна менаџерска вештина. Промените најчесто создаваат страв, несогласување и поради таа причина се одлагаат на штета на образованието

(Димитриевска, 2012, стр.81). Затоа директорите и управата на училиштето би требало да имаат големи знаења од областа на управувањето и раководењето, само така ќе бидат успешни во својата работа.

### 4.1.2.Директор на основно училиште

Функцијата директор на училиште во себе ги обединува двете улоги на водач и менаџер. Тоа практично значи дека индивидуата што ја извршува функцијата директор на училиште, треба да поседува и менаџерски вештини и елементи на водство (Петковски, 1998, стр. 184). Доколку директорот е насочен кон резултатите, тогаш тој навлегува во сферата на менаџер, но ако повеќе е насочен кон воспоставувањето на релации и односи, тогаш тој се доближува до водач (лидер). Двете главни работи што го оптоваруваат секој директор се резултатите од работата и воспоставувањето релации и односи со институцијата.

Директорот е клучниот фактор за ефикасна работа на училиштето. Од неговото успешно водење ќе зависи задоволството на сите учесници во воспитно-образовниот процес и рејтингот на училиштето.

#### 4.1.2.1.Компетенции и избор на директор

Орган на раководење во основното училиште е директорот. Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето. За директор на основно училиште може да се избира лице кое има најмалку високо образование и кое ги исполнува условите за наставник или стручен соработник во основно училиште и ако има најмалку пет години работно искуство во воспитно-образовна работа, положен испит за директор. По исклучок, доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор. Ако избраниот директор не го положи испитот за директор во рок од една година, му престанува мандатот на директор. Мандатот на

директорот трае четири години, со можност за уште еден последователен мандат во истото училиште (Закон за основното образование, 2008, член 128).

Оспособувањето на кандидати за директори на основните училишта и полагање на испитот по успешно завршената обука го врши Државниот испитен центар, согласно со закон. Програмата за подготвување и полагање испит за директори и начинот на спроведување на испитот ги пропишува министерот на предлог на Државниот испитен центар.

Во програма за подготвување и полагање на испит за директор на основно училиште се утврдени содржините на модулите според кои кандидатот за испит на дирекотор на основно училиште се подготвува за испитот, времетраење на подготовките за полагање на испитот за директор и спроведувањето на испитот за директор. По реализацијата на подготовката на секој од модулите кадидатот за полагање на испит за директор изготвува семинарска работа, која е составен дел од досието на кандидатот за испит за директорот (Правилник за програмата за подготвување и полагање на испит за директор на основно училиште, начинот на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит за директор на основно училиште, 2010, член 2).

Програмата за испит ја реализираат обучувачи избрани на објавен конкурс од страна на Државниот испитен центра. Со конкурсот се утврдени критериумите кои треба да ги исполнуваат.

Пријавувањето на кандидатите за подготовка за полагање на испит за директор се врши писмено со поднесување на пријава. Кон пријавата кандидатот треба да положи:

1. Диплома за завршено соодветно високо образование;
2. Потврда за работно искуство во воспитно-образовна дејност во установи верифицирани од министерството надлежно за образование;
3. Кратка биографија;
4. Лекарска потврда за психофизичката состојба на кандидатот;

Реализацијата на Програмата за испит започнува еден месец од денот на завршувањето на објавениот конкурс, при тоа за секој кандидат се води досие кое се чува во Државниот испитен центар. По спроведената подготовка, согласно Програмата за испит кандидатот пријавува полагање на испит за директор, за полагање на испит можат да се пријават само оние кандидати кои ги следеле сите модули и успешно ги презентирале шесте семинарски.

Кандидатот се известува за полагање на испит најдоцна осум дена пред денот определен за полагање на испитот.

Испитот за директор се полага пред Испитна комисија формирана од страна на директорот на Државниот испитен центар. Испитната комисија се состои од претседател и двајца членови. Претседателот на Испитната комисија е од редот на советниците во Државниот испитен центар, еден член е од редот на вработените во високо-образовните установи, кој има завршено докторски студии од областите опфатени со модулите во Програмата за испит и еден член е од Министерството за образование и наука. Претседателот и членовите на Испитната комисија имаат свои заменици. Испитната комисија може да учествува при спроведувањето на подготовките за полагање на испит за директор согласно со Програмата за испит.

Испитот за директор се состои од два дела: усна одбрана на завшрниот семинарски труд и проверка на теоретски дел. Изработениот завршен семинарски труд на кандидатот го прегледува и оценуваат сите членови на комисијата. Испитот за директор може да трае најмногу 60 минути. Во текот на испитот се води записник за кандидатот. На кадидатот кој го положил испитот за директор му се издава уверение. Формата и содржината на уверението за положен испит за директор на основно училиште ги пропишува министерот.

Табела бр. 32

*Испит за директори на основни училишта*

| | |
|---|---|
| **Наслов на програмата** | Програма за подготвување и полагање на испит за директор на основно училиште |
| **Вид на програмата** | Програмата за подготвување и полагање на испит за директори |
| **Времетраење** | Вкупно 192 часа |
| **Документи/уверенија** | Уверени за положен испит за директор на основно училиште |

*Извор: Правилник за програмата за подготвување и полагање на испит за директор на основно училиште, начинот на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит за директор на основно училиште од 2010 година*

Основна цел на Програмата за подготвување и полагање на испит за директор на основно училиште во Р.Македонија е директорите и кандидатите за директори да ги стекнат потребните професионални компетенции за успешно организирање и раководење на воспитно образовната и друга работа во училиштето. Учесниците во програмата ќе ги добијата потребните знаења и ќе се стекнат со практични вештини од областите на образовниот менаџмент и педагошко инструктивните дејности. Директорите кои ќе се здобијат со уверение за положен директорски испит имаат обврска континуирано да се надградуваат и професионално да се усовршуваат.

Директорот на општинско основно училиште го избира и разрешува градоначалникот по предлог на училишниот одбор на основното училиште. Директорот на државно основно училиште го избира и разрешува министерот по предлог на училишниот одбор на основното училиште. Градоначалникот, односно министерот три месеца пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука училишниот одбор на училиштето да објави оглас за избор на директор. Ако градоначалникот односно министерот не постапи во претходно наведениот рок, училишниот одбор објавува јавен оглас за избор на директор. Во јавниот оглас на јавните гласила се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот. Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи до училишниот одбор на училиштето. Кандидатите кон пријавата мораат да приложат програма за работа за период од четири години. Пристигнатите документи ги прегледува комисија составена од три члена, избрана од училишниот одбор чија надлежност се утврдува со статутот на училиштето. Комисијата е должна во рок од пет дена по завршувањето на јавниот оглас да ги разгледа пристигнатите документи. На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени со јавниот оглас им се враќаат документите со образложение во рок од три дена од денот на разгледувањето на истите. Училишниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите согласно со одредбите во статутот на училиштето. Училишниот одбор и претставникот од Бирото вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите. Училишниот одбор на општинското основно училиште, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на градоначалникот на општината му предлага два кандидата за избор на директор, доколку на јавниот оглас се пријавиле повеќе кандидати. Училишниот одбор на државното основно училиште, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на министерот му предлага два кандидата за избор на директор, доколку на јавниот оглас се пријавиле повеќе кандидати. Градоначалникот, односно министерот во рок од десет дена од денот на добивањето на предлогот

избира еден кандидат за директор на основното училиште. Ако градоначалникот во утврдениот рок не избере директор, изборот го врши министерот. Кандидатите кои не се избрани во рок од осум дена до денот на приемот на одлуката, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Против одлуката на Државната комисија кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Во основното училиште може да се именува помошник на директорот за вршење на раководни и педагошки работи. За помошник на директорот може да се именува лице кое ги исполнува условите за наставник, односно стручен соработник на основното училиште и има три години работно искуство во областа на образованието и е од редот на вработените во училиштето. Помошникот на директорот го именува и разрешува директорот по предлог на училишниот одбор. Помошникот на директорот ги врши работите за кои писмено го овластил директорот и го заменува во негова отсутност. Ако во училиштето нема помошник на директорот, директорот за извршување на одделни задачи од својата надлежност и за замена во времето на отсутност, може да овласти наставник или стручен соработник од основното училиште кој ќе го заменува.

Директорите на основните училишта како што наведовме и претходно би требало да имаат стекнато високо образование и да положат Испит за директор. Сметаме дека кандидатите за директори покрај овие услови би требало да имаат стекнато посдипломски или докторски степен на образование, имајќи во предвид дека во некои држави од ЕУ овој услов се поставува и на наставниот кадар. Од директорите денес се „бара“ да бидат успешни менаџери и раководители, со Испитот за директори и обуката која се реализира тие се стекнуваат со одредени знаења од оваа област, но со последипломските студии можат да се стекнат со поголеми знаења и да истражуваат во областа на менаџментот. Изборот и именувањето на директорите би требало да се променат во одреден дел, со цел да се избегне избор и именување на политички подобни кандидати за локалната или централната власт, именувањето да се базира врз основа на стручни компетенции и квалификации на кандидатите за директори, како и врз основа на претходната кариера во наставничката професија (на пример: наставник кој напредувал во сите звања или истакнат наставник).

4.1.2.2. Професионален развој на директорот

Од посебно значење е и усовршувањето на директорот. Перманентното следење на развојот на воспитанието и образованието и примената на теоријата во практиката претставува образовна задача. Во таа смисла се поставува потреба за општо – културно и педагошко – психолошко целоживотно образование и усовршување на директорот (Гогоска, 2005, стр. 49).

Директорот постојано треба да ги следи промените во наставата и во образованието воопшто за да може да ги примени во основното училиште со кое раководи. Директорот кој не покажува интерес за работата на наставниците директно влијае врз паѓањето на работниот ентузијазам, елан и работна одговорност. Последици од сето тоа се слаб резултат во знаењата кај учениците, нефункционирање на воонаставните активности, кампањско подготвување за јавни настапи, појава на анархија и други негативни појави. Директорот на основното училиште е должен професионално да се усовршува и со Законот за основното образование.

Законската обврска на директорот за професионално усовршување сметаме дека би требало да се надополни со напредување на директорите во кариерата во звања или наградување со разлика во плата, на тој начин директорите повеќе ќе бидат мотивирани за професионално усовршување. Во системот за образование значаен недостаток е наградувањето или напредувањето на вработените во кариерата, врз основа на постигнатите резултати во работата и професионалниот развој. Заедно со професионалното усовршување директорот на училиштето би требало да добие некаков фидбек за во иднина повеќе да биде посветен во работата и да постигне подобри резултати, овој проблем во иднина би требало да се реши, тоа го бараат и директорите кои ги опфативме со нашето истражување (интервју).

На директорот на основното училиште му престанува мандатот, ако:

- Тоа сам го побара;
- Трајно ја загуби способноаста за вршење на должноста директор
- Ги исполни условите за старосна пензија;

Директорот на основното училиште се разрешува пред истекот на мандатот ако:

а) Направи повреда на одредбите од законите или други прописи и акти, утврдени од Државниот просветен инспекторат;

b) Не ја остварува програмата за работа и не се реализираат плановите и програмите за воспитно-образовна работа;
c) По негова вина е нанесена штета на учениците, на нивните родители или на училиштето;
d) Дозволи организирање на дејности и активности што се во спротивност со наставниот план и програмите;
e) Три години во текот на неговиот мандат најмалку 10% од наставниците и стручните соработници вработени во училиштето се најдат во групата на наставници и стручни соработници кои покажуваат најслаби резултати од екстерното проверување содржани во годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници;

Ако постојат одредени сознанија за постапување на директорот согласно со претходно наведеното од а до е, училишниот одбор свикува седница на која се донесува заклучок во писмена форма кој се доставува до директорот. Директорот има право во рок од седум дена од денот на приемот на заклучокот, писмено да се изјасни за наводите во заклучокот. Ако училишниот одбор не го прифати изјаснувањето на директорот, свикува седница во рок од три дена и во присуство на преставник од Државниот просветен инспекторат врши интервјуирање на директорот. Државниот просветен инспекторат дава мислење за оправданоста на разрешувањето на директорот. Ако училишниот одбор оцени дека е неопходно, во рок од седум дена доставува предлог за разрешување на директорот на општинското основно училиште до градоначалникот, односно на директорот на државно училиште до министерот, кои имаат рок од седум дена да го разрешат директорот. Разрешениот директор има право на жалба 15 дена од приемот на одлуката до Државната комисија.

Ако се утврдат потешки повреди во работењето до директорот на училиштето од страна на Државниот просветен инспекторат се доставуваат предлог мерки по кои директорот треба да постапи во рок од 30 дена. Ако директорот не постапи во одредениот рок, Државниот просветен инспекторат до училишниот одбор доставува решение за извршување на предлог мерките, ако за 30 дена не се постапи по решението Државниот просветен инспекторат го доставува решението до основачите на училиштето (градоначалникот или министерот). Основачот е должен во рок од 30 дена да го разреши директорот и училишниот одбор, по што се именува вршител на должноста.

Градоначалникот, односно министерот во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста на директорот од редот на вработените во училиштето кој ги исполнуваат условите за директор. Градоначалникот односно министерот во рок од пет дена од денот на именување на вршител на должноста на директорот донесуба одлука училишниот одбор да објави оглас за избор на директор. Вршител на должноста директор се именува и во случаи на предвремен престанок на мандатот на директорот. Вршителот на должноста директор ги врши работите до именувањето на нов директор, но не подолго од шест месеца.

Директорот кој повторно е именуван на јавен оглас му престанал мандатот се распоредува на работно место соодветно на неговата стручна подготовка во училишта на подрачјето на општината и во градот Скопје (Закон за основното образование, 2008, член 137).

Подрачното основно училиште го води раководител на подрачно училиште што го именува и разрешува директорот од редот на наставниците на подрачното основно училиште.

### 4.1.2.3.Работни должности на директорот

Под поимот менаџер се подразбира лице кое управува со процесот, со луѓето и со релациите коишто се однесуваат на некоја поставена цел и на остварувањето на таа цел. Во основа, менаџерот се насочува кон создавање определен резултат или продуктивност, и тоа барајќи ред и дисциплина, што упатува кон ефикасност во работата. Доброто управување значи да се прифатат луѓето и ресурсите такви какви што се, и притоа да им се помогне заеднички да работата за да ја постигнат поставената крајна цел.

Директорот во училиштето како менаџер, во улога на водач, визионер, во својата работа ги мотивира, обучува и охрабрува наставниците, работи на тоа наставниците да имаат повеќедоверба дека тоа што директорот го воведува во училиштето е за нивно добро и за напредок на училиштето. Директорот ги обединува сите членови на колективот преку создавање на здрава клима, а тоа го прави со својата доследност, отвореност и флексибилност. Соработува со сите ученици, вработени, родители, асоцијации, фондации односно го претставува училиштето секаде каде што е потребно.

Меѓу другото на директорот на основното училиште ги врши следниве работи (Закон за основното образование, 2008, член 130):

- Го застапува и претставува училиштето и е одговорен за законито работење;
- Ја организира, планира и ја води работата на основното училиште;
- Подготвува програма за развој на училиштето;
- Подготвува предлог на годишна програма за работа и е одговорен за реализација на годишната програма за работа;
- Одговорен е за остварување на правата и обврските на учениците;
- Врши избор на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно со закон и актите на училиштето;
- Врши распоредување на наставниците, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар;
- Одлучува за престанок на работен однос на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно со закон и колективен договор;
- Поттикнува стручно оспособување и усовршување на наставниците, стручните соработници и воспитувачи;
- Формира и раководи со училишната комисија за екстерно проверување на постигањата на учениците;
- Врши контрола врз начинот на водење на професионалните досиеја. Професионалното усовршување се остварува преку акредитирани програми за обука, кои ги реализираат јавни приватни установи, здруженија на граѓани и трговски друштва чии програми се акредитирани, акредитацијата ја врши Бирото за развој на образзванието;
- Организира менторство за наставниците-приправници, стручните соработници-приправници, воспитувачи-приправници, присуствува на часовите во наставата согласно со планот за посета на часови од годишната програма за работа на училиштето, за што составува препораки и забелешки од остварената посета кои се приложуваат кон професионалното досие на наставникот;

- Ја следи работата на училишниот педагог, психолог и другите стручни работници;
- Се грижи за соработката со родителите;
- Ги известува родителите за работата на училиштето и за измени на правата и обврските на учениците;
- Одлучува за воспитните мерки;
- Ја поттикнува и следи работата на заедницата на учениците;
- Обезбедува извршување на одлуките на училишниот одбор;
- Ја донесува систематизацијата на работните места на училиштето;
- Одлучува за склучување договори за работни односи;
- Покренува постапка за дисциплинска одговорност на наставниците, стручните соработници и воспитувачи;
- Се грижи за соработка на училиштето со здравствената установа во општината;
- Врши и други работи согласно со закон и статут на училиштето;

Во институциите како што е училиштето најважна е работата на луѓето. Затоа, директорот треба да ги користи сите можности активности за да вработи што подобри кадри. За таа цел, како и за многу други, директорот треба да има содветни квалитети, знаења и вештини. Покрај другите работни обврски директорот ја контролира и работата на наставниците со цел унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето.

Следењето на работата на наставниците директорот ќе го реализира преку присуство во работата на активите на наставниците и посредно, преку следење планови за работа на активите и наставниците, записниците, одделенските книги и друга педагошка документација. Со контролирање се проверува начинот и степенот на реализација на воспитните и образовните цели и задачи, се откриваат проблемите и тешкотиие за работата, а со тоа се овозможва нивно отстранување (Гогоска, 2005, стр. 56).

Од посебно значење за нормално одвивање на воспитно образовниот процес е комуникацијата помеѓу директорот и наставникот како и помеѓу ученикот и директорот. Комуникацијата на директорот освен во организацијата би требало да се одвива и надвор од неа односно во окружувањето.

Директорите во Македонија имаат голем број на работни должности кои реално и неможат да ги реализираат без помош од другите вработени во училиштето. Тие се одговорни за

нормалното функционирање на училиштето, воспитно-образовниот процес и одржувањето на училишната зграда (инфраструктура). Сметаме дека доколку се именуваат помошници на директорот во зависност од бројот на ученици и работните должности бидат распоредени со законска одредба ќе се подобри раководењето со основните училишта. Заедно со работните должности на директорите на основните училишта имаат многу ингеренции и овластувања, од тие причини почесто се јавуваат проблеми при новите вработувања на наставен кадар. Имено директорите кои се именувани од причини што се подобни на политиките на локалната и централната власт се под притисок при варботавањата, понекогаш немаат можност наставниците да ги вработат врз основа на нивната стручност и успеси во работата. Особено големи се овластувањата при разрешување на наставниците кои се на договор на дело и немаат решение на неопределено работно време, односно без никаква причина и повикувајќи се на законот може да биде разрешен наставник вработен со договор на дело. Директорите имаат можност да казнуваат без да се консултираат со друго тело или стручен орган, овие состојби допринесуваат за манипулации и сериозни проблеми во основните училишта, па дури и во општеството. Вработувањето на наставниот кадар би требало да се врши врз основа на стручност и компетентност, без притисоци кои би можеле да дојдат надвор од училиштето, разрешувањето на неуспешните наставници и оние кои не задоволуваат со работата би требало да ја врши стручен и независен орган.

### 4.1.3. Училишен одбор и стручни органи на основното училиште

Орган на управување на основното училиште е училишниот одбор. Училишниот одбор на основното училиште е составен од девет члена, и тоа: тројца претставници од наставниците, стручни соработници и воспитувачи од училиштето, тројца претставници од родителите на учениците, двајца претставници од основачот и еден претставник од Министерството. Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршувањето на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години. Училишниот одбор од редот на своите членови избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, по пат на тајно гласање. Одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови (Закон за основното образование, 2008, член 124).

Наставниците, стручните соработници и воспитувачи во основното училиште своите претставници во училишниот одбор ги избираат непосредно и тајно. Претставниците од наставниците, стручните соработници и воспитувачи во училишниот одбор ги избира наставничкиот совет. Претставниците на родителите ги избира Советот на родители непосредно и тајно. Постапката за избор на претставници на вработените на основното училиште и родителите во училишниот одбор на училиштето се утврдува со статутот на училиштето.

Училишниот одбор на основното училиште:

- Донесува статут на основното училиште;
- Предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината;
- Донесува програма за развој на училиштето;
- Донесува програма за воведување на повисоки стандарди и други програми;
- Предлага финансиски план до основачот;
- Предлага завршна сметка до основачот;
- Објавува јавен оглас за избор на директор на основно училиште;
- Врши интервју со кандидатите за директор;
- Предлага на градоначалникот на општината еден, односно двајца кандидати од пријавените кандидати на објавениот оглас за изброр на директор;
- Дава мислење до директорот за избор на наставници, стручни соработници и воспитувачи;
- Поднесува предлог до директорот за престанок на работниот однос на наставници, стручни соработници и воспитувачи кои не ја извршуваат својата работа;
- Одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште;
- Одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици;
- Врши и други работи утврдени со статутот на основното училиште;

Стручни органи на основното училиште се наставничкиот совет на основното училиште, советот на одделенски наставници, советот на предметни наставници, одделенскиот раководител, раководителот на паралелката и стручните активи на наставниците (Закон за основното образование, 2008, член 139).

Наставничкиот совет на основното училиште го сочинуваат одделенските и предметните наставници и стручните соработници на училиштето. Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот. Наставничкиот совет на основното училиште:

- Дава мислење по предлогот на програмата за развој и на годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување;
- Го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на другите стручни органи;
- Им одобрува на учениците побрзо напредување во основното училиште;
- Го разгледува остварувањето на наставниот план и програмите и презема мерки за нивно извршување;
- Донесува одлуки по приговор на учениците за утврдени оценки;
- Го разгледува извештајот од реализација на годишната програма за работа, од самоевалуацијата, од извшената интегрална евалуација и предлага соодветни мерки;
- Расправа и одлучува за стручни прашања поврзани со воспитно-образовната работа;
- Дава мислење за годишниот финансиски план на училиштето;
- Избира претставници во училишниот одбор;
- Дава мислење за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањата на наставата и учењето;
- Го усвојува интерниот распоред за екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците;
- Го разгледува годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници и Националниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници и предлага соодветни мерки;
- Дава предлози за напредување на наставниците и стручните соработници на училиштето;
- Одлучува за воспитни мерки;
- Врши и други работи утврдени со статутот на училиштето;

Советот на одделенските наставници го сочинуваат одделенските наставници, предметните наставници кои се вклучуваат во реализацијата на наставата од прво до петто одделение и стручните соработници на училиштето. Советот на одделенските наставници ги разгледуваат годишната програма за работа и планирањето на наставата, воспитно-образовните

проблеми по одделенија, подготвува програма за работа со талентираните ученици, односно за учениците кои потешко напредуваат, предлага и одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени со статутот на училиштето.

Советот на предметните наставници го сочинуваат предметните наставници што ја изведуваат наставата од шетсо до деветто одделение и стручните соработници на училиштето. Советот на предметните наставници ги разгледуваат годишната програма за работа и планирањето на наставата, воспитно-образовните проблеми по одделенија, подготвува програма за работа со талентираните ученици, односно со оние кои потешко напредуваат, одлучуваат за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.

Стручните активи на наставниците го сочинуваат наставници кои предваат ист предмет или подрачје. Стручните активи на училиштето ги усогласуваат критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигањата на учениците, даваат предлози на наставничките совети на училиштето за подобрување на воспитно-образовната работа, одлучуваат за употреба на учебниците во основното училиште, расправаат за забелешките на родителите, учениците и вршат други стручни работи определени со годишната програма за работа на училиштето.

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите на учениците се формира совет на родители на училиштето. Во советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка којшто го избираат родителите на родителскиот состанок на паралелката. Првото свикување на советот на родители го врши директорот на училиштето. Советот на родители:

a) Дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа;
b) Расправа за извештајот за работата на училиштето;
c) Предлага програми за подобрување на стандардите за наставата;
d) Дава согласност на предлозите на директорот за воведување повисоки стандарди;
e) Разгледува жалби на родителите во врска со воспитно-образовната работа;
f) Избира претставници во училишниот одбор на основното училиште;
g) Врши други работи утврдени со статутот на училиштето;

Доколку се договорат родителите во училиштето можат да формираат фонд (и во него да внесуваат редовно договорен износ на средства) за набавка на опрема што е над вообичаениот училишен стандарт. Фондот има управен одбор со претседател и членови од кои најмалку тројца претставници се од училиштето. Работата на фондот ја разгледува советот на родителите и советот на училиштето. Сето тоа помага да се зголемува одговорноста на родителите за животот и работата на учениците во училиштето (Концепција за деветгодишно основно образование, 2007, стр. 52).

Услов за квалитетно основно образование и основни училишта кои покажуваат добри резултати во својата работа е образованието да се изолира од политиката. Изборот на директори на основни училишта, членови на училишен одбор и наставен кадар да се врши врз основа квалитетите кои ги поседуваат. Вклучувањето на претставници од локалната самоуправа, родителите и МОН во училишниот одбор позитивно влијае врз квалитетот во образованието. Во некои од училиштата во Македонија, училишните одбори донесуваат одлуки кои ги наметнува директорот и одлуки на други повисоки органи, тоа е неприфатливо, сметаме дека училишниот одбор како највисок орган на училиштето, при донесување на одлуките би требало да биде независен и транспарентен. Некои од одлуките на стручните активи би требало да бидат обврзувачки за раководниот и управниот одговор, пред се оние кои се однесуваат на обезбедување на потребните наставни средства и материјали за настава. Наставничкиот совет и училишниот одбор понекогаш донесуваат одлуки кои се наметнати, односно одлуки донесени од повисоките органи тоа се локалната самоуправа и Министерството за образование и наука, оваа ситуација е парадоксална бидејќи овие органи се приморани да ја потврдат веќе донесената одлука и немаат можност да ја одбијат, иако тие најдобро знаат што е прифатливо или неприфатливо за училиштето.

**4.2.Раководење и управување со основното образование во Р.Турција**

Управувањето и раководењето со училиште, се смета за дел од управувањето и раководењето со образованието во ограничено подрачје (образовна институција). Основата на образовниот систем во Турција се образовните институции или училиштата. Ограниченоста во управувањето и раководењето со училиштето го одредуваат целите и структурата на образовниот систем. Основна задача на управата во училиштето е ефикасно користење на персоналот во

училиштата и сите расположливи средства, за подобро остварување на целите во училиштето. Во остварувањето на целите на училиштето и негово непречено работење главната одговорност му припаѓа на директорот.

Со Правилникот за назначување на раководители во образовните институции и промена на работното место на Националното министерство за образование (MEB Eğitim Kurumları Yöneticilerini Atama ve Yer Değiştirmelerine İlişkin Yönetmelik) донесен во 2009 година, од ново се одредува начинот на именување на раководители (директор, главен заменик директор, заменик директор) во училиштата и образовните институции кои се дел од формалното и неформалното образование на Националното министерство за образовани. Со овој правилник, освен промените на работните места по општини или населени места, управувањето со образовните институции и назначувањето на раководители се дадени на гувернерот на општината (Türk Eğitim Sisteminin Örğutlenmesi - 2011, стр.230).

Образовните раководители треба да посетуваат стручни знаења и вештини од областа на наставничката професија, психолошко советување и надзор во училиштето. Образовните управители се директори во Дирекциите за обраозование при големите градски општини, директори во Дирекциите за образование при општините и директори на училишта. Причините поради кои работата на директорот во училиште се смета за посебна професија се:

1. За управување со училиштето се потребни одредени знаења;
2. Работните задачи на директорот неможе секој да ги извршува, пред се лицето треба да има стекнато високо образование;
3. Директорите на училиштата би требало да имаат стекнато одреден број на сертификати и лиценца;
4. На почетокот треба да се поминат одреден број на испити;
5. Однесувањето на директорите на училиштата би требало да биде во рамки на одредени стандарди и треба да бидат ефективни во работата;

Денес работните задачи, овластувања и обврски на раководителите на училиштата се по сложени и значително се потешки. Затоа што очекувањата на општеството од раководителите на училиштата и знаењата кои треба да ги стекнат учениците се многу повеќе. Од раководителите со училиштата се очекува соработка со сите луѓе во општеството со цел донесување на посложените одлуки и истите да поседуваат поголеми познавања и вештини за лидерство и раководење (Cranston, 2002, стр. 2-5).

Во основните училишта во Р.Турција во зависност од карактеристиките и видот на образовната институција се формираат одбори, комисии и заедници, кои учествуваат со управувањето со училиштето. Повеќе за нив ќе зборуваме подолу во другите подглавја, при тоа мора да кажеме дека од клучно значење при донесување на одлуките управувањето и раководењето со секое основно училиште имаат: наставничкиот одбор, одбор-група наставници и директорот на училиштето. Со една шема се прикажани органите на управување и раководење со образованието и основното образование во Турција.




Графички приказ бр. 29

*Органи на управување и раководење со основното образование*

Сите институциите се подредени во паралела со раководителите кои ги водат. Генералната дирекција за темелно образование е орган дел од Националното Министерство за образование, Дирекциите за образование при големите градски општини и Дирекциите за образование при општини се посебни институции кои не се поврзани со општините туку директно се поврзани со Националното Министерство за образование, но ги има на целата територија на Турција во секоја голема градска општина и во сите општини, кои се наоѓаат во рамките или се

дел од големите градски општини. Највисоката функција до која можат да напредуваат раководителите е секретар-потсекретар, таа воедно е највисоката функција после Министерот за образование. Ние подолу ќе зборуваме за оние органи кои директно управуваат и раководат со основните училишта.

### 4.2.1.Органи на раководење и управување со основното училиште

Училиштето е најважниот елемент на образовниот систем, ефективноста зависи од тоа колку училиштето ги остварува на планираните организациски цели. Кога зборуваме за училиште најпрво се мисли на наставник ученик и родител. Но поважно од целото тоа е управувањето и раководењето со училиштето, бидејќи функционирањето на училиштето, остварувањето на поставените цели и соработката помеѓу овие елементи (наставник, ученик, родител) зависи од тоа како се раководи и управува со училиштето. Управата на училиштето има значајна улога и посредува помеѓу персоналот, финансиските ресурси, образовниот систем и општеството, со цел ефективна работа на училиштето и остварување на поставените цели.

Во зависност на општо поставените цели на турскиот образовен систем, управата на училиштето ги има следниве задачи (İlgar, 2005, стр. 92):

- ✓ Грижа за физичката состојба на училишната зграда;
- ✓ Обезбедува непречено одвивање на сите потребни активности за настава, заштита на наставните средства, подготовка на наставни планови, усогласеност на распоредот на наставната програма, социјални активности и друго;
- ✓ Работи во канцеларија, водење на документација, книги, тетратки, евиденција, досие, дописи и досие за известувања;
- ✓ Ученички работи (запишување, евиденција и следење на ученикот);
- ✓ Работи поврзани со персоналот;

Кога велиме управа се мисли на управниот и раководниот орган заедно, управен орган е наставничкиот одбор и одбор - група наставници, раководен орган на училиштето е директорот. Целта на управата на училиштето е остварување на организационите, управните цели и зголемување на продуктивноста на образованието по претходно поставени планови и програми

учениците да се стекнат со потребните знаења и вештини. Управата на училиштето за постигнување на оваа цел, би требало добро да ја одреди визијата и мисијата на училиштето во зависност на општествените промени и промените во животната средина. За да се постигне целото тоа персоналот активно треба да се вклучи во управувањето, во зависност од стручноста која ја поседуваат и различните погледи кон светот, би требало да придонесат во ефективно управување со училиштето.

Според законските регулативи училиштето е „раководено од страна на директорот". Раководителот на училиштето кој е најодговорен за училиштето, „за добро училиште" треба да обезбеди образовен, социјален, економски и културен развој на училиштето, покрај наведеното тој би требало да внимава и на следново:

- ⇔ Управата на училиштето најпрво би требало да посвети посебно внимание на успехот на учениците;
- ⇔ Да воспостави кординација помеѓу вработените;
- ⇔ Постојана контрола со методи кои ќе одговараат, на активностите во училиштето, спречување на грешки и недостатоци;
- ⇔ Управата на училиштето, треба да ја следи работата и успехот на персоналот, вреднувањето треба да биде поединечно, да стекне почит и доверба;
- ⇔ Би требало да придонесе на активностите и при учењето да присуствуваат семејствата и средината;
- ⇔ Би требало да се создаде позитивна клима во училиштето со чесна и праведно управување, без притисоци, насилство и омраза;
- ⇔ При управувањето со училиштето покрај законите, статутот и правилникот, треба да се почитува традицијата и правилата на регионот каде се наоѓа училиштето;
- ⇔ Буџетот и изворите на средства на училиштето треба да се користат според потребите;
- ⇔ Управата на училиштето според претходно утврден план ги прави сите потребни работи без да ги одложува;
- ⇔ Во училиштето треба да се формира добра комуникациона мрежа, би требало да се обезбедат о совладаат потребните знаења од страна на учениците и семејствата, училиштето и учениците постојано треба да се развиваат, да се почитуваат принципите на тајност;

Накратко раководителот на училиштето, во зависност од добиените овластувања од законските акти, ги организира луѓето за остварување на целите и постигање успех во училиштето, воспоставува врска помеѓу училиштето и средината, ефективно ги користи материјалните и духовните извори, личност која има сопствена визија.

Успехот секогаш е посакуван но не е така лесно остварлив, за да се постигне раководителот на училиштето би требало добро да ги познава своите одговорности, тогаш успехот е неизбежен. За да се постигнат целите раководителот на училиштето треба да ги оствари одговорностите. Одговорности на раководителот на училиштето се следниве:

- Одредување на целите на училиштето;
- Покривање на трошоците за училишните активности;
- Воспоставување на добри односи помеѓу индивидуите во училиштето;
- Поголемо учество на персоналот и развој на демократското управување;
- Планирање на образовните и наставните активности;
- Добивање на потребната подршка од околината;
- Ефективно и успешно училиште;
- Свесност за потребите на вработени и задоволување на потребите;
- Следење и вреднување на сите активности;

#### 4.2.2.Директор на основно училиште

Директорите на основните училишта се одговорни за повеќето работи во училиштето, започнувајќи од раководење со училиштето па се до работите поврзани со запишувањето на учениците во училиште. Помошниците на директорите вршат работи кои се дадени од директорот, тие можат да бидат поврзани со управувањето и наставата. Одговрностите и обврските на директорот одат до таму што доколку некој од наставниците не дојде на час, законска обврска на директорот или помошникот на директорот е да го реализира часот.

4.2.2.1.Компетенции и избор на директор

Во вториот дел од Правилникот за именување на раководители во образовните институции и промена на работното место на Националното министерство за образование (MEB Eğitim Kurumu Yöneticileri Atama ve Yer Değiştirme Yönetmenliği) како посебна целина се одредува начинот на аплицирање, полагање испит и именување на раководители на образовните институции, вклучително на директори при основните училишта.

Апликација за испит и услови за именување

Член 5 – од кандидатите за раководители се бара следново:

a) Стекнато високо образование на Факултетите за образовни науки,
b) Вработени како наставници при Националното министерство за образование до денот кога ќе ја поднесат апликацијата;
c) Да ги исполнува условите за вработување како наставник во институцијата за која конкурира (аплицира) да бидат раководител, или да се соодветни за да реализираат часови во институцијата за која конкурирале, природни науки и општествени науки;
d) Да бидат успешни на писмениот испит реализиран од министерството;
e) До крајниот рок на пријавување за испитот за директор кандидатот треба да наполни една година на функција главен помошник директор, помошник директор или овластен наставник директор; за испитот помошник на директорот би требало да е вработен две години како наставник;
f) До крајниот рок на пријавување во последните четири години кандидатот да не бил разрешен од функцијата управител поради административна и судска истрага или казна од плата или потешка дисциплинска мерка;

Кандидатите кои аплицирале за раководители, а при тоа се вработени со договор на дело според Законот за државни службеници, наставниците и раководителите кои се вработени во приватните училишта, стажот на овие лица се пресметува 2/3 од вкупниот период на вработување. Тоа би значело дека наставниците кои работат договорно и оние наставници и раководители вработени во приватните училишта, би требало да работат подолг период за да можат да аплицираат за раководители во државните образовни институции. Според овој закон покрај наведеното сите кандидати треба да бидат психо физички здрави.

Во секоја општина се одредуваат тип на секоја образовна институција според Формулар за одредување на тип на институции, каде во зависност од поените основните училишта и средните школи можат да бидат категоризирани како: А тип, В тип и С тип. Видот на училиштето се одредува во зависност од бројот на поени според формуларот, училиштето поените ги добива според следново: број на жители во населеното место, број на ученици во училиштето, број на ученици и друг персонал, училишната зграда и просториите во зградата, условите за работа, видот на затоплување, престојот на наставниците во училиштето (дом за наставници) и друго. Во зависност од кој тип е институцијата за именување на директорот се поставува и следниов услов:

1. За С тип образовна институција потребно е работно искуство од најмалку 1 година,
2. За В тип образовна институција потребно е работно искуство од најмалку 2 години,
3. За А тип образовна институција потребно е работно искуство од 3 години како раководител во образовна институција.

Наведениот услов не важи за основните училишта со интернати и пансиони.

Писмениот испит за раководители се најавува најмалку еден месец пред полагање од страна на Националното Министерство за обраозвание, усниот испит се најавува 10 дена пред полагањето од страна на гувернерот на општината каде се наоѓа образовната институција. При најавата за испит се одредува датумот и местото на полагање, начинот и времето кога може да се аплицира и друго. За реализирање на испитите за раководители во образовните институци се формира Комисија за испити во Министерството, во иднина се формира Комисија за вреднување на устен испит. Комисијата за испит е формирана од 9 члена од Националното Министерство за образование тоа се: претседател на комисијата може да биде избран еден помошник на секретарот-потсекретарот на Министерството или Генералната дирекцијата за човекови ресурси, членови на комисијата се по еден претседател од генералните дирекциите за: Човекови ресурси, Основно (Темелно) обрзование, Средно образование, Стручно и техничко образование, Верско образование, Приватно образование и советодавни услуги, Новости и образовна технологија и еден Правен советник. Комисијата за испит се собира со сите членови и донесува одлуки со мнозинство од гласовите. Работите на Комисијта за испит се водат од страна на Генералната дирекција за човекови ресурси. Должности на комисијата се следниве: ги одредува темите според кои ќе се подготват прашањата од страна на Генералната дирекција за новости и образовни

технологии, превземање на потребните мерки за спроведување на испитот, набљудување и следење на испитот, истакнување на резултатите од писмениот испит.

Комисијата за вреднување и устен испит е формирана од пет членови, директор на Дирекцијата за образование при општината или еден негов помошник (директор), двајца помошници на директорот при дирекцијата или директори на подружница, еден член директор на подружницата при локалната самоуправа (се мисли на управа во рамки на општината која се однесува на одредено населено место во рамките општината) и еден член од Генералната дирекција за човекови ресурси тоа може да биде директор на училиште, персонал од Министерството за образование или наставен кадар од Универзитет. Во зависност од потребите во општините може да се формираат повеќе комисии. Оваа комисија ги има следниве должности: реализација на устен испит, одредување на потребните поени во зависност од институцијата каде ќе се именува директорот, земање во предвид на сите жалби од кандидатите и донесување на одлука по истите со мнозинство гласови. Претседателот и членовите на Комисијата за испит или Комисијта за вреднување на устен испит, доколку со некој од пријавените кандидати за раководители се во брак, имаат крвно и роднинско сродство (до втор степен, втори братучеди) неможат да бидат дел од овие комисии.

Испитот за раководители (директори) на образовни институции се состои од две етапи односно писмен и устен испит, а испитот за помошник на директорот е само писмен. Писмениот испит се најавува преку најмалку еден месец од денот кога ќе биде спроведен на веб страната на Националното Министерство за образование од страна на Генералната дирекција за човекови ресурси. Писмениот испит се реализира преку централниот систем според потребите од кадар. Од вкупно 100 поени кандидатите за директори би требало да освојат 70 поени. На усниот испит во секоја општина се повикуваат три пати повеќе кандидати од потребите или од празните места за раководители, со услов истите да бидат успешни на писмениот испит. Сите кандидатите кои се последни на листата но освоиле доволно поени и го положиле писмениот испит, при тоа имаат исти број на поени се повикуваат на устен испит. Именувањето на кандидатите за директори се врши според освоените поени, при тоа се земаат во предвид 70% од поените на писмениот испит, 30% од поените на усниот испит и вкупниот број на поени од Формуларот за вреднување на раководители. За именување на кандидатот за помошник на директорот се земаат во предвид вкупниот број на поени од писмениот испит и поените од Формуларот за вреднување на раководители. Резултатите од усниот испит и вкупниот број на поени за именување на кандидатите пресметани од Комисијата за вреднување се истакнуваат за 10 дена на веб сајтот на Дирекција за образование при општината, а кандидатите се известуваат по електронска пошта од

Дирекцијата. Кандидатите можат да поднесат жалба доколку не се задоволни од резултатите после секој испит.

На примените кандидати за раководители им се дава право на избор во зависност од видот на образовната институција за која аплицирале, при тоа имаат право на избор од најмногу 20 образовни институции. Изборот на кандидатите се остварува по електронски пат за 5 работни дена од објавувањето на резултатите за именување на директори. Изборот и именувањето на директорите се врши во зависност од вкупниот број на освоените поени, односно кандидатите кои имаат поголем број на поени имаат предност при избор и именување за директор на образована институција. Раководителите на образовните институции се именуваат од страна на гувернерот по предлог на Дирекцијата за образование при општината, во месеците мај и јуни. Кандидатите се именуваат и според претходното работно место. Во училиштата со интернати каде сите ученици се од женски пол или има ученици во интернатот од женски пол, најмалку еден од помошниците на директорот кој ќе се именува треба да биде од женски пол. Главниот помошник на директорот се именува од редот на помошните директори, со одобрување на директорот на образовната институција, предлог на Дирекцијата за образование при општината и одобрување на гувернерот.

Во образовните институции каде нема директор се назначува директор-наставник, кој има овластувања исто како директорот на училиштето, покрај наставничките должности тој раководи и со институцијата. Тој се назначува од редот на наставниците вработени во училиштето по предлог на Дирекцијата за образование при општината и одобрување од гувернерот. Во зависност од висината на освоените поени директорите се назначуваат во образовните институции за основно образование кои се категоризирани како A, B и C.

Раководителите можат да го променат работното место каде се именувани по свое барање и во зависност од времето од кога се именувани на функцијата. Раководителот може да побара да го промени работното место кога ќе наполни три години од кога е именуван за раководител во институцијата, промената може да се изврши во рамките на истата општина. При тоа се бара соодветна институција, односно институција каде раководителот со стекнатото образование и други квалификации може да работи и како наставник. Тој избира од 10 институции во неговата област и од 10 институции кои се под и над неговата област, односно од најмногу 20 институции. Промената и новото именување на раководителите се врши од страна на гувернерот, во зависност од нивниот избор на образовна институција и освоени поени според Формуларот за вреднување на раководители. Главниот помошник директор може да биде преместен во зависност од изборот и потребите од овој вид на кадар. Промената на работното место на раководителите се

прави во општината според потребите на регионот и во основа се земаат правилата за ротација. Раководителите (директор, главен помошник директор и помошник директор) кои се вработени како раководители 6 години во иста институција им се променува работното место според изборот и бројот на поени стекнати според Формуларот за вреднување на раководители. Во основа раководителите во иста образовна институција би требало да работат 6 години. При промената на работното место се бара соодветна институција, односно институција каде раководителот со стекнатото образование и други квалификации може да работи и како наставник. Тој избира од 10 институции во неговата област и од 10 институции кои се под и над неговата област, односно од најмногу 20 институции. Промената на работното место и новото именување на раководители се врши во зависност од нивниот избор на образовна институција и освоени поени според Формуларот за вреднување на раководители. За оние кои неможат да бидат именувани според сопствен избор и за оние кои немаат направено избор на образовна институција промената се врши по електронски пат. Оваа промена на работно место покрај директорот на училиштето важи за главниот помошник директор и помошник директорот. Промената на работното место на раководителите започнува од 30 јуни, а завршува во месеците јули и август.

Разрешување на раководителите може да биде од повеќе причини. Раководителите се разрешуваат доколку се назначени на други функции повеќе од една година, во странство (се мисли на амбасадите на Р.Турција) како образовни советници и образовно аташе, оние кои се назначени на друго работно место со одлука на Комисијата за заедничко културно наследство во соработка помеѓу Министерствата во земјата или во меѓународни организации и назначените во подрачни организации на Министерството за образование, оние кои земале неплатен одмор повеќе од една година, вработени во Синдикални организации, оние раководители кои ги немаат потребните квалификации за повторно именување и поради тоа две години не биле именувани за раководители и поради судска или административна истрага. Раководителите кои сами ќе се откажат од функцијата се вработуваат како наставници во соодветна институција според нивните квалификации.

Во зависност од обемот на образовната институција и училиште, вообичаено е во сите да се именува по еден директор (директорски кадар). Меѓутоа во основните училишта кои немаат паралелки од 6 до 8 одделение, освен оние за учениците со посебни потреби, доколку имаат помалку од 150 ученици и во оние кои имаат комбинирани паралелки не се именува директор. Во институциите, во чија структура се наоѓаат повеќе училишта и институции се именува еден директор (директорски кадар). Главен помошник на директорот се назначува во училиштата со интернати и пансиони, во училиштата кои имаат повеќе од 500 ученици, во

основните и средните училишта за лицата со посебни потреби кои се основани заедно, во сите образовни институции каде има три или повеќе помошници на директорот и во институции под кои се наоѓаат повеќе училишта или институции со кои раководи еден директор. Помошници на директорот се именуваат според бројот на ученици во институциите за основното образование па така:

1. До 601 ученик – 1 помошник директор;
2. Од 601 -1401 ученик – 2 помошници директори;
3. Од 1401 – 2201 ученик – 3 помошници директори;
4. 2201 и повеќе ученици – 4 помошници директори (MEB Bağlı Okul ve Kurumların Yönetici ve Öğretmenlerinin Norm Kadrolarına İlişkin Yönetmelik, 1999, член 6-8);

Училиштата во кои нема именувано директор, неможе да се именува главен помошник директор и помошник директор.

Воглавно секоја приватна образовна институција е раководена од еден директор. Во предучилишните установи, основните и средните училишта кои се основани од еден основач и се наоѓаат во иста зграда или кампус, раководи еден директор, меѓутоа за секој оддел се именува по еден помошник директор. Именувањето и изборот на директори е слично како со државните училишта, односно директорот треба да ги поседува потребните квалификации со кои би можел да се вработи во државно основно училиште. Доколку во приватната образовна институција се именува директор странец, дозвола за работа треба да обезбеди основачот, а за другиот персонал обезбедува директорот. Во странските и малцинските приватни училишта каде наставата не се изведува на турски јазик, односно се изведува на друг наставен јазик, главниот помошник на директорот треба да биде државјанин на Р.Турција, да ги поседува сите потребни квалификации за предметен наставник на турски јазик или предметот турска култура. Доколку се одобри од гувернерот лицето добива дозвола за работа, тој се именува од страна на гувернерот. Мандатот на овој директор е во траење од пет години. Директорите на приватните училишта треба да ги исполнуваат следниве услови:

- Да се државјани на Р.Турција, освен оние кои ќе бидат назначени во меѓународните и странските училишта (не мора да бидат граѓани);
- Да ги исполнува условите за работа во приватно училиште, да има работен стаж од најмалку две години во приватно или државно училиште;
- Да има стекнато високо образование;

4.2.2.2.Напредување на директорот (раководител) во кариерата

Раководителите во Турција можат да напредуваат во кариерата па така од директор на училиште, директор на Дирекцијата за образование при општината или директор на Дирекцијата за образование при големата градска општина, функција раководител во рамките на дирекциите, до раководител во Националното Министерство за образование (раководител на генерална дирекција, сектор, оддели и друго), а во Националното министерство за образование постепено можат да напредуваат до највисоката функција со најголеми овластувања после Министерот за образование секретар-потсекретар како и помошник секретар-потсекретар, ние овде ќе зборуваме за првичното напредување на директорите на училиштата во кариерата. Напредувањето во кариерата на раководителите се регулира според Правилникот за именување на раководители и напредување во кариерата на Националното министерство за образование (MEB Yönetici Atama ve Görevde Yükselme Yönetmenliği, 2003). Директорот на основно училиште кој раководел со институцијата од тип А најмалку осум години, може да се назначи за директор на Дирекцијата за образование при големата градска општина (напредување во четврти степен на раководење). Покрај тоа директорот на основно училиште кој раководел со институцијата од тип А најмалку три години, може да се назначи за директор на Дирекцијата за образование при општината, помошник на директорот на Дирекцијата за образование при големата градска општина и директор на Оддел во Министерството за образование (напредување во трети степен на раководење). Директорот на основно училиште кој раководел со институцијата од тип В најмалку пет години, може да се именува за директор на Дирекцијата за образование при општината (напредување во трети степен на управување). Покрај овој услов од лицата кои ќе се именуваат за директори на Дирекцијата за образование при големата градска општина или директор на Дирекцијата за образование при општината покрај наведениот услов се бара да имаат работен стаж како наставници од најмалку две години (MEB Yönetici Atama ve Görevde Yükselme Yönetmenliği, член 6 и 8).




Графички приказ бр. 30

*Напредување на директорите (раководители) во основни училишта од А тип во кариерата*

Од кандидатите кои ќе напредуваат во кариерата на функциите наведени во правоаголници со текст пишуван во црна боја (Директор на Дирекцијата за образование при општината, Директор на Дирекцијата за образование при големата градска општина), се поставува и услов да имаат најмалку две години работен стаж како наставници.




Графички приказ бр. 31

*Напредување на директорите (раководители) во основни училишта од В тип во кариерата*

Од графичките прикази може да се види дека напредувањето на директорите на училиштата од тип А и В во кариерата е од трети степен според рангирањето направено во правилникот, освен напредувањето на функцијата директор на Дирекцијата за образование при големата градска општина е напредување од четврти степен. После напредувањето на локално ниво тие имаат можност да напредуваат и на централно ниво да бидат назначени за раководители во Националното министерство за образование. Напредувањето од четврти степен се остварува после три години работен стаж на трети степен на раководење. Напредувањето во четврти степен значи назначување за раководител во Националното министерство за образование, како: шеф на оддел (зависен), шеф на оддел (независен), помошник директор во генерална дирекција, I советник правник, генерален директор (дирекција или претседателство), претседател на одбор за планирање и кординација, претседател на одбор за ревизија, претседател на одбор за образование и воспитание, помошник секретар-потсекретар, секретар-потсекретар (највисока раководна функција после Министерот за образование и последен степен на напредување на раководителите во кариерата).

Националното министерство за образование објавува конкурс (известување) за празните места на централно и локално ниво, во зависност од потребите раководителите можат да аплицираат, се прифаќаат апликациите на оние кои ги исполнуваат општите и посебните услови за тоа одлучува Генералната дирекција за човекови ресурси (персонал). Меѓу другото се бара следново: општи услови за државен службеник (кои ги наведовме во делот за наставниците),

стекнато високо образование, позитивни оценки за работата во последните три години, за напредување во четври степен да немаат дисциплинска мерка (за четврти степен се одредуваат посебни услови и во Законот за државните службеници) и друго. За напредување во кариерата покрај поставените услови кандидатите задолжително треба да се дообразуваат за одредени теми и според специјална наставна програма во траење од 30 дена (дневно најмногу по 7 часа), за теми поврзани со областа и квалификациите потребни за раководното место за кое аплицирал кандидатот, за именување како раководител кандидатот следи настава во треење од најмалку 45 најмногу до 75 часа. Кандидатите кои присуствувале на наствата се стекнуваат со право да полагаат испит за напредување во кариерата кој се спроведува од страна на Центарот за мерење и вреднување на Министерството, за да можат да бидат именувани кандидатите треба да бидат успешни на испитот или од вкупно 100 поени да освојат најмалку 70, се именуваат кандидатите кои ќе освојат најмногу поени. За подготовка на прашањата, одредување на местото каде ќе се полага испитот, подготвување на записник, објавување резултати, разгледување на жалби и други работи се формира Одбор за испит. Овој одбор се состои од следниве членови: директорот на Генералната дирекција за човекови ресурси – претседател на одборот, еден член од членовите на Одборот за образование и воспитание, еден инспектор од Министерството од Одборот за ревизија, еден помошник на директорот од Генералната дирекција за новости и образовни технологии и еден советник правник.

#### 4.2.2.3.Работни должности на директорот

Од раководителот на училиштето се очекува правилно и рационално користење на материјалните и човековите ресурси на училиштето. Поврзано со оваа помеѓу работните задачи на директорот на училиштето се селдниве: буџетот на училиштето, училишните политики, правила во училиштето, работи поврзани со ученикот, работи околу воспитно образовниот процес и работи поврзани со персоналот на училиштето. Раководителот, придонесува во оформувањето на училишните политики, поставува правила во училиштето и ги применува, формира политики за дисциплина на учениците, придонесува за благосостојбата на вработените, вреднување, развој, наградување и други работи. Ја планира наставата по периоди и временската рамка на буџетот на училиштето. Директорите на училиштата во Турција се обврзани да ги извршуваат работните задачи кои им се одредени со законите и правилниците. Раководителот на училиштето е одговорен да ги води, уредува и контролира сите работи на училиштето, да раководи со училиштето во

зависност од поставените цели, да врши надзор, да ја вреднува работата и да овозможи развој на училиштето, во рамките на законските акти за образование, програмите и наредбите издадени од управата што е над него. Работните задачи на директорите на училиштата, се наведени во книгите пишувани во земјата и во странство на тема образование управување и раководење со училиштата, под различни наслови (Şişman, M., Taşdemir, İ., 2008, стр. 201).

Работни должности, одговорности и овластувања на директорот на институциите за основно образование или директорот на училиштето се: ги извшува своите задачи според законите, статутот, правилниците, програмата, наредбите, насоките и инструкците кои му се дадени, тој е овластен да ја организира и контролира работата во училиштето. Директорот е одговорен од раководењето на училиштето според поставените цели, вреднување на работата и развојот на училиштето. (MEB İlköğretim Kurumları Yönetmeliği, 2008, член 60). Развива мисија и визија за училиштет, работи за подобрување на квалитетот во училиштето, спроведува истражување во оваа насока. Ги поставува целите за развој на училиштето, подготвува стратешки план и во оваа насока работи на подобрување на условите. Создава услови за хармонична работа во училиштето. Изработува план за работа на почетокот на учебната година земајќи го во предвид целиот персонал. Покрај наведеното директорот на основното училиште ја вреднува работата (перформансите) на персоналот, ги превзема потребните мерки за поголема продуктивност во работата, предлага мерки за подобрување на условите во училиштето до надлежните. Пренесува овластувања и одговорности на подредените, за порационално водење на работите, придонесува во развојот и напредувањето на подредените во подрачјата каде има потреба. го одредува персоналот кои ќе биде награден. Пополнува извештај за работата и стажот на персоналот во училиштето. Кога тоа од него ќе го побараат претпоставените доставува извештај за работата на училиштето во кој се наведени активности на училиштето, ги вреднува предлозите на претпоставените. Ја вреднува работата на училиштето. Ја контролира и кординира работата на наставниците. Ја следи работата на комисиите и одборите во училиштето и ги спроведува донесените одлуки. Ги зема во предвид принципите на демокртијата и според нив го води училиштето, при тоа ги зема во предвид интересите на персоналот особено за дообразување. Создава позитивна клима за работа во училиштето, го наградува персоналот, обезбедува услови за напредување на кандидатите за наставници (стажери). Организира социјални, хуманитарни активности и др. Во училиштата со интернати работните должности на директорот се многу посложени, започнувајќи од одржување на зградата, грижа за учениците, за наставата и др. Обезбедува нова технологија за подобрување на квалитетот во наставата. Тој прави се што е потребно за училиштето да прерасне во научно-културен центар. Одговорен е за издавањето на училишните весници и списанија. Одобрува

неделна програма за работа, дежурства и секојдневна работа. Овозможува работата во училиштето да се одвива по одредени стандарди. (Tebliğler Dergisi, sayı 2508).

Работните должности на директорот се претцизирани во списанието Теблиглер (Tebliğler Dergisi) под број 2508, кое претсавува издавачки орган на Националното Министерство за образование, преку кој до училиштата и целиот вработен персонал се даваат потребните информации и наредби, се запознаваат со промените во образованието, се објавуваат известувања, статути, правилници и друго. Во бројот 2508 листата со работни задачи за директорите на основните училишта се состои од 66 точки.

Главниот помошник директор е најблискиот помошник на директорот, тој го заменува директорот во негово отсуство. Главниот помошник на директорот ги извршува сите работи дадени од директорот на училиштето, па така тој следи и извршува секакви должности неопходни за училиштето, како што се: настава, раководење, работи поврзани со персоналот и учениците, инвентар и материјали на училиштето, допишување, образовни активности, сместување во интернат, стипендии, безбедност, исхрана, чување и поправка, чистота, ред, дежурство и односи со јавноста. Тој е одговорен пред директорот при извшувањето на овие задачи и работата на училиштето според поставените цели (MEB İlköğretim Kurumları Yönetmeliği, 2008, член 61).

Помошник директор ги извршува сите работи дадени од директорот на училиштето, па така тој следи и извршува секакви должности неопходни за училиштето, како што се: настава, раководење, работи поврзани со персоналот и учениците, инвентар и материјали на училиштето, допишување, образовни активности, сместување во интернат, стипендии, безбедност, исхрана, чување и поправка, чистота, ред, дежурство и односи со јавноста. Тој е одговорен пред директорот при извшувањето на овие задачи и работата на училиштето според поставените цели (MEB İlköğretim Kurumları Yönetmeliği, 2008, член 62).

Еден од одделенските наставници во училиштата кои немаат директор се назначува за наставник – директор. Тој ги превзема работите, овластувањата и одговорностите на директорот во училиштето каде е назначен.

Директорите на училиштата покрај одредените работни задачи, овластувања и одговорности од страна на Министерството за образование, во зависност од начинот на раководење ги користа своите социјални, раководни, професионални, знаења и вештини, пред се тој треба да биде добар лидер (Topçuoğlu, 2010, стр. 41).

Работни задачи, овластувања и одговорности на директорот на приватно училиште се (MEB Özel Öğretim Kurumları Yönetmenliği, член 32):

- Програмата да се спроведува во согласност на целите, зголемување на успехот, превземање на потребните мерки за поквалитетна настава;
- Ја претставува институцијата пред невладини организации, вакуф, заедница и некој друг вид на цивилно организирање, доколку институцијата е член на некоја од наведените организации;
- Добивање на дозвола за работа за образовниот персонал и продолжување на работната дозвола на персоналот;
- Ги прави потребните подготовки пред почетокот на учебната година, планирање на активностите, распоред на работните задачи на вработените, обезбедување на потребните дозволи за воннаставните активности;
- Може да изведува настава најмногу до 12 часа неделно, под услов да не ги запостави своите работни задачи;
- Ги извршува сите други задачи кои се предвиедени во правилниците за државните училишта;
- Директорот на институцијата е одговорен од целата управа на институцијата, учениците да се образоваат според поставените цели, од планирање на наставните активности и советодавни услуги, директорот е одговорен и спрема основачот или назначен претставник на основачот, Министерството и од другите овластени институции;
- Директорот на институцијата доколку е основач или претставник на основачот е одговорен и за финансиското работење;
- Помошникот на директорот ги извршува работните задачи дадени од директорот. Во негово отсуство го заменува директорот;

**4.2.3.Наставнички одбор и одбор-група наставници во управувањето со основното училиште**

Управен орган на основното училиште е наставничкиот одбор и одборот -група наставници. Со наставничкиот одбор претседава директорот на училиштето, тој се состои од помошните директори, сите наставници и советници, ментори, во зависност од составот на

институцијата за основно образование стрчни обучувачи и обучувачи мајстори. Во отсуство на директорот со наставничкиот одбор претседава доколку има главниот помошник на директорот, ако нема тогаш го заменува еден од помошник директор. Наставничкиот одбор се состанува на почетокот на учебната година, на почетокот на второто полугодие, на крајот од учебната година и се состанува по потреба. На првиот состанок се вреднува претходната учебна година и се одредуваат основните принципи на работа во новата учебна година и се распоредува работата во училиштето. На состанокот одржан во текот на учебната година се разгледува и се вреднува работата во училиштето, се превземаат мерки и се донесуваат одлуки за надополнување на недостатоците. На состанокот одржан на крајот од учебната година се разгледува успехот на учениците, редовноста и отсуствата на учениците, се разгледуваат точките предложени од раководството на училиштето и другите надлежни институции под чија управа се наоѓа училиштето тоа се Националното министерство за образование и Дирекцијата за образование при општината. На наставничкиот одбор се разгледуваат работите поврзани со: наставата, редот и дисциплината, одност училиште-средина, образованието и развојот на учениците, планирање на работата, повремена контрола на работата, разгледување на прашања и теми одредени од директорот или од Министерството. Донесените одлуки треба да бидат во рамките на законите, статутот, правилниците, програмата и наредбите издадени од страна на министерството. Одборот има право да поднесе иницијатива за промена на некои од овие акти за кој смета дека негативно влијаат на развојот на училиштето. Покрај тоа наставничкиот одбор ги надополнува празнините во наставните програми, правилниците, наредбите и известувања, односно се претцизираат недоволно разјаснетите делови. Со промените кои се донесуваат целта на наставничкиот одбор е училиштето да има динамична наместо статична управа (Dengiz, 2007, стр. 42).

На состаноците на наставничкиот одбор се разгледуваат претходните одлуки, изборот на членови на одборите во училиштето и се разгледува нивната работа. Во зависност од карактеристиките на училиштето се формираат комисии и одбори. Комисии и одбори кои можат да се формираат во училиштата се:

- Одбор на наставници во паралелка (се мисли на наставници кои изведуваат настава во иста паралелка);
- Одбор за контрола и следење на однесувањето на учениците;
- Училишно-семејна заедница;
- Одбор за следење на пишувани документи;
- Комисија за примо-предавање и купување;
- Екипа за развој на училиштето и управата;

- Комисија за извршни услуги - менторство и психолошки консултации;
- Одбор за социјални активности;
- Одбор за професионално усовршување
- Ученички одбор и училишен совет;
- Екипа за проектот за индивидуално образование;
- Социјален клуб;
- Избор на класни раководители;
- Комисија за прослава на свечености и други;

На состаноците на наставничкиот одбор се води записник, одлуките од записникот влегуваат во книгата за одлуки, за спроведување на одлуките записникот се потпишува од страна на сите наставници и раководители. Одлуките донесени на наставничкиот одбор се обврзувачки за сите наставници.

Одбор-група наставници во основните училишта се состои од наставници кои изведуваат настава во исто одделение и предметни наставници доколку има, во средните школи и верските школи овој одбор се состои од предметни наставници кои предваат по ист предмет или подрачје. Одбро-група наставници се состанувуа според изготвен план од директорот и помошните диектори на почетокот на учебната година, средината на учебната година и доколку има потреба. Со состоаноците претседава еден од помошниците на директорот одреден од страна на директорот или избран наставник од предметните наставници. На овие состаноци се утврдува работата во училиштето реализација на наставните програми и паралелно изведување на часовите-наставните единици, користење на наставните средства, лаборатории, библиотеки, спортски сали, технологија и дизајн, ИКТ, планирање и користење на училниците за визуелни уметности и музичко, изработка на проекти и одредување на потребните перформанси при работа. Според специфичноста на предметот се формира заеднички став, се задаваат примери за активности и се изготвуваат материјали. Работни задачи на одборот-група наставници:

- Ја разгледува наставната програма и се формира заеднички став.
- Наставниицте се фокусираат на потешкотиите со кои се соочуваат при реализација на наставната програма и се бараат решенија.
- Се испитуваат животната средина, работата и образованието на учениците и се донесуваат одлуки кои би требало да се спроведат со цел подобрување на состојбите.

- Се формира општоприфатлив и заеднички став за реализација на образовните активности според плановите кои ќе се изработат.
- Се разгледуваат стручни (професионални) трудови, новостите и се следи развојот во образованието.
- Се припремаат заеднички средства за мерење и вреднување.
- На крајот од учебната година одборот-група наставници доставува извештај до директорот на училиштето во врска со: наставната програма, законските акти, наставните средства, наставните методи и техники, состојбата во училиштето и училиците и постигнатиот успех на учениците.
- Се одредува начинот и принципите според кои ќе се реализираат заедничките испити во секое полугодие, при тоа се одредува видот на прашањата, темите и датумот на испитите. Резултатите од заедничките испити се вреднуваат на состаноците на одборот, се пишува извештај кој се предава на управата на училиштето.

Директорите на училиштето од сите претседатели на одборите-група наставници во училиштето избира еден, овој наставник се поврзува со кординаторот за регионот при Дирекцијата за образование, при тоа овие претседатели на одбори од сите училишта (по еден) се состануваат на ниво на еден регион. На овие состаноци се избира еден пртседател, на овие состаноци во Дирекциите за образование на големите градски општини се дебатира за наставните програми според кои ќе се изведува наставата во училиштата кои се наоѓаат во рамките на големата градска општина, или состаноци на претседатели на одборите-група на наставници на ниво на големата градска општина. На овие состаноци се оформуваат заеднички општоприфатлив став и сваќања на ниво на големите градски општини по претходно наведените точки од а до h.

Во приватните основни училишта се формираат исти или слични заедници, одбори и комисии како во државните основни училишта. По потреба и одлука на управата можат да се формираат слични одбори на претходно наведените.

Училишно-семејната заедница се формира во основните училишта. Нејзиното формирање, работа, овластувања, членови на заедницата, цели, органи и друго се регулирани со Правилникот за училишно–семејна заедница на Националното министерството за образование (MEB Okul-Aile Birliği Yönetmenliği). Училишно-семејната заедница во училиштето се формира за интеграција на училиштето и семејството, соработка и комуникација на родителите и училиштето, подршка на активносите за развој на образовниот процес, да се задоволат неопходните потреби на

учениците кои немаат доволно финансиски средства и обезбедување на финансии (финансиски придонес) за училиштето. Заедницата го зема името на училиштето.

Заедницата ги има следниве работни задачи и овластувања:

- Соработка на раководителите, наставниците, родителите и семејството со цел учениците да напредуваат и да се развиваат во насока на Општите цели и принципи на турскиот образовен систем, Принципите и револуцијата на Ататурк.
- Соработка со родителите за остварување на целите на училиштето, развој на стратегиите, да се овозможат услови за еднакви можности и спроведување на одлуките од наставничкиот совет.
- Соработка со управата на училиштето при спроведување на активности како што се: курсеви и испити, семинари, музика, театар, спорт, уметност, прошетка или ескурзија, кермес (изложба на национални јадења, облека, уметнички дела и др.) и друго.
- Организација и поддршка на активности во дополнителна настава за учениците кои имаат потреба од овој вид на настава.
- Придонес при одржување и реновирање на училишната зграда, објекти, училница, лабораторија, работилница, технолошка училница (училница со компјутери, проектор и др.), сали и канцеларии, градина (бавча), придонес при усовршување, купување и обнова на технологија, изградба на нов објект, поддршка на наставата преку купување на наставни средства и публикации.
- Овозможува користење на училниците, спортските сали, библиотеки, лаборатории и работилници во училиштето за јавен интерес.
- Купување на стоки и услуги за потребите на училиштето.
- Соработка и информирање на родителите во врска со правилата во училиштето, помагање на училишната управа за спречување на штетни и девијатни однесувања.
- Придонес во покривање на трошоците од прославите и одбележување на националните празници, церемониите и состаноците кои се реализираат во определени денови и недели.
- Придонес и превземање на заеднички мерки за учениците да се стекнат со хигиенски навики кои се значајни за здравјето.

- Води евиденција и ги прифаќа материјалните и парични донации за училиштето, организира социјални, културни активности и кампањи, разработува или издава на друг да работи со кантината, салоните, отворен простор и други комерцијални објекти.
- Во соработка со управата на училиштето обезбедување на подршка за училиштата и материјална, морална подршка за учениците кои немаат доволно финансиски средства. Подршка за збратимените училишта.
- Исполнување на обврските за транспорт на учениците.
- Соработка со образовни институции и невладини организации.
- Формирање на комисии со цел развој на образовниот процес.
- Придонес за другите активности кои се значајни за развој на образовниот процес.

Членови на училишно-семејната заедница се раководители, наставници и родителите. Членството на раководители и наставници престанува доколку истите се разрешени од училиштето, а на родителот кога ученикот ќе го прекине или заврши образованието во училиштето. Доколку бројот на членови во управниот одбор се намали и неможе да се обезбеди потребното мнозинство на седниците, родителите членови на управниот одбор продолжуваат со своите активности се до вонредната пленарна седница за избор на нови членови. На претходно вработените (директор, помошник на директорот, наставник) во училиштето, оние кои доброволно донирале во училиштето и за лица кои го завршиле образованието во училиштето од страна на училишно-семејната заедница може да им се даде почесно членство во заедницата. Оние кои добиле почесно членство во заедницата можат да учествуваат на пленарните седници, но неможат да земаат активно учество во органите на заедницата и неможат да гласаат.




Графички приказ бр. 32

*Органи на училишно-семејната заедница*

Општиот одбор го сочинуваат членовите на заедницата, тој се собира еднаш годишно и одлуките ги донесува со мнозинство од гласовите. Најважно е да се каже дека на општиот одбор се избираат членови за управниот одбор и надзорниот одбор, на состаноците се даваат предлози за подобрување на условите во училиштето и подобрување на квалитетот во наставата. Управниот одбор се состои од седум членови тоа се: директорот на училиштето, другите се членови се избираат - еден член од помошниците на директорот, еден наставник и четири родители. Управниот одбор дава предлози за подобрување на квалитетот во наставата, придонесува при надминување на проблемите со кои се соочува училиштето, управува со средствата со кои располага заедницата и друго. Управниот одбор е одговорен за својата работа пред општиот одбор, а надзорниот одбор ја контролира работата на управниот одбор (MEB Okul-Aile Birliği Yönetmenliği, член 9-14).

## 4.3. Компаративна анализа - раководење и управување со основното образование во Р.Македонија и Р.Турција

Образовните системи на земјите членки во Европската Унија во најголем дел се децентрализирани, по примерот на држави со децентрализиран систем и другите земји кои досега имале централизиран образовен систем преминуваат кон децентрализација на образовните системи. Односно децентрализацијата на образовните системи во ЕУ е тренд кој постојано се „проширува".

Табела бр. 33

*Образовни системи на Р.Македонија и Р.Турција*

| | **Македонија** | **Турција** |
|---|---|---|
| **Образовен систем** | Централизиран со премин на децентрализација | Централизиран |

Во Македонија надлежностите на државата во образованието од **централно се пренесуваат на локално ниво**, тоа значи основањето на училиштата, раководењето и управувањето со училиштата се пренесува од Министерството за образование и наука на локалната власт или Општините. Во Турција обраозвниот систем е централизиран, сите образовни институции се во надлежност на Националното министерство за образование, управувањето,

раководењето, основањето на училиштата, вработувањето на наставниците, именувањето на раководителите се врши од страна на Министерството, со начин утврден со законите и подзаконските акти од областа на браозванието.

### 4.3.1. Органи на раководење и управување

Управните и раководните органи се одговорни за организацијата, ефикасното и ефективното работење на институциите, вклучително и на образовните институции. Секоја држава има изградено свој систем на раководење и управување со образованието и основното образование, кој започнува со Министерството за браозвание па се до управните и раководните органи во основните училишта.

| **Органи на управување со основното образование во** | |
|---|---|
| **Македонија** | **Турција** |
| Министерство за образование и наука | Национално министерство за образование |
| Сектор за основно и средно образование | Генерална дирекција за темелно образование |
| Општини | Дирекции за образование при големите градски општини |
| | Дирекции за образование при општините |
| Училишен одбор | Наставнички одбор и одбор-група наставници |

Графички приказ бр. 33

*Органи на управување со основното образование во Р.Македонија и Р.Турција*

Од графичкиот приказ се гледа дека најважен управен орган во образованието кој се наоѓа најгоре во хиерархијата на управни органи во Македонија и Турција се Министерствата за

образование, во рамките на Министерството управен орган кој посебно се занимава со основното образовзание во Македонија е Секторот за основно и средно образование, а во Турција тоа е Генералната дирекција за темелно образование. Следен управен орган на основното образование во Македонија се локалните самоуправи односно општините, во Турција тоа се Дирекциите за образование при големите градски општини и Дирекцитe за образование при општините, овие институции како што имаме наведено и претходно <u>немаат никаква поврзаност со локланата самоуправа</u>, туку управуваат со образованието во рамките на големата градска општина или управуваат со образованието при општините. Дирекциите за образование се институции кои се приврзани за Националното министерство за образование на Турција. Во Турција има 81 голема градска општина, во рамките на овие општини се основани помалите општини. Следните органи на управување се наоѓаат **во училиштата**, односно директно управуваат со училиштата, тоа во Македонија се училишните одбори при основните училишта, а во Турција во основните училишта има два управни органи тоа се наставнички одбор и одбор-група наставници.

**Органи на раководење со основното образование во**

| **Македонија** | **Турција** |
|---|---|
| Министер за образование и наука | Министер за национално образование |
| | Секретар-потсекретар |
| | Заменик секретар-потсекретар |
| Раководител на Сектор за основно и средно образование | Директор на Генералната дирекција за темелно образование |
| Градоначалник | Директор на Дирекција за образование при големата градска општина |
| | Директор на Дирекција за образование при општината |
| Директор на основно училиште | Директор на основно училиште |

Графички приказ бр. 34

*Органи на раководење со основното образование во Р.Македонија и Р.Турција*

За разлика од управните органи во раководните органи со основното образование од наведеното можат да се видат поголеми разлики, па така во Турција после Министерот за образование има главен секретар-потсекретар тоа е највисоката раководна функција после министерот, тој раководи со сите генерални дирекции и сектори во Националното министерство за образование преку неговите помошници секретари-потсекретари (4). Помошниците секретари-потсекретари сите имаат надлежност да раководат со неколку генерални дирекции и сектори во Националното министерство за образование. Генералната дирекција за темелно образование исто како другите генерални дирекции има директор односно раководител, што е слично со раководителот на Секторот за основно и средно образование во Министерството за образование и наука во Македонија. Дирекциите за образование при големите градски општини и Дирекциите за образование при општините имаат *раководители директори*, за разлика од тоа во Македонија со општините управува *градоначалникот* кој воедно е одговорен и за многу други работи на локално ниво во рамки на општината, а со децентрализацијата раководи и со образованието односно училиштата во рамките на општините. Директни раководители на основните училишта во Македонија и Турција се **директорите на училиштата**.

## 4.3.2. Директор на основно училиште

Раководни органи во основните училиште во Македонија и Турција се директорите на основните училишта и помошните директори. Во Турција се именува и главен помошник на директорот, бидејќи во основните училишта може да има повеќе помошници директори. Главниот помошник на директорот е вториот најважен раководител на основното училиште после директорот.

### 4.3.2.1. Компетенции избор и именување на директор

Именување на директор на основно училиште во Македонија се врши од **градоначалникот на предлог на училишниот одбор** од кандидатите кои се пријавени на јавен оглас, а во училиштата за лица со посебни потреби директорите ги именува министерот. Помошниците директори во основните училишта во Македонија ги именува директорот на

училиштето на предлог на училишниот одбор. Во Турција изборот на директори и помошници директори го вршат **Комисијата за вреднување на испит и Дирекцијата за образование, а ги именува гувернерот**. Во приватните училишта директорите ги именуваат основачот/ите на училиштето и гувернерот. Изборот на директори во приватните основни училишта не се разликува од оној во државните училишта. Бројот на помошници директори во основно училиште во Турција зависи од бројот на ученици во училиштето. Во Македонија и Турција работните задачи на помошниците директори се **во рамките на овластувањата** кои ќе ги даде директорот на училиштето. Покрај тоа во Турција со еден член од Правилникот за институциите на основното образование се одредени дел о работните задачи на помошниците директори и главниот помошник на директорот.

Табела бр. 34

*Избор, именување и услови за именување на директори во основните училишта во Р.Македонија и Р.Турција*

| | **Македонија** | **Турција** |
|---|---|---|
| **Раководители во основно училиште** | Директор и помошник директор | Директор, главен помошник директор и помошник директор |
| **Избор на директор на основно училиште** | Јавен оглас | Испит за раководители на образовни институции |
| **Орган кој го врши изборот/ ги предлага кандидатите** | Училишен одбор | Комисија за вреднување на испит/ Дирекција за образование |
| **Орган кој го именува директорот** | Градоначаник<br>Во посебните специјални основни училишта Министерот за образование | Гувернер<br>Во приватните училишта основачот и гувернерот |
| **Именување на помошник директор** | Директорот на предлог на училишниот одбор | Гувернерот на предлог на Дирекцијата за образование |
| **Број на помошници на директорот** | Најмногу еден помошник директор | До 601 ученик – 1 помошник директор;<br>Од 601 -1401 ученик – 2 помошници директори;<br>Од 1401 – 2201 ученик – 3 помошници директори;<br>2201 и повеќе ученици – 4 помошници директори; |
| **Услови за именување на директор на основно училиште** | Најмалку високо образова., да ги исполнува условите за наставник или стручен соработник во ОУ | Високо образование (ФОН), вработен наставник во ОУ, да ги исполни условите за наставник во институција каде аплицирал за раководител, |

| | | |
|---|---|---|
| | положен испит за директор. доколку нема пријавено кандидат со положен испит се именува со неположен испит, да положи за 1 год., ако не го положи испитот му престанува мандатот. најмалку пет години работно искуство во воспитно-образовна работа. | да положи писмен испит, За училиште од: С тип најмалку 1 година, за В тип 2 год., за А тип 3 год. раководител на функција главен помошник директор, помошник директор или овластен наставник директор, за помошник директор и директор 2 год. стаж како наставник, во приватните училишта се пресметува 2/3 од стажот, да не е разрешен поради административна и судска истрага или казна од плата од раководна функција 4год. |
| **Испит** | Програма за подготвување и полагање на испит за директор Испит за директори: усна одбрана на завшрниот семинарски труд и проверка на теоретски дел, од кога ќе заврши со обуката-ги следи сите модули и презентира 6 семинарски работи | Испит за раководители: писмен и устен Прашањата и задачите поставени на кандидатите на се од одредени области како што се: управување и раководење, законски акти, граматика, правила на протокол, општа култура, аналитичко мислење, комуникација, познавање на технологијата и др. |
| **Испитна комисија за кандидатите за директори (раководители)** | Испитна комисија | Комисија за испит, Комисија за вреднување на устен испит |
| **Избор на раководно место** | Не | Да (20) |
| **Промена на раководно место** | Не | Да (20) – по нивно барање и по 6 год. работа раководител |
| **Траење на мандатот** | 4 години со можност за уште еден мандат | Неопределено |
| **Подрачно училиште го води:** | Раководител | Наставник – директор |

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

⇔ Услови за именување на директори во основните училишта во Македонија и Турција имаат некои **сличности и разлики**, па така од кандидатите за директори се бара да имаат стекнато високо образование и да бидат вработени како наставници во државните основни училишта. Во Турција директор на државно основно училиште може да биде именуван наставник

кој бил вработен во приватно основно училиште или договорно вработен наставник во државно основно училиште (стажот се пресметува како 2/3);

⇔ Во Македонија услов за именување на кандидатот за директор е да има положено ***Испит за директор***, но доколку нема пријавено друг кандидат на огласот за избор на директор објавен од училишниот одбор се избира кандидатот без положен испит за директор кој е должен да го положи испитот во рок од една година. Во Турција **Испитот за избор на раководители (директори)** кандидатот треба да го положи уште на почетокот кога треба да биде избран, успешни се оние кандидати кои освоиле најмалку 70 од вкупно 100 поени. Именувањето на кандидатите за директори се врши според освоените поени, при тоа се земаат во предвид 70% од поените на писмениот испит, 30% од поените на усниот испит и вкупниот број на поени од Формуларот за вреднување на раководители. Овој испит го полагаат и кандидатите кои аплицирале на огласот за помошник директор, но само писмениот дел. За директор на училиште испитот е писмен и устен, покрај тоа се бара да има стаж од најмалку една година како раководител и две години како наставник, да нема административна и судска забрана или казна, дисциплинска мерка и друго. Во секоја од општините според Формулар за одредување на тип на институции се одредува тип на институција, па така има А, В и С тип на образовни институции. За А тип институциите, училишта при големите градски центри услов е кандидатот да има работено како раководител 3 години, за В тип во образовни институции во општините 2 години стаж како раководител, а за С тип кои се наоѓаат во мали населени места и села услов е 1 година стаж како раководител;

⇔ Директорите на основните училишта во Македонија **се именуваат во училиштата каде биле вработени како наставник, педагог и психолог,** додека во Турција директорите се распоредуваат во зависност од потребите и лицето доколку еднаш се избере и именува за директор има **статус на раководен кадар** кој продолжува како раководен кадар да работи се додека не даде отказ од функцијата, не биде разрешен или не премине на друго работно место, доколку даде отказ од раководната функција, може повторно да се вработи како наставник, односно да премине во наставен кадар;

- ⇔ Во Македонија директорот има мандат од ***4 години со можност за уште еден мандат***. Доколку кандидатот за директор го положи испитот за директор во Македонија нема гаранција дека ќе биде именуван, односно тоа зависи од училишниот одбор и градоначалникот, изборот за директорсе врши од после. За разлика од Македонија во Турција со положување на Испитот за раководители лицето ако ги исполни условите и заземе високо место на ранг листата со поените освоени од Испитот за раководители се именува за директор, на ***неопределено време***. Може да се каже дека директорот како раководен кадар во Турција е уште еден степен на напредување во кариерата за наставниците, кои понатамошната кариера ја продолжуваат како раководен кадар;
- ⇔ Директорите во Турција имаат можност да избираат каде ќе бидат именувани, при тоа се земаат во превид нивните успеси и квалификации кои ги поседуваат, тие избираат од вкупно 20 раководни места во основните училишта класифицирани како тип А, В и С. Покрај тоа по 6 години директорите се преместуваат на раководно место во друго основно училиште, промена на работното место можат да побараат и самите директори по три години работен стаж. Доколку има празно раководно место во друго основно училиште промената ќе се направи според правилата на ротација, во рамки на истата општина или во друга општина. Директорите при промената на работното место избираат од 20 образовни институции. Подрачното основно училиште во Македонија го води **раководител**, а во Турција е наречен **наставник-директор**;

4.3.2.2.Напредување на директорот (раководител) во кариерата

Раководителите во Турција можат да напредуваат во кариерата па така од директор на основно училиште, директор на Дирекцијата за образование при општината или директор на Дирекцијата за образование при големата градска општина, функција раководител во рамките на дирекциите, до раководител во Националното министерство за образование (раководител на генерална дирекција, сектор, оддели и друго). Во Националното министерство за образование раководителите постепено можат да напредуваат до највисоката раководна функција со најголеми

овластувања после Министерот за образование секретар-потсекретар како и помошник секретар-потсекретар. Со цел регулирање на делот за напредување на директорите (раководителите) во кариерата во Турција е донесен Правилникот за именување на раководители и напредување во кариерата (MEB Yönetici Atama ve Görevde Yükselme Yönetmenliği, 2003).

Подетално за условите кои треба да ги исполнат кандидатите, испитот кој го полагаат и обуката имаме наведено во поглавјето Напредување на директорот (раководител) во кариерата, во делот кој се однесува на раководењето и управувањето со основното образование во Турција.

4.3.2.3. Работни должности на директорот

Во Македонија работните задачи на директорите се одредени со Законот за основното образование, во Турција работните задачи на директорите на основните училишта се одредени со Правилникот за институциите на основното образование и списанието Теблиглер.

Табела бр. 35

*Работни должности на директорите во Р.Македонија и Р.Турција*

| **Македонија** | **Турција** |
|---|---|
| Го претставува училиштето и е одговорен за законито работење, | Задачи според законите, статутот, правилниците, програмата, наредбите, насоките и инструкците, |
| организира, планира и ја води работата на основното училиште, | организира и ја контролира работата во училиштето, |
| програма за развој на училиштето, | подготвува стратешки план и реализација, |
| предлог на годишна програма за работа, | план за работа на почетокот, |
| одговорен за годишната програма за работа, | вреднува работата на персоналот, |
| поттикнува стручно оспособување и усовршување, | предвид интересите за дообразување, |
| | придонесува во развојот и напредување, |
| организира менторство, | услови за наставници (стажери), |
| присуствува на часовите во наставата, | контролира и кординира работата настав., |
| контролира водењето на професионалните | извештај за работата и стажот на персоналот, |

| | |
|---|---|
| досиеја,<br>следи работата на заедницата на учениците,<br>извршува одлуките на училишниот одбор, | следи работата на комисиите и одборите во училиштето и ги спроведува одлуките, |
| *права и обврски на учениците,*<br>*избира наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар,*<br>*распоредува наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар,*<br>*одлучува за престанок на работен однос согласно со закон и колективен договор,*<br>*склучува договори за работни односи,*<br>*раководи со училишната комисија за екстерно проверување,*<br>*ја следи работата на стручните работници,*<br>*соработува со родителите и ги известува,*<br>*одлучува за воспитните мерки,*<br>*систематизација на работните места,*<br>*постапка за дисциплинска одговорност,*<br>*соработка на училиштето со здравствената установа во општината*<br>*и други работи.* | *го одредува персоналот, наградува,*<br>*доставува извештај за работата на училиштето,*<br>*превзема мерки за поголема продуктивност и мерки за подобрување на условите, пренесува овластувања и одговорности на подредените,*<br>*води според принципите на демократијата,*<br>*позитивна клима за работа наградува,*<br>*социјални, хуманитарни активности и др.,*<br>*раководење на училиштето според поставените цели, вреднување на работата и развојот на училиштето,*<br>*мисија и визија за училиштет,*<br>*за подобрување на квалитетот во училиштето и спроведува истражување, целите за развој на училиштето,*<br>*услови за хармонична работа,* |
| | **Во училиштата со интернати,**<br>работните должности се многу посложени,<br>одржување на зградата, грижа за учениците, за наставата и др,<br>нова технологија,<br>да прерасне во научно-културен центар,<br>издавањето на весниците и списанијата,<br>неделна програма за работа,<br>работа по одредени стандарди. |

*Сличностите во работните должности на директорите се подвлечени, а разликите се со закосен фонд-итализирани.*

Анализата на изнесените податоци покажува дека:

- Директорите на основните училишта во Македонија и Турција во рамки на работните задачи се обврзани да работат според законите и подзакоските акти, тие ја организираат, планираат и контролираат работата на училиштето. Покрај тоа тие се одговорни за остварување на поставените цели на училиштето и за основното образование, опремување на училиштето со наставни средства и ИКТ. Други сличностите во работните должности на директорите во Македонија и Турција се: подготовка на годишна програма, програма за развој и нивна реализација, поттикнување за професионално усовршување на наставниот кадар, ги обезбедува потребните услови за работа и подготовка на наставниците приправници или стажери во Турција, контрола на работата на наставниот кадар, следење и извршување на донесените одлуки на одборите во училиштето, ги следи и другите тела и органи во училиштето;
- Во Македонија директорите имаат овластувања да *избираат и вработуваат наставен и друг кадар* во училиштете и одлучуваат за *престанок на работен однос*, за разлика од тоа во Турција како што имаме наведено претходно наставниците се вработуваат на друг начин и речиси независно од директорите. Директорите во Македонија *раководат со комисијата за екстерно тестирање*, во Турција екстерно тестирање не е воведено, од учебната 2013/2014 година се планира воведување на тестирање кое се разликува од екстерното и ќе се реализира на крајот на двете полугодијата во текот на учебната година за учениците од 6-8 одделение. Во Македонија директорите ја *следат работата на стручната* служба во училиштето, во работните задачи за директорите во Турција оваа обврска не е наведена, но и покрај тоа директорите ја следат работата на стручните советници во училиштата;
- Во Македонија директорите можат да *поведат дисциплинска постапка* против наставник во рамките на училиштето, во Турција директорите немаат вакво овластување тие оваа постапка ја започнуваат преку Дирекцијата за образование при општината. Во Македонија директорите на основните училишта одлучуваат за воспитните мерки и соработуваат со здравствената установа;

- Директорите во Турција за разлика од Македонија, ги имаат следниве работни задачи: *го наградуваат персоналот, доставува извештај за работата на училиштето, превзема мерки за поголема продуктивност и мерки за подобрување на условите, пренесува овластувања и одговорности на подредените, училиштето го водат според принципите на демократијата, создаваат позитивна клима за работа, поттикнуваат активности, раководат со училиштето според поставените цели, ја вреднуваат работата и развојот на училиштето, поставуваат мисија и визија за училиштет, го подобруваат квалитетот во училиштето и спроведуваат истражувања, целите за развој на училиштето и создаваат услови за хармонична работа.* Сите овие работни задачи кои не се одредени со Законот за основното образование во Македонија директорите ги извршуваат, тоа се обврски кои на некој начин се наметнати на директорите со доаѓањето на оваа функција. Овие задачи се однесуваат пред се на квалитет, продуктивност, подобрување на условите за работа во училиштето, кои секој успешен и одговорен директор ги извршува. Принципот на демократија е дел од основното образование во Македонија, секое основно училишта во Македонија и Турција има поставено своја мисија и визија. Регулирањето на овие работни задачи со законот сметаме дека би било полезно;
- Наведените работни задачи за директорите на основните училишта се однесуваат и на директорите на основните училишта со интернати во Турција. Работните задачи на директорите на основните училишта со интернати се надополнети во долниот десен дел од табелата;
- Во Турција работните должности на директорот спрема сите вработени во училиштето се претцизирани со правилници, тоа се одговорности спрема подредените во училиштето (посебно за сите вработени), учениците, родителите и други. Сметаме дека и во Македонија има потреба од слична одредба/и;

### 4.3.3. Одбори на управување со основното училиште

Орган на управување со основното училиште во Македонија е училишниот одбор, а во Турција основното училиште има два органи на управување тоа се: наставничкиот одбор и одбор-група наставници.

Табела бр. 36

*Органи на управување во основните училишта во Р.Македонија и Р.Турција*

| | **Македонија** | **Турција** |
|---|---|---|
| **Органи на управување** | Училишен одбор | Наставнички одбор и<br>одбор-група наставници |
| **Претседавач** | Избран претставник од редот на членовите (претседател) | Директорот<br>Помошник директор или предметен наставник |
| **Членови Училишен одбор/ Наставнички одбор и одбор-група наставници** | Девет члена: тројца претставници од наставниците, стручни соработници и воспитувачи од училиштето, тројца претставници од родителите на учениците, двајца претставници од основачот и еден претставник од Министерството | Директорот на училиштето, помошните директори, сите наставници и советници, ментори, во зависност од составот на институцијата за основно образование стрчни обучувачи и обучувачи мајстори.<br>Наставници кои изведуваат настава во исто одделение (одделенски наставници) и предметни наставници доколку има, во нижите средни училишта овој одбор се состои од предметни наставници кои предваат по ист предмет или подрачје. |

Во Македонија со училишниот одбор претседава избран претставник од редот на членовите (претседател на училишен одбор), изборот на членови од редот на наставниците и родителите во овој одбор го вршат наставниците и родителскиот совет, што значи тие **пренесуваат од својот легимитет** на наставници или родители за да тие ги претставува во училишниот одбор или целиот колектив и родителскиот совет индиректно се преставувани во училишниот одбор од страна на избрани членови, другите двајца членови се од основачот и од

Министерството. Тоа значи дека во овој управен орган на училиштето учествуваат и претставници од институциите во чија надлежност е училиштето, односно претставници од надредените. Во Турција учеството на наставниците во управниот орган на училиштето, а тоа се наставничкиот одбор и одбор-група наставници го налага самото работно место наставник, во суштина тоа е дел од работата на наставникот. Во Турција наставниците се **директно вклучени** при донесувањето на одлуките на управните органи.

Табела бр. 37

*Работни должности на органите на управување во основните училишта во Р.Македонија и Р.Турција*

| **Работни должности** | |
|---|---|
| **Македонија – Училишен одбор** | **Турција – Наставнички одбор** |
| Донесува статут,<br>предлага годишна програма за работа и извештај за работа,<br>донесува програма за развој и програма за воведување на повисоки стандарди и др.,<br>предлага финансиски план и завршна сметка,<br>јавен оглас за избор на директор,<br>врши интервју и предлага еден, односно двајца кандидати за директори,<br>мислење за избор на наставници, стручни соработници и воспитувачи,<br>предлог до директорот за престанок на работниот однос,<br>одлучува по приговорите и жалбите на вработените, ученици, родители<br>и врши други работи. | Работи поврзани со: наставата, редот и дисциплината, односот училиште-средина, образованието и развојот на учениците,<br>планирање на работата, повремена контрола на работата, разгледување на прашања и теми одредени од директорот или од Министерството,<br>одлуките треба да бидат во рамките на законите, статутот, правилниците, програмата и наредбите,<br>иницијатива за промена на некои акти,<br>ги претцизира недоволно разјаснетите делови,<br>училиштето да има динамична управа, формира комиси и избира членови за комисии и одбори.<br>Одбор-група наставници:<br>Ја разгледува наставната програма и предлага решенија на проблемите при реализација,<br>се донесуваат одлуки со цел подобрување на состојбите,<br>општоприфатлив и заеднички став за реализацијата на образовните активности,<br>се следи развојот во образованието,<br>средства за мерење и вреднување.<br>доставува извештај до директорот и управата,<br>начин за спроведување на заедничките испити по предмети во секое полугодие и се вреднуваат резултатите. |

Анализата на изнсените податоци покажува дека:



ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

- Работните должности на управните органи во Македонија и Турција се дијаметрално **различни**;
- Училишниот одбор во училиштата во Македонија врши различни работи кои се одредени со статутот на основното училиште и законот, тоа се: донесува статут и програма за развој на училиштето, предлага годишна програма и извештај за работата на училиштето, предлага финансиски план и се залага за повисоки стандарди во наставата. Училишниот одбор врши избор на директор и ги спроведува сите потребни работи при изборот на директорот на основното училиште, покрај тоа може да дава мислење за вработување и престанок на работното место на наставниците и стручните соработници. Во Турција има друг начина на избор и именување на директорот на основното училиште за кој зборувавме во претходното поглавје кое се однесува на директорите на основните училишта;
- **Работните задачи** на наставничкиот одбор во Турција повеќе се поврзани со **воспитно-образвниот процес**, извештајот за работата на основното училиште во Турција до подредените го изработува и предава директорот на училиштет, формира комисии и избира членови, се залага за динамична управа во училиштето наместо статична. Тој има право да поднесе иницијатива дури за промена на некои акти доколку негативно влијаат на работата во училиштето;
- Одбор-група наставници е вториот управен орган на основните училишта во Турција, тој е насочен кон наставата, нејзината реализација и планирање, на овој одбор наставниците формираат заеднички ставови околу реализација на наставната програма со тоа се формираат стандарди при изведувањето на наставата и реализација на наставната програма во училиштето, а потоа и во општината. Овој одбор е одговорен и за напредокот и осовременувањето на наставата, бидејќи наставата, примената на наставните средства и технологијата во наставата е во негова одговорност и надлежност, во зависност од тоа овој орган од директорот бара да се обезбедат потребните наставни стедства, материјали и технологија за настава. Директорите на училиштето од сите претседатели на одборите-група наставници во училиштето избира еден, овој наставник (претседател) се поврзува со кординаторот за регионот при Дирекцијата за образование, при тоа овие претседатели на одбори од сите училишта (по

еден) се состануваат на ниво на еден регион. На овие состаноци се избира пртседател, на состаноците во Дирекциите за образование при големите градски општини се дебатира за наставните програми според кои ќе се изведува наставата во училиштата кои се наоѓаат во рамките на големата градска општина, или состаноци на претседатели на одборите-група на наставници на ниво на големата градска општина. На овие состаноци се оформува заеднички општоприфатлив став и сваќање на ниво на големите градски општини за работата на овие одбори. Оваа одредба и начин на функционирање е доста прифатлив бидејќи се овозможува прилагодување на наставните програми кон потребите и инетересите на учениците од регионот, културната, економската и социјалната структура на населението и др;

- Во Македонија овие промени во наставната програма и покренување на иницијатива за промена на законските одредбите речиси и не се дозволени или ги нема во практиката, наставните планови и програми остануваат онакви какви што ќе бидат донесени од министерот. Но сето онаа што се применува во образованието или е одредено со одредбите може да не биде функционално и ефикасно во различните региони од државата, со тоа се намалува продуктивноста и квалитетот во наставата. Бидејќи структурана на населението во сите региони не е иста, постојат одредени ралзики кои би требало да се земаат во предвид при подготовката и реализацијата на наставните планови и програми. Во Македонија позитивно би било воведување на одредба со која организацијата на овој вид состаноци, одлуките кои се носат и реализацијата да се префрли на стручните активи во основните училишта, кои ќе избираат по еден претседател од секој актив и на ниво на општина или регион да вршат слични работи како претседателите на одборот-група наставници во Турција;

II

# 1. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ ПОДАТОЦИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОРИТЕ НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО Р.МАКЕДОНИЈА И Р.ТУРЦИЈА

Со спроведеното истражување добивме голем број на податоци, кои сметаме дека се во интерес и значително го „збогатуваат" трудот, со тоа поставените цели и задачи на истражувањето се поткрепени со факти од практиката. Со спроведеното интервју добивме информации од базата за начинот на функционирање на основните училишта во Македонија и Туција, пред се во делот на организацијата, раководењето и управувањето со училишта. Со интервјуто се опфатени вкупно 36 испитаници (директори на основни училишта), од кои 18 се од основни училишта во Македонија и 18 од основни училишта во Турција, бидејќи имаме компаративна анализа на основното образование во двете земји сметаме дека од значење е бројот на испитаници во интервјуто да биде еднаков, тоа е и постигнато.

Интервјуто (во подглавјето прилози) кое го спроведовме се состои од 10 суштински прашања кои се однапред одредени, прашањата се од отворен тип и овозможија на испитаниците во одговорите да ги изнесат своите мислења, предлози и ставови со што сметаме дека добивме добри податоци од искусни директори (раководители) кои претходно биле ангажирани како наставници и добро ги познаваат проблемите и потешкотиите со кои се соочува воспитно-образовниот процес во училиштето со кое денес раководат, начинот на управување и раководење, состојбите во основните училишта и соработката со подредените институции и нивните раководители. Овие сугестии, предлози и мислења на испитаниците можат да бидат добар пример за тоа како би требало да се подобрат состојбите во основното образование, како да се постигне квалитет во основното образование и подобрат состојбите во образовните институции. Со добиените податоци имаме можност да ги споредиме мислењата, предлозите и ставовите на директори од основни училишта во Македонија и Турција.

Во првиот дел од протоколот за интервју имаме 9 прашања кои се лични и се однесуваат на испитаниците, дел од овие прашања се однесуваат на воспитно-образовниот процес во училиштето со кое раководи директорот, на тој начин собравме лични податоци за директорот и податоци за образовната институција. Личните, 5 прашања кои се однесуваат на испитаниците се дадени во две табели во вториот или Методолошкиот дел од трудот во поглавјето Примерок на

истражувањето, каде има наведено и две табели со имиња на основните училишта во кои е спроведено интервјуто од Македонија и Турција. Одговорите на следните 4 прашања од првите 9 се анализирани во продолжение.

Од одговорот на 6. прашање дали имате помошник директор (од 9 прашања), 10 од директорите на основните училишта во Македонија ни одговориле дека имаат помошник директор, а 8 дека немаат помошник директор. За разлика од тоа во Турција, сите 18 испитаници-директори имаат помошници, бројот на помошници директори во училиштата се одредува според бројот на ученици во училиштето за што зборувавме претходно, забележавме дека во едно од училиштат според бројот на ученици би требало да има 3 помошници директори меѓутоа имаат именувано 4 помошници директори, од значење е да се наведе дека училиштата во кои има по 2, 3 или 4 помошници директори еден од нив е главен помошник на директорот, односно има поголеми овластувања во однос на другите. Според добиените податоци од вкупно 18 испитаници (директори) од 18 основни училишта во 4 училишта има по еден помошник на директорот, 9 училишта имаат по два помошници на директорот, 1 училиште има три помошници на директорот, 3 училишта имаат по четири помошници на директорот и училиштето кое има најголем број на ученици околу 2100 ученика има 4 помошници на директорот и еден главен помошник на директорот или вкупно 5. Сметаме дека следните три прашања и последни од овој дел кои се однесуваат на бројот на наставници, ученици и паралелки во училиштето подобро ќе бидат објаснети и анализирани доколку се прикажани со табела, бидејќи на тој начин ќе се зголеми прегледноста на податоците кои ги добивме од директорите на основните училиштата, кои се опфатени со истражувањето (интервју).

Табела бр. 38

*Број на ученици, наставници и паралелки во основните училишта каде го спроведовме истражувањето во Р.Македонија и Р.Турција*

| Училиште бр. | Македонија | | | Турција | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | Наставници | Паралелки | Ученици | Наставници | Паралелки |
| 1. | 208 | 27 | 18 | 180 | 18 | 8 |
| 2. | 572 | 52 | 34 | 420 | 29 | 22 |
| 3. | 600 | 48 | 20 | 580 | 22 | 22 |
| 4. | 615 | 56 | 27 | 600 | 35 | 19 |
| 5. | 654 | 47 | 30 | 601 | 33 | 21 |
| 6. | 710 | 52 | 34 | 620 | 40 | 26 |
| 7. | 722 | 54 | 36 | 685 | 38 | 24 |
| 8. | 803 | 55 | 37 | 730 | 48 | 26 |
| 9. | 848 | 64 | 38 | 763 | 43 | 26 |
| 10. | 950 | 73 | 38 | 780 | 44 | 32 |
| 11. | 972 | 74 | 54 | 1000 | 50 | 35 |
| 12. | 1000 | 78 | 41 | 1059 | 54 | 36 |
| 13. | 1072 | 72 | 46 | 1205 | 63 | 36 |
| 14. | 1129 | 98 | 69 | 1280 | 75 | 40 |
| 15. | 1230 | 80 | 54 | 1405 | 80 | 48 |
| 16. | 1297 | 82 | 74 | 1770 | 70 | 50 |
| 17. | 1307 | 107 | 42 | 1970 | / | 54 |
| 18. | 1580 | 93 | 63 | 2100 | 86 | 57 |

Анализатана на изнесените податоци покажува дека:

- ✓ Бројот на ученици, наставници и паралелки во табелата ги наведовме започнувајќи од училиштата кои имаат најмал број на ученици, наставници и паралелки, а последни се училиштата кои имаат најголем број на ученици, наставници и паралелки;
- ✓ Основните училиште во Македонија и Турција имаат различен број на ученици, па така најмал број на ученици во едно училиште според нашето испитување во градските општини во Македонија може да има околу 200 ученици, а најмногу 1580 ученици. Во Турција најмалото училиште во кое спроведовме интервју со директорот има околу 180 ученици, а најмногу 2100 ученици;
- ✓ Бројот на наставници во училиштата се одредува во зависност од потребите, односно број на ученици или паралелки, наставниот план и

наставните предмети. Од наведената табела може да се забележи дека училиштата кои имаат приближен број на ученици во Македонија и Турција имаат различен број на наставници, односно разликата во некои основни училишта е околу 10 наставници, а некаде и повеќе во училиштата во Македонија во однос на училиштата во Турција. Една од причините за оваа состојба може да биде тоа што дел од наставниците во Македонија немаат полно работно време или доволен број на часови неделно во едно училиште, па се водат како вработени во едно училиште, а при тоа изведуваат настава и во друго училиште. Причина може да биде и поголемиот број на ученици по паралелка во Турција во однос на Македонија, од оваа може да заклучиме дека основните училишта во Македонија имаат поголем број на наставници во однос на Турција. Дека соодносот ученици по наставник во Турција е поголем во однос на Македонија имаме наведено и во поглавјето во делот за организација на основното образование-наставен кадар;

- ✓ Училиштата во Турција имаат помал број на паралелки во однос на училиштата во Македонија, што значи дека бројот на ученици во една паралелка во основните училишта во Турција е поголем во однос на Македонија;

Како што кажавме претходно во интервјуто имаме 10 суштински прашања. Одговорите кои ги добивме на овие прашања се анализирани во 10 посебни поднаслови во продолжение. Прашањата се анализирани во зависност од одговорите на испитаниците, се групирани на слични одговори на испитаниците, во некои прашања помал дел од одговорите се разликуваат во однос на поголемиот дел одговори, а во некои прашања одговорите на речиси сите испитаници се различни.

**1. Накратко објаснете ја организацијата на воспитно-образовниот процес во Вашето училиште?**

Оваа прашање е многу опширно, кога зборуваме за организација на воспитно-образовниот процес во училиште би требало да се зборува речиси за целата работа на училиштето, персоналот, учениците, раководителите и родителите кои повремено се вклучени во овој процес.

Испитаниците, директори на основни училишта во одговорот на оваа прашања ги опфатија најважните работи за кои сметаат дека се суштински при организацијата на воспитно-образовниот процес.

Воспитно-образовниот процес во основните училишта во Македонија и Турција се реализира според законите и законските акти за основно образование. Наставата во сите училишта каде го спроведовме интервјуто се реализира во две смени, првата смена (претпладне) ученици во Македонија и Турција започнува со настава наутро во 7:30 часот, учениците од одделенска настава имаат помалку часови и завршуваат со настава околу 12:30 часот додека учениците од предметна настава завршуваат со настава околу 13:00 часот. Втората смена (попладне) започнува со настава во 13:00 часот, а наставата завршува во 18:30 часот во Македонија додека во Турција завршува во 18:20 часот. Околу временската организација може да се види дека нема поголема разлика во однос на почетокот и завршувањето на наставните часови во текот на наставниот ден. Во Македонија учениците од втора смена можат да останат и повеќе, односно после 18:30 часот доколку имаат повеќе часови. При реализицијата на наставата во основните училишта бројот на наставни предмети и наставните содржини се според наставниот план и програма, кои се одобрени од Министерството за образование и наука на Македонија и Националното министерство за образование на Турција. Во повеќето училишта во Турција учениците од одделенска настава се втора смена, додека учениците од прва смена се со поголема возраст или ученици од 5-8 одделение. Во Македонија има разлики во смените, па така во некои училишта смената се променува на една или две недели, во некои училишта учениците со поголема возраст или ученици од 6-9 одделение се секогаш прва смена, а учениците од помала возраст (одделенска настава) се секогаш втора смена исто како во Турција.

Наставата во училиштата во кои го спроведовме истражувањето во Турција се изведува на турски јазик, додека училиштата во Македонија во најголем дел се едонјазични со настава на македонски и албански јазик, мешани училишта имаме едно со настава на македонски, албански и турски јазик, едно со настава на македонски и албански наставен јазик и едно училиште со настава на македонски и српски наставен јазик. Со преминот од осумгодишно на деветгодишно основно образование во Македонија се направени промени во наставните планови и програми, за учениците кои се опфатени во деветгодишното основно обраозвание настава се изведува според новиот наставен план и програма, заклучно следната учебна 2014/2015 година во сите училишта ќе има деветто одделение, на тој начин  целосно оваа реформа целосно ќе биде реализирани и ќе се премине на деветгодишно основно образование. Во Турција од учебната 2012/2013 година се воведува реформа за 12 годишно (4+4+4) задолжително образование, покрај

тоа е предвидено поделба на образовните институции за основното образование на: основни училишта (1-4 одделение) и нижи средни училишта (5-8 одделение), затоа во училиштата се забележува адаптација на новата реформа, односно основните училишта во кои порано се изведувала настава на од 1-8 одделение постепено преминуваат во основно училиште со настава од 1-4 одделение или нижо средно училиште со настава од 5-8 одделение. Оваа прераспределба и адаптација е направена со соработка на Дирекцијата за образование при општината и директорите на училиштата, па така во општина Борнова дел од училиштата преминуваат во основни училишта дел во нижи средни училишта. На оваа промена училиштата целосно ќе се адаптираат после две учебни години. Училиштата кои ќе бидат адаптирани во основни во учебната 2013/2014 година ги имаат сите одделенија од одделенска настава од 1-4 одделение, 7 и 8 одделение од предметна настава, додека училиштата кои ќе бидат нижи средни училишта оваа учебна година ги имаат сите одделенија од предметна настава 5-8 одделение, 3 и 4 одделение од одделенска настава. Сите училишта и вработените во нив кои ги посетивме се адаптираат на новите промени, освен во 3 од вкупно 18 училишта се продолжува по претходниот модел на организација, во едно основно училиште ги има сите одделенија од 1-8 одделение, со изградба на нови училишни згради или адаптација на објекти во училишта се планира и овие училишта да се поделат во две образовни институции. Покрај тоа што не е задолжително во сите основни училишта има забавишни групи кои се сметаат како дел од предучилишното образование, во секое училиште има 4, 5 или 6 забавишни паралелки во зависност од бројот на ученици и директорите ни кажаа дека имат многу голем опфат во забавишните групи, „сите ученици кои се запишуваат во прво одделение претходно посетувале забавиште".

Во рамките на наставата покрај задолжителните има и изборни предмети, според наставните планови и потребите се изведува дополнителна и додатна настава. Покрај тоа училиштата организираат и други воннаставни активности, прошетки во природа, екскурзии, слободни ученички активности и др. Од одговорите на директорите може да се заклучи дека повеќе воннаставни активности реализираат централните училишта кои се наоѓаат во близина на центарот или плоштадот, додека оние во приградски населби иако се дел од истата општина имаат помалку активности, тоа се однесува и за двете држави. Во повеќето училишта во Македонија се реализира продолжен престој за учениците од прво до трето одделение во зависност од потребите, за што се прави анкета од страна на училиштето, а некои од училиштата немаат услови за продолжен престој. Основните училишта во општина Штип не реализираат продолжен престој наместо тоа учениците се упатуваат во градинките. Во Турција исто така учениците после настава се згрижени во други институции во зависност од потребите, но тоа се активности надвор од

училиштето, односно не се поврзани со училиштето, бидејќи повеќето училишта немаат услови за продолжен престој. Проширената програма за учениците од помала возраст ја има и во двете држави, со која учениците се прифаќаат од прилика еден час пред почетокот на часовите, а започнуваат со настава во редовните термини кои претходно ги наведовме. Во неколку училишта во Македонија се реализира и дневен престој за ученици од 2, 4 и 5 одделение во комбинирана паралелка од 08:00 часот до 16:00 часот.

Дел од училиштата во двете држави се соочуваат со просторни проблеми, односно постоечката инфраструктура на училиштата не ги задоволува потребите по некогаш дури и за редовната настава, па се приморани да бараат простории во други објекти, неколку од училиштата немаат и спортски сали за наставата по физичко браозвание. Во дел од училиштата наставата се реализира во кабинети, во некои од нив поради просторни проблеми делумно наставата по некои наставни предмети се реализира во кабинети и лаборатории.

Во дел од училиштата во Македонија и Турција во кои има потреба има посебни (специјални) паралеки, во кои настава следат деца со попреченост и ауитизам. Во Македонија наставата во овие паралелки ја изведува дефектолог, а во Турција наставен кадар (наставници) за лица со посебни потреби. Во Турција учениците од паралеките со посебни потреби по некои од наставните предмети (ликовно образование, физичко образование и др.) следат настава со другите ученици, со цел подобро запознавање и социјализација. Сите училишта во Македонија имаат стручна служба со педагог и психолог, а во Турција стручњаци за советување и психолошки консултанти, овие служби во некои од училиштата во двете држави се компелтирани, а во некои од училиштата имаат недостаток од персонал. Во Турција покрај оваа служба во рамките на училиштето, во зависност од потребите училиштата соработуваат со сервисите за советување и насочување кои вршат услуги во рамките на целата општина.

Повеќето училишта во Македонија имаат подрачни училишта додека оние во Турција се централни и немаат подрачно училиште. Доколку е утврдено од надлежните за учениците се обезбедува бесплатен превоз до училиштето. Наставниците во двете држави се задолжени за секој наставен ден да имаат дневна подготовка и во зависност од тоа ја изведуваат наставата, покрај тоа имаат неделно, месечно и годишно планирање кое го доставуваат до училиштето. Еден од директорите во Турција ни кажаа дека, „пред почетокот на наставата ја контролираат целата училишна зграда (училишта, санитарни јазли и др.) и има средба со вработените во училиштето, оваа активност е значајна за успешно функцинирање на училиштето во текот на наставниот ден“. Во рамките на потребите при организацијата и во зависност од

законските одредби ги одржуваат состаноците со наставничкиот совет, одборите во училиштето, комисиите и друго. При планирање на организациајата училиштата внимаваат да го исполнат законскиот минимум според кои би требало да имаат 180 наставни денови во текот на една учебна година. Услов за добра организација според директорите во Турција е меѓусебната соработката на вработените во училиштето, наставници, директор, помошници на директорот со средината во која се наоѓа училиштето и Дирекцијата за образование при општината.

**2. Со кои потешкотии и проблеми на управување и раководење се соочувате?**

Секоја институција, претпријатие, здружение или било кој друг вид на организација чија работа и функција е поврзана со човекот (општеството) при својата работа се соочува со тековни потешкотии и проблеми. Голем број од директорите на основните училишта во кои го спроведовме истражувањето во Македонија и Турција, потврдија дека немаат посериозни проблеми при организацијата, управувањето и раководењето со училиштата. Во најголем дел од директорите го добивме следниов одговор: „Секојдневните проблеми кои се јавуваат се решаваат во рамките на институциите, заедно со: наставниците, стручната служба, помошник директорот/ите, родителите и учениците."

Директорите сметаат дека проблемите и потешкотите се повеќе наметнати, бидејќи немаат доволно финансиски средства, за да го обноват скршениот инвентар во училиштето, за реновирање на училиштето или дел од училиштето, имаат потешкотии при одржувањето на технологијата со која располагаат во училиштето и друго. Во однос на организацијата на наставата повеќето училишта во двете држави имаат просторни проблеми, немаат доволно училници па се приморани да бараат друг простор надвор од училиштето, дел од училиштата немаат затворен простор за физичко образование односно спортска сала, од наведеното може да се заклучи дека просторот во некои од училиштата не ги задоволува потребите за редовната и современата настава. Во неколку училишта директорите ни кажа дека, „неможе да се зборува за воонаставани активности и слободни ученички активности во рамки на училиштето и реализацијата на овие активности е се потешка, од причини што немаат доволно простор". Со цел подобрување и решавање на проблемите во училиштата пред се на финансиските, персоналот во училиштата и директорите работат и се ангажирани на голем број проекти и со донации од амбасади, странски агенции и други институции се обидуваат да ги решат овие проблеми што се однесува за Македонија, во Турција училиштата работат на проекти но со последните промени им се

забранува да земаат донации. Сите потребни материјали кои се неопходни, потрошни или кои би требало да се заменат со нови, директорите ги бараат од Националното министерството за образование или од Дирекцијата за образование при општината, дел од директорите сметаат дека финансиските средства за образованието се недоволни.

Во организацијата на воспитно-образовниот процес наставниците се клучен и многу значаен фактор, дел од директорите во Македонија имаат многу притисоци при вработување на наставен кадар и сметаат дека овие состојби би требало да се надминат. Еден од директорите по однос на вработување на наставниот кадар го кажа следново: „вработување без политичко ангажирање на наставникот и подршка од политичка партија е невозможно, од тие причини неможеме да вработиме квалитетен наставен кадар." За разлика од Македонија во Турција дел од директорите сметаат дека за разрешување на несоодветен наставен кадар од работно место се мисли на кадар кој не задоволува со својата работа има долга процедура, бидејќи за санкционирање или казнување директорите немаат овластувања, туку тоа е обврска на други институции како што се просветна инспекција и Дирекција за образование при општината. Во Македонија директорите во повеќето училишта сметаат дека имаат недоволен персонал во стручната служба, односно оваа стручната служба не е комплетирана. За разлика од тоа во училиштата во Турција немаат доволно персонал за одржување на хигиената, затоа тие ангажираат лица кои ќе ги извршуваат овие должности од приватни фирми. Директорите сметаат дека овој проблем би требало да се реши со вработување на нов персонал во училиштето или финансиски овој персонал да се покрива со повеќе средства од страна на Националното министерство за образование или општината. Еден од директорите во Македонија смета дека има проблем со мотивацијата за работа на наставниот кадар во училиштата, според овој директор „во последниве години ентузијазмот кај кадарот опаѓа, особено во делот на професионалниот развој и надградување. На училиштето се гледа како место за вработување и егзистенција."

Директорите во двете држави се согласни дека родителите имаат многу права и дел од нив се мешаат директно во функцинирањето на училиштето и не ја знаат границата до каде можат да одат. Затоа според директорите, би требало добро да се регулира учеството на родителот во работата на училиштето, бидејќи овој пристап на мал дел од родителите понекогаш го попречува нормалното функцинирање на училиштето. Еден директор од Македонија во врска со оваа вели: „родителите не ги знаат границите до каде можат да одат, нивните поплаки понекогаш одат до Министерството за образование." Во последниве години во училиштата се јавуваат проблеми и со некои неодговорни родители кои не се залагаат или интересираат за образованието на своето дете, па со тоа поголеми обврски за овие ученици се наметнуваат на персоналот во

училиштето. Директорот од едно училиште во Македонија ни укажа дека имаат проблем со учениците припадници на ромската заедница како ранлива категорија, „учениците Роми се недисциплинирани и наставата не ја посетуваат редовно од економски причини, семејствата за полска и сезонска работа се преселуваат за одреден период на друго место." Во оваа училиште директорот смета дека овој проблем би требало да го решаваат надлежните за образование со конкретни чекори.

Еден од проблемите кој се јавува при организацијата, раководењето и управувањето со училиштата според повеќето директори во Македонија и Турција се големиот број на промени и реформи, кои имаат краток временски период на реализација. Со вака спроведените интензивни реформи, не можат да се видат позитивните и негативните страни од промените, бидејќи времето на реализација е ограничено и кратко, при тоа пред да заврши реализацијата на една реформа се започнува со друга или нова реформа.

Директорите во Турција сметаат дека, имаат многу работни задачи и обврски, но немаат доволно овластувања за да во моментот кога е потребно да реагираат и решават одреден проблем. Во Турција директорите и нивните помошници имаат долго работно време од 7:00 часот наутро па до завршувањето на втората смена со настава до 18:00 часот, додека во Македонија директорите не се временски ограничени па доаѓаат во училиштето според потребите, помал дел започнуваат со работа наутро од 8:00 или 9:00 часот па остануваат на работното место до 15:00 или најкасно до 16:00 часот. Интересна е изјавата на еден од директорите и поранешен наставник од Турција кој вели дека, „наставничката професија бара пожртвуваност, наставниците мораат да го дадат максимумот од себе при работата и покрај неповолностите кои се јавуваат во училиштата", се мисли на условите кои понекогаш не ги задоволуваат потребите за настава.

**3. Кои реформи се спроведени во последниве години во основните училишта?**

Реформите денес во 21 век се неопходност, не само во образовните системи на Македонија и Турција туку во сите образовни системи на државите во светот. Кога ги анализиравме одговорите на директорите на основните училишта по однос на оваа прашања, генерално можевме да заклучиме дека во последниве години или во период од околу 10 години во основното образование во Македонија и Турција има направено голем број на реформи и промени во целиот пристап во наставата,организацијата, примената на технологијата во наставата и друго.

Образовните реформи како што кажавме и претходно во трудот се поврзани со образовните политикити на државата. Од одговорите на директорите по оваа прашање се гледа дека реформите и новините кои доаѓаат со нив се прифатени од сите директори на училиштата во двете држави. Во поголем дел директорите сметаат дека се позитивни, добри и потребни, но дел од директорите во двете држави сметаат дека овие реформи се многу интензивни и брзи, можеби не многу добро анализирани и планирани.

Како многу значајна и позитивно оценета реформа од речиси сите испитаници, директори на основни училишта во Македонија е деветгодишното основно образование и неговата поделба на три воспитно-образовни периоди. Во повеќето училишта првото одделение од деветогдишното основно образование постои уште од претходните години пред да биде задолжителна, но оваа година која била забавиште од порано не се заведувала како стекнато образование, односно децата го посетувале во голем број но по желба на родителите. Дел од директорите сметаат дека со оваа реформа се следи европскиот тренд на продолжување на траењето на основното образование, но во половината од училиштата со оваа реформа се појавува недостаток од простор, се мисли на училници, кабинети и друго. Во Турција една од поголемите реформи исто така позитивно оценета од голем број од нашите испитаници е поделбата на основните осумгодишни училишта на две образовни институции. Училиштата кои се адаптираат во основно училиште од 1-4 одделение имаат и забавишни групи (паралелки) во зависност од потребите и се посетувани од поголемиот број ученици. Во целост директорите го имаат прифатено ставот дека, учениците од 1-4 одделение и оние од 5-8 одделение поради разликите во возраст не би требало да се наоѓаат во иста училишна зграда и училишен двор, туку да бидат одделени. Една од забелешките на помал дел од директорите е дека, „Поделбата на училиштата и нивната адаптација би требало да се изврши наеднаш, а не да се направи за период од неколку години бидејќи се создаваат дополнителни проблеми.“

Другите промени во основните училишта во Македонија се направени со проектите на Владата на Р.Македонија, еден и значаен проект кој е општо прифатен од директорите на основните училишта е проектот „Компјутер за секое дете“. Со цел поголема употреба на компјутерите (ИКТ) во наставата е направена измена во Законот за основното образование, со која е предвидена задолжителна примена до 30% во наставата. За спроведување на оваа одредба училиштата воведуваат кабинетска настава, во неколку училишта дел од наставата по некои наставни предмети е кабинетска, во помал дел во целост наставата по сите наставни предмети се изведува во кабинети, а во повеќето нема просторни услови за кабинетска настава поради големиот број на ученици во училиштето. Освен компјутерите од технологијата која се употребува

во наставата во секое училиште има по 2, 3 или најмногу 5 проектори и од нив дел се неисправни (вон употреба), исто така во многу мал обем се употребуваат интерактивни табли и смарт табла од кои има по една или две во секое училиште. Како што кажавме и претходно на компјутерите се гледа многу позитивно и тие се голем благодет за наставата, но од одговорите на директорите заклучивме дека се соочуваат со потешкотии за да истите ги стават во функција, бидејќи за одржување на компјутерите во текот на целата учебна година, посебно на почетокот на учебната година се потребни големи финансиски средства. Во врска со оваа еден директор го наведе следново: „За ставање на компјутерите во функција на почетокот на секоја учебна година ни се потребни 5 до 6 илјади евра." Покрај тоа компјутерите се веќе застарени и тоа е дополнителен проблем со кој се соочуваат вработените во училиштата и директорите, затоа според нив би требало да се набават нови компјутери. Овој проект директорите сметаат дека е избрзан, поради фактот што немаат доволно училници во училиштата од кои некои се постари од 60 години, дури две од училиштата се постари од 100 години, а за овој проект потребна е нова електрична инсталација. Компјутерите во некои училишта ги има во сите училници, тие се употребуваат повеќе од учениците од погорните одделенија. Персоналните компјутери преставуваат проблем кога би требало да се обработуваат наставни содржини без компјутер, тогаш компјутерите би требало да се подместат, но подместувањето на персоналните компјутери е речиси невозможно, исто така компјутерите се проблем и при реализација на наставните содржини во групи од ученици, сите овие проблеми произлегуваат од недоволниот простор во училиштата. За разлика од Македонија во Турција со направената промена и продолжувањето на задолжителното образование 4+4+4, односно 12 годишно задолжително образование е започнат еден од покрупните проекти во образованието наречен „Фатих", со кој се планира да се обнови веќе постоечката технологија во училиштата, со нови компјутери и таблети за секој ученик. Со проектот е предвидена и замена на веќе постоечките ЛЦД проектори кои ги има во секоја училници дури и во руралните средини со интерактивни табли. ЛЦД проекторите кои се воведени од порано во основните училишта во Турција функцинираат заедно со преносен компјутер на наставникот кој е добро заштитен во мало „шкафче", ги има во сите училници и истите претходно ги замениле плазма телевизорите. Проектот „Фатих" е веќе започнат и речиси при крај во средното образование, од оваа учебна година преминува во нижите средни училишта на основното образование, за потоа се реализира во основните училишта. Директорите на училиштата сметаат дека ќе имаат многу подобри услови за настава со интерактивните табли, преку кои ќе се изведуваат наставните содржини. Од нашето набљудување при посетата на училиштата во Турција може да кажеме дека, некои од училиштата кои се во централното подрачје на општината веќе ги имаат интерактивните табли во секоја училница и ги користат во наставата. Во однос на

инфраструктурата на училиштата директорите сметаат дека изминатите години проекторите добро функционираат и немаат никакви проблеми, што се однесува до примена на компјутерите сите училишта се опремени со компјутери и имаат училници со компјутери во 3, 4, 5 или 6 училници во зависност од бројот на ученици, во овие училници кои се користат како кабинети се реализира настава по одредени наставни предмети, исто како во Македонија и во Турција употребата на технологијата во наставата е задолжителна.

Од спроведените реформи дел од испитаниците директори во двете држави сметаат дека најголем е товарот на наставниците, сите тие промени кои се направени во основните училишта бараат многу поголем ангажман од наставниците, а заедно со нив од учениците и родителите. На почетокот секоја реформа и промени кај сите инволвирани во наставата создава некаква одбивност но со текот на времето е прифатена, покрај тоа директорите на основните училишта законски се обврзани да ја спроведат реформата. Мислењата на директорите во двете држави се поделени по однос на обуката на наставниот кадар, дел сметаат дека обуките се доволни и наставниците добро се подготвуваат за новините кои доаѓаат, другите директори сметаат дека спроведените обуки се недоволни. Наставниот план и програма во Македонија се променети во 2007 година и се воведуваат со деветгодишното основно образование, а во Турција од 2008 година е воведен нов наставен план и програма, по однос на тоа ќе зборуваме повеќе кога ќе го анализираме петото прашање од интервјуто. Од значење е да се додаде дека директорите и управата на училиштата на еден начин и самите себе се реформираат внатре во училиштето, го променуваат сето она што не е функционално со цел во иднина ситуацијата да се подобри и одредени проблеми се надминат. По однос на тоа позитивна промена која добро функционира и има добри ефекти е формирањето на училишен парламент во едно од основните училишта во Македонија. Во врска со тоа директорот на училиштето го кажа следново: „го формиравме првиот училишен парламент во Македонија, во кој учествуваат ученици од 6 до 8 одделение и во него учениците имаат можност да ги искажат своите мислења, предлози и поплаки, ефектите од работата на овој парламент во училиштето се забележителни, општо прифатени, ги подобруваат условите за работа и општата клима во училиштето. Од досегашната работа на парламентот увидовме дека религиозните, социјалните, националните поделби помеѓу учениците се наметнуваат од нас возрасните, децата не знаат да се делат тие заедно донесуваат одлуки. Воведовме униформи во училиштето по одлука на училишниот парламент со цел да ги надминеме поделбите.“ Во одговорите директорите од двете држави ни кажаа дека, во наставата во основното образование е воведен нов пристап, техники и методи на работа, се спроведени потребните обуки на наставниот кадар за да може истите да се применат во наставата.

Една новина во Македонија е екстерното тестирање од 4-9 одделение (со деветгодишното) и интерното оценување од 1-3 одделение кое започна да се спроведува од учебната 2012/2013 година, каде секој ученик преку компјутер полага тест по два наставни предмети, покрај знаењата на учениците со оваа тестирање се проверува објективноста на наставниците при оценувањето. Во Турција од учебнаната 2013/2014 година се укинува (SBS) Приемниот испит за средно образование (училиште), а се воведува друг испит кој ќе го полагаат учениците од 6 до 8 одделение. Со овој испит секое полугодие во текот на три учебни години по различни наставни предмети и во зависност од освоените поени ќе се одреди во кои средни училишта ученикот ќе може да продолжи со средното образование.

**4. Дали училиштето ги има потребните услови за спроведување на реформите? Доколку ги нема кои се тие услови?**

Во однос на условите за реформи во зависност од големината на училиштата добивме различни одговори, еден од најголемите проблеми на училиштата произлегува од недоволниот број на простории во училиштата, недоволни финансиски средства при реализацијата и друго. Директорите на училиштата воглаво се задоволни од условите но секогаш мислат дека би можело да биде подобро.

Помал број училишта во Македонија во кои го спроведовме истражувањето се соочиле со просторни проблеми при реализацијата на реформата деветгодишно основно образвание. Што се однесува до компјутерите кои ги добиле училиштата, најголем дел од директорите сметаат дека немаат доволно простор за да може да се искористи максимумот од компјутерити и истите да останат неоштетени. Бидејќи бројот на компјутери ако се знае бројот на учениците во училиштето е многу голем, а капацитетот на училиштата е недоволен, електичната инсталација е обновена меѓутоа во некои училишта не е во целост променета, односно делумно е обновена. Друг недостаток што го имаат некои од училиштата е недоволниот број компјутери, а со тоа воглавно подрачните училишта останале без компјутери или добиле помалку компјутери од предвиденото, со што сметаме дека се нарушува принципот на еднаквост во образованието. Понов проблем со компјутерите е фактот што се веќе застарени и некои се вон употреба, а финансите за да се стават во функција се многу големи, па дел од директорите ни потврдија дека не секогаш имаат доволно финансии за поправка и ставање во функција на компјутерите. Во училиштата нема вработени кои би ги одржувале (сервисирале), бидејќи за толку голем број на компјутери во

училиштето би требало да има повеќе вработени. За се што им е потребно училиштата аплицираат до Министерството за образование и наука, невладини организации, странски агенции и амбасади во Македонија. Интернетот во училиштата воглавно ги задоволува потребите, но кога на мрежата ќе се вклучат повеќе компјутери брзината значително опаѓа и интернетот не е функционален. За разлика од Македонија во Турција училиштата ги имаат сите неопходни услови за спроведување на реформите, сите потреби и недостатоци училиштата ги надокнадуваат од Националното министерство за образование преку Дирекцијата за образование при општината, донациите кои претходно биле пракса сега веќе се забранети. Со проблеми при спроведување на реформите повеќе се соочуваат нижите средни училишта, кои во некои училишта се инфраструктурни (недостаток на простор). Основните училишта воглавно ги имаат условите кои се на задоволително ниво. Кога се зборува за подобри услови сите интервјуирани директори во Турција сметаат дека, училиштето би требало да има многу поголем двор и простор, во кој би можеле да се прават различни активности кои ќе бидат во рамките на наставата. Покрај тоа директорите пред спроведувањето, односно во фазата на планирање на реформите бараат да бидат повеќе консултирани и да имаат поголема соработка, сите директори сметаат дека наставата би требало да се одвива во една смена со тоа многу голем дел од проблемите ќе бидат решени. Интернетот во повеќето училишта ги задоволува потребите, но имаат одредени ограничувања кои наместо заштита понекогаш не овозможуваат целосно искористување на интернетот во наставата.

Како што кажавме и во претходното прашање, пред спроведување реформите би требало добро да бидат планирани, наставниците повеќе да се обучат, да се припремаат сите неопходни услови во училиштето, да се зема мислење од базата пред се училиштата и вработените во нив, да се „припрема“ општеството (средината во која се наоѓа училиштето) за подобро прифаќање на реформата, на инволвираните би требало добро да им се објаснат придобивките и причините зошто се спроведуваат конкретните реформи.

### 5. Што мислите за последните промени во наставниот план и програма?

Новиот наставен план и програма во Македонија започнува да се воведува постепено со деветгодишното основно образование кое ќе се заокружи со следната учебна 2014/2015 година, кога сите основни училишта ќе имаат деветто одделение. Во Турција како што

наведовме и претходно нов наставен план и програма во основното образование се воведува во 2008 година.

Директорите на основните училишта во Македонија и Турција на кои го поставивме оваа прашање, сметаат дека промените во наставните планови и програми се направени според потребите на современото време, исто така тие сметаат дека со овие наставни планови и програми се следат европските трендови. Во Македонија како што наведовме и претходно со деветгодишното основно образование се одредени три воспитно-образовни период, за кои сите испитаници сметаат дека се многу добро дефинирани според возраста на учениците, пред се овде напоменуваат дека првиот период од 1 до 3 одделение е добро одреден за описменување на учениците, друга новина што е исто така позитивна се однесува на тоа што покрај одделенскиот наставник во наставата се вклучени и предметни наставници од кои повеќето во 5 одделение но и претходно, со тоа ученикот се припрема за следното одделение кога наставата по сите наставни предмети ќе се изведува од предметни наставници. Позитивно е мислењето на директорити и во однос на описното оценување од 1 до 3 одделение и постепеното воведување на бројчаното оценување во вториот воспитно-образовен период од 4 до 6 одделение. Подготвителната година или првото одделние од деветгодишното образование е најпозитивно оценета од директорите, бидејќи се овозможува адаптација на ученикот и еднаквост во однос на предзнаењата во следните одделенија на основното образование. Како позитивна новина со воведувањето на наставните планови и програми директорите во Турција сметаат дека е новиот пристап кон учениците во забавиште и првото полугодие од првото одделение. Во овој период наставата воглавно се реализира преку игра, исто така придонесува адаптација на учениците и подобар почеток на ученикот со задолжителното осумгодишно основно образование. Од голема помош за наставниците се прирачниците за настава и обуката на наставникот, со што е постигната подобра реализација на новиот наставен план и програма. Во однос на задолжителното 12 годишно образование и новиот наставен план и програма еден од директорите смета дека, „во првите 4 години би требало да се обрати поголемо внимание на воспитанието на ученикот, во следните 4 години или во нижото средно училиште на знаењата и образованието и во средното 4 годишно образование учениците би требало да се припремаат за високото образование."

Во Македонија како што наведовме и претходно директорите во најголем дел ни потврдуваат дека, воспитно-образовните периоди се добро дефинирани, но наставните содржини по повеќе наставни предмети не кореспондираат со возраста на учениците и учениците неможаат да го конзумираат знаењето кое им се пренесува бидејќи е многу за нивната возраст. По некои наставни предмети нема простор за повторување на стекнатите знаења, па наставата се сведува

само на предавање на нови знаења, тоа е најголем проблем особено по предметот математика, исто така директорите се согласни дека е голем бројот на часови во текот на еден наставен ден, па така ученици од 3 и 4 одделение имаат по 6 наставни часа, од 5 одделене имаат по 7 наставни часа. Покрај наставниците кои сметаат дека наставните програми се многу обемни за возраста на ученикот и е употребена не соодветна терминологија во учебниците, некои од директорите ни укажаа дека се јавуваат забелешки и од родителите на учениците од големата оптеретеност на учениците со обврските кои произлегуваат од новата наставна програма. Наставниците исто така се оптоварени со голем број на проекти, слободни ученички активности, дополнителна и додатна настава за која немаат време да ја реализираат, бидејќи им е потребно многу време за реализација на задолжителните предмети. Во однос на наставните програми може да кажеме дека целосно позитивни оценки имаат директорите за првото одделение на основното образование и за воведувањето на повеќе изборни предмети речиси во сите одделенија на основно обраозвание. За разлика од наведеното во Турција поголем дел од директорите сметаат дека новите наставни планови и програми се растоварени од тоа што е непотребно, помал дел од директорите сметаат дека уште малку би требало да се намали бројот на наставните содржини. На тој начин учениците ќе бидат ослободени од обврските за викендите и ќе можат да се занимаваат со други активности значајни за нивниот развој и повеќе ќе бидат мотивирани за настава. Друга новина е начинот на реализација на наставата преку истражувачки проекти со кои учениците сами доаѓаат до знаењата, покрај тоа самата програма налага употреба на технологија во наставата (ИКТ). Со новиот наставен план во основното образование во Турција се воведени повеќе изборни предмети, за кои директорите исто така имаат позитивно мислење. Директорите сметаат дека ново стекнатите знаења и вештини по овој наставен план и програма многу ќе придонесат во иднина, бидејќи знаењата се практични и можат да бидат употребливи во текот на животот.

Директорите во Македонија и Турција се согласни дека наставниците се оптоварени и нивните работни задачи се многу по обемни од порано, бидејќи новиот пристап во реализација на наставните содржини и технологијата која е неопходна при изведувањето на наставата бара поголем ангажман, овде се вклучени и проектните активности кои се дополнителен „товар". Директорите на основните училишта сметаат дека обуката за наставниците би требало да продолжи, бидејќи за сега не задоволува.

Во последниве години во Македонија и Турција учебниците за основно образование се бесплатни и се обезбедуваат од страна на државата, директорите сметаат дека би требало да постојат одредени стандарди за учебници или постоечките повеќе да се почитуваат за наставата да биде поквалитетна. Директорите бараат поголема соработка со базата при

изработувањето на наставните планови и програми, на тој начин во иднина би се подобрил квалитетот на наставните планови и програми за основно образование, а со тоа и квалитетот во наставата.

## 6. Кои промени би требало да се направат во законската регулатива со цел подобра организација, раководење и управување со основното образование?

Општо познато е дека законите и законските акти кои се однесуваат на образованието во Македонија и Турција се изготвуваат од страна на Министерствата за образование кои имаат одговорни служби или сектори за правни работи за оваа намена, а законите се донесувани од страна на законодавната власт или парламентите на двете држави. Кога зборуваме за основното образование во претходното наше излагање видовме дека во Македонија и Турција тоа се регулира преку повеќе закони и правилници. Крајни „корисници" или оние кои се обврзани во најголем дел да ги спроведат законите во училиштата се директорите на основните училиштата и училишните одбори. Директорот на училиштето има одговорна функција и е одговорен за законско работење и примена на сите нормативи во училиштето донесени од претпоставените. Затоа и сметаме дека оваа прашање е потребно да заземе место во нашето интервју, бидејќи директорите се оние кои можеби и најдобро можат да оцената што е добро, а што не во законите и да предложат измени и дополнувања. Директорите можат да дадат сопствени мислења и предлози како одредбите во законот и законските акти би требало да се променат за подобра организација, раководење и управување со основните училишта.

Директорите на основните училишта во Македонија на прашањето во најголем дел ни одговорија дека при носење на законите не се зема во предвид нивното мислење или предлози од страна на претпоставените, помал дел од нив ни одговорија дека индиректно се вклучени во процесот на донесувањето на законите. Директорите имаат рок од 30 до 40 дена да го кажат своето мислење, предлог и да учествуваат на дебати, тоа е неколку годишна пракса во Македонија на која учествуваат само некои директори. Во Турција поголем дел од директорите се задоволни што се консултирани при носење на законите и правилниците за образование. Директорите на основните училишта преку службени дописи на интернет помеѓу институциите или дебати кои се организираат имаат можност да го кажат своето мислење и да дадат свој предлог по одреден закон, но сметаат дека би требало да се преземат мерки за повеќе да бидат влијателни во

донесувањето на законите, односно да се земаат во предвид нивните предлози и да се внесат во законската регулатива.

Во Македонија воглавно забелешките на директорите се во однос на тоа да се има систематичност при донесување на законите и законските акти, при тоа да бидат консултирани сите вработени во училиштата. Како проблем се гледа и на честите промени во регулативата, кои промени се толку многу што неможе да се оцени што е добро или лошо за да може да се направи следна измена или допуна на законите. Повеќе од половината испитаници 10 од 18 не истакнаа свое мислење по однос на оваа прашање, за тоа кои промени би требало да се направаат сметаат дека постоечката регулатива е добра или би требало одреден период да не се менува за да се види што добро функцинира а што не, дури после тоа да се планираат и направат потребните измени. Другите испитаници во одговорот на прашањето воглавно го истакнаа следново: „законот премногу ги обврзува директорите и наставниците пред се со административна работа, би требало да се остави повеќе простор или акцент на воспитната компонентата која е се помалку застапена во однос на образовната, со закон би требало да се заштитат наставниците кои се повеќе се загрозени од асоцијалното и девијантно однесување на некои ученици, казните одредени со законот се премногу ригорозни и високи при тоа се ствара страв кај вработените посебно кај наставниот кадар што може негативно да влијае на работата (контраефект), со многу голем дел од промените се дестабилизира системот.“ Интересен е ставот на еден од директорите кој смета дека, „децентрализацијата во образваниeто би требало да оди побрзо бидејќи се создадени голем број на проблеми особено во општините во кои локалната власт е од опозицијата, односно системот да биде единствен целосно децентрализиран или централизиран, да се има едно ниво на власт.“ Од мислењата на директорите на основни училишта би можеле да ги издвоиме и следниве: „Воведувањето на задолжителна обврска за помошник/ци директор/и, законски да се регулира задолжително интервју при вработување на наставен кадар.“ Во Турција 4 од 18 испитаници, директори сметаат дека, „законсата регулатива е добра и дека промени не се потребни.“ Еден од општите ставови речиси на сите директори по однос на оваа прашање е да се донесе регулатива со која основните училишта наставата ќе ја изведуваат во една смена, друга промена е намалување на горната граница на бројот на ученици по паралелка на 24 и помалку и сметаат дека доколку се донесе како одредба истата ќе мора да се примени, а со тоа многу ќе се подобрат условите за квалитетна настава во училиштата. Општ став на повеќето директори е барањето за зголемување на овластувањата и ингеренциите кои ги поседуваат преку измени во законот, бидејќи директорите на основните училишта имаат многу одговорности, па за да можат подобро да ги реализираат неопходно е да добијат поголеми овластувања. Меѓу посебните ставови и мислења кои

произлегуваат од одговорите на директорите може да ги наведеме следниве: „да се донесат нови правилници за основното образование, посебно за основното училиште и за нижото средно училиште. Бидејќи има две институции за основно образование." Предлог промена во законската регулатива на еден од директорите е следнава: „да се основаат нижи средни училишта (5-8 одделение) со посебни струки кои ги има во средните стручни и технички училишта. На тој начин учениците во зависност од своите способности од помала возраст ќе можат да го продолжат своето образование и да бидат насочени во образованието во зависност од интересите, талентот, вештините и способностите кои ги поседуваат, секако оваа насочување на ученикот да биде во соработка и разбирање помеѓу наставниците, ученикот и родителот." Еден од директорите го кажа следново: „во законот би требало да има по строга одредба која ќе овозможи санкционирање па и разрешување на директорите на основните училишта кои не се успешни во својата работа од страна на Дирекцијата за образование при општината. Слични овластувања по однос на тоа би требало да се дадат на директорите на основните училишта за помошниците на директорот во основното училиште и наставниот кадар во училиштето кој не покажува задоволителни резултати во работата. Да се зголемат мерките и наградите за успешните наставници и истите да бидат повеќе наградувани во иднина, со што ќе се зголеми и мотивацијата кај наставниот кадар."

**7. Објаснете ни ја соработката на Вашето основно училиште со МОН/МЕБ?**

Највисок управен и раководен орган со образовниот систем на Македонија е Министерството за образование и наука (МОН), а во Турција е Националното министерство за образование (МЕВ). Сметаме дека соработката на основните училишта како последна институција (единица) во хиерархијата на образовниот систем, во која се остварува воспитно-образовниот процес, целите и принципите кои се планирани и одредени да се постигнат со основното образование, се реализира наставниот план и програма, се опфаќаат децата на задолжителна возраст за основно образование и друго, со највисокиот управен и раководен орган кој ја планира наставата, донесува наставен план и програм, изготвува закони и законски акти за основно образование, врши контрола на работата на институциите за образование и друго е од големо значење. Во Македонија основач на основните училишта со децентрализацијата е локалната власт односно општината, додека во Турција основач е Националното министерство за образование бидејќи системот е централизиран.

Поголем дел од нашите испитаници директори на основни училишта во Македонија (14 директори од 18) и Турција (15 директори од 18) соработката со Министерството за образование ја оценуваат како добра и редовна, покрај тоа сметаат дека е на задоволително ниво. Во Македонија соработката со министерството понекогаш се одвива и индиректно преку локалната самоуправа (општината) а повеќе е директна, додека во Турција оваа соработка најчесто се воспоставува преку Дирекцијата за образование при општината и Дирекцијата за образование при големата градска општина. Директорите во Турција сметаат дека „етички е да се почитува хиерархијата во системот и не би требало да се прескокнуваат дирекциите за образование, соработката би требало да се движи едно по друго во зависност од надлежностите и ингеренциите на институциите во системот." Според тоа директорите на основните училишта во Турција, сите потреби и проблеми со кои се соочуваат најпрво соработуваат со Дирекцијата за образование при општината, доколку се случи да не се изнајде решение на проблемот или во случај да не се задоволат потребите во соработка со оваа дирекција се обрќаат до Дирекцијата за образование при големата градска општина, доколку и овде не се изнајде решение на проблемите и потребите се обраќаат до Националното министерство за образование како највисок орган. Што не значи дека еден директор на основно училиште нема можност директно да соработува со Националното министерството за образование, по потреба директорите директно се поврзуваат.

Покрај наведеното директорите наведуваат дека соработката со Министерството за образование во Македонија и Турција е во рамките на законската регулатива и правилниците за образование. Сите потребни насоки училиштата во Македонија ги добиваат навремено од страна на МОН, како основач на основните училишта во Турција директорите ги добиваат потребните директиви од МЕБ. Во Македонија помал дел од директорите сметаат дека соработката со Министерството за обраозвание и наука се сведува на барање на податоци и информации од страна на министерството и давање на точни и претцизни податоци од страна на училиштето. Овие директори се незадоволни од ваквата соработка и во одговорот го истакна следново: „од министерството добиваме само морална подршка и не се излегува во пресрет на потребите кои ги има училиштето, причина за тоа е различната политичка структура на власта на централно ниво и локално ниво, односно кога градоначалникот на општината е од опзициона политичка партија соработката е само службена и имаме опструкции, пролонгирање и дискриминација од страна на министерството, дури понекогаш не добиваме ни одговор од надлежните во министерството, со тоа се појавуваат сериозни финансиски проблеми во училиштето." Во Турција 3 директори ни одговорија дека не се задоволни од соработката и дека работата понекогаш се пролонгира. Информации кои воглавно се бараат од директорите на основните училишта во Македонија се

однесуваат на следново: број на ученици, број на наставници, број на кабинети во училиштето, успех на учениците, видови на настава и друго. Соработката помеѓу министерството и училиштата воглавно се интензивира при спорведување на проекти или апликација на проекти од страна на училиштата до меѓународни организации, амбасади и агенции, кои проекти би требало најпрво да се одобрат од страна на министерството и се извор на финансиски средства за училиштата. Поголема соработка со министерството училиштата имаат и во текот на екстерното тестирање кое започна да се спроведува од учебната 2012/2013 година. Како органи на Министерството за образвание и наука училиштата најголема соработка имаат со Државниот просветен инспекторат, Бирото за развој на образованието кое ги изработува наставните планови и програми, организира семинари за наставниците и друго. Во Турција поголема соработка со министерството директорите имаат при спореведување на меѓународни проектите кои се подржани и одобрени од страна на министерството, соработка имаат со Одборот за образование и настава при МЕБ, Сектор за обука на наставници и др. Комунијацијата на директорите со Министерството за образование и наука во Македонија се одвива преку интернет мрежата воглавно преку електронска пошта (е-маил). За разлика од тоа во Турција соработката е исто така преку интернет мрежата но дописите помеѓу институциите воглавно треба да бидат службени преку информативниот систем на Националното министерство за образование мебис (mebbis). Дописите може да се остварат и преку системот курумнет (kurumnet-институцијанет) кој се користи за службени дописи, електронски потпис на документи од овластени лица, испраќање на податоци и информаци помеѓу институции и друго.

Директорите во Македонија во најголем дел проблемите на училиштата ги решаваат во рамките на Секторот за образование при општина, а во Турција во рамките на Дирекциите за образование при општините на локално ниво. Овој начин на решавње на проблемите на локално ниво е прифатлив за директорите на основните училишта во двете држави. Следното прашање од интервјуот се однесува на соработката на основните училишта со локалната власт.

**8. Објаснете ни ја соработката на Вашето основно училиште со надлежните за образование во општината/Дирекција за праозвание при општината и Дирекција за образвание при големата градска општина?**

На локално ниво во Македонија со децентрализацијата се зголемени ингеренциите на општините во образованието. Општините со децентрализацијата ги преземаат училишните објекти и според Законот за основното образование се основачи на училиштата, наместо државни училиштата го променија статусот во општински. Во Турција на локално ниво Националното министерство за образвание има основано Дирекција за обраозвание при општината и Дирекција за образование при големата градска општина, овие институции по никој основ не се поврзани со општината или локалната власт, но се одговорни и надлежни за образованието во рамките на општините.

Со интервјуто се опфатени 18 испитаници во Македонија, директори на основни училишта од општините Аеродром град Скопје, Струмица, Кавадарци, Неготино, Штип и Куманово, во Турција се опфатени 18 испитаници директори на основни училишта во рамки на општина Борнова во градот Измир. Од добиените податоци и одговори генерално може да се заклучи дека во најголем број директорите како орган на раководење со основните училишта имаат добра соработка со општините во Македонија (16 директори од 18) и со Дирекцијата за образование при општина Борнова во Турција (15 директори од 18).

Како што наведовме и претходно во општините во Македонија има Сектор за образование кој е одговорен за образованието во рамките на општината и добро ја знае структурата на училиштата. Во рамките на некои општини има и просветни инспектори, а градоначалникот е орган кој ги именува директорите на училиштата по предлог на училишниот одбор како управен орган на училиштето. Соработката на училиштето и општината може да биде во реализација и апликација на заеднички проекти, соработка при организација и настапи на заеднички манифестации во општината или училиштето, реконструкција на училиштето, промена на кровот на училиштето и др. Во Турција соработката на основните училишта со Дирекцијата за образование при општината се однесува на совети, контрола од страна на просветни инспектори, вработување и разрешување на наставници и помошници на директорот во училиштата во соработка со Националното министерство за образование, запишување на ученици и за одредување на условите за запишување и др. Како со Националното министерство за обраозвание така и со Дирекцијата за образование при општината и основните училишта сите службени дописи се вршат преку информативниот систем мебис (mebbis) и курумнет (kurumnet). Директорите на основните училишта се задоволни од соработката бидејќи „вратите“ на Дирекцијата за образование во Борнова се секогаш отворени и преку интернет можат да остварат средба со било кој службеник во дирекцијата, директорот на дирекцијата, директори на оддел при дирекцијата, секретар на директорот и др.

Во Македонија директорите на основните училишта и одговорните во општините комуницираат постојано, во некои од општините имаат средби еднаш неделно, а понекогаш и секојдневно се врши анализа на проблемите и се бараат можни решенија на проблемите. Голема финансиска подршка основните училишта добиваат во општините Аеродром во градот Скопје и Кавадарци, а и другите директори на основните училишта се задоволни од подршката на општините. Во помал број од нашите испитаници, директорите не се задоволни од финансисите издвоени за нивното училиште, тоа се однесува на училиштата во општини каде градоначаниците или локалната власт е од опозиционите партии. Директорите сметаат дека овој проблем не произлегува од општината туку од Министерството за образование и наука, кое понекогаш ги „заобиколува" општините кои не се раководат од иста политичка структура со централната власт. Причината за оваа состојба произлегува и од тоа што не е направена финансиска децентрализација во некои од општините. Во Турција потребната подршка за решавање на секојдневните проблеми директорите на основните училишта во општина Борнова ја добиваат од Дирекцијата за образование при општината. Дирекцијата настојува да одговори на сите потреби вклучително и на финансиските, реконструкција на училиштата, соработка при заеднички настапи и друго. Во случај овие проблеми или некој недостатоци да неможат да бидат надминати со Дирекцијата за обраозвание при општината, по хиерархија проблемот се пренесува и решава во рамките на Дирекцијата за образование при големата градска општина. Дирекцијата се почесто ангажира службени лица за разговор во училиштата кои на лице место ја констатираат фактичката состојба и потоа се бараат решенија. Како што наведовме и претходно 15 од 18 испитаници, директори се задоволни од соработката, другите 3 испитаниции сметаат дека проблемите не се решаваат навреме и понекогаш Дирекцијата за образование не одговара навремено на потребите.

**9. Кои се надлежностите на училишниот одбор и наставнички совет/наставнички одбор и одбор-група наставници, при донесувањето на одлуките и како се спроведуваат донесените одлуки? Дали има спротивни ставови помеѓу раководниот и управниот орган на училиштето?**

Управен орган на основното училиште во Македонија е училишниот одбор, а во Турција има два органи на управување тоа се наставничкиот одбор и одбор-група наставници. Органите на управување се многу значајни за нормално функцинирање на училиштата во двете држави и се највисоки органи на основните училишта. Покрај училишниот одбор во прашањето

кое се однесуваше на интервјуираните директори од Македонија го додадовме и наставничкиот совет кој е највисок стручен орган во основните училишта, сметаме дека е од значење да ги земеме мислењата на директорите во врска со овој орган и начинот на спорведување на донесените одлуки. Управните органи на основните училишта во Македонија и Турција ги разработивме претходно во теоретскиот дел кој се однесува на управувањето и раководењето со основните училишта во Македонија и Турција, каде ги имаме наведено работните задачи на управните органи. Со оваа прашање сакаме да видиме како тие функционираат во училиштата, како раководниот орган (директорот), вработените и сите други вклучени во воспитно-образовниот процес во училиштето ги спроведуваат донесените одлуки. Дали има директно влијание врз управниот орган од страна на раководниот, дали управниот орган и раководниот орган имаат спротиставени ставови и друго.

Училишниот одбор во основните училишта во Македонија се состои од 9 члена, тоа се: три преставници од наставниците, три претставници од родители, два претставници од локалната самоуправа и еден претсавник од министерството, во училиштата каде има ученици од повеќе заедници при изборот на членовите на училишен одбор се внимава тој да има мешан состав, наставничкиот совет се состои од сите наставници во училиштето. Во Турција наставничкиот одбор и одбор-група наставници се управни органи на основното училиште, наставничкиот совет се состои од сите наставници, а одбор-група наставници се состои од наставници кои изведуваат настава во исто одделение.

Според одговорите на директорите во Македонија и Турција по однос на прашањето, одлуките на управните органи на основните училишта мораат да бидат во рамките на законот и законските акти, кои одлуки можат да ги донесат или кои се работни задачи на управните органи овде нема да ги наведуваме бидејќи претходно ги имаме наведено. Одлуките во управните органи се донесуваат најчесто со добра анализа и планирање околу начинот на реализација и спроведување, а потоа се ставаат на гласање доколку мнозинството од членовите во управниот орган ја подржи одлуката е донесена. Според директорите во Турција одлуките донесени со мнозинство се повеќе обврзувачки за сите наставници, бидејќи наставниците се присутни можат да го кажат својот став по однос на предложеното со дневниот ред и одлуката да ја подржат или отфрлат. Доколку одлуката се донесе со мнозинство гласови секој наставник се потпишува на записникот и е обврзан да ја спроведе или директно да учествува доколку му е дадена одговорност. Во Македонија училишниот одбор ги носи најзначајните одлуки во училиштето, разликата во однос на одлуките помеѓу управните органи во Македонија и Турција е што училишниот одбор има право да објави јавен оглас и да изврши интервју со кандидатите за

директори на основните училишта. Училишниот одбор дава предлог кандидат за директор кој треба да биде назначен од градоначалникот на општината. покрај тоа училишниот одбор ја контролира работата на директорот на училиштето. Со донесените одлуки на училишниот одбор, покасно се запознаени наставниците на наставнички совет и совет на родители, за да може да се преминие на релизација и распоредување на должностите на наставнички совет.

Наставничкиот одбор во Турција според законот задолжително се собира три пати во текот на учебната година, на почетокот на учебната година, на почетокот на второто полугодие и на крајот. Директорите во одговорите го кажа следново: „наставничкиот одбор има состаноци по неколку пати во текот на едно полугодие, бидејќи три состаноци во текот на целата учебна година се недоволни, за успешно спроведување на донеснеите одлуки или за промени во претходните одлуки кои се покажале како непрактични или недобри имаме потреба од поголем број на состаноци.“

Од одговорите кои ги добивме може да се заклучи дека во најголем дел директорите ги спроведуваат сите донесени одлуки од органот на управување, меѓутоа во помал дел од одговорите забележавме дека некои од директорите и во двете држави се авторитарни при носењето на одлуките, бидејќи се наметнуваат како орган на раководење врз членовите на управните органи. Во Македонија некои од директорите ни кажаа дека, „понекогаш одлуките на управниот орган се донесени и наметнати од страна на локалната власта и Министерството за образование и наука.“ Што значи дека во тие случаеви управниот орган може само да ги потврди веќе донесените одлуки, без да може да ги одбие.

Општо земено во училиштата во Македонија и Турција според одговорите на директорите, управните органи прифаќаат сугестии, предлози, мислења од раководниот орган или директорот при носењето на одлуките, исто така и директорите прифаќаат од управниот орган и според тоа донесуваат некои од одлуките за кои се надлежни според законите и законските акти.

Наставничкиот совет во основните училишта во Македонија како стручен орган решава стручни прашања, се бараат начини за подобра организација на наставата, за поквалитетна настава, се дискутира по однос на успехот на учениците, се договараат манифестации на кои учествува училиштето и друго. Одлуките на овој орган се обрвзувачки за наставниците и директорот кој раководи со него.

Одбор-група наставници е втор управен орган во основните училишта во Турција, неговите одлуки се значајни но после оние донесени од наставнички одбор кој е највисок орган на

управување. Одбор-група наставници е орган кој воглавно ја планира наставата, начинот на вреднување на учениците, реализација на одредени наставни содржини или теми, реализација на испити или тестови по наставни предмети и друго. Претседателите на овој одбор од сите училишта во општината учествува на состаноците во рамки на Дирекцијата за образование при општината, на овие состаноци на ниво на општина се носат одлуки поврзани со реализацијата на наставните содржини, испити или тестови по предмети, начин на вреднување на учениците, заеднички манифестации на училиштата кои ќе се реализираат во текот на учебната година, дополнителни активности, соработува со семејствата на проблематични ученици или ученици со деликвентно однесување и друго. Директорот на училиштето е обврзан да ги почитува одлуките на овој орган и да излезе во пресрет на наставниците при реализација на донесените одлуки.

Од одговрите на директорите во Македонија и Турција може да заклучиме дека, не се јавуваат посериозни проблеми или спротиставени ставови помеѓу раководниот орган и управниот орган во основните училишта, сите прашања се надминуваат и се решаваат во интерес пред се на учениците, семејствата на учениците и вработените во училиштето.

**10. Што сметате дека би требало да се направи за поквалитетно основно образование?**

Од анализата на одговорите по оваа прашање произлезе следново, нашите испитаници директори кои претходно биле наставници, имаат долго годишно искуство во основното образование, ги знаат проблемите, недостатоците, промените или реформите во образованието кои се покажале позитивни и оние кои можеби биле помалку добри за образованието, искуството на раководниот персонал во наставата може да овозможи тие да изградат свои ставови и мислења, да дадат предлози и сугестии за поквалитетно основно образование. Сметаме дека секој директор како раководител на основно училиште, денес кога има толку многу можности за подобра настава и поквалитетно основно образование, би требало да има свои мислења и изградени ставови за тоа што би требало да се направи за поквалитетно основно образование, односно да биде визонер кој ќе има замисла како би требало да изгледа образованието во иднина и како да се подобри квалитетот во образованието. Сепак помеѓу нашите испитаници имавме неколку директори кои речиси и немаат став, мислење или било каков предлог како да се подобри квалитетот во образованието и сметаат дека сите промени и реформи направени во последниве години се сосема добри и треба да се продолжи со овој тренд. Покрај

овие директори треба да напомeнеме дека во значително поголем број се оние кои имаат мислења и визија за поквалитетно основно образование. Некои од овие директори сакаат системот во целост да се реформира и нивните одговори се многу долги, со голем број на предлози и сугестии кои ги истакна во одговорот на прашањето.

Предлозите и ставовите на директорите по однос на прашањето значително се разликуваат, директорите на училиштата речиси и немаат идентичен став, одговорите се разликуваат и помеѓу директорите опфатени со интервјуто во Македонија и Турција. Еден од ставовите по кој се согласни сите директори во Турција е наставата во основните училишта да биде во една смена, речиси според сите директори за поквалитетно основно образование треба да се премине во продолжен или целодневен престој во училиштата, пред се да се изградат повеќе училишта и условите да се прилагодат според потребите за настава во една смена. За разлика од Турција во Македонија само неколку директори сметаат дека би требало да има настава во една смена. Бидејќи одговорите на директорите се битно различни и не се поклопуваат, сметаме дека за поголема прегледност подобро би било да ги наведеме сите одговори поединечно. Разликите во ставовите на директорите од двете држави произлегува и од фактот што проблемите и недостатоците во основното образование делумно се разликуваат. Сите точки кои ќе ги наведеме подолу се цитати извлечени од одговорите на директорите во Македонија и Турција.

Од директорите на основните училишта во Македонија во врска со последното прашање од интервјуто ги добивме следниве одговори:

1. Повеќе перманентно образование за директорите и наставниците. Покрај обуката за наставниците би требало да се воведат обуки за родителите па и за учениците, со тоа ќе се подобрат комуникацијата, пристапот, односот на сите инволвирани во училиштето;
2. Да се подобри инфраструктурата во училиштата, повеќе простории за дополнителни активности и слободни ученички активности, спортски сали, подобра инфраструктура за да можат подобро да функционираат сите компјутери во училиштата;
3. Разлика во плата со цел подобра мотивација на наставниците за работа, сите наставници кои напредуваат во кариерата и во професионалниот развој да се наградуваат, до денес немаме напредување во кариерата, наставниците можат да бидат избрани за истакнати работници од страна на министерството и тоа е сосем недоволно;

4. Да се донесат поголеми ограничувања на родителите кои се жалат од наставниот кадар или раководниот орган, бидејќи за непотребни работи жалбите одат дури до министерството. Казни за родителите чии деца се однесуваат непристојно во училиштето и надвор од редот и дисциплината во училиштето;
5. Бројот на ученици во училиштата би требало да биде помал, Нашето училиште е со повеќе од илјада ученици што ни создава дополнителни проблеми;
6. Вметнување на воспитната категорија во наставата во училиштата, односно воспитната категорија да биде повеќе застапена;
7. Ревизија на наставните планови и програми, при тоа да се внимава на условите во училиштата или да бидат подобрени условите за работа во училиштата па според тоа да се изработат нови наставни планови и програми. Дел од содржините во наставните програми да бидат по суштински со нив учениците да можат да формираат ставови, да се стекнат етички и морални вредности кои ќе бидат корисни во текот на целиот живот на учениците, како што е примерот со предметот животни вештини кој е предвиден да се реализра за време на одделенскиот час на паралелката и ученикот преку наставната програма да се стекнува со трајни знаења;
8. При изработката на наставниот план и програма во работните групи да бидат вклучени повеќе практичари, не еден или двајца туку барем половината од овие групи да се состојат од практичари;
9. Да се намали неделниот фонд на часови, имаме многу обемен наставен план дури се среќаваме со проблеми при изработка на распоредот, адаптација на наставните содржини според возраста на учениците, промена на учебниците по наставните предмети бидејќи во нив материјалот е многу апстрактен и има несоодветна терминологија според возраста на учениците;
10. Поголеми финансии за европско обраозвание, кон кое се стремиме и ние како држава. Поголем буџет за образованието во општините во кои локалната власт е од различна политичка структура (партија) во однос на централната;
11. Примена на нови методи и техники во наставата во кои учениците ќе бидат активни или „активни методи";
12. Реформите да бидат добро планирани, во училиштата да се стекнуваат функционални знаења кои на учениците ќе им користат во текот на целиот живот, во основното образование учениците да знаат и да учат за себе, да се

мотивирани, да се следат научните достигнувања и имплементираат во образованието со тоа ќе имаме поквалитетно основно образование;

13. Квалитетен наставен кадар за квалитетна настава во основното образование, има наставници кои неможат да одговораат на „новото време" во смисол употреба на ИКТ во наставата, употреба на нови наставни методи и друго;
14. Подобрување на општите услови во училиштата за подобра настава;

Од директорите на основните училишта во Турција во врска со десетото прашање од интервјуто ги добивме следниве одговори:

1. Да се намали бројот на ученици во паралелките и да се донесе ограничување до 18 или 20 ученици;
2. Да се воведе обука за родителите и да се изнајдат ефикасни начини за решавање на проблемите кои се јавуваат, особено со децата на разведени родителите, да се спречат сите негативности кои доаѓаат од интернетот и долгото време поминато на интернет со превземање на конкретни мерки, да се воведат построги дисциплински мерки за учениците;
3. Добрата комуникација во училиштата е неопходна, при тоа секој вклучен во воспитно-образовниот процес да може да го каже своето мислење, се што е позитивно и добро да се прифати и примени, на тој начин може да се постигнат добри резултати и да имаме добра клима за работа во училиштето. Добрата комуникација е потребна и во четириаголникот: наставник, ученик, родител и училиште;
4. Учениците после основното училиште, односно после 4 одделение да бидат насочени и упатени во струки, во зависност од способностите, вештините и надареноста за професија или струка. Само така може да се зборува за ефикасно образование кое ќе одговори на интересите и потребите на учениците и општеството;
5. Да се вработува квалитетен наставен кадар, односно да се внимава на знаењата и професионализмот кај наставниците. Да се отежни процедурата при вработување на наставниците, добро да се анализира компетентноста на наставниците, во однос на следново: контрола врз учениците во паралелката, пристапот, професионалниот развој, реализација на наставните часови и др. Повеќе обуки за наставниците, да се овоможи напредување во кариерата и професионален развој на наставниците;

6. Да се формирааа Биро за односи со јавноста во секое училиште, на тој начин директорите на основните училишта ќе бидат ослободени од овие обврски и ќе можат целосно да се посветат на воспитно-образвниот процес. Во училиштата да има вработени кои ќе се грижат за училишната зграда и целата инфраструктура на училиштето и училишниот двор, на тој начин по стручно ќе се решаваат проблемите, а директорите ќе посветат повеќе внимание на онаа што во суштина би требало да им биде најважна обврска воспитно-образовниот процес;
7. Да се намалат работните задачи на наставниците, помалку административни работи кои се малку обемни во последниве години, наставникот би требало да биде концентриран на воспитно-образовниот процес, надвор од него да не е оптеретен со други работни задачи кои се непотребни;
8. Повеќе простор за курсеви, дополнителна и додатна настава, слободни ученички активности, вонпаставни активности, уметнички, социјални, културни и други рекреативни активности за учениците. Тоа може да се постигне преку настава во една смена, со тоа ќе имаме поквалитетна, ефикасна и ефективна настава;
9. Општина Измир има голем прилив на население кое мигрира и се населува, затоа во училиштата понекогаш се јавуваат просторни проблеми, треба да се изградат повеќе нови училишни згради. Условите во училиштата треба да бидат подобрени со цел да го привлечат вниманието на учениците, да ги мотивираат учениците за да следат настава и да не им биде здодевно во текот на престојот во училиштето. Сите предлози во однос на реформите треба да одат од базата (училиштата) па нагоре, односно да се земаат предвид мислењата и предлозите на наставниците и директорите при планирањето, а потоа да се спроведат или не;
10. Програмите да ги изработуваат наставници или практичари, програмите да се изработуваат во зависност од интересите и вештините на учениците, учениците при реализацијата на наставните содржини на тој начин ќе бидат повеќе мотивирани, односно учениците да работат на онаа што го сакаат што ги интересира и што ќе биде полезно во иднина. Во училиштата да има простории за: театар, ателје, базени, просторија со музички инструменти, повеќе технологија, кабинети, лаборатории и друго. За да може ученикот подобро да ја

запознае природата училиштето би требало да има многу голем двор со растенија;

11. При донесувањето на реформите тие добро да се анализираат да се земаат искуствата од развиените земји во кои овие реформи биле успешни и промените да се прават систематски;
12. Училиштата да имаат буџет во зависност од бројот на ученици, на тој начин ќе се решат финансиските проблеми;
13. При промените и реформите би требало да се направат длабоки анализи и планирања за да воспитно-образовниот процес во училиштата може да одговори на очекувањата и потребите на сите инволвирани во училиштата: наставници, родители, ученици раководство и средината во која се наоѓа училиштето. Училишните згради со сосистемот 4+4+4 кој се воведе, мора да бидат променети реновирани во целост;
14. Во основното обраозвание во Турција има многу голем број на ученици во однос на другите европски држави, затоа мораат да се инвестираат поголеми средства во образованието, за да се постигне квалитет во наставата и да се обезбедат потребните услови во училиштата за современа настава. Да се разреши неквалитетниот наставен и раководен кадар кој неможе да ги постигне очекуваните резултати, да останат само оние кои се успешни и квалитетни во работата. Наставничката професија е многу значајна и ценета, бидејќи тие ги воспитуваат и образоваат идните генерации, би требало постојано професионално да се усовршуваат да поседуваат квалитени знаења, истото се однесува и на раководителите на училиштата. Ние во училиштата имаме квалитетен наставен кадар кој има теоретски знаења, меѓутоа целото тоа кое го поседуваат би требало да можат да го применат во наставата, училиштата би требало да ги исполнуваат потребните стандарди и да одговорат на сите потреби на наставниците и учениците за современа настава;

Од наведените одговори на директорите по однос на оваа прашање може да се извлечат некои сличности, иако формулацијата на одговорите е различна помеѓу директорите на двете држави, сепак како сличност би го одделиле следново: директорите во Македонија и Турција сметаат дека би требало да има повеќе обуки за наставниците односно перманентно образование, обука за родителите и да се одредат некои правила за нивно однесување или кодекс, вработување на квалитетен наставен кадар, поголеми финансиски средства за училиштата, подобрување на

условите за настава и дополнителни простори за вонНаставни и други активности, при подготвување на законите и подзаконските акти повеќе да се земаат во предвид мислења и предлози од наставниците и директорите, во работните групи при изработка на наставните планови и програми да има повеќе практичари, реформите кои ќе се спроведуваат да бидат добро планирани и анализирани во соработка со основните училишта.

Меѓу различните одговори на директорите од Македонија во однос на одговорите на директорите од Турција, би можеле да ги издвоиме следниве: разлика во платата и награди за наставниот кадар со цел подбрување на мотивацијата, да се намали бројот на ученици во училиштата, вметнување или зајакнување на воспитната категорија во училиштата, промена на наставниот план и програма со што ќе се намали неделниот фонд на часови на учениците и наставните содржини кои не се според возраста на учениците, политиката да се тргне од образованието и надминување на проблемите во општините кои се од различна политичка партија (опозиција) во однос на централната власт. Различни одговори во однос на директорите од Македонија добивме и од директорите во Турција, она што се разликува е следново: намалување на бројот на ученици во паралелките, добра комуникација помеѓу сите инволвирани во воспитно-образовниот процес, учениците да се упатуваат после 4 одделение во нижото средно училиште во нивната идна струка или професија во зависност од способностите, вештините и талентот кој го поседуваат, формирање на Биро за односи со јавноста во училиштето, вработување на лица одговорни од инфраструктурата на училишната зграда, разрешување на неквалитетниот наставен и раководен кадар.

Загрижува фактот што од неколку директори по оваа прашање речиси и не „добивме одговор", односно овие испитаници немаат свои мислења и предлози за подобрување на квалитетот во основното образование. Сметаат дека се што е направено во последниве години е „добро" и би требало да се продолжи во иднина со истиот тренд со реформи и промени. Од овде доаѓаме до заклучокот дека, пред именување и при избор на директорите во основните училишта би требало кандидатите да ја истакнат својата визија за во иднина, односно преку испитите кои се спроведуваат пред именување на директорите, кандидатите да ја презентираат својата визија и замисла за тоа како ќе го подобрат квалитетот на наставата во основното училиште. На тој начин сметаме дека би можело да се подобрат условите за работа во училиштата и квалитетот во наставата, бидејќи кандидатот за директор пред да биде именуван ќе има замисла и ќе создаде визија за во иднина, доколку нема визија не би требало да биде именуван за директор.

Во најголем дел предлозите на директорите по оваа прашања од Македонија и Турција се прифатливи и сметаме дека ќе го подобрат квалитетот во основното образование. За да може сите овие предлози да се имплементираат потребни се поголеми финансиски средства, односно потребно е да се одвојат поголеми средства од буџетите на двете држави за основното образование. Сметаме дека ваквата инвестиција би била исплатлива и е потребна, бидејќи квалитетот во основното образование е многу значаен, од аспект на тоа што за една држава е многу важно идните генерации да имаат трајни и квалитетни знаења, со зајакнување на воспитната категорија во основното образование да бидат добро воспитани, трудољубиви, да истражуваат пред да донесуваат одлуки и др. На тој начин сметаме дека во иднина би се подобрила општата благосостојба на сите граѓани во државата, во сите сегменти на општественото живеење.

*          *          *

На крајот од интервјуто со некои од директорите на основните училишта разговаравме и околу можностите за напредување во кариерата на раководителите. Оние директори кои се на поголема возраст пред пензинирање, немаат такви амбиции и се задоволни од раководната функција која ја стекнале. Во Македонија директорите сметаат дека може да се напредува во кариерата, преку аплицирање на јавни огласи за раководители кои се објавуваат од страна на Министерството за образвание и наука, по поднесување на апликацијата има етапи кои би требало успешно да се поминат тоа се прави преку тестови и интервјуа со кандидатите. Напредувањето зависи од желбата на директорот пред се да аплицира и да учествува на јавен оглас за повисока раководна функција на која имаат право да аплицираат и други кандидати кои немаат претходна кариера како раководители (директор), овој вид на напредување не е поврзано со успешна и квалитетна работа на функција директор на основно училиште. Според директорите „напредувањето во кариерата преку овие огласи не е врз основа на реална проценка на квалитетна работа, капацитет на кандидатот, професионализам, па не зависи ни од стекнатото формално образование бидејќи луѓето кои имаат научен степен и се доктори на науки неможат да напредуваат доколку немаат некаква политичка опција која ќе ги подржи во тоа.“ Имавме неколку директори кои самите истакнаа дека за да се дојде до директорска и раководна функција за жал имаат потреба од политичка подршка, некои од нив сметаат дека тоа е во ред за да можат да се спроведуваат одлуките на повисоките органи кои се над нив. Од исказите на директорите дојдовме до заклучокот дека, централната и локалната власт именуваат раководители според нивна „мерка“, за да можат да ги спорведат одлуките и реформите. Речиси сите директори од Македонија дури и

да не напредуваат во кариерата сметаат дека треба професинлано да се усовршуваат преку учество на: дебати, трибини, семинари, симпозиуми и друго. Во Турција изборот на раководители на сектори во Националното министерство за образование и на дирекциите на локално ниво се врши преку јавен оглас, на кој покрај директорите на основни училишта можат да аплицираат и други кандидати кои немаат претходен работен ангажман како раководители (директор). Според Правилникот за напредување во кариерата на раководителите во Турција директор на основно училиште од А тип може да биде именуван за директор на Дирекција за образование при големата градска општина или директор на основно училиште од В тип може да биде именуван за директор на Дирекција за обраозвание при општината, директорите на основните училишта можат да бидат именувани и за раководители на оддели при дирекциите. Мислењата на нашите испитаници по напредувањето на раководителите се поделени па така дел од директорите сметаат дека во овие именувања на раководители во дирекции може да се вмеша и политиката индиректно, а со тоа да се влијае на изборот. Напредувањето преку јавен оглас на раководителите во Турција се врши во етапи преку испит и интервју со кандидатот, еден дел од директорите сметаат дека испитите се регуларни, но се сомневаат во транспарентноста на интервјуто кое се спроведува од комисија формирана во министерството. Во случај да бидат оштетени при изборот и на нивно место да се именува политички „подобен" кандидат, некои од нив не ја исклучуваат можноста да поднесат тужба до надлежен суд. Еден од испитаниците смета дека, „во напредувањето на раководителите би требало да има хиерархија, како што е со помошниците на директорите на основните училишта кои потоа по јавен оглас и одредени испити кои ги полагаат можат да бидат именувани за директори на основни училишта, следната етапа по директор на основно училиште да биде директор на оддел во Дирекцијата за обраозвание при општината, па директор на дирекција, односно да има континуитет во напредувањето на раководителите."

**ЧЕТВРТИ ДЕЛ**

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Резултатите од спроведеното истражување, теоретската и компаративна анализа во организацијата, раководењето и управувањето со основното образование и спроведеното интервју со директорите на основните училишта во Р.Македонија и Р.Турција, не упатуваат на повеќе заклучни согледувања.

Во овој дел пред се ќе се обидеме да дадеме одговор на централните и придружните истражувачки прашања, кои се поставени во делот за методологија. Со трудот сметаме дека се постиганите целите на истражувањето кои се однесуваат на организацијата, раководењето и управувњето со основното образование во Македонија и Турција, сите поставени задачи во најголем дел се исполнети. Од теоретската анализа на законските и подзаконските акти, научни истражувања, книги, статии, документи од институции, извори од интернет и други извори за основното образование во Македонија и Турција, нашите посети на основни училишта, спроведеното интервју со директори на основни училишта и анализата на одговорите на прашањата кои ги добивме, дојдовме до следниве заклучни согледувања:

1. Основното образование во Македонија и Турција се регулира со закони и подзаконски акти за основно образование, според кои се организира работата, се управува и раководи со институциите за основно образование. Во двете држави има по еден закон за основното образование, во Турција има посебен закон за приватно основно образование бидејќи има развиена мрежа на приватни основни училишта, покрај тоа со неколку членови од уставот на Македонија и уставот на Турција е опфатено основното образование од каде може да се согледа значењето кое му се придава на овој подсистем, во тие членови посебно се потенцира дека основното образование е задолжително, бесплатно и еднакво за сите граѓани. Во Турција има голем број на правилници кои произлегуваат од законите и со нив се регулираат посебни делови од организацијата, раководењето и управувањето со основното образование, како што се: вработувањето и напредувањето во кариеарата на наставниците, промена на работно место на наставниците и раководителите, именувањето на раководителите, посебен правилник за приватните основни училишта со кој се регулира приватното основно образование, правилник за стручни советниците и психолошките консултанти и др. Покрај тоа одговорностите, надлежностите,

работните задачи и одлуките кои можат да ги донесат управните и раководните органи на училиштата се одредени со законите и подзаконските акти;

2. Системот за образование на Македонија и Турција се состои од следниве подсистеми: предучилишно воспитание и образование, основно образование, средно образование и високо образование. Основното образование се наоѓа во средината на образовниот систем во двете држави и претставува основа за понатамошно образование. Основното образование во двете држави е со најдолго траење во однос на другите подсистеми, во Македонија основното образование е деветгодишно, а во Турција е осумгодишно;
3. Историски гледано развојот на основното образование во Македонија може да се подели на пет периоди тоа се: периодот од првите словенски просветители до потпаѓањето под османлиска власт, период во времето на Османлиската империја, период помеѓу двете светски војни, период од Втората светска војна до 1990 година и период од прогласувањето на независноста до денес. Во Турција може да се одредат следниве периоди: период на основање на државите на старите Турци, период во времето на државата на Турците Селчуци, период во времето на Османлиската империја, периодот на распадот на Османлиската империја и народно ослободителната војна и период од прогласувањето на Република Турција (1923год.) до денес. Училишта во кои децата пред се учеле да читаат и пишуваат на територијата на двете држави се основаат во периодот на Османлиската империја, за кои можеме да кажеме дека се основни училишта кои понекогаш се основале заедно со црквите (црковни општини) или џамиите (медреси), но треба да напомене дека како образовни институции, училиштата кај двата народи се основаат и пред Османлиската империја, тоа е основното училиште на Св.Кирил и образовните институции кај старите Турци и Турците Селчуци кај кои голем дел од населението било описменето, од многу одамна македонскиот и турскиот народ имаат свое писмо (азбука). Во периодот на Османлиската империја но и пред тоа започнуваат да се основаат првите учителски школи и курсеви за потребите на основното образование. Во Македонија основното образование својот најголем развој го постигнува по Втората светска војна, претходно се развивало но наставата во Македонија се изведувала на српски јазик. За развојот на основното образование клучни се одлуките на заседанието на АСНОМ, кога со донесените одлуки македонскиот јазик е прифатен за наставен и се донесува одлука за 7

годишно задолжително основно образование. По Втората светска војна започнува забрзан развој на основното образование, се градат училишта, се изработени нови наставни планови и програми, се прават напори за опфат на сите деца и возрасни во основното обраозвание, задоволување на потребите од наставен кадар и др. Во Турција првите напори за формирање на национален образовен систем започнуваат со прогласувањето на Републиката во 1923 година, проблемите кои се јавуваат во руралните средини пред се недостатокот од наставен кадар се решаваат со селските институти кои се многу значајни за основното образование во тој период;

4. Целите и принципите за основното образование во Македонија и Турција не покажуваат поголеми разлики, со нив пред се е опфатено описменувањето на учениците, изразување на мајчин јазик и писмо, запознавање со културните вредности на својот народ и идентитетот, учество на активности надвор од наставата, чување на природата и здравјето на учениците, учество во општествените случувања и др. Со принципите основното образование се одредува како задолжително бесплатно, при тоа се гарантира пристап за секого до образовните институции без да се прави било каква поделба и како принцип е земено начелото за недискриминација и обезбедување на еднакви услови за секого во основните училишта. Во принципите и целите на основното образование во Турција се вметнати принципите и реформите на револуцијата на Ататурк, кои се воведени во наставните програми, а во погорните одделенија на основното образование се изучуваат како посебен наставен предмет. Во однос на принципите и целите кои се поставени сметаме дека тие до одреден степен зависат од структурата на населението, начинот на живот па и од менталитетот, затоа некои од разликите кои постојат се прифатливи и нормални. Од значење е што во двете држави принципот на демоктратско образование е прифатен, како вредност која е значајна за современиот начин на живот и за општеството;
5. Воспитно-образовниот процес во Македонија и Турција се организира во основните училишта, според наставниот план и програма одобрени од Министерствата за образование. Во наставата се вклучени одделенски и предметни наставници, во Турција по потреба и во зависност од потребите и инетересите на учениците и училиштето можат да бидат вклучени стручни и мајстори обучувачи како наставен кадар. Со училиштата двет држави раководи

директор и помошници на директорот, највисок орган на училиштето се управните органи. Во училиштата во зависност од потребите има паралелки за учениците со посебни потреби, наставата во зависност од потребите на околината во која се наоѓа училиштето може да се реализира како проширена програма и продолжен престој или учениците преостанатото слободно време да го поминуваат во други институции во кои се реализраат дополнителни активности. Основното образование во Турција ги опфаќа учениците од 6 до 13 годишна возраст, а во Македонија од 6 до 15 годишна возраст;

6. Во текот на една учебна година во основното образование во Македонија и Турција би требало да се реализираат 180 наставни дена. Во Македонија учебната година започнува на 1 септември, а завршува на 10 јуни следната календарска година, со две тромесечија и две полугодија. Во Турција учебната година започнува во средината на септември, а завршува средината на јуни следната календарска година, со две полугодија. Неработни денови се државните и верските празници кои се посебно регулирани со закон, учениците на крајот од првото полугодие имаат полугодишен распуст. Наставата во основните училишта се реализира во две смени, првата смена започнува во 7:30 часот завшрува околу 13:00 часот , а втората смена од 13:00 часот завршува околу 18:30 во зависност од бројот на часови. Смените во основните училишта во Македонија се променуваат на една или две недели, во Турција во повеќето училишта учениците со помала возраст од 1 до 4 одделение се втора смена, а учениците со поголема возраст од 5 до 8 одделение се прва смена;
7. Основното образование во Македонија се реализира во единствена образовна институција, тоа е основно училиште во кое наставата се изведува од 1 до 9 одделение. Во Турција единствената осумгодишна образовна институција за основно образование од учебната 2012/2013 година е поделена на две образовни институции, тоа се: основно училиште од 1 до 4 одделение и нижо средно училиште од 5 до 8 одделение. Покрај тоа е воведено и нижо средно училиште со религиозен карактер (İmam hatip);
8. Деветгодишното основно образование во Македонија е поделено на три воспитно-образовни периоди, кои се добро дефинирани според возраста на учениците. Во Турција не може да се зборува за одредени воспитно-образовни периоди, освен што се поделени институциите како што наведовме во претходната точка;

9. Во Македонија и Турција има пет видови на основни училишта кои се слични, тоа се: редовни основни училишта, училишта за возрасни, посебни (специјални) основни училишта, ученички домови или училишта со пансиони и интернати и основни училишта за уметностите. Во Турција покрај овие се основаат приватни и мобилни основни училишта, во Македонија приватни основно училиште има неколку, односно нема развиена мрежа на приватни основни училишта. Во Македонија има помалку видови на посебни (специјални) основни училишта и основни училишта за уметности во однос на Турција. Во државните училишта во Македонија настава се изведува на четири наставни јазици тоа се: македонски, албански, турски и српски јазик. Во Турција во сите државни основни училишта наставата е на турски јазик, освен во приватните малцински основни училишта каде настава се изведува на: грчки, ерменски и хебрејски наставен јазик, и во приватните странски основни училишта каде настава може да се изведува на: англиски, германски, француски и италијански наставен јазик;
10. Во Македонија со децентрализацијата на образованието и пренесувањето на ингеренциите од централно на локално ниво, основните училишта се превземени од страна на општините и основачи на основните училишта се општините, освен посебните (специјални) основни училишта чиј основач е Министерството за образование и наука. Во Турција образовниот систем е центарлизиран, затоа основач на образовните институции за основно образование е Националното министерство за образование, освен на приватните основни училишта;
11. Македонија и Турција се залагаат за целосен 100% опфат во основното образование на децата на возраст за основно образование. Најголем опфат во основното образование од 95% во Македонија е постигнат во учебната 2001/2002 година, опфатот во следните години постепено опаѓа во учебната 2012/2013 година е 91%. Во Турција опфатот во учебната 2001/2002 година е 92% во учебната 2012/2013 година се зголемува на 99%. Околу 9% од учениците во Македонија не се опфатени во основното образование или ако знаеме дека во основното образование има 198.856 ученици тоа значи дека околу 18.000 ученици не се опфатени со основното образование. Македонија би требало да преземе мерки за зголемување на опфатот на населението во

основното образование, бидејќи е забележан пад во опфатот и бројката на ученици кои не се опфатени е голема;

12. Наставата во основните училишта во Македонија од 1-5 одделение ја изведуваат предметни наставници, а од 5-9 одделение предметни наставници. Во Турција наставата во основните училишта (1-4 одделение) ја изведуваат одделенски наставници, а во нижите средни училишта (5-8 одделение) предметни наставници, по потреба во интерес на учениците и училиштето, во некои училишта се вклучени стручни и мајстори обучувачи. Покрај одделенските наставници во наставата од 1 до 5 одделение во Македонија односно од 2 до 4 одделение во Турција се вклучуваат и предметни наставници, на пример наставник по англиски јазик. Во училиштата во Македонија има стручна служба која воглавно се состои од педагог и психолог, во Турција во рамките на стручните советници и психолошки консултанти се вклучени стручњаци од соодветните области;
13. Наставниците се стручни лица кои ги воспитуваат и образоваат учениците во основните училишта, тие ги остваруваат целите и принципите на основното образование. Во Македонија и Турција кандидатите за наставници за да бидат вработени во основно училиште би требало да имаат стекнато високо образование, во Македонија има седум наставнички факултети во кои наставниците го стекнуваат иницијалното образование, а во Турција во Факултетите за образовни науки има повеќе групи во кои наставниците го стекнуваат потребното образование. Времетраењето на високото образование на наставниците во двете држави е 4 години и според Болоња се стекнуваат 240 ЕКТС кредити. Во Македонија наставниците се вработуваат по јавен оглас, додека во Турција прв услов за вработување е кандидатите за наставници да го положат Испитот за избор на државни службеници. Со вработувањето наставниците се стекнуваат со статус наставник приправник или стажер, кој во Македонија е во траење од една година на крајот се полага испит, во Турција е во траење од една до две години со обука и испити;
14. Во Македонија и Турција наставниците можат да напредуваат во кариерата, напредувањето на наставниците е законски регулирано и е во три степени. Како што кажавме претходно наставникот со вработувањето добива статус наставник приправник или стажер, за потоа да премине во звање наставник. Напредувањето во следните две звања наставник-ментор и наставник-стручњак

во Македонија според Законот за основното образование го врши училишната комисија при тоа се земаат во предвид резултатите од екстерното оценување и професионалното досие, наставниците кои ќе напредуваат ги предлага наставничкиот совет. Од спроведеното интервју на терен можевме да видиме дека овој дел од законската регулатива сеуште не се спроведува, односно наставниците сеуште не напредувале во звања. Во Турција кога наставниците ќе наполнат одредени години работен стаж можат да аплицираат за да полагаат испит за напредување во кариерата, освен од испитот тие добиваат поени од работниот стаж, активностите на кои учествувале и ако имаат стекнато формално образование, докторски или магистерски степен на образование. Во пракса наставниците во Турција напредувале во еден степен во кариерата наставник-стручњак, сеуште нема наставници кои напредувале во последниот степен од кариерата односно главен наставник;

15. Образовните политики во Македонија и Турција се планираат во рамки на повеќе стратешки документи и програми, според кои потоа се планираат и спроведуваат реформите. Една од најголемите реформи во последниве години во Македонија е воведувањето на деветгодишното основно образование и задолжителното средно образование, со што траењето на задолжителното образование се зголемува на 13 години. Со воведување на деветгодишното основно образование се променети наставните планови и програми. Во Турција најголема реформа во последниве години е воведувањето на системот 4+4+4, со кој траењето на задолжителното образование се зголемува на 12 години. Основното училиште од единствена институција е поделено на две институции во кои образованието е во траење од по 4 години. Во рамките на спроведените проекти во образованието од страна на владите на двете држави се направени напори за подобрување на условите за работа во училиштата, изградба на училишта и училници, спречување на инклузијата во основните училишта и целосен опфат во основното образование на учениците на возраст за основно образование, воведен е нов пристап, методи и техники во основното образование и друго. Со проектот „Компјутер за секое дете“ во Македонија и проектот „Фатих“ во Турција училиштата се опремени со повеќе технологија со цел поголема примена на ИКТ во наставата. Основните училиштата при спроведувањето на реформите воглавно се срекаваат со инфраструктурни проблеми, кои се дополнителна пречка за целосно да бидат реализирани некои

од проектите во дел од училиштата. Реформите во основното образование во Македонија и Турција во последниве години се многу интензивни и брзи, не се добро анализирани и планирани;

16. Примената и превземањето на проектите и реформите од Македонија во Турција или обратно, би требало да се направи со добра анализа на реформата или проектот да се констатира дали може да се примени во другата држава, при тоа да се земаат во предвид слабостите и добрите страни, да се направат дополнителни планирања за да не се направат истите грешки и на тој начин да се отстранат слабостите при спроведувањето;
17. Орган на раководење со основните училишта во Македонија и Турција е директорот. Орган на управување со основното училиште во Македонија е училишниот одбор, а во Турција има два органи на управување тоа се наставничкиот одбор и одбор-група наставници;
18. Во претходната точка ги наведовме управните и раководните органи на основното училиште. Во управувањето со основното образование во Македонија и Турција се вклучени и други институции, кои се со поголеми ингеренции и овластувања од оние во училиштата. Во Македонија на локално ниво во управувањето со училиштата надлежен е Секторот за основно и средно образование при општините и градоначалникот на општината, на централно ниво директорите на основните училишта соработува со сектори во рамките на Министерството за обраозвание и наука. За разлика од тоа во Турција во управувањето и раководењето со основните училишта належни се Дирекциите за образование при општината и Дирекциите за образование при големата градска општина, по потреба преку дирекциите се соработува со надлежните или со сектори во Националното министерство за образование;
19. Ингеренциите и работните задачи на управниот орган со основните училишта во Македонија се одредени со Законот за основното образование, ингеренциите и работните задачи на управните органи со основните училишта во Турција се одредени со закон и правилниците кои произлегуваат од него. Управните органи на училиштата во двете држави сите одлуки ги донесуваат во рамките на законите и подзаконските акти. Во најголем дел одлуките на управниот орган се спроведуваат во соработка на сите инволвирани, тоа се: наставници, ученици, родителит, раководен кадар и др. Во зависност од видот и суштината, одлуката може да биде спроведена од директорот на училиштето или од

претседателот на училишниот одбор во соработка со директорот. Во некои училишта директорите во Македонија и Турција влијаат на управниот орган при донесувањето на одлуките, а дел од одлуките на управниот органи во Македонија се наметнати од страна на Министерството и локалната власт;

20. Директорите на основните училишта во Македонија се избираат по пат на јавен оглас објавен од страна на основното училиште, кандидатот за директор на предлог на училишниот одбор се именуваат од страна на градоначалникот на општината која е основач на основното училиште, доколу основното училиште е државно (специјално основно училиште) директорот го именува министерот. Директорот може да има два мандати од по четири години или вкупно 8 години. Директорите на основните училишта во Турција се избираат со писмен и устен испит од кандидатите кои аплицирале на оглас, се именуваат кандидатите кои освоиле најмногу поени од испитите според ранг листата, по предлог на Дирекцијата за образование при општината директорите се именуваат од страна на гувернерот, директорите со именувањето преминуваат во раководен кадар на неопределно време;
21. На функцијата директор на основното училиште во Македонија и Турција се именуваат индивидуи кои поседуваат пред се стручни знаења и вештини од областа на наставничката професија, по именувањето или пред тоа директорите се стекнуваат со знаења од областа на раководењето (менаџментот) со основните училишта, при тоа кандидатите полагаат испит. Општите услови за именување на директор во основните училишта во Македонија се кандидатот за директор да има пет години стаж како наставник, педагог или психолог, да има положен испит за директор, покрај овие можат да бидат поставени и посебни услови, по спроведеното интервју од училишниот одбор кандидатот може да биде предложен за да биде именуван од градоначалникот или министерот. Во Турција општи услови за именување на директори во основните училишта се кандидатот да има стекнато високо образование, две години работен стаж како наставник и во зависност од типот на образованата институција (A, B и C) да има стаж како раководител (помошник директор, главен помошник директор и овластен наставник директор во зависност од типот на институцијата од една, две и три години), покрај тоа би требало кандидатот да биде успешен на Испитот за раководители (писмен и устен). Во двете држави (општества) на функцијата директор на основно училиште се гледа како на прв човек на

институцијата, со кој се решаат секојдневните проблеми на учениците вклучително и на родителите и вработените во училиштето. Помошникот на директорот е функција како што и самото име укажува раководно лице кое му помага на директорот при извршување на работните должности во училиштето и спроведување на донесените одлуки, покрај тоа помошникот го заменува директорот на основното училиште при негово отсуство. Помошник директорот во основното училиште во Македонија го именува директорот на училиштето по предлог на училишниот одбор, тој би требало да има работен стаж од три години како наставник. Во Турција кандидатот за директор за да биде именуван претходно треба да има работен стаж како помошник директор (раководител), помошник директор на основно училиште се избира од редот на кандидатите кои аплицирале на Испитот за раководители и тие го полагаат само писмениот дел од испитот. Покрај тоа кандидатот треба да има работен стаж од 2 години како наставеник. Надлежностите и работните задачи во основните училишта во Македонија на помошникот директор ги одредува директорот на основното училиште, а во Турција покрај директорот тие се одредени со закон и правилници. Во Македонија дел од училиштата имаат именувано по еден помошник директор, а во Турција бројот на помошници директори се одредува според бројот на ученици и видот на институцијата. Покрај тоа во основните училишта во Турција се именува главен помошник на директорот, кој се избира од помошниците директори. Во приватните основни училишта условите за именување на директор се слични со условите за именување  директор во државните основни училишта, но мандатот на директорите во приватните основни училишта е пет години, а помошник на директорот се именува посебно за секој оддел во училиштето;

22. Работните должности и ингеренциите на директорите на основните училишта во Македонија се одредени со Законот за основното образование, во Турција работните должности на директорите на основните училшта се дефинирани со Правилникот за институциите за основното образование и списанието Теблиглер под број 2508. Директорите на основните училишта во Македонија имаат големи овластувања, голем дел од одлуките во основното училиште ги донесува директорот. Во Турција посебно се одредени работните должности и обврски на директорите кон сите вработени, одговорни и вклучени во воспитно-образовниот процес: наставен кадар, стручн советници и психолошки

консултати, ученици, родители, Дирекцијата за обраозвание при општината и др. Една од забелешките на директорите во Турција е дека немаат доволно овластувања за извршување на потребните задачи, преземање на потребните санкции и мерки во училиштето, тие се обврзани да ги извршуваат во соработка со Дирекцијата за образование при општината;

23. Услови за именување на директори во основни училишта во Македонија и Турција се: стекнато високо образование на наставничките факултети, работен стаж како наставен кадар во основно училиште и положен испит за директор или испит за раководител. Во Турција покрај наведеното кандидатите треба да имаат работен стаж како раководители (помошник директор или главен помошник на директорот). Од спроведеното интервју дојдовме до заклучокот дека, помал дел од директорите напредувале со формалното образование или имаат стекнато магистерски степен на образование. Директорите во двете држави со закон се обврзани професинално да се усовршуваат. Напредувањето во кариеарата на директорите не е законски претцизирано, доколку сакаат да напредуваат како раководители би требало да аплицираат на јавните огласи за раководители во Министерството за образование или на огласите на локално ниво;

24. Директорите на основните училишта во Македонија и Турција се директно вклучени во организацијата на воспитно-образовниот процес. Директорите се во секојдневна соработка со наставниот кадар, родителите учениците, органот/ите на управување и одборите во училиштата. Директорот ги врши следниве работни задачи: учествува во изработка на распоредот за настава, ги спроведува одлуките на управниот орган, ги распоредува часовите по наставници, ја одредува смената на учениците, работи на проекти, го информира наставничкиот одбор и другите органи во училиштето за одлуките на управниот орган, обезбедува услови за нормално одвивање на наставата, го следи професионалниот развој на наставниот кадар, ги распоредува одговорностите на вработените во училиштето и друго;

25. Локалната и централната власт директно учествуваат во управувањето и раководењето со основните училишта преку свои претставници (службени лица), ја контролираат работата на училиштата, работат заедно со персоналот во училиштето при спроведување на реформите, соработуваат со директорот на училиштето за решавање на проблемите и др. За решавање на „поголемите"

проблеми основните училишта во Македонија и Турција имаат потреба од соработка со Министерството за образование и локалните власти за образование. Обврските на локалните и централните власти при раководењето и управувањето со основното образование се одредени со законските акти;

26. Со цел подбара организација, управување и раководење со основното образование во Македонија и Турција, би требало подобро да се анализираат и планираат реформите и проектите кои се спроведуваат, да се направат промени во законските регулативи во кои има пропусти или во некои делови кои не се добро одредени, да се намали „обемот" на наставните планови и програми, при тоа задолжително да се земат во предвид предлозите од базата директорите на училишта и наставниот кадар во основните училишта и да се одделат поголеми финансиски средства за подобрување на условите за работа во основните училишта;
27. Со цел подобрување на квалитетот во основното образование Министерството за обраозвание и наука на Македонија би требало повеќе да соработува со стручни лица од областа на образованието и сите инволвирани и директно вклучени во воспитно-обраозвниот процес во училиштата. Од одговорите на последното прашање од интервјуто ги наведовме мислењата и предлозите на директорите на основните училишта со кои тие сметаат дека може да се подобри квалитетот во наставата. Поголемиот дел од предлозите и сугестиите на директорите се прифатливи, со една по детална анализа на основното образование, во која ќе се вклучат директорите и наставниот кадар со нивните предлози и сугестии при измените во законските акти, промената на наставните планови и програми, спроведување на реформи кои ќе бидат добро планирани и анализирани би можело да се постигнат подобри резултати во образованието и да се подобри квалитетот во наставата. На тој начин знаењата на учениците ќе бидат трајни и корисни во понатамошниот живот, а наставата во основните училишта ќе биде ефикасна и ефективна;
28. Од нашето набљудување при посетата на основните училишта се забележува дека оние училишта кои се во централните градски подрачја во Македонија и во близина на центарот (плоштадот) на општина Борнова во Турција, имаат многу подобри услови за изведување на настава, тоа може да се забележи уште од надворешниот изглед (фасадата) на училиштето. Сметаме дека со тоа е нарушен принципот на еднаквост во основното образование, условите за

настава во сите основни училишта би требало да бидат приближно еднакви, за таа цел би требало да се одредат стандарди за основните училишта;

После долгата компаративна анализа на основното образование и добиените податоци од спроведеното интервју со директорите на основните училишта во Турција и Македонија, сметаме дека од подсистемот за основното образование во Турција во основното образование во Македонија, со цел подобрување на квалитетот во наставата, организацијата, раководењето и управувањето со основното образование, би требало да се пренесе и примени следново:

1) Македонија би требало да ја зајакне законската регулатива со нови одредби и правилници за основното образование. Со правилниците како што е во Турција подетално би можело да биде регулирано следново: вработување на наставен кадар, работни задачи на наставниците и стручните соработници, професионалниот развој и перманентното образование на наставниците и директорите на основните училишта, напредување на наставниците во кариерата, превозот на учениците кои патуваат од домот до училиштето, напредување во кариерата на раководителите, дефинирање на работните задачи и обврски на директорите во однос на сите вработени во училиштето и засегнати со воспитно-образовниот процес, дефинирање на работните задачи на сите одбори во основното училиште и друго. Со овие промени можат да се надополнат сите пропусти кои можеби се направени со законот и „штетно" влијаат на работата на училиштето и воспитно-образовниот процес, поради можна повреда на законот од страна на поединци. Со промените би требало да се зајакне работата и функциналноста на училиштата, а наставата да биде поефикасна и поквалитетна. ВоМакедонија би требало да се донесе Општ закон за образование, кој пред се ќе ги дефинира целите и принципите на образовниот систем и ќе ги дефинира подсистемите кои се во рамките на образовниот систем;
2) Повеќе видови на специјални основни училишта за лицата со посебни потреби во зависност од попреченоста, да се основаат специјални основни училишта во сите градови низ Македонија. Освен балетски и музички основни училишта, да се основаат повеќе видови на училишта за уметностите. Македонија има потреба и од мобилни основни училишта, кои заедно со семејството на учениците кои се преселуваат со цел полска работа со надоместок да мигрираат

заедно со наставниците и таму да се продолжи со наставата. На тој начин учениците нема да останат надвор од воспитно-образовниот процес или наместо овие училишта децата да бидат опфатени во најблиското училиште каде привремено мигрирале, тоа се ученици кои пред се доаѓаат од социјално-економски загрозени семејства;

3) Во основните училишта во Македонија треба да се вработат стручни и мајстори обучувачи. Тие би реализирале дополнителни и вонnаставни активности со учениците од областа на: културата, музичката уметност, ликовната уметност и друго. На тој начин ќе се „збогати" воспитно-образовниот процес во училиштата, а воедно учениците ќе стекнат нови знаења и вештини;

4) Основните училишта во Македонија со цел подобра организација на воспитно-образовниот процес и раководење со институциите имаат потреба од помошници директори. Дел од училиштата во Македонија имаат по еден помошник на директорот, а дел немаат помошник директор. Бројот на помошници директори би требало да се одреди според бројот на ученици во училиштето, би можело да се земе нормативот од Турција според кој во училиште:

   До 601 ученик – се именува 1 помошник директор;

   Од 601 -1401 ученик – се именуваат 2 помошници директори;

   Од 1401 – 2201 ученик – се именуваат 3 помошници директори;

   2201 и повеќе ученици – се именуваат 4 помошници директори;

   Ингеренциите и работните задачи на помошниците би требало да се одредат со законската одредба;

5) Еден од општите услови за именување на кандидатите за директор на основно училиште би требало да биде работен стаж како раководител во основно училиште, односно помошник на директорот;

6) Сите службени дописи и потписи на документација помеѓу Министерството за образование и наука, Секторот за образование при општината и основните училишта да се врши преку информативни системи (пр. мебис и курум нет во Турција). Бидејќи овие системи се многу практични и брзи;

7) При вработување на наставниците да се воведе испит со кој ќе се провери стручноста на наставниците и знаењата од областа во која ќе изведуваат настава. Да се воведе испит за напредување на наставниците во кариерата, наместо да бидат избирани од наставничкиот совет, наставниците кои ќе

напредуваат да се избираат во зависност од стручните знаења и нивниот професионален развој. Како значаен услов за напредување во кариерата на наставниците би требало да се вметне формалното образование, односно стекнат магистерски или докторски степен на образование од областа на образованието;

8) Да се донесе законска одредба за напредување на успешните директори во кариерата, на пример: раководител на Сектор за основно и средно образование во општината, раководител на сектор во Министерсвото за образование и наука. Напредувањето на директорите во кариерата би можело да биде и во звања слично како наставниците;
9) Со цел зголемување на опфатот во основното образование, државата да биде обврзана со стипендии да ги подржи учениците кои доаѓаат од социјално-економски загрозени семејствата. Сметаме дека на тој начин ќе се спречи осипувањето на учениците од основното образование;
10) Електронско запишување на учениците во основно училиште и електронско следење на учениците се додека ученикот го заврши средното образование или задолжителното образование во траење од 13 години. Во Турција за оваа цел е воведен системот е-училиште, на тој начин ќе се спречи инклузијата на учениците од задолжителното образование во Македонија;
11) Воведување на приватно основно образование во Македонија кое ќе се регулира со закон и правилник, при тоа добро да се одреди основањето, организацијата, функцинирањето, управувањето и раководењето со приватните основни училишта, со цел подигнување на квалитетот во основното образование по искуствата од Турција;
12) Сметаме дека проектот „Фатих" кој во Турција започна да се реализира во средното образование, сега е во фаза на реализација во нижите средни училишта, а во иднина се планира да се реализира во основните училишта (од учебната 2014/2015 година), делумно може да се реализира и во Македонија. Пример делот со кој се планира „технолошко зајакнување" на училиштата, со што ќе се доделат интерактивни табли за секоја училница е применлив, овие табли во училницата ќе бидат заштитени и заклучени. Сметаме дека, интерактивните табли се многу практични во наставата, бидејќи нема да сметаат на часовите во кои нема да се користат. Колку ќе бидат практични таблетите кои се доделуваат на сите ученици неможеме однапред да кажеме,

една добра страна е што наставниците ќе можат да ги следат учениците преку интерактивните табли со кои таблетите се поврзани. Во иднина се планира овие таблети да ги заменат учебниците по наставните предмети и испитите (тестови, писмени работи и др.) да се реализираат преку нив, покрај тоа преку интерактивната табла наставникот ќе може презентацијата од наставниот час да ја префрли на таблетите, тоа се само дел од придобивките од овој проект. Една друга добра страна е што ученикот таблетот ќе може да го користи само во домот и во училиште, таблетите се отпорни на удари или било какви физички оштетувања. Од онаа што можеше да се види во училниците во основните училишта во Турција кои ги посетивме е практичната употреба на проектори во наставата, кои се поставени високо и закачени на таванот во сите училници и секој наставник има преносен компјутер (лаптоп) заштитен во „шкаф" и поврзан со проекторот. Опремувањето на училиштата со проектори или интерактивни табли во Македонија е потребно за реализација на современа настава, бидејќи освен набавката на оваа опрема реализацијата на сличен проект нема да донесе дополнителен и поголем финансиски товар на основните училишта. При реализација на овој проект, би требало да се опфатат сите училишта и оние кои се наоѓаат во руралните средини;

13) Насочување на учениците за средно образование во последната година од основното obраозвание, во зависност од нивните способности, знаења, вештини, таленти и друго. За оваа цел во последните години од основното образование 8 или 9 одделение, би можело да се воведат и реализираат часови за насочување и советување за учениците од страна на стручни лица, при тоа покрај учениците и стручното лице во сите активности да се вклучени и родителите на учениците. Сметаме дека насочувањето и советувањето на учениците пред да завршат со основното образование за нивната идна професија или струка во Македонија е потребно;

Од спроведеното истражување и теоретските анализи кои ги направивме, сметаме дека од значење за трудот би било да дадеме наши предлози и сугестии кои би го подобриле квалитетот во основното образование. Со цел подобрување на квалитетот во основното образование во Македонија би требало да се направи следново:

I. Да се изнајде начин и да се преземат мерки со кои политиката во целост ќе биде „отстранета" од основното образование кое е од клучно значење за државата,

односно основните училишта да бидат автономни и независни институции без било какви политички влијанија од надвор. Автономноста на образовните институции е принцип на основното образование во Македонија, но од нашето истражување и од сите претходни искуства кои ги имаме може да се заклучи дека политиката премногу влијае на одлуките на раководниот орган во училиштето односно директорот, оваа влијание прозилегува пред се од политичкиот избор и именување на директорите на основните училишта. Политички влијанија има и при вработувањата на наставниот кадар и другиот персонал во училиштата, доколку сакаме да вработиме квалитетен наставен кадар сметаме дека изборот на кандидатите би требало да се изврши врз основа на стручноста, општата култура, претходните квалификации и компетенции на кандидатот, а не врз основа на политикчката определба;

II. Принцип и цел на основното образование е еднаквоста, која се гарантира и со Законот за основното образование и Уставот на Р.Македонија. Со цел постигнување на еднаквост во основното образование би требало да се донесат стандарди за основните училишта, пред се да се обезбедат нужните услови и материјали за наставата кои би требало да ги има во сите училишта во Македонија, како што се: наставни средства, реквизити за физичко образование, технологија (ИКТ) и др. Покрај тоа би требало да се постават и постигнат одредени стандарди за училишните згради и училишниот двор;

III. Да се продолжи иницијалното образование на наставниците по примерот на некои земји членки на Европската Унија, односно иницијалното образование да се состои од додипломски и магистерски студии;

IV. Сметаме дека во Македонија би требало да се воведе насочено образование во зависност од знаењата, способностите, вештините и талентот на учениците. Учениците од 6 до 9 одделение во третиот воспитно-образовен период на основното образование би можеле да изучуваат или следат одредени наставни предмети кои ги има во средните стручни, технички и уметнички училишта, на тој начин учениците ќе се стекнат со основни знаења и вештини од областа која е од нивни интерес и во согласност со нивните способности и претходни знаења;

V. Највисокиот управен орган одговорен за образованието во Македонија е Министерството за образование и наука, кој не би требало да прави никакви поделби во основното образование. Доколку централната и локалната власт се

од различна политичка партија (структура), би требало да се воведат законски одредби кои ќе спречат било каква дискриминација и опструкции од Министерството за образование и наука кон локалната власт (општините), а со тоа и кон основните училишта. Сите општини во Македонија да бидат еднакви во областа на образованието и еднакво да можат да ги користат финансиските средства кои се предвидени со буџетот на државата за основното образование, врз основа на поставени критериуми како што се број на училишта, ученици, вработени во училиштата и др;

VI. Да се направат промени во Испитот за наставниците-припавници, со проширување на практичниот дел од испитот, односно приправниците да реализираат повеќе наставни часови пред комисија со примена на различни методи и техники, а не како досегашната практика да реализираат само еден наставен час. Сметаме дека усниот дел од испитот покрај законските одредби би требало да содржи прашања од програмите и стратегиите за развој на основното obraoзвание. За подготовка на кандидатите за овој испит, би требало покрај менторот кој е назначен од редот на наставниот кадар во училиштето, од страна на стручни лица да се спроведат и обуки или семинари за приправниците;

VII. Да се воведе настава во една смена, на тој начин во основните училишта ќе се зголеми бројот на активности во текот на наставниот ден и квалитетот во наставата;

VIII. Бројот на ученици во основното образование во последниве години значително е намален, во тој случај би требало да се намали и бројот на наставен кадар. Вработувањето да го задржат наставниците кои се успешни и квалитетни во работата, да се пензионираат оние наставници кои се приближно на возраста за пензионирање и кои неможат да одговорат на современите потреби на наставата или не се во тек со промените;

**Користена литература**


1. *Avrupa Birliği Üye Ülkelerinin Eğitim Sistemleri,* (1996), Çevi. Milli Eğitim Bakanlığı-Dış İlişkiler Genel Müdürlüğü, Ankara: Milli Eğitim Basımevi.
2. *Avrupa Konseyi Ülkeleri Öğretmen Yetiştirme Politikaları ve Modelleri Toplantısı.* Toplantı, İzmir, 21-26 Eylül 1992, (üçüncü baskı), Ankara: Milli Eğitim Basımevi.
3. Ağaoğlu, E. Editör v.b. (2008), *Okul Yönetimi Alanında Yapılmış Araştırmaların Değerlendirilmesi,* Eskişehir: Anadolu Üniversitesi Yayınları, Eğitim Fakültesi Yayınları.
4. Ангеловска-Галевска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието,* Битола: Киро Дандаро.
5. Akyüz, Y. (1989), *Türk Eğitim Tarihi (Başlangıçtan 1988'e),* Ankara: Ankara Üniversitesi Eğitim Bilimleri Yayınlar.
6. Akyüz, Y. (2004), *Türk Eğitim Tarihi M.Ö.1000-M.S.2004,* Ankara: Pegem A Yayıncılık.
7. Akyüz, Y. (2005), *Türk Eğitim Tarihi – History of Turkish Education*, -9- Ankara: Pegema A Yayıncılık.
8. Андовска, Н., уред и други. (1985), Зборник текстови: *Четириесет години слободен развој на воспитанието и образованието во Македонија* (1943-1983), Скопје: Сојуз на педагошки друштва на Македонија.
9. Ataünal, A. (1994), *Türkiye'de İlkokul Öğretmeni Yetiştirme Sorunu (1923-1994) ve ABD, İngiltere, Fransa, ve Almanya'daki Çağdaş Uygulama ve Eğilimler,* Ankara: Milli Eğitim Bakanlığı, Yükseköğretim Genel Müdürlüğü.
10. Açıkgöz, K. Editör v.b. (1997), *Eğitim Sempozyumu – 1997,* İzmir.
11. Bakır-Arabacı, İmam. „UNESCO ve UNICEF Türkiyede Gerçekleştirmiş Oldukları Eğitim Projelerinin Değerlendirilmesi". *Doğu Anadolu Bölgesi Araştırmaları,* (2008): 54-60.
12. Boyacı, A. (2006), *İlköğretimÖrtgütlerinin Performans Yönetim Sistemi Süreçleri Açısından Değerlendirilmesi,* Eskişehir: Anadolu Üniversitesi Yayınları, Eğitim Fakültesi Yayınları.
13. Bray, M., Adamson, B. And Mason, M. (2007), *Comparative Education Research Approaches and Methods,* Hong Kong: Comparative Education Research Center, The University of Hong Kong.
14. Bursalıoğlu, Z. (1982), *Okul Yönetiminde Yeni Yapı ve Davranış,* (altıncı baskı), Ankara: A.Ü. Eğitim Fakültesi Yayınları No: 107.
15. Bursalıoğlu, Z. (2002), *Okul Yönetiminde Yeni Yapı ve Davranış,* (onikinci baskı), Ankara: Pegem A Yayıncılık.
16. *Заеднички европски принципи за компетенциите и за квалификациите на наставникот,* Европска Комисија, Образование и култура. http://www.see-educoop.net/education_in/pdf/workshop/tesee/dokumenti/mak-eu-common-principles.pdf
17. *Закон за основното образование,* Сл. весник на РМ, бр. 103, 2008 година.
18. *Закон за изменување и дополнување на законот за основното образование,* Сл.весник на РМ, бр. 33, 2010 година.
19. *Закон за изменување и дополнување на законот за основното образование,* Сл.весник на РМ, бр. 116, 2010 година.

20. *Закон за изменување и дополнување на законот за основното образование,* Сл.весник на РМ, бр. 18, 2011 година.
21. *Закон за изменување и дополнување на законот за основното образование,* Сл.весник на РМ, бр. 51, 2011 година.
22. *Закон за изменување и дополнување на законот за основното образование,* Сл. весник на РМ, бр. 100, 2012 година.
23. *Закон за изменување и дополнување на законот за основното образование,* Сл. весник на РМ, бр. 24, 2013 годдина.
24. *Извештај за напредокот на Република Македонија за 2010 година,* (9 ноември 2010), Брисел: Европска Комисија.
25. *Извештај на Република Македонија за напредокот во остварувањето на милениумските развојни цели,* (2009), Скопје: Програма за развој на Обединетите нации – УНДП.
26. Илиев, Д. (2001), *Иницијалното образование на наставниците од основното образование: компаративна студија за Македонија и Англија,* Битола: Факултет за учители и воспитувачи.
27. *İlköğretim ve Eğitim Kanunu,* Resmi Gazete: 12.01.1961/10705 No. 222.
28. *İstatistik Göstergeler 1923-2009,* (Aralık 2010), Ankara: TÜİK - Türkiye İstatistik Kurumu.
29. Yıldırım, Yunus. „Türk Eğitim Sisteminin Avrupa Birliği Eğitim Politikalarına Uyumu". Mas. Fırat Üniverstesi, Sosyal Bilimler Enstitüsü, Elazığ, 2007.
30. Гоцевски, Т. (2007), *Образовен менаџмент,* Скопје: Филозофски факултет.
31. Гоцевски, Т. (2009), *Економика на образованието,* Скопје: Филозофски факултет.
32. Гоцевски, Т., Гоцевски, С. (2009), *Образовните системи во Европската Унија,* Скопје: Филозофски факултет.
33. Гоцевски, Т., Сапунџиева, К. (2008), *Основи на менаџментот и претприемништвото во образованието,* Скопје: Филозофски факултет.
34. Гогоска, Л. (2005), *Педагошки основи на функцијата директор на училиште: -сознанија и примери-,* Скопје: Ѕвезда.
35. Garrouste, C. (2010), *100 years of educational reforms in Europe: a contextual database MPRA,* Luxembourg: Publications Office od the European Union, Printed in İtaly.
36. Güven, İsmail. „Eğitimde 4+4+4 Fatih Projesi Yasa Tasarısı=Reform mu? – The 4+4+4 Schools Reform Bill and the Fatih Project is it a Reform?". *İlköğretim online* (2012): 557-577.
37. Gültekin, M. (1999), *Temel Eğitim İkinci Kademe İçin Alternatif Program Modelleri,* Eskişehir: Anadolu Üniversitesi Yayınları, Eğitim Fakültesi Yayınları.
38. Gürkan-Gülcan, M. (2005), *AB Süreci ve Eğitim-AB Ülkeleri Eğitim Sistemleri ve Politikaları-Yapısal Uyum Modeli,* Ankara: Anı Yayıncılık.
39. Gürkan, T., Gökçe, E. (1999), *Türkiye'de ve Çeşitli Ülkelerde İlköğretim,* Ankara: Siyasal Kitabevi.
40. Дамовска, Л. (2001), *Компатабилност на предучилишното со основното воспитание и образование,* Скопје: Круг д.о.о.
41. Daniloviç, M. (1996), *Savremena obrazovna tehnologija; Uvod u teorijske osnove,* Beograd; İnstitut za pedagoška istrazivanje.
42. Dean, J. (1995), *Managining The Primary school,* New York, Routlegde.

43. Demirdöğen, Z. (2006-2007), *Öğretmen Görev ve Sorumlulukları (Öğretmen El Kitabı).* http://www.ilkokuma.com/Ogretmen_El_Kitabi.htm#_Tocyukari.
44. Dengiz, Aşkın. „Devlet ve Özel İlköğretim Okullarında Öğretmenlerin Öğretmenler Kurulu Aracılığıyla Yönetime Katılmalarına İlişkin Öğretmen ve Yönetici Görüşleri". Mas. Selçuk Üniverstesi, Sosyal Bilimler Enstitüsü, Konya, 2007.
45. Dewey, J. (1996), *Demokrasi ve Eğitim-Eğitim Felsefesine Giriş*, İzmir: Ege Üniverstesi Yayınları.
46. Димитриевска, Софка. „Менаџментот и образованието". *Просветно дело.* бр. 3 (2012): 79-86.
47. *Dokuzuncu Kalkınma Planı 2007-2013 Eğitim: Okul Öncesi, İlk ve Ortaöğretim*, (2009), Ankara: Devlet Planlama Teşkilati, T.C. Başbakanlık.
48. Dursun, H.B. (2009), „Alman Eğitim Sisteminde Reform Çalışmaları ve Elsa-Braendström-Gymnasium (Lisesi)", *Eğitim Bülteni Dergisi*. Sayı 19, Ankara; Güven Dershane Sahipleri Derneği.
49. EACEA – Education, Audiovisual and Culture Executive Agency. http://eacea.ec.europa.eu/index_en.php
50. Ensari, H. (2005), *21.Yüzyıl Okulları İçin Etkili Bir Stratejik Yönetim Aracı: BALANCED SCORECARD*, İstanbul: Kürtiş Matbaacılık.
51. Erginer, A. (2007), *Avrupa Birliği Eğitim Sistemleri*, Ankara: Pegem A Yayıncılık.
52. Ethem-Başaran, İ. (1996), *Türkiye Eğitim Sistemi*,(üçüncü baskı), Ankara: Yargıcı Matbaası.
53. European Commission/EACEA/Eurydice, 2012. *Avrupa'da Eğitime İlişkin Önemli Veriler 2012*, Brussels: EACEA; Eurydice; Eurostat.
54. European Commission/EACEA/Eurydice, 2013. *Key Data on Teachers and School Leaders in Europe. 2013 Edition. Eurydice Report.* Luxembourg: Publications Office of the European Union.
55. European Commission/EACEA/Eurydice, 2012. *Развивање на клучните компетенции во училиштата во Европа: Предизвици и можности за политики. Извештај Евридика.* Luxembourg: Publications Office of the European Union.
56. European Commission/Eurydice. Compulsory Education in Europe 2012/13. Brussels: Eurydice. http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice
57. European Commission.The structure of the European education systems 2013/14: schematic diagrams. 2013.
58. EURYPEDIA – European Encyclopedia on National Education Systems, https://webgate.ec.europa.eu/fpfis/mwikis/eurydice/index.php?title=Home
59. Ilgar, L. (2000), *Eğitim Yönetimi Okul Yönetimi Sınıf Yönetimi*, (ikinci baskı), İstanbul: Beta.
60. Камберски, К. (1994), *Од буквар до универзитет*, Скопје: Просветно дело.
61. Камберски, К. (2000), *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија*, Скопје: Филозофски факултет, Институт за педагогија.
62. Камберски, К. претседател и други. (2007), *Наставникот и квалитетот на образованието: (Зборник на трудови од научна расправа)*, Скопје: Дом на просветните работници на Република Македонија.
63. Камберски, К. претседател и други. (1998), Зборник текстови: *Општествената транзиција и образованието*, (научен собир Струга, октомври 1997), Скопје: Министерство за

образование и физичка култура на Р.Македонија, Министерство за наука на Р.Македонија, Филозофски факултет-Скопје.

64. Кантарџиев, Р. (2002), *Историја на образованието и просветата во Македонија*, Скопје: Просветно дело.
65. Kaplan, M. (1976), *Türk Edebiyatı Üzerinde Çalışmalar*, İstanbul.
66. Kara, K. (1999), *Osmanlı Tarihi 1*, İstanbul: Önde Yayıncılık.
67. Kara, K. (1999), *Osmanlı Tarihi 2*, İstanbul: Önde Yayıncılık.
68. Kasapçorup, A. (2007), *Avrupa Birliği Ülkelerinde Eğitim Denetimi*, Ankara: Teftiş Kurulu Başkanlığı, Milli Eğitim Bakanlığı.
69. *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование*, (2007), Скопје: Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука.
70. Köprülü, F. (1980), *Türk Edebiyatı Tarihi*, İstanbul.
71. Leynach, Patrick D. (1993), *Educational Vouchers in the American Indian Education Sistem.*
72. Maya, Ilknur. „Türk Eğitim Sistemindeki Cinsiyet Eşitsizliklerinin AB Ülkeleri ile Karşılaştırılması." *Eğitim ve Bilim*, Cilt 38, sayı 168 (2013): 69-81.
73. Мновска-Спасева, С. (2009), *Основното образование во САД: поглед од надвор*, Скопје :Филозофски факултет.
74. *Milli Eğitim Bakanlığı Aday Memurların Yetiştirilmelerine İlişkin Yönetmelik*, Tebliğler Dergisi Sayı 2423, 1995.
75. *Milli Eğitim Bakanlığı Aday Memurların Yetiştirilmelerine İlişkin Genel Yönetmelik*, Resmi Gazete Sayı 18090, 1983.
76. *Milli Eğitim Bakanlığı Eğitim Kurumu Yöneticileri Atama ve Yer Değiştirme Yönetmenliği*, Resmi Gazete Sayı 28728, 2013.
77. *Milli Eğitim Bakanlığı Hizmet İçi Eğitim Yönetmeliği*, Tebligler Dergisi Sayı 2417, 24.10.1994.
78. *Milli Eğitim Bakanlığı İlköğretim Kurumları Yönetmeliği*, Resmi Gazete Sayı 25212, 2003.
79. *Milli Eğitim Bakanlığı İlköğretim ve Eğitim Kanunu*, Resmi Gazete Sayı 10705, 1961, Kanun No. 222.
80. *Milli Eğitim Bakanlığı Okul-Aile Birliği Yönetmeliği*, Resmi Gazete Sayı 25831, 2005.
81. *Milli Eğitim Bakanlığı Öğretmenlerinin Atama ve Yer Değiştirme Yönetmenliği*, Resmi Gazete Sayı 28727, 2013.
82. *Milli Eğitim Bakanlığı Öğretmenlik Kariyer Basamaklarında Yükselme Yönetmeliği*, Resmi Gazete Sayı 25905, 2005.
83. *Milli Eğitim Bakanlığı Özel Öğretim Kurumları Kanunu*, Resmi Gazete Sayı 26434, 2007, Kanun no. 5580.
84. *Milli Eğitim Bakanlığı Özel Öğretim Kurumları Yönetmeliği*, Resmi Gazete, Sayı 28239, 2012.
85. Milli Eğitim Bakanlığı. Projeler Koordinasyon Merkezi Başkanlığı. BT Entegrasyonu Temel Araştırması. Ankara: 20 Mart 2007.
86. *Milli Eğitim Bakanlığı Rehberlik ve Psikolojik Danışma Hizmetleri Yönetmeliği*, Resmi Gazete Sayı 24376, 2001.
87. *Milli Eğitim Bakanlığı Yönetici Atama ve Görevde Yükselme Yönetmeliği*, Resmi Gazete Sayı 25135, 2003.
88. *Milli Eğitim Bakanlığına Bağlı Okul ve Kurumlar Yönetici ve Öğretmenlerinin Norm Kadrolarına İlişkin Yönetmenlik*, Resmi Gazete Sayı 23782, 1999.

89. *Milli Eğitim Bakanlığına Bağlı Eğitim Kurumlarına Öğretmen Olarak Atanacakların Aramalarına Esas Olan Alanlar İle Mezun Oldukları Yükseköğretim Programları ve Aylık Karşılığı Okutacakları Derslere İlişkin Esaslar,* Tebliğler Dergisi Sayı 2622, Temmuz 2009.
90. *Milli Eğitim İstatistikleri (Örgün Eğitim) 2012-2013,* (2013), Ankara: Türkite İstatistik Kurumu, Milli Eğitim Bakanlığı.
91. *Milli Eğitim Temel Kanunu,* Resmi Gazete Sayı 14574,1973, Kanun No. 1739.
92. Мирасчиева, С. (2007), *Комуникацијата меѓу наставникот и ученикот во основното училиште,* (второ издание), Штип: Педагошки факултет „Гоце Делчев".
93. Mitina, V. (1991), *Metodolojiteheski problemi sravnitelnoy pedagogiki,* Moskva: Pedagogika.
94. *Национален извештај за развојот на образованието на Република Македонија: 2001/2004,* (2004), Скопје: Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука.
95. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија: 2005-2015,* (2005), Скопје: Министерство за образование и наука.
96. Никодиновска-Банчотовска, Сузана „Професионални компетенции на наставниците во основното образование во Република Македонија" Дис. Универзитет „Св.Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Институт за педагогија, Скопје, 2004.
97. Özdemir, S. Editör v.b. (2007), *Türk Eğitim Sistemi ve Okul Yönetimi,* Ankara: Nobel Yayıncılık.
98. Özoğlu, M. (2010), *Türkiye'de Öğretmen Yetiştirme Sisteminin Sorunları,* Ankara: SETA-Siyaset, Ekonomi ve Toplum Araştırmaları Vakfı.
99. Öztürk, Necati. „İlköğretim Okul Müdürlerinin Öğretmenler Tarafından Algılanan Yönetici Becerileri ile Öğretmenlerin İş Doyumu Arasındaki İlişki". Mas. „Gaziantep Üniverstesi", Sosyal Bilimler Enstitüsü,Gaziantep, 2012.
100. OECD (2002), Education at a Glance 2002: OECD indicators, OECD Publishing. http://dx.doi.org/10.1787/eag-2002-en
101. OECD (2013), Education at a Glance 2013: OECD indicators, OECD Publishing. http://dx.doi.org/10.1787/eag-2013-en
102. Open Society Institute Education Support Program – RE: FINE – Resourcing Education: Fund for Innovations and Netwoeking, *Enhancing Professional Development of Education Practitioners and Teaching/Learning practices in SEE countrie, National Report R.M.,* (2006), Skopje.
103. *Општообразователни школи и школи за наставен кадар во Македонија,* (1995), Скопје.
104. *Основни и средни училишта на крајот на учебната 2009/2010 година,* (јули 2011), Статистички преглед: Население и социјални статистики, 2.4.11.07 (690), Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија.
105. *Основни и средни училишта на почетокот на учебната 2009/2010 година,* (јуни 2010), Статистички преглед, 2.4.10.06 (656), Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија.
106. *Основни и средни училишта на почетокот на учебната 2011/2012 година,* (јуни 2012), Статистички преглед, 2.4.12 (718), Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија.

107. *Основни и средни училишта на почетокот на учебната 2012/2013 година,* (јуни 2013), Статистички преглед, 2.4.13.09 (750), Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија.

108. Основно образование-*Наставен план и програми,* (2007 и 2008), Скопје: Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука.

109. *Општ закон школству,* Сл. лист ФНРЈ, Београд, 1958.

110. Попоски, К. (1998), *Успешен наставник,* Скопје: НИРО Просветен работник.

111. Powel. M., Solity, J. (1994), Uçitelj ima nadzor, Nova Gorica; Educa.

112. Петковска, К. (1998), *Менаџмент во училиште,* Скопје: НИРО Просветен работник.

113. Петковски, К., Алексова, М. (2004), *Водење на динамично училиште,* Скопје: БРО.

114. Петковски, К., Трајковска, И. (2004), *Прирачник за развојно планирање на училиштето,* Битола: Херакли Комерц.

115. Петровски, В. (2007), *Етичност како фактор за образование во Република Македонија,* (второ издание), Штип: Педагошки факултет „Гоце Делчев".

116. Петров, Н. уред. и други. (1995), *Современото училиште и неговите предизвици,* (материјали од Симпозиумот одржан во Кичево на 29 и 30.10.1993 год.) Скопје: Редакција на списанието „Просветно дело".

117. Петровска-Бешка, В. и други. (2009), *Студија за мултикултурализам и меѓуетнички односи во образованието,* Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ.

118. *Правилник за програмата за подготвување и полагање испит за директор на основно училиште, начинот на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит за директор на основно училиште,* Сл. весник на РМ, бр. 78, стр. 11-15, 2010 година.

119. *Претпристапна економска програма 2012-2014-Макроекономска политика, јавни финансии и структурни реформи,* (2012), Скопје: Министерство за финансии на Р.М.

120. *Програма за полагање на стручен испит на учителот, наставникот, стручниот работник и воспитувачот во основното училиште,* Сл. весник на РМ, бр. 27, стр.886-887, 1996 година.

121. Sağlam, Mustafa.v.b. „Avrupa Birliği Eğitim Politikaları ve Türk Eğitim Sistemi'ne Etkileri". *Eğitim Fakültesi Dergisi.* Cilt: VIII, Sayı: I. (2011): 87-109.

122. Службен весник на НРМ, бр.1/47.

123. Службен весник на НРМ, бр.38/48.

124. Соколов, Љ. уред. и други. (2008), *IV Меѓународен научен собир: Современи тенденции во образованието,* (сепаратно издание), Скопје: Педагошки факултет „Св.Климент Охридски".

125. *Статистички годишник на Република Македонија,* (2010), Скопје: Државен завод за статистика на Р.М.

126. *Стратегија за развој на образованието2001-2010 година,* (2002), Скопје: Министерство за образование и наука на Р.М.

127. Schlechty-C., P. (2009), *Leading for Learning-how to transform schools into learning organizations,* San Francisco: JOSSEY-BASS, A Wiley Imprint.

128. Sözer, E. (1997), *Üç Avrupa Ülkesinde Eğitim –Almanya, Danimarka ve Fransa Eğitim Sistemleri*, Eskişehir: Anadolu Üniversitesi Yayınları, Eğitim Fakültesi Yayınları.

129. *Studies of Education Reform*, (1996), U.S. Government, Department of Education, Office of Educational Research and İmprovement.

130. Süngü, Hilmi. „Türkiye, Almanya, Fransa ve İngiltere'de Okul Müdürlerinin Atanması ve Yetiştirilmesi". *Sakarya University Journal od Education*. (2011): 33-48.

131. Taymaz, H. (2003), *Okul Yönetimi*,(yedinci baskı), Ankara: Pegem A Yayıncılık.

132. Ташева, М. (2003), *Социологија*, Скопје: Филозофски факултет.

133. *The European Schools*, Brussels: Office of the Secretary-General of the European Schools, European Commission. www.eursc.org

134. Tomilson, H. (2006), *Education management IV – Educational change*, USA: Routledge Falmer.

135. Töpçuoğlu, Zeynep. „İlköğretim Devlet Okullarında Okul Yönetiminin Öğretmen Başarısına Etkisi", Mas. Beykent Üniverstesi, Sosyal Bilimler Enstitüsü, İstanbul, 2010.

136. Toprakçı, E. (2006), „Primary Schools and Compulsory Education In Turkey", „International Journal of Educational Reform", 15(1): 31-39.

137. Türk, E. (1999), *Milli Eğitim Bakanlığında Yapısal Değişmeler ve Türk Eğitim Sistemi*, Ankara: Noel Yayın Dağıtım.

138. *Türk Cumhuriyetleri Eğitim Sistemleri*, (1997), Ankara: T.C. Milli Eğitim Bakanlığı – Yurt Dışı Eğitim ve Öğretim Genel Müdürlüğü.

139. Türk, E. (2002), Türk Eğitim Sistemi ve Yönetimi, Ankara: Noel Yayın Dağıtım.

140. *Türkiye Cumhuriyeti Anayasası*, 1982, Kanun No. 2709.

141. *Türkiye Eğitim Sisteminin Örgütlenmesi 2009-2010*, European Commission.

142. *Türk Eğitim Sisteminin Örgütlenmesi - 2011*, (2011), Ankara: Strateji Geliştirme Başkanlığı, Milli Eğitim Bakanlığı, Eurydice Türkiye.

143. *Türkiye ve Dünyada Öğretmenlik {Retorik ve Pratik}*, (2012), Ankara: Eğitim-Bir-Sen. www.egitimbirsen.org.tr

144. *Türkiye tarafından hazırlanan 2012 yılı ilerleme raporu yapılan çalışmalar ve kaydedilen ilerlemeler*, (2013), Ankara: Avrupa Birliği Bakanlığı.

145. *Türkiye'de İlköğretim: Dünü, Bügünü, Yarını - Primary Education in Türkey: Yesterday, Today and Tomorrow*, (2003), Ankara: MEB.

146. Türkoğlu, A. (1998), *Karşılaştırmalı Eğitim „Dünya Ülkelerinden Örneklerle"*, Adana: Baki Kitabevi.

147. Tuzcu, G. (2006), *Eğitimde Vizyon 2023 ve Avrupa Birliği'ne Giriş Süreci*, Ankara: Türk Eğitim Derneği.

148. UNESCO – United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization, http://www.uis.unesco.org/Pages/default.aspx

149. *Употреба на компјутери и интернет во образовниот систем на РМ*, (2010), Скопје: Фондација институт отворено општество Македонија, МЕТАМОРФОЗИС.

150. *Uroševiç*, L. ured. i drugi. (1997), *Ostvarivanje nacionalne ravnopravnosti u oblasti vospitanja i obrazovanja*, (Simpozjum Novi Sad, septembra 1976), Vojvodine: Pedagoški institut.

151. *Устав на Република Македонија*, (2009), Скопје: Книгоиздателство Феникс.

152. Ünsal, N. (2005), „Eğitim Politikası Oluşurma Süreçleri'', *Eğitim Bülteni Dergisi*. Sayı 5, Ankara; Güven Dershane Sahipleri Derneği.

153. *Училиште по мерка на детето анализа на ситуацијата*, (2007), УНИЦЕФ.

154. Fidan, N., Münüre, E. (1991), *Eğitime Giriş*, Ankara.

155. Filipoviç, S.N. (1998), *Didaktika*, „Svjetlost", Sarajevo.

156. Hakan, A. v.b. araştırma grubu. (2011), *İlköğretim Öğretmenlerinin Öğretmenlik Mesleği Genel Yeterlilik Alanlarındaki Hizmetiçi Eğitim Gereksinimleri*, Eskişehir: Anadolu Üniversitesi Yayınları, Açıköğretim Fakültesi Yayınları, Anadolu Üniversitesi Basımevi.

157. Хасан, Елвин „Организацијата на основното образование на припадниците на турската заедница во Република Македонија" Маг. Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Институт за педагогија, Скопје, 2011.

158. Хасан, Елвин. „Историски развој на основното образование на турски наставен јазик во Република Македонија". *Просветно дело*. бр.2 (2012): 101-114.

159. Hasan, H. (1998), *Makedonya'da Türkçe Eğitim ve Abdülhakim Hikmet Doğan*, Üsküp; Birlik Yayınları.

160. Hopkins, D., Ainscow, M&West, M. (1996) *School improvement in an Era of Change*, New York, USA.

161. Cicioğlu, H. (1985), *Türkiye Cumhuriyeti İlk ve Orta Öğretim*, Ankara: Ankara Üniversitesi Eğitim Fakültesi Yayınları.

162. Coşkun, H. ve başka redaksyon. (1998), *Türkiye ve Almanya'da Eğitim Tartışmaları, 8 Yıllık Kesintisiz Zorunlu Eğitim Din Öğretimi*, Ankara: Feryal Matbaası.

163. Cranston, N. C. (2002), Managing schools. Schools-based management, leaders, and leadership: Change and challenges for principals. ISEA.

164. *Cumhuriyet Döneminde Türk Milli Eğitim Sistemindeki Gelişmeler (1920-2010)*, (2010), Ankara: Milli Eğitim Bakanlığı - Strateji Geliştirme Başkanlığı.

165. Şişman, M., Taşdemir, İ. (2008), *Türk Eğitim Sistemi ve Okul Yönetimi*, Ankara: Pegem Akademi.

166. Şişman, M., Turan, S. (2002), *Eğitimde Toplam Kalite Yönetimi –Teori ve Uygulama-*, (ikinci baskı), Ankara: Pegem A Yayıncılık.

167. <http://www.eursc.eu/>

168. <http://e-kutuphane.egitimsen.org.tr/pdf/72.pdf>

169. <http://e-kutuphane.egitimsen.org.tr/pdf/4169.pdf>

170. <www.npro.edu.mk>

171. <http://www.komspi.mk/ImateliDetails.aspx?lang=1&itemID=8>

172. <http://www.komspi.mk/ImateliDetails.aspx?lang=1&itemID=1561>

173. <http://www.komspi.mk/ViPomagameDetails.aspx?lang=1&itemID=8>

174. <http://www.odevsel.com/egitim/2656/osmanli-egitim-sistemi.html>

175. <http://bro.gov.mk/podracje/koncepciski/osnovno.html>

176. <http://www.pravo.org.mk/documentlaws.php?name=%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD+%D0%B7%D0%B0+%D0%BE%D1%81%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%BD%D0%BE+%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5&number=&year=&keyword=&button=%D0%91%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%98>

177. <http://www.mio.gov.mk/?q=node/83>
178. <http://mon.gov.mk>
179. <http://www.meb.gov.tr/duyurular/duyurular2006/takvim/egitim_sistemi.html>
180. <http://www.mevzuat.adalet.gov.tr/html/20103.html>
181. <http://iogm.meb.gov.tr/pages.php?page=ekutuphane&id=1>
182. <http://iogm.meb.gov.tr/index.php>
183. <http://www.ilkokuma.com/Ogretmen_El_Kitabi.htm>
184. <http://yayim.meb.gov.tr/dergiler/160/cetin-gulseren.htm>
185. <http://www.meb.gov.tr/index.asp>
186. <http://www.turizm.net/turkey/info/education.html>
187. <http://tebligler.meb.gov.tr/>
188. <http://ec.europa.eu/index_en.htm>
189. <http://data.worldbank.org/indicator/SE.PRM.NENR>
190. <https://bologna.yok.gov.tr/?page=anasayfa>

**ПРИЛОЗИ**

Идентификационен број / сигнатура ☐ ☐ ☐

**ПРОТОКОЛ НА ИНТЕРВЈУ**

**за директори на основни училишта од Р.Македонија и Р.Турција**

**Со оваа интервју сакаме да ги испитаме** Вашите **ставови и мислења за состојбите и проблемите со кои се соочувате при организацијата, управувањето и раководењето на основното училиште.**

Пол: ☐ машки ☐ женски

Возраст: ____________________

Степен на образование: ☐ ВШС ☐ ВСС ☐ Научен степен ☐ Друго

Претходен работен ангажман и времетраење ______________________________________

Работен стаж како директор_______________

Дали има помошник директор/и? Доколку има, колку? ______________________

Колку наставници има во Вашето училиште? __________________

Колку ученици има во Вашето училиште? _________________

Колку паралелки има во Вашето училиште? ___________________

1. Накратко објаснете ја организацијата на воспитно-образовниот процес во Вашето училиште?

2. Со кои потешкотии и проблеми на управување и раководење се соочувате?

3. Кои реформи се спроведени во последниве години во основните училишта?

4. Дали училиштето ги има потребните услови за спроведување на реформите? Доколку ги нема кои се тие услови?

5. Што мислите за последните промени во наставниот план и програма?

6. Кои промени би требало да се направат во законската регулатива со цел подобра организација, раководење и управување со основното образование?

7. Објаснете ни ја соработката на Вашето основно училиште со МОН/МЕБ?

8. Објаснете ни ја соработката на Вашето основно училиште со надлежните за образование во општината/Дирекција за обраозвание при општината и Дирекција за обраозвание при големата градска општина?

9. Кои се надлежностите на училишниот одбор, наставнички совет/наставнички одбор, одбор-група наставници, при донесувањето на одлуките и како се спроведуваат донесените одлуки? Дали има спротивни ставови помеѓу раководниот и управниот орган на училиштето?

10. Што сметате дека би требало да се направи за поквалитетно основно образование?

İdentifikasyon numarası ☐ ☐ ☐

## İLKOKUL MÜDÜRLERİNE UYGULANICAK RÖPORTAJ PROTOKOLU

**Bu röportajla okuldaki örgütlenme ve yönetimdeki durum ve karşılaştığınız sorunları öğrenmek ve incelemek amaçlı yapıyoruz, aynı zamanda sizin düşünce ve tutumlarınız belirtmenizi arz ederiz.**

Cinsiyet: ☐ Erkek ☐ Kadın

Yaş:_______________

Eğitim Düzeyi: ☐ Yüksek okul ☐ Lisans ☐ Yüksek lisans ☐ Diğer

Önceki çalışma yeri ve süresi ___________________________

Okul müdürü olarak çalışma süresi ___________________

Müdür yardımcınız var mı? Kaç yardımcı? ___________________

Okulunuzda kaç öğretmen çalışmakta? ______________________

Okulunuzda öğrenci sayısı nedir? _____________________

Okulunuzda kaç sınıfı var? _______________

1. Okulunuzda, eğitim sürecinin organizasyonunu kısaca anlatınız?

2. Yönetimde hangi sorun ve zorluklarla karşılaşıyorsunuz?

3. Son yıllarda ilkokullarda hangi reformlar uygulanmıştır?

4. Okulunuz reformları uygulamanız için gerekli donanıma sahip mi? Ne gibi eksiklerle karşılaşıyorsunuz?

5. Müfredatta yapılan değişiklikler hakkındaki düşünceleriniz nedir?

6. Eğitimle ilgili yönergelerde, ilköğretimin daha iyi örgütlenmesi ve yönetimin daha iyi olması için hangi değişiklikler yapılmalıdır?

7. Okulunuz MEB'le olan işbirliğini anlatınız?

8. Okulunuzun İl milli eğitim müdürlüğü ile olan işbirliğini anlatınız?

9. Öğretmenler kurulu ve okuldaki başka kurulların karar alma yetkileri nedir, okul müdürü ve kurullar arasında karşıt görüşler var mı?

10. Sizce daha kaliteli bir ilköğretim için ne yapılmalı?

ФОТОГРАФИИ ОД ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО ИЗМИР Р.ТУРЦИЈА




Слика бр. 1 *Надворешен изглед на училишна зграда - ОУ „Карс Халил Атила",кое се наоѓа во близина на плоштадот на општина Борнова, град Измир*



Слика бр. 2 *Технологија која се користи во наставата во некои од нижите средни училишта, интерактивна табла и преносен компјутер за наставникот*




Слика бр. 3 *Позадина на училница, со ормари, досиеја на ученици и катче на Ататурк на ѕид*



Слика бр. 4 *Наставничка и ученици од трето одделение во училница*




Слика бр. 5 *Биста на Мустафа Кемал Ататурк и негова мисла со потпис во ходникот на ОУ*




Слика бр. 6 *Дел од училишната зграда на ОУ „Јилдирим Бејазит" (основно и нижо средно училиште)*



Слика бр. 7 *Забавишно одделение во ОУ „Ферит Бахрије Ергил"*




Слика бр. 8 *Претстава со народни ора и танци на ученици во дворот на ОУ „Селим Диниз" по повод 23 април Ден на националниот суверенитет и Празник на детето*

